БИТОЛА

АЛЕКСАНДАР СТЕРЈОВСКИ

КАЛЕИДОСКОП

БИТОЛА

КАЛЕИДОСКОП

Издавач
Конзулат на Република Србија
во Република Македонија

За издавачот
м-р Силјан Мицевски, почесен конзул
на Р. Србија во Р. Македонија

Лектор–коректор
Стево Гаџовски

Технички уредник
Пеце Илиевски

Александар Стерјовски

БИТОЛА
КАЛЕИДОСКОП

Конзулат на Република Србија
во Република Македонија

Битола, 2017 г.

Белешка

Серијалот „Битолско десеткнижие“ уште со првата книга, „Руската колонија“, беше си ставил во задача презентираниот материјал, иако работен врз принципите на науката, да биде наменет за поширок круг читатели, да биде занимлив, со лесен стил и јазик. Овие специфики највидливи се токму во книгава, која, инаку, не беше предвидена во првобитниот план. Но, откако натрупаниот материјал стана пребогат, се сфати дека ќе мора да му се обезбеди посебно место и, еве, како шеста книга, се појавува пред читателите. Темата е игрива и зафаќа интересни и малку обработливи подрачја од битолската постара историја. Предност е и што не мора да се чита од првата страница.

Прилози со ознака „Прв“

Занаети и занимања што ги донесоа османлиите

Пред да дојдат османлиите, не треба да изненадува што среде домородното население на Балканот се негувале занаети и занимања, зашто ги диктирала потребата. Во Призрен се споменува некаков *прōтомајстōр* на чевларите, во Скопје *макелар* (месар), во други градови забележани се гребенари, златари, восокчари, па ткајачи, воденичари, табаци, грнчари итн. На повеќето занаетот им бил некакво додатно занимање.[1]

Доаѓањето на османлиите, означи генерален пресврт во тој однос, занаетите се намножиле и станале основно занимање за многумина. Така се формирани посебни места каде се сконцентрирале, иницирајќи ги раѓањата на чаршиите. Голема заслуга во тоа имала и османлиската власт, барем во првите векови, стимулирајќи го тоа, притоа муслиманите занаетчии ги ослободувала од даночни задолженија, а христијаните ги потиснувала.[2]

---

1. Константин Јиричек, **Историју Срба,** Научна књига, Београд, 1952, 171

2. М. Соколоски, **Турски изворни податоци од XV и XVI век за градот Битола,** Гласник на Институтот за национална историја, г.VII, бр., Скопје, 1963, 130, 153

Првиот попис на Битола, направен во далечната 1468 год., многуречит е во тој однос, од 160 машки лица, носители на ханиња (домаќинства) меѓу христијаните само 17 лица, се занимаваат со некаков занает (бојаџии - 8, воденичар - 1, грнчар - 1, дирар - 1, касап - 1, ковачи - 2), сите останати се земјоделци или сточари, кај османлиите сликата е сосема подруга: од 278 носители на ханиња, повеќе од половината, 152, ги среќаваме како занаетчии. Ги има: алваџии, бакали, бојаџии, бозаџии, бостанџии, бурекџии, влачари, воденичари, дуќанџии, дирари, железари, јасаци, калајџии, камилари, касапи, кебекери, кујунџии, мамузари, мутафчии, налбати, папуџии, пашмакџии, сапунџии, сарачи, табаци, шивачи, трговци, амамџии, чизмари, чомлекџии, џелахи и шапкари. Најмногу, од 43 видови занаети, се папуџии (16), па шапкари (10), касапи (9), сарачи (9), табаци (9), шивачи (8), чизмари (8). Кај некои нема повеќе од еден вработен и такви се: бојаџија, бурекџија, влачар, дирар, железар, јасак, камилар, кебекер, мамузар, трговец (таџир) и чомлекџија. Регистрирани се и 5 кујунџии, 2 амамџии (што ќе рече дека во средината на 15 век во Битола веќе има два амама[3]), од кои едниот го подигнал Сунгур чауш бој.

Заклучокот е: османлиите се тие кои рано внесле нови содржини во заспаното локално стопанство и, вклучувајќи го во големата држава, го поттикнале и неговиот забрзан развој.

Првиот имарет

Поаѓајќи од општоприфатената девиза дека она што е подарено на земјата, илјадакратно се враќа *„на оној свет“*, меѓу османлиите се создал вистински натпревар во

3. **Турски документи за македонската историја, Опширни пописни дефтери од XV век**, Том II, Архив на Македонија, Скопје, 1973, 141 - 145

подигање богоугодни дела, најмногу џамии, па мостови, каравансараи, анови, амами, но и бројни имарети (народни кујни).[4] Скоро и да немало поголемо населено место, а да не е активен барем еден имарет, во кој намерник, сиромашен или гладен граѓанин, да не добие бесплатен оброк, не ретко и бесплатен престој, како и засолниште и храна и за добитокот со кој патувал.

Во средината на 16 век во Истанбул ги имало многу,[5] во Солун 16,[6] во Скопје по еден оформиле Исхак бег (1438), неговиот син Иса бег (1475-1476), Мустафа паша и Јахја паша,[7] во Тетово еден,[8] во Охрид - три[9] итн.

И Битола многу рано ги добила. Првиот бил на Сунгур чауш беј, другиот на кадијата Исхак челеби. Вториов, востановен бил во 1508 год. и бил дел од поголем комплекс распослан околу денешната Исхак џамија, во кој имало мектеб, медреса, библиотека, кујна, трпезарија, шпајз и уште неколку други објекти.[10] Во втората половина од 19 век имаретов сè уште бил *„грамадно камено здание“*, познато и како *„Имаретница“*.[11]

Првиот, Сунгур чаушовиот, пак, профункционирал уште во 1435 год. со што станал еден од најраните во држа-

---

4. **Немски и австрийски пътеписи за Балканите XVI–XVI в.**, Наука и изкуство, София, 1979, 328

5. **Дневникъ на Ханс Дервшвам за пътуването му до Цариград през 1553 - 1555**, Отечествен фронт, София, 1970, 30, 116

6. Evlija Čelebi, **Путопис,** Sarajevo, 1967, 510

7. Методија Соколоски, **Вакафи и вакафски имоти во Скопје и Скопско во XV и XVI век,** Прилози, МАНУ, VIII, бр. 2, Скопје, 1977, 45, 57, 74, 76

8. Глиша Елезовић, **Турски споменици,** Књига I, свеска 1, Београд, 1940, 56

9. Методија Соколоски, **Вакафи и вакафски имоти во Скопје и Скопско,** 57

10. D-r Hasan Kaleşi, **Najstariji vakuvski dokumenti u Jugoslaviji na arapskom jeziku,** Priština,1972, 189

11. Н. Г. Еничеревъ, **Въспоминания и бележки,** София, 1906, 352

вата. Бил подигнат на раскрсницата меѓу денешните улици „Илинденска“ и „Јане Сандански“ и, според желба на добротворот, требало да служи *„за исхрана на сиромашните и бедните“* граѓани. Се наоѓал на периферијата од градот, од што може да се заклучи дека бил наменет и за патници кои проаѓале низ Битола, зашто тука врвела врската од Битола за Ресен, Охрид и Прилеп. Заради него, овој дел од градот и денес го носи името Имарет Маало.

За Сунгур чауш бej нема многу податоци, се знае дека бил богат човек, дека, освен во Битола, вакафи имал и во Едрене и во Видин и за сите оставил богат имот со кој можеле да функционираат и да опстојат низ вековите. Во своето завештание, потпишано од него пред смртта, одредил 4/5 од приходите од водениците, валавиците, виноградите што ги поседувал, да се употребуваат за покривање на имаретските трошоци.[12] Во документ од 1647 год., се укажува и како се правело тоа, киријата од еден од дуќаните, на пример, служела само за сол и масло.[13]

Прв мутевелија (управител) на битолскиот вакаф, според неговата лична желба, станал неговиот син Мустафа. Крвните наследници низ времињата, за жал, исчезнале, па се случило на тоа место да седне и роб, извесно време била и неговата ослободена робинка, Рабие.[14]

Во почетокот се делеле три оброци дневно, но како што вакафот осиромашувал, и оброците и нивната содржина се намалувале. Во првата деценија на 20 век се готвела чорба

12. D-r Hasan Kaleşi, Cit. delo, 81

13. Државен архив на Македонија, Подрачно одделение - Битола, Фонд **Битолски кадиски сицили,** Сицил бр. 11, 1647, август 6 (**Понатака** Сицил бр....)

14. **Турски документи за историјата на македонскиот народ,** серија прва, 1, Редакција Методија Соколоски, Ариф Старова, Ванчо Бошков и Фетах Исхак, Државен архив на СР Македонија, Скопје, 1963, 68/64

од бонгур,[15] како и пред Втората светска војна, и тоа симболично, еднаш годишно.[16]

До 1999 год. објектите сè уште постоеја, обата беа од слаба градба, еден помал, во кој лесно се препознавала некогашната кујна и во која сè уште се наоѓал прибор за готвење (шерпи, големи црпалки и други кујнски потреби) и во која имало долга, приземна правоаголна градба на средината, покриена со зелено знаме), за која постари, сега веќе покојни Турци (Низамедин Азис и др.) тврдеа дека е остаток од гробот на донаторот, заради кој и местово се третирало за свето за муслиманите.[17] Вториот некогаш бил наменет за престој на намерници и во него извесно време, а пред да го подигнат сегашниот дом, живеел Игбал Салиевски, новиот сопственик на комплексот, кој сосема легално и со наплата го добил. Знамето од нив било однесено и предадено во Исхак џамија, каде веројатно и се наоѓа.

Безистенот - прв битолски „банкарски трезор“

Со својата грамадност, цврстина и функционалност, Безистенот отсекогаш бил градежен белег и неповторлив украс, каков ретко кој град на Балканот имал. Бил подигнат од Даут паша, заедно со дуќани и градски чешми, во крајот на 15 или почетокот на 16 век. Со сигурност се знае дека во 1508 год. бил важен дел од чаршискиот амбиент.[18]

---

15. Мехмед Тевфик, **Кратка историја Битољског вилајета,** Братство, 27, Београд, 1933. 213

16. Александар Стерјовски, **Првиот битолски имарет,** Во: **Битола низ вековите,** III, Факултет за учители и воспитувачи - Битола, Битола, 2000, 44

17. Мехмед Тевфик, Цит. дело, 213

18. D-r Hasan Kaleşi, 147-148, 195-196. Има тврдење дека бил лоциран околу денешниот Градски часовник и дека *„не се знае точно кога и како беше разурнат“* и дека денешниов бил изграден од Сабри бег во 1876 год.

Бројот шест од почетокот на Даут пашините чешми, подоцна ќе да бил поголем, зашто во 1650 год. било ангажирано и посебно лице за нивно одржување.[19] Во 1674 год. Даут пашиниот вакаф сè уште постоел и со берат од Мехмед IV хан за мутевелија бил поставен Али Ибрахим.[20] Даут паша имал и друг вакаф, во Ускудар, каде тамошната џамија се издржувала со средства црпени од киријата од дуќаните од Безистенот, од чиј остаток се одржувал и тој.[21]

Безистенов многу рано беше се стекнал со хуџет, монополско право за продажба текстилни производи, загарантирано и од највисоко место. За негово нарушување имало и интервенции и казни. Такви се случиле во 1662 год.,[22] наскоро и една друга,[23] па и во 1729 год.[24] Реакциите од засегнатите трговци надвор од Безистенот, давале некогаш и резултати за времено или за трајно укинување.[25]

Заради градбата и постојаната стража што ја поседувал, Безистенот рано станал депозитар. Се знаат и имиња на доверители, не ретко и вложените средства, како и имиња на тие што се обидувале, некогаш и успевале, да ги ограбат.

Во првите децении од 17 век, по смртта на Хусеин, продавач во Безистенот, по потекло од Лариса, негови пријатели побарале од судот посмртната оставнина, до-

(Милош и Душко Константинови, **Битола / Скица за водич**/, Самостојно издание, Битола, 1964, 96). За жал, за ова тврдење не се посочени извори.

19. Александар Стерјовски, **Водоснабдувањето во Битола пред водоводот**, ЈП „Водовод“ Битола, 2008, 36

20. Сицил бр. 23, 1674, прва декада од месец септември

21. Сицил бр. 40, 1724, април 16, Исто, 1724, декември 19

22. Сицил бр. 19, 1662. септември, 27,

23. Сицил бр. 40, 1724, април 16, Исто, 1724, декември 19

24. Сицил бр. 49, 1729, април, 1, бр. 96

25. Сицил бр. 8, 1642, јануари, меѓу 3 и 12, бр.146, Сицил бр. 53, 1752, јуни, 3, бр. 221

дека не дојдат негови наследници, да се чува во него.[26] Во средината на 17 век депозит оставил и Мехмед ага, кој се состоел од 8 ќесиња или 4.000 акчиња и уште една ќеса од 200,0 акчиња.[27] Неколку години подоцна друг граѓанин трезонирал 2.900 акчиња,[28] Кадрие, ќерка на Мехмет Беше, жителка на Битола, доверила 90 гроша[29] итн.

Тоа биле не мали суми, но понекогаш се трезонирале и цели богатства. Во 1622 год. доверени биле 80.600 акчиња.[30] Собирачот на данокот за овци Мехмед ага во 1646 год. го доставил и сиот данок што го прибрал, односно 120.000 акчиња.[31] Ваква доверба покажана била и во 1653 год.,[32] и во 1694 год. од 446 гроша[33], па и во 1776 год. од 222.900 акчиња[34] итн.

Тоа, пак, станало основа Безистенот да се преобрази во магично привлечен објект за грабежи.

Во 1646 год. го нападнале и го ограбиле група разбојници од Слепче, Могила и уште од неколку други села. Се повела акција да се отријат и да се фатат и во тоа имало успех.[35] Во тој грабеж настрадал и депонираниот данок од Мехмед ага.[36]

---

26. Сицил бр. 3, (неутврден датум)

27. Сицил бр. 12, 1651 (неутврден датум)

28. Сицил бр. 15, 1657, април, 16

29. Сицил бр. 53, 1753, јануари, 23, бр. 269

30. Сицил бр. 2, 1622, ноември, 5-19, бр. 133

31. Сицил бр. 10, 1646, неутврден датум

32. Сицил бр. 13, 1653, април, 1

33. Сицил бр. 28, 1694, јули, 27, бр. 210

34. **Турски извори за ајдутството и арамиството во Македонија (1775-1810)**, Превод, редакција и коментар Александар Матковски, Институт за национална историја–Скопје, 1961, Скопје, д. 5

35. Сицил бр. 10, 1646 (неутврден датум)

36. Сицил бр. 10, 1646, неутврден датум

Меѓу оние што го ограбиле трезорот во 1651 год. бил и Тане, син на Митан, жител на село Чарлија, познат разбојник, всушност, бајрактар на четата арамии, кој на крајот бил уловен, осуден и егзекутиран.[37]

Десетина години подоцна Безистенот го ограбила чета од 500 разбојници. Дошле со факели и без никаков страв и откако ги разбиле портите, одзеле скапоцена облека и ткаенини во вредност од 70 илјади гроша. Се повлекле кон полето, беснеејќи со пукотници од топови и пушки. *„Во толкавиот град не се најде никој што би се осмелил барем со зборови да се спротивстави и барем да праша „зошто““*, заклучува Евлија Челеби, кој се нашол во градот токму во времето на грабежот[38].

Тоа со Безистенот се случувало и подоцна, дури и во средината на 19 век.[39]

Жетви во месец мај

Два османлиска документа, обата од 17 век, од богатата битолска кадиска кореспонденција, го привлекуваат вниманието со тврдењата дека жетви во Битолско се случиле и во месец мај. Во првиот се открива дека *„Во годината 1622 во Битолска околија жетвата почна на 28 мај“*,[40] во вториот, од нешто подоцнежен датум, од 1686 год., се повторува истото, односно дека *„Ахмед Челеби пред судот изјави дека на ден 11 по Ѓурѓовден во Битола падна*

37. **Турски извори за ајдутството и арамиството во Македонија** (1520-1650), 82

38. **Македонија во делата на странските патописци**, 1371-1777, 426

39. Д-р Јов. Хаџи Васиљевиќ, Цит. дело, 43

40. Сицил бр. 2 (неутврден датум)

пр҃виот҃ сно҃й жит҃о“.[41] Бидејќи празникот Ѓурѓовден секогаш е на 6 мај, произлегува дека жетвата отпочнала уште порано, на 17 мај.

Нема сомневање дека податоците се точни и дека треба да им се верува на документите. Меѓутоа, консултираните земјоделски стручњаци внесуваат забуна дека жетви во месец мај во нашите краишта, барем денес, не се можни.

Не отфрлајќи ги тврдењата на документиве, неколку толкувања треба, сепак, да се земат предвид.

Првото е дека направен е пропуст на пишувачите, односно од преведувачите на документиве. Јазикот на кој се напишани е старотурскиот, кој некои од недоволно едуцираните административци послабо го познавале, ако кон тоа се придодаде и дека во службена употреба било и персиското писмо, таквата можност не би требало да е од поголемо изненадување. Не треба да се отфрла и претпоставката дека преведувачот од старотурски на македонски јазик да направил превид, па мајот станал месец на жетви.

Објаснување би можело да биде дека не се работи за пченица, туку житарица што стасува порано, да бил јачмен. Но и за него месец мај е преран за жнеење.

Прифатливо објаснување би било и дека 17-от век се карактеризирал со екстремно високи температури, дека се случил и некаков топлотен удар, па житариците созреале предвреме. Во прилог на тоа одат и сознанијата дека навистина во скоро сиот 17 век летата биле со симболични или без никакви врнежи, какви биле и во следниот, 18 век, што било причина за огромен недостигот храна, односно за голем глад и за драматична потрага по житни производи.

41. Сицил бр. 26, 1686, февруари 9. Бидејќи белешката е од февруари 1686 год., произлегува дека Ахмед Челеби говори за претходната жетва, односно за 1685 год.

Податоците говорат дека во месец јули во 1622 год. многу христијани, дојдени од далечни страни, правеле обиди за набавка и во Битола, на што, штитејќи се себеси, месното население и локалната власт, им се спротивставиле на таквите обиди.[42]

Такви забрани се случиле и во 1634,[43] и во 1656 год.,[44] од кое произлегува за постоење поединечни сушни години, како и за долготрајни суши во 17 и 18 век.

Има и уште едно објаснување, кое е во врска со традицијата житото да се жнее полузрело. Во овој случај тоа морало да има оформено зрно, такво се складирало во домашни услови, се оставало да дозрева, па откако ќе ги исполнело условите за жнеење, се жнеело. Ако ваквата практика била применувана и пред 4 века, одговорот за раната жетва во Битолско веројатно се добил.

Валијатските сараи во Битола

Лексемата *сарај* (saray) во почетокот означувала раскошна куќа, палата, подоцна станал дом на везир, на паша, потоа резиденција за султан, за да стигне до седиште на управна власт. Потеклото ѝ е персиско, во нашата средина ќе дојде преку турскиот јазик.

Битола во османскиот период неколкупати прераснала во средиште на Румелискиот ејалет, оттаму и седиште на везир, па неговиот дом и неговите службени канцеларии да се именуваат со Валијатски сарај. Во градот останал запаметен со најчестата и скратената форма – Сарајот.

---

42. **Турски документи за историјата на македонскиот народ**, том први, 80
43. Исто, том втори, 91
44. Сицил бр. 14, 1656 јуни 6

Во двевековната валијатска историја на Битола забележени биле пет сараи, сите подигнати на исто место, покрај реката Драгор, на денешното место каде се наоѓаат Градската куќа и дел од Судот.

Првиот потекнувал од првата половина на XVIII век, зашто Битола како валијатско седиште станува токму во почетокот на истиот век[45]. Од каква градба бил и кои придружни објекти ги поседувал, нема податоци.

Ахмед-паша бил првиот валија кој дошол во Битола. Пристигнал во 1751 год. и останал до 1762 год. Се сместил и живеел во сарајот, службен објект кој се користел и при посети на високи личности. Како и повеќето објекти од тој период, бил од дрвена градба. Врз него валијата извршил незначителни градежни интервенции, но останал запаметен и како добротвор. Со лични средства подигнал неколку јавни чешми, извршил корекции врз градските јазови и придонел Битола да стане нешто поубав и почист град.

Неговиот наследник, Али-паша (1762-1765), во 1763 год. целосно го возобновил валијатскиот амам.

Непознато е дали третиот валија, Мехмед-паша, кој на тоа место останал до крајот 18-от век, презел некакви интервенции и врз сарајов и врз комплексот околу него.

Овој познат и влијателен дом не само за Битола, целосно е уништен во пожарот од 1775 год., кога настрадале и поголем дел од станбените и други објекти од регијата.

Веднаш бил возобновен, но и возобновениот нешто подоцна настрадал од пожар.

Во најдолго сеќавање останал претпоследниот, Четвртиот сарај, подигнат во 1831 год. од Ахмед Ејуп паша.

---

45. М-р Драги Ѓорѓиев, **Битола и Битолскиот вилает во средината на 19 век (административно уредување и демографски податоци)**, Битола и Кемал Ататурк, Битола, 1998, 38

Сличен му бил на денешниот објект на Завод и музеј, но значително поголем и пораскошен. Марко Цепенков, кој извесен период живеел во Битола, велелепноста му ја споредува со т.н. *„Палатата на Змејот од Пелистер“*.

Ласкави оценки оставиле и многумина други. Настрадал за време Првата светска војна.[46]

Четвртиот (Стариот) валијатски сарај

Први школски библиотеки и први платени библиотекари

Преку раните школски библиотеки и платените библиотекари, османлиите заслуги имаат и во поставувањето темели за граѓанското библиотекарство во Битола. Урнек за тоа бил потфатот на Мехмед Освојувачот, кој во кругот на

46. Александар Стерјовски, **Битола – Реката Драгор,** НУУ Национална и Универзитетска библиотека „Св. Кл. Охридски“, Битола, 2009, 215-222

својата џамија во Истанбул, подигнал осум медреси (средни верски школи), основна школа, библиотека, болница, два ана и јавна кујна. Библиотеката била наменета за потребите на шестотината ученици и за нивни наставници.[47]

И во Битола имало десетина медреси, од кои најстари биле две, на Сунгур чауш бej и на кадијата Исхак челеби, кои, според востановената традиција, биле лоцирани околу нивните џамии.[48]

Податоци за првата, за Сунгур чаушовата медреса, нема. Со сигурност се знае дека не била организирана заедно со обновувањето на џамијата (1434), како што вообичаено се случувало, туку меѓу 1468 и 1528 год. Доколку располагала со библиотека, би требало да потекнува од овој период.

Најстарата медреса, според тоа, и најстарата библиотека во Битола, била на кадијата Исхак челеби. Организирана била истовремено со стартот на џамијата, односно во 1508 год. Била дел од разгранет кампус околу богомолата, кој се состоел од мектеб (основно верско училиште), имарет, простории за престој намерници, фурна, кујна, шпајз, санитарен јазол и 10 меѓусебно поврзани соби на медресата, во кои се одвивала наставата и во кои биле сместени софтите (учениците). Книгите од библиотеката се наоѓале во канцеларијата на мутевелијата (управителот на вакафот), кој ја вршел функцијата и библиотекар. Прв мудерис (учител), по желба на ктиторот, станал еден од неговите синови, кој имал достап и до книгите. По нивното користење, услугениот бил должен да ги врати во библиотеката.

Основниот фонд во библиотекава биле книги дар на ктиторот од личната библиотека. Дарот се извел во два

---

47. Халил Иналџик, **Османско царство,** СКЗ, Београд, 1974, 203

48. Александар Стерјовски, **Медресите и медреското образование и воспитување во Битола**. Во: **Воспитанието и образованието во Битола**, Друштво за наука и уметност- Битола, Битола, 1990, 83-95

наврата, заедно со потпишувањето и на двете завештанија, првиот, со второто вакафнаме од 10-19 јули 1508 год. (20 книги), вториот, со третото од 18-27 јуни 1511 год. (33 книги).[49] Следната, 1512, е година на смртта на ктиторот и прашање е дали имало уште некој друг ваков дар.

При отуѓувањето, Исхак челеби истакнал дека кон книгите треба да се има *„посебно внимание“,* што, впрочем, било и сосема разбирливо, ако се има предвид дека книгата претставувала мало богатство, кое може да се илустрира и со примери. Ако во август 1869 год. за една книга во Битола се платиле 424 гроша,[50] во истата таа година, но следниот месец, два дуќана во Битолската чаршија се продале приближно исто, за 500 гроша.[51] Ако тоа се случило во средината на 19 век, кога печатниците драстично ја намалиле вредноста на книгата, може само да се претпостави колкава вредност имала три века порано.

Иако скапа, книгата можела да се сретне и во битолскиот дом, не само кај интелектуална или социјална елита од рангот на Исхак челеби, туку и кај обични граѓани. Само така може да се објасни постоење занает книгоподврзувач во XVII век,[52] што е нормално да го имало и во 19 век (Мула Шериф).[53] Оттаму и една богата и разнообразна индивидуална библиотека, љубоморно чувана, можела да се сретне и во крајно необична просторија, во Зандан кулето во Битола.[54]

---

49. D-r Hasan Kaleşi, Cit. delo, 187-208

50. Сицил бр. 136/II,1869, август 9

51. Сицил бр. 136/II,1869, септември 13

52. **Турски документи за историјата на македонскиот народ,** том I, 6

53. Сицил бр. 136/Втор дел, 1869, април, 13, 545

54. Александар Стерјовски, **Од раната историја на битолското библиотекарство,** Развиток, г. XXIV, бр. 5-6, Битола, јуни – јули 1987, 190-191

Ваквите книгољупци, при крајот на животот, скоро по правило, одлучувале да ги отуѓат, (помалку) во џамиите, повеќе во школите. Во медреса, меѓу другите, во 1652 год. 36 книги подарил и Шах Мехмед ефенди,[55] во 1714 год. донатори станале и покојните Махмуд ага и Шабан ефенди Заде[56] итн. На овој начин снабдена била и библиотеката на Ибрахим паша и султанката Фатиме, која се наоѓала во близината на битолскиот пазар.[57] Јеен Али паша, гувернер на Румелија, во 1750 год. во Емир Бег Маалото, кое се наоѓало од левата страна на Драгорот, подигнал џамија, медреса и библиотека.[58] Шејх Муса ефенди во 1753 год. увакуфил неколку куќи во Ине Бег Маалото и 89 книги[59] итн.

Вообичаено станало за ваквото богатство да се грижат платени библиотекари. Библиотекар во библиотеката на Махмуд ага во 1652 год. станал Мустафа челеби,[60] библиотекар во Алипашиното медресе, која се наоѓала до Новата џамија, во 1789 год. бил Мехмед Халифе.[61] Бидејќи библиотекарот на Вакафската библиотека, Абдула, починал, на неговото место бил назначен Хусеин Халифе[62] итн.

Да се биде библиотекар било привилегија не само заради примамливата плата, која се добивала на ден, (дневната награда на Хусеин Халифе, библиотекарот од Вакафската библиотека, изнесувала 2 акчиња),[63] туку и заради

55. Сицил бр. 13, 1652, август 15

56. Сицил бр. 36, листови 184, 186, 187, 188, без датум

57. Сицил бр. 43, 1731, март 19

58. Роберт Михајловски, **Османска верска архитектура од деветнаесеттиот век во Битола**, Во: **Битола низ вековите,** XI и XII, Педагошки факултет - Битола, Битола, 2009, 69

59. Сицил бр. 53, 1753, март 26

60. Сицил бр. 13, 1652, август 15

61. Сицил бр. 66, 1789, јануари 20

62. Сицил бр. 34, 1122, реби-ул-ахар (по хиџра)

63. Сицил бр. 35, 1122, реби-ул-ахар (по хиџра)

привлечната работа, оттаму и натпреварот истата да се добие. Тоа е и причина назначувањата да одат преку строга селекција и преку службите на Високата Порта и, се разбира, со официјални документи.

Куќни и персонални часовници

Отворањето на Европа, патувањето и престојот на нашинци како студенти или трговци, придонело за пренесување на многу технички и други новини кај нас. Некогашниот тврд османлиски антагонизам кон она што е странско, посебно западноевропско, започнало да се топи и да се заменува со посегања, особено ако тоа било практично, ако го олеснувал животот и ако го унапредувало производството. Така, хонично безволната и сонлива средина се случи полека да се буди и да се преобразува.

Најпрвин се појавиле желби за повисоко и поквалитетно образование. Млади, главно, синови на ситуирани христијански, понекогаш и на беговски семејства, одлучувале да го оформат низ европските центри, од каде се враќале преобразени, со нови сфаќања, полиберални и со поинакви визии и за животот и за развојот на земјата.

Од Европа се донесле и многу технички новини, во кои, меѓу првите, биле и куќните и персоналните часовници.

Високите управители на Османлиската Империја биле меѓу првите што се инфицирале од модниот тренд – сопственик на часовник. Иако скапи и ретки, добиле третман и на личен престиж. Кој ќе има поскап и во повеќе на број, е дел од раната историја на часовникот во Османалиската Држава. Со такви сознанија, Фердинад Први, преку својот дипломат, Холанѓанецот Велтвиг, уште во 1547 год., вршел подмитување на високи турски функционери, па кон 30.000 златни дукати, товар од сребрен сервис за јадење, придо-

дал и скапи часовници за подмитување висок функционер од османлиската служба.[64] За иста намена и скоро во исто време, со поголем број часовници се обезбедило за пат и друго дипломатско претставништво, на кое му припаѓал патописецот Стефан Герлах.[65]

Во тој општ натпревар кој ќе има поскапи и повеќе часовници, се случи низ домовите на поголем број османлии да се наоѓаат не еден, туку и по десетина часовници. Големиот везир Мехмед Соколовиќ ги имал толку, што за нивно одржување ангажирал и платен часовничар.[66]

Ако тоа е дел од раниот период, тогаш, почнувајќи од XVIII век, часовникот го имало насекаде, и во обичниот и скромен дом, а од XIX станал и масовен.

Потврди за тоа има.

Sиден часовник во Битола бил регистриран уште во 1801 год. Му припаѓал на Хаџи Хусеин ага, син на Рустем[67]. За домашен часовник, набавен во Виена од прилепчанец - трговец, кој секои 15 минути продуцирал пријатна музика, податоци даваат Англичанките Мекензи и Ирби во 1863 год.[68] итн.

Персонални имало уште повеќе.

Во оставнината на спомнатиот покоен Хаџи Хусеин ага, покрај куќниот, регистриран бил и џебен. Друг, кој се носел во пазува со ќостек, бил пронајден во 1824 год. во оставнината на Хуршид паша, поранешен битолски румелиски

64. Стефан Герлах, **Дневник на едно пътуване до Османската Порта в Цариград,** Отечествен фронт, София, 1976, 43

65. Исто, 16, 23, 169

66. Исто, 81

67. **Турски документи за македонската историја**, Научен институт за национална историја, Скопје, 1951, 1800-1803, 96

68. **Македонија во делата на странските патописци**, 1850-1864, 596

валија и командант на армијата што војувала против Али паша Јанински[69]. За часовник што се носел *„на рака"* податоци дава Дејвид Уркухар (1833-1838).[70]

Дека носењето џебен часовник станал моден хит, потврда е и занесот по него и од жените, особено од побогатите и од оние во харемите. Нивниот бил помал и, за разлика од машкиот, кој се наоѓал во џебот од џамаданот, овој стоел во женскиот појас.[71] Врската меѓу џамаданот и џебот бил долг сребрен или златен синџир.

Поаѓајќи од ваквиот интерес, трговијата со часовници, особено додека не се востановило домашното производство, била мошне доходовна. Пристаништето во Солун и неколку пристаништа во Албанија станале главни дистрибутивни центри за Битола и за Македонија.[72] Часовничари во Битола имало уште во почетокот на XVII век, кои ги задоволувале потребите за помала поправка, за подмачкување, некогаш и за набавка.[73] Еден таков, Ибраим, среќаваме уште во 1639 год.[74] Неговото име се повторува и во 1664 год., кога се дознава дека бил ангажиран и за одржување на Градскиот часовник.[75] Бројот во 1827 год. им бил 5[76], како и во 1856 год., што било премалку да формираат еснафско здружение.[77]

---

69. Исто, 4, 1818-1827, 89

70. **Македонија во делата на странските патописци**, 1827-1849, 364

71. Исто, 1864-1874, 175

72. **Извештај за Битолскиот пашалак на француското вицеконзул во Битола, Белег де Буга, од 1856 година,** Редакција и превод Сузана Стамболиска, Државен архив на Република Македонија, Скопје, 2005, 103

73. Исто

74. Сицил бр. 6, 1639 (без датум)

75. Сицил бр. 19, 1664, април 27, бр. 35

76. **Турски документи за македонската историја**, 1827-1836, 18

77. **Извештај за Битолскиот пашалак**, 95

Иако часовникот претставувал сложен механизам, уште во крајот на 19 век (1873) се произведувал и во Битола.[78] Резервни делови доаѓале од странство, а добавувачи станале битолските трговци. Во пописот на оставнината на битолчанецот Спираки, син на Михаил, направен на 28 септември во втората декада од XIX век (годината не е позната), биле пронајдени 116 часовничарски стакла, што укажува дека бил трговец на часовничарски делови.[79]

Пописната комисија за куќниот часовник на Хаци Хусеин - ага, син на Рустем, оценила дека вредноста му била 3633 аспри,[80] а џебниот часовник чинел 1272 аспри[81]. Во месец јуни 1869 год. бил продаден часовник за 265,5 гроша[82], а следниот месец ист таков за 247 гроша[83]. Колку тоа било висока цена може да се спореди со цената на недвижности. Во село Барешани истата година, во август, било продадено лозје за 570 гроша,[84] а во Битола, на улица „Интисабска“, два дуќана за 500 гроша,[85] што укажува и на привлечноста при грабежите.[86]

Часовникот бил и статусен симбол. Колку поскап, колку повеќе со украси, толку и попривлечен. Некои чинеле и мало богатство. Часовникот на Хуршид паша од 1824 год. не само што бил златен, бил и со многубројни бесценети

78. **Македонија во делата на странските патописци**, 1864-1874, 302
79. **Турски документи за македонската историја**, 1818-1827, 9
80. **Турски документи за македонската историја,** 1800-1803, 96
81. Исто, 96
82. Сицил бр. 136/ II, 1869, јуни 21, бр. 549
83. Исто, 1869, јули 21, бр. 547
84. Исто, 1869, август 16, бр. 551
85. Исто, 1869, септември 13, бр. 590
86. **Илинденски Зборник**, 1903-1953, Институт за национална историја, Скопје, 1953, 51

камења. Некои имале цена, каква што денес имаат оние за кои се пишува и во весници.[87]

Првиот европски хотел и првата приватна аптека во Битола

Сместувањето на патниците во Битола, како и насекаде до средината на 19 век во Османлиската Империја, било во анови. Условите во нив биле *„ански“,* односно крајно примитивни, во кои, освен покрив над главата и некаква сигурност од ноќни напади и грабежи, други погодности немало. Оттаму, секој корисник морал да носи со себе и покривач и јадење.

Откако, пак, Битола станала административен, воен и економски центар, бројните странци, доколку не успеале да се сместат кај препорачани сонародници или дипломатски претставници, што било чест случај, се определувале за Јени анот, преноќиште кое, според стандардот, стоел меѓу класичниот ан и хотел. Анов имал и уште една предност, локацијата, се наоѓал кај денешниот Дрвен Пазар. Го искористил, меѓу другите, и Едвард Мани, воен стручњак, кој бил ангажиран да ја осовременува војската.

Првиот хотел во Битола, пак, портите ги отворил во 1843 год. Се наоѓал во западниот, градскиот дел од Битола, бил, како што пишува еден патописец, уреден *„со многу вкус“* и му припаѓал на Лоренцо Пери, грчки вицеконзул.

Пери, инаку, имал заслуги за отворањето и на првата приватна аптека во Битола.[88] Од каде дошол не е познато, но се знае дека останал да живее тука до крајот на животот и

87. Благојче Крстевски, **Пропусница за елитата**, Утрински весник, Скопје, 29-30 септември 2007, 28

88. **Македонија во делата на странските патописци**, 1827-1849, 557

закопан е во Буковските гробишта. Аптекарската дејност потоа му ја препуштил на својот син, чија аптека се наоѓала на Широк Сокак во стариот објект на аголот меѓу главната улица и денешната „Лазо Трповски“ („Singer“) Податокот што го дава Русинката М. Карлова за аптека на главната улица во 1868 год., веројатно се однесува за неа,[89] но можно е и за аптеката на Димитрија, син на Јован од Касим Челеби Маало, која била уште една во ова време во градот.[90]

Гробот на Лоренцо Пери во Буковските гробишта

Први европски музички инструменти

Најпознати домашни музички инструменти биле гајдата, гуслата, тапанот, зурлата, па сазот, тарабуката, дајрето и уште неколку други, дел традиционални, дел дојдени со османлиите. Европските поврзани се со 19-от век.

89. **Македонија во делата на странските патописци**, 1864-1874, 199

90. Сицил бр. 136/ Втор дел, 1869, април, 26, 676

Францускиот вицеконзул од Битола, Белег де Буга, во својот извонредно богат со податоци извештај за Битолскиот вилает, остави запис и за овие музички промени. Го има забележано ова: *„Неколку христијани што престојувале во Германија, неколку имигранти од Унгарија и Италија, како и неколку цивилизирани паши донесоа во Битола виолина, кларинет, гитари, часовници и музички кутии, па дури и три пијана, но овие скромни примери имаат малку влијание врз населението, кое сè уште повеќе ги сака гајдата, зурлите и циганската армоника".*[91]

Податоков е од 1856 год.

Рано пристигаат и европските музички кутии, тие можат да се сретнат и во османлиските домови (1877).[92]

Нешто подоцна меѓу битолската младина, која решила повисоко образование да бара во европските универзитети, покрај за медицина (најмногу), но и за правни и други науки, се определила и за откривање и на европската музика. Меѓу првите е и Димитрие Лала. Не само што му станал студент на Рихард Вагнел, добил доверба и да му помага во поставувањето оперски и други изведби од неговото богато музичко творештво, му станал и личен пријател. Откако се вратил во Битола, во крајот на 19 век, станал учител по музика во Грчката гимназија, но музичкото наследство многу поголемо му е во Грција, каде, во Атина, го формирал и раководел со Конзерваториумот.

Први улични именувања

Почнувајќи од средината на 60-те години на 19 век, и во Битола започнал процесот за промена на старата, истрошена и проблематична комунална маалска регистрација, со

91. **Извештај за Битолскиот вилает**, 90

92. **Македонија во делата на странските патописци**, 292

посовремена и поефикасна, со улици и семејни броеви. Тоа било изнудено решение заради посигурен увид во наврапитото зголемување на населението, уште повеќе и заради полесното наплаќање на даноците. Маалите, како традиционална номенклатура не била сосема заборавена, останала алтернативна.

Сега секоја улица добила име, ако не име, број – име, а и секој дом добил број. Пост–рестантот останал во функција и вообичаено решение за примопредавање на поштата, зашто поштари сè уште не постоеле.

Новиот систем радо бил прифатен во администрацијата, посебно при купопродажните договори, во заверките и во другите акти. За поголема сигурност се применувале и обете идентификаци, и маалската и уличната.

Очекувано, во почетокот новата комунална идентификација се судрила со не мал проблем за изнаоѓање куп имиња за улиците. Први и најчести по кои се посегнало биле имињата на познати личности од историјата, па имиња и на современици кои оставиле белег или имале некакво значење во градот, се користеле и имиња на чешми и на посебности, како и на други карактеристики по кои се препознавала улицата или потесната заедница.

Меѓу раните именувања се и овие: во Емир–Челеби Маало – „Џузлук улица“,[93] „Бадемлик Баглари“[94] и „Али Заим“,[95] во Хамза–бej Маало (околу денешното ОУ „Стив Наумов“) – „Али Заим“[96] и „Папа Трајче“,[97] во Фирузбej Маало, во кое живееле и доста христијани – „Сердар

93. Сицил бр. 128 / II, 1864, април 16, бр. 377
94. Сицил бр. 136 / II 1869, август 1, бр. 522
95. Сицил бр. 128 / II, 1865, декември 5, бр. 497
96. Сицил бр. 128, 1864, септември 29, бр. 373
97. Сицил бр. 128, 1864, октомври 8, бр. 363

Чешме“,[98] и „Чаршиска“.[99] Другите биле: „Касап Даре“ (Домишки–бej Маало),[100] „Хекимбаши“ (Синанбej Маало – Горниот Парк),[101] „Дервиш–ага“ (Зандanци Маало),[102] „Кифе“ (Бали Војвода Маало – денес Гега Маало). Улицата „Локанда“[103] ја имало во две маали – во Емир Челеби Маало[104] и во Азаб Бej Маало.[105] Во Кара Табак Маалото (Бела Чешма) регистрирани се две: „Ферик Синан“[106] и „Беаз Чешме“.[107] Две именувани улици има и во Кара Оглан Маало – „Јешир Баир“ и „Турбе“.[108] Во денешното Мечкар Маало во средината на 19 век, иако било сè уште празен простор, регистрирани се и улици, едната е „Абди Паша“.[109]

Во 1913 год. настанува ново преименување. Замената на уличните и куќните табли го прифатил општинскиот буџет, бидејќи, пак, сумата била поприлична, изнајдено било решение исплатата да тече на рати. Последната, во износ од 140 динари, требало да се плати во мај 1914 год.[110]

Благодарејќи на *„Планот на Битола“* од инж. Јосип Скуберне, изработен во 1921 год., имаме увид и на имињата

98. Сицил бр. 128, 1865, март 5, бр. 298

99. Сицил бр. 128, 1865, септември 4, бр. 414

100. Сицил бр. 128 /II, 1865, јуни 20, бр. 398

101. Исто, 1865, јануари 9, бр. 399

102. Сицил бр. 128, 1864, октомври 23, бр.364

103. *Локанда* е италијански збор и значи соба за издавање, гостилница, крчма

104. Сицил бр. 128, 1864, ноември 5, бр. 374

105. Сицил бр. 128 / II, 1865, јули 22, бр. 416

106. Сицил бр. 130, 1865, август 1, бр. 2

107. Сиицил бр. 128, 1865, меѓу 5 февруари и 20 март, бр. 297

108. Сицил бр. 128 / II, 1865, ноември 12, бр.468

109. Сицил бр. 128 / II, 1865, ноември 10, бр. 373

110. **Рад у Одбору и Општини**, Општинске новине, бр. 48, Битола, 15 мај 1914, 1

што биле применети по Првата светска војна, кои биле востановени по Првата балканска војна.

Забележливо е дека голем дел се имиња на градови и села: „Цетињска“, „Јагодинска“, „Сењска“, „Сараевска“, „Ѓаватска“, „Раштанска“ и други слични. Следат имиња на занаети: „Папуџиска“, „Столарска“, „Старинарска“, па на нации: „Муџирска“, „Муслиманска“, „Еврејска“, на личности од историјата: „Обилиќка“, „Крал Милутин“, „Цар Душан“, „Кралевиќ Марко“ итн.

Почнувајќи од средината на 30-те години од 20 век, започнува именување на улици и со имиња и на живи, заслужни Срби. Постапката се вршела на редовни седници на Општинскиот одбор. На една, на 12 август 1925 год., како знак на признание за некогашниот српски војвода во овие краишта, народен пратеник и жител на Битола (неговиот дом бил денешниот „Музеј на албанското писмо“), Јован Ќирковиќ, поранешната „Општинска“ (од Ленски Мост надолу од десната страна на Драгорот) го понесе неговото име.[111] Од непознати причини, следната година ова решение било повлечено.[112] Исто така, во 1925 год. *„во знак на благодарност на поранешниот конзул во Битола Михајло Ристиќ“,* една улица му била посветена и нему.[113] Неколку улици што имале веќе имиња, се преименувани и во 1927 год., „Фериховачка“ станала „Милош Милојевиќ“ (српски собирач на народни песни од 19 век), „Столарска“ – „Димитар Боди“ (прв српски конзул во Битола), „Црноречка“ – „Александар Ростковски“ итн. Се имало намера една улица да им биде посветена и на браќата

111. Државен архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, Фонд **Градско поглаварство - Битола**, Книга бр. 15, 12 август 1925, т. 1 (**Понатака** Книга бр...)

112. Книга бр. 15, 20 октомври 1926, т. 1

113. Книга бр. 15, 19 ноември 1925, т. 1

Кирил и Методиј.[114] Улица добил и Душан Алимпиќ, еден од првите српски полициски инспектори во Битола,[115] што резултирало и школото „Св. Сава“ популарно да се нарече, „Алимпиќева школа“.

Изненадениот Боди, преку телеграма изрази благодарност за големата чест, потенцирајќи истовремено дека, како прв српски конзул, секогаш се раководел од единствена цел – српството.[116]

По повод годишнината од влегувањето на српските војски во Битола, на седницата на Одборот од 17 октомври 1930 год. било решено и *„заради заедничката борба, љубовта што ја гаи Чехословачка кон нашите народи, една од главните улици во Битола да се именува со „Чехословачка“*. За оваа одлука претседателот на Општината, Петар Лешњаревиќ, испрати телеграма до чехословачкиот амбасадор во Белград.[117]

Политичките настани секогаш имале влијанија врз имињата на улиците. Широк Сокак првин била „Хамидие Цадеси“ (според султанот Хамид), по победата на Младотурската револуција од 1908 год. – „Уриет“, па „Крал Петар“, „Цар Борис Трети“, „Маршал Тито“, но и „Локанда“,[118] „Корзо“, остана најмногу „Широк Сокак“. Крајдрагорието по Младотурската револуција е „Нијази бој“, па „Претстолонаследник Александар Караѓорѓевиќ“, „Кнез Симеон Трновски“, „Генералисимус Сталин“, на крајот, по Резолуцијата на Информбирото, булевар „Први мај“

Слично се случувало и со останатите битолски улици.

114. Книга бр. 16, 17 март 1927, т. 5

115. **Битољске вести,** Општинске новине, бр. 30, Битољ, 6 децембра 1913, 9

116. Книга бр. 16, 4 април 1927, т. 2

117. Книга бр. 24, 27 октомври 1930, т. 1

118. Локанда – кафеана, заради бројните кафеани во Битола

Првата камбана во Битола

За муслиманските верници, особено за фанатизираните, звукот на камбаната до усвитеност им ги дразнел нервите и ги повикувал на жесток отпор против христијаните и против нивните верски објекти и обичаи. Било тоа причина многу рано да отпочне и жестока акција камбанариите да се рушат, а камбаните да се трошат.

Рицарот Арнолд фон Харф (1496-1499) меѓу првите го регистрирал тој рушителски порив и резултатите од него. Во Одрин сретнал пространо поле со непрегледен број искршени камбани, сите донесени од балканските земји. Тоа било резултат, според него, на педантното исполнување на султанската наредба упатена до секој војник, при враќање дома да донесе, ако не цела, дел од камбана. Бидејќи османлиската војска броела меѓу 300 до 400 илјади борци, може да се претпостави каков резултат имала наредбата.[119]

Овој поход продолжил со исто темпо и во деценијте и вековите што следат, а поразителните резултати за христијаните ќе регистрираат и други патописци, меѓу останатите и Марко Антун Пигафета од средината на 16-от век.[120]

Меѓутоа, и покрај жестокиот атак, извесен број камбани, сепак, успеале да ја избегнат трагичната судбина, зашто се нашле или далеку во горите, во манастири, или зашто почитта кон светецот била преголема и среде мус-

119. **Немски и австрийски пътеписи за Балканите**, 131

120. Petar Matković, **Putovanja po Balkanskom poluotoku 16 vieka (Putopis Marka Antuna Pigafete, ili drugo putovanje Antuna Vrančića u Carigrad 1567 godine, RAD JAZU, knj. 100, Zagreb**, 1890, 132, 143

лиманите, како што бил случајот со св. Наум,[121] понекогаш зашто и совреме биле засолнети или потајно биле закопани.[122] Знаејќи за забраната, наместо камбана се употребувала железна плоча, чии звуци не оделе подалеку. Таков бил случајот и со манастирот „Св. Сава“ во Приеполе (1573). Како замена за камбаните служеле и клепалата, кон кои односот бил потолерантен, но и за нив важело правилото звуците да не излегуваат од кругот на црквата или од манастирот.[123] Применувајќи го тоа, во Света Гора подолго време ги употребувале исклучиво нив.[124]

Не ретко и клепалата на поединци, посебно на фанатизираните, им пречеле, не само оние од градовите, туку и од планинските манастири и од далечните селски цркви. Охридски свештеник од 18 век, кој се обидел да го употреби, не само што бил претепан, и покрај официјалното одобрение, а доколку не била навремената интервенција на месниот паша, сигурно ќе го загубел и животот од разулавената маса.[125]

Нешто слично се случило и во Битола во 1839 год., што било повод христијаните да интервенираат и да бараат заштита кај султанот.[126]

---

121. А. Матковски и П. Ангелакова, **Опис на Македонија од втората половина на XIX век според една Англичанка,** Историја, г. VIII, бр. 2, Скопје, 1972, 235

122. Тихомир Ђорђевић, **Наш народни живот**, 2, Просвета, Београд, 1984, 145

123. Радован Самарџић, **Београд и Србија у списима француских савременика 16-17 век**, Историски архив, Београд, 1961, 128-129

124. **Македонија во делата на странските патописци**, 1371-1777, 117

125. **Румелийски делници и празници от XVIII век**, Отечествен фронт, София, 1978, 355-356

126. Велимир Т. Арсић, **Црква Св. мученика Димитрија у Битољу**, Издање управе цркве С. Димитрија, 1930, 41-42

Преданијата говорат дека пред османското освојување во Битола имало многу цркви и еден голем манастир, според кој градот го добил и името Манастир, односно Монастир. Дали во ова време имало и камбани не е познато, зашто, според едно тврдење, камбани на Балканот ќе почнат да се употребуваат најрано од 15 век.[127]

Има сознанија дека во црквата „Св. Недела“, подигната во 1863 год., имало камбанарија, која, како засебен објект, во 1868 год. ја регистрирала и Русинката М. Карлова, но дали имало и звоно или клепало, нема податок од Русинката или од некој друг.[128]



Камбанаријата во црквата „Св. Недела“ (крај на 19 век)

127. Ст. Станојевиќ, **Била, клепала и звона код нас**, Глас Српске краљевске академије, други разред, 77, Београд, 1933,79-91

128. **Македонија во делата на странските патописци**, 1864-1874, 199

Велимир Т. Арсиќ тврди дека првата битолска камбана била поставена во 1908 год., веднаш по Младотурската револуција, во дворот на црквата „Св. Димитрија“, непосредно до портата, на цврст попречен дирек, приклештен меѓу две тополи. Набргу напрснала и станала неупотреблива, па замената се случила дури во 1924 год.[129]

Според поновите сознанија, таа не е првата. Имало и поранешна, а за поставувањето нејзино заслужни биле претставниците на Лазаристичката мисија „Сен Винсет де Пол“ од Битола, најмногу на супериорот Денис Дипол.

Дипол во Битола дошол од Измир на 14 ноември 1877 год., а пред тоа работел во големиот центар на лазаристите „Сен–Бенуа“ во Цариград. Во нашиот град останал 4 години, односно до 1881 год. За тоа време не забележал некој позначаен успех во ширењето на католицизмот, дури се тврди дека Мисијата почнала и да назадува, а причините биле, главно, негови. Не се снашол во месните прилики, не знаел ниту еден од локалните јазици, оттаму и намалувањето на бројот нови ученици и нови верници, дури и нивно осипување. Вкупната бројка на учениците спаднала на 14, на верниците 43.

Во обид да го корегира тоа дошол на идеја да внесе новини, од кои една била да постави звоно во дворот на својата црква. Подигнал провизорна дрвена конструкција, на која го прикачил тукушто пристигнатото мало звоно.

Првиот одјек предизвикал шок и меѓу христијаните, уште повеќе среде муслиманите. *„Кога зазвонија*, се вели во еден извештај, *на тоа кутро звоно, за малку не се случи револуција во Битола. Муслиманите и Грците сакаа да*

129. Тихомир, Т. Арсић, Цит. дело, 45

ја срушат куќата. Звоното и камбанаријата требаше да исчезнат“.[130]

Така тоа исчезна, а за новиот звук од камбана во Битола требало да се причека нова прилика.

„Американска инаугурација“ на валија

Пред Валијатскиот сарај, покрај реката Драгор, на 20 април (с. с.) 1895 год., се случил настан што останал забележан како уникатен во битолската валијатска историја. Новопоставениот гувернер на Битолскиот вилает, Абдул Керим паша, пред големата маса љубопитни граѓани, пред целиот дипломатски кор, пред офицери од повисок и понизок ранг, валијатски и други службеници, слично на американските претседатели на официјализирањето на претседателствувањето, ја презентирал својата програма за работа и новините што ќе ги воведе. Како вовед првин бил прочитан султанскиот ферман со кој се назначувал, во кого имало многу пофалби за него, како и силни уверувања дека со ист интензитет и успех ќе ја врши и новата работа.

Следувало и претставување на 60-годишниот, со пријатен изглед, нов битолски валија.

Посебно се издвоило и се запаметило неговото обраќање. Првин ја претставил својата програма, при што посебно место зазедоа валијатското чиновништво и беговите. За нив ќе рече: *„Чиновништвото и беговите треба да живеат во хармонија и во љубов со народот, а не да сочинуваат кастии и да се во непријателство“.*

130. Артур Друлез, **Историја на редот лазаристи,** (Ракопис на француски јазик напишан во колеџот „Сен Бенуа“, Истанбул, превод од француски на македонски јазик во ракопис во 2003, сопственост на Католичката црква во Битола), 35

Тоа било голема новина, однапред се определувала насоката на неговата работа. По таа пријателска и мирољубива интонација, следувале жестоки закани, се заканувал дека лично ќе ги гони неправдите и корупцијата, дека сака да има постојан мир, ред и хармонија во валијатот, зашто тоа најмногу му било потребно на Царството.

Им се обратил и на присутните граѓани. Порачал: *„Нека секој кој има потреба, нека дојде кај мене во секое време на денот, дури и на полноќ, моите порти секому ќе му бидат отворени. Селанинот нека не ги собува опинците кога ќе се претстави пред мене, јас ќе го сослушам и ќе му дадам задоволување“.*

Било тоа фрапантно, такво нешто во Битола за првпат се случувало и тоа следниот ден откако пристигнал во градот.[131]

Инаку, Абдул Керим паша на новата служба доаѓал директно од султанската резиденција каде ја вршел должноста церемониер. Не бил без искуство и како управител на валијат, извесно време управувал со Скадарскиот вилает, па добро беше се запознал со болните проблеми на власта. Пред да тргне за Битола, бил одликуван со златен и сребрен медал „Имтијаз“.

И говорот и биографијата ветувале дека во Битолскиот вилает ќе се случат толку присакувани и потребни промени, особено по катастрофалната управа на неговиот претходник, Фаик паша, еден крајно корумпиран висок службеник и по целосното безвластие, заради што и тој и командантот на Третата армија, дивизискиот генерал Хајри паша,

131. **Битолския валия Абдул Керим паша**, Право, г. I, бр. 42, София, неделя, 3 септември 1895, I-2, 10. септември 1895, 2, В. и д-р Димитар Димески, **Македонското национално–ослободително движење во Битолскиот вилает** (1893-1903)“, НИО Студентски збор, Скопје, 1981, 163-164

набрзина биле отстранети и заменети со сегашните, Абдул Керим паша и со енергичниот Шукри паша, дотогашен командат на редифите (резервистите) на Косовскиот вилает.

Како што ветил, така и ја отпочнал работата. Според рускиот конзул Александар Аркадиевич Ростковски, кој во Битола пристигнал кратко време пред него, *„веднаш ги смени или ги предаваше на суд сите мудури, кајмаками, за кои се покажуваше дека се виновни, заповеда да бидат апсетувани и муслимани, коишто ги потискаа христијаните“*.[132]

Очекувано, веднаш создал и непријатели, моќна група засегнати, кои почнале подземно да работат првин прикриено, потем и сосема отворено и гласно против него. Му наденаа и погрден прекар – *„ѓаур паша“.* Интригите и нападите станале толку бројни и толку многу исфабрикувани кои по разни канали пристигале и до престолнината и до диванот. Биле подбуцнати и воените структури и постоела реална можност од војнички бунт, а како најдиректен повод за тоа биле неколкумесечните неисплатени плати.

Не можејќи да го издржи тоа, изморен и малку и во години, во 1901 год., под изговор дека има нарушено здравје, пред официјалната замена, ја напуштил Битола и заминал за Константинопол.

Абдул Керим паша во Битола, меѓутоа, останал запаметен како еден од најнапредните и најправедните валии. Христијаните го третирале за заштитник и галовно го нарекоа *„мајче“*. Покрај тоа, презел и големи градежни зафати за поздрава и поубава Битола (канализација, уредување на Драгорот, калдармирање улици, подигање објектот на театарот, болници, кланица и др.). Заради сето тоа, меѓу двете

132. Симон Дракул, **Македонија меѓу автономијата и дележот**, том I, „Просвета“, Куманово, 1995, 164

светски војни бил направен обид најдолгата улица (денес „Охридска“) да го понесе неговото име, но отпорот од Белград бил толку жесток и тоа не се случи. Иако денес неговото име стои на една помала битолска улица, споменот за него е многу позитивен и тој е скоро единствен случај за османлиски службеник да се говори со суперлативи.[133]

Запис за градежни зафати на Абдул Керим паша

„Цариградски гласник“, во бројот 31 од 31 јули 1898 год., донесе мошне интересна дописка од Битола за градежните зафати што ги презел пред три години устоличениот гувернер Абдул Керим паша во градот. Пред да ги наброи, дописникот од Битола ќе ги изрази големите надежи на земјоделците од Битолско дека родот таа година се очекувал да биде бериќетен, откако претходниот бил катастрофален заради сушата.

Бидејќи за првпат се нудат изворни и од прва рака податоци во вториот дел од дописката, текстот го нудиме во целост. Еве го:

„На Широк Сокак, најубавата улица во нашиот град се наоѓа еден голем простор на кој нашиот валија Н. Е. Абдул Керим паша, кој постојанао се грижи за разубавувањето на градот, изгради голема зграда, која скоро ќе биде готова, а во која ќе биде сместена тутунската режија и ѓумрукот за вино, а приходот ќе биде наменет за овдешната градска болница, која пред две години беше изградена, исто така, со грижата на Н. Е. Абдул Керим паша.

133. Александар Стерјовски, **Валијата Абдул Керим паша и Битола**, Во: **Битола и Кемал Ататурк**, Gazi univedrsitesi, Ankara, Св. Климент Охридски - Битола, Битола, 1998, 407-416

Нашиот валија се грижи, исто така, и за регулирање на улиците, за канализирање и калдармирање на истите, за изградба на нови мостови на сите градски рекички, за подигање паркови на сите пусти и празни места каде граѓаните ќе ги поминуваат летните денови под ладовината на засадените дрвја и во чија средина ќе бидат засадени и алеи.

Нека бог го поживи Н.Ц.В. Султанот што ни поставува вакви умни и вредни чиновници во неговата широка царевина, исто така, нека е голема фала на Абдул Керим паша кој неуморно се грижи за сите царски поданици во довереното му вилает“.[134]

Коментар:

1. Објектот од Широк Сокак за кој се говори во дописката е подоцнежниот театар. За првпат се открива дека првичната намена не му била уметничка, туку стопанска, односно дека служела за приходи за работа на една од Керимпашините болници.

2. Болницата се викала „Гураба Хаста Хане“ (Болница за сиромашни). Од дописот се гледа дека изградена била година дена по стапувањето на Абдул Керим паша на местото валија. Другите две, кои се наоѓале во нејзина близина, биле од подоцнежниот период и биле „Франги Хаста Хане“ (Болница за венерични болести) и „Тимар Хане“ (Болница за душевни болести).[135] До денес опстоила првата, останатите се уништени за време Првата светска војна.

3. И со овој допис се потврдува големата заслуга на овој валија во модернизацијата на градот, кои не само што се

134. **Цариградски гласникъ,** бр. 31, 31 јулий 1898

135. Петар Бојациевски, **Здравството во Битола низ вековите,** Друштво за наука и уметност – Битола, Битола, 1992, 216-217

нафатил со канализацијата и калдрмирањето на улиците, туку и во масовното озеленувањето на градот.

Првиот рендген апарат во Битола

Ако во Европа, почнувајќи од 1895 год., рендген апаратот започнал да им помага на лекарите да sирнат во телото на човекот без притоа хируршки да се отвори, во Битола тоа случи во 1908 год., со што и таа се вброи меѓу првите градови на Европа, која поседувала ваков апарат. Бил монтиран во помала зградичка во Воената болница, подигната од валијата Ахмед Ејуп паша во 1885 год., кој сè уште по-

Плочата на влезот од Одделението за рендген апарат (1908)

стои и се наоѓа во склопот на Студентскиот дом „Кочо Рацин“. Привлекува внимание со металната плоча на која со арапско писмо и на турски јазик, е напишано *„Одделение за рендген зраци 1908 година“.*

Болницава била една од најсовремените на своето време и била на услуга на припадниците на Третата османлиска воена армија. Во неа работеле, не само завршени студенти на Медицинскиот факултет во Истанбул, туку и многу лекари странци, Италијанци, Евреи, Грци и други. Во прво време имала две одделенија, хируршко и интерно, кон кои, почнувајќи од 1908 год., им се приклучило и ова одделение.[136]

Бројот на ваквите апарати во градот по Првата светска војна се намножил уште со неколку. Еден, во 1927 год., набавил д-р Петар Аврамовиќ, друг, во 1932, д-р Александар Османли, а со третиот, две години подоцна, располагал д-р Михаил Попов.[137]

Улично осветление

Газулинско

Развојот на уличното осветлување во Битола, како и во поголемите населени места на Турската Империја, течело во фази. Најраното и наједноставно, изнудено и со декрет, било семејствата, чии домови со еден свој дел излегуваат на улица, штом падне мрак, да истакнат запалени фенери на прозорците. Аналогно на него било и лицата што решиле да излезат надвор во ноќните забранети часови за излез, да носат со себе запален фенер.

Следи потоа осветление со газулини. Во крајот на XIX век, во Битола најпрвин изведено било во поновите улици

136. Петар Бојациевски, **Здравството во Битола низ вековите,** 215
137. Исто, 162

(1894).[138] На разгледниците што потекнуваат од овој период забележани се гасулински ламби поставени на аголните делови од објектите. Ги имало четири вида: *канделабри, светилки на столбови, конзоли и фенери.* Овој систем, кој почнал да се гради од центарот на градот, продолжил концентрично да се шири и да се збогатува, на крајот ја опфатил и периферијата.

Канделабрите биле светилки поставени на високи столбови со мал поклон кон улицата. Ги имало во дворот на Султанската резиденција (денес Ректорат), на Широк Сокак (до скоро „Краш"), на Железничката станица и на други места. *Светилките на столбови* го немале додатниот дел со поглед кон земјата и столбовите им биле пократки. Биле побројни, една се наоѓала пред самиот влез на гимназијата. Најбројни биле *канделабрите* кои се поставувале на аголните места на улиците. *Фенерите,* пак,

Гасулински типови светилки во Битола (Канделабра)

138. **Македонија во делата на странските патописци**, 1889-1897, 222



Светилка на столб



Конзола

се среќавале пред влезовите на објектите, во дворовите и на други места.[139]

Тоа изнуди, заради преголемата потреба од газулин, зашто масовно се употребувал и во домаќинствата, подигање и посебни објекти за негово чување и дистрибуирање, наречени газијарници.[140] Меѓу последните што ќе го опслужуваат овој систем во османлискиот период се и лицата Хасан Беќир и Хасан Халем, кои пред да влезат српските

139. Здравка Здравева – Маретиќ, **Типови на светилки во Битола (Според фондот на Милтон Манаки)**, Зборник на трудови, бр. 4–5, Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости, музеј и галерија – Битола, Битола, 1983/84, 198

140. Мехмед Тевфик, Цит. дело, 240

војски во градот во 1912 год. ја извршувале и функцијата собирање данок за ѓубре и градско осветление.[141]

Во еден период по востановувањето на српската власт, газија лиферувал и Евреинот Мушон Парду,[142] кој продолжил да се занимава со таа дејност и понатака.[143]

Српските власти целосно го прифатиле овој систем, проширувајќи го истовремено, па биле принудени да ангажираат и поголем број вработени. Одржувањето и функционирањето негово одело преку оданочување наречено *„такса за светло"*, која се плаќала еднаш годишно. За индивидуалните домови во центарот на градот изнесувала од 3–12 динари, поевтино било за домовите од периферијата, а најскапа била за дуќаните и за кафеаните.[144]

Таа била тежок намет, па многумина се обидувале и да го избегнат, оправдувајќи го тоа со реални или измислени причини: дека осветлението е слабо, дека нема доволен број фенери на улицата итн.[145]

Посебни извршители (*„фенерции"*, *„кандилации"*) имало за малите, посебни за високите ламби. Во 1914 год. 5 биле за високите, 15 за малите и за сите од буџетот на Општината се одвојувале 12.280 динари.[146] Извршителите не секогаш биле

---

141. **Наша општина и њен рад,** Општинске новине, бр. 4, Битољ, 7 јануар 1913, 3

142. **Рад у Одбору и Општини,** Општинске новине, бр. 38, Битољ, 6 марта 1914, 2/II, XI

143. **Наша Општина и њен рад,** Општинске новине, бр. 4, Битољ, 27 јануар 1913, 5/16

144. **Рад у Одбору и Општини,** Општинске новине, бр. 30, Битољ, 6 децембра 1913, 11

145. **Рад у Одбору и Општини,** Општинске новине, бр. 38, 6 марта 1914, 2

146. **Биџет Општине града Битоља за 1914 год.,** Општинске новине, Битољ, 23 маја 1914, 4

задоволни од примањата и не ретко истапувале со барања за корекции, една таква имало и во 1913 год.[147]

Газулинско, осветление продолжило да суштествува и по Првата светска војна, па и сега не секогаш корисниците биле задоволни од квалитетот, оттаму и поплаките. Истите, исто така, биле поврзани или со бројот на ламбите, или дека се активни во помал дел од ноќта (само во првите часови по паѓањето на мракот). За да се стишат истите, во месец февруари 1923 год., бројот им бил умножен и времетраењето на светење продолжено до утринските часови.[148]

За експлоатација ова осветлување се добивало преку јавна лицитација. Една била одржана на 18 ноември 1923 год. и беше ја добил Евреинот Бохор Тест за 160.000 динари.[149]

Бројот на фенерциите се менувал и зависел од потребите, а и од моќта на општинскиот буџет. Во 1924 год. биле 9, од кои еден бил надзорник.[150]

Покрај веќе наведените, улични светилки меѓу двете светски војни имало и на овие места:

Во Генимаале на: Средсело, кај Горното Средсело, но и Данаил бакалот имал поставено карбитна ламба на прозорецот од својот дом, која секоја вечер редовно ја палел.[151]

На аголот од Хатуние џамијата (Гега Маало) имало една таква, друга била на улицата „Стив Наумов“, а постоеле и уште неколку во овој, западен дел од Битола.[152] Со по неколку се обезбедувало ноќното улично осветление и во

147. **Записник девете седнице Општине града Битоља одржане 23 јануара 1913 године,** Општинске новине, бр. 4, Битољ, 27 јануар 1913, 5

148. **Битољске вести,** Битољски трговински гласник, бр. 2, Битољ, 11 фебруар 1923, 2

149. Книга бр. 15, 22 октомври 1923, т. 3

150. Книга бр. 15, 22 март 1924, т. 8

151. Соопштение на Јовановски Благој, пензионер од Битола

152. Соопштение на Неат Акифовски, пензионер од Битола

другите маали. Високите ламби биле приврзани со канап, со помош на кој се спуштале долу, се надополнувале со газија, се палеле или се гаснеле, па повторно се кревале горе.

Откако настанале проблеми со електричното осветление и откако Електроиндустријата „Битола“ во месец март 1934 год. издаде коминике во кое објави дека општината ѝ должи 324.626,40 дин. и дека, заради тоа, е принудена да ги прекине испораките на електрична енергија, газулинското осветлување повторно се вратило на битолските улици.[153] Тоа било причина да бидат вработени одново фенерџии, меѓу кои се нашол и Александар Трпковиќ,[154] како и уште еден друг, Турчин, чие име е заборавено,[155] а кои со работа отпочнале на 1 јуни 1937 год.

Доста граѓани и со ова осветлување не биле задоволни, не само заради промената на стандардот и заради редовноста и времетраењето на осветлувањето. Локалниот весник „Нови сјај“, во 1936 год., вака ги опишува проблемите: *„Кога гори* (светлото) *во една* (улица) *во друга не гори и обратно. Ние ги прашуваме надлежните, зошто уличното осветлување не се пали во исто време во целиот град, туку некаде се пали порано, некаде подоцна, а во повеќе случаи и не се пали. Ако причина за тоа е технички проблем, сметаме дека е потребно истото да се отстрани, а не граѓаните да сонуваат како ќе се вратат дома, дали ќе имаат улично осветлување или не или барем да им се*

153. **Битољске улице су осветљене гасним лампама**, Вардар, Скопље, 15 март 1934, 3

154. Државен архив на Македонија, Подрачно одделение Битола, Фонд **Градско поглаварство – Битола,** Кутија бр. 13., 1937, јуни 2, 2.1.13.4/4 (**Понатака** Кутија...)

155. Бил татко на Кемал, вработен како вратар во Народниот театар – Битола (Соопштение на Неат Акифовски)

обрне внимание во кои денови и улици нема да горат̀ свет̀илкит̀е, т̀а да се снајдат̀ со фенери“.[156]

Така било додека не било заменето со електричното осветление.[157]

Електрично

Се знаеле предностите на електричното осветлување, оттаму и напорот да се востанови што поскоро. На осмата седница на Општинскиот одбор, одржана на 17 јануари 1913 год., само два месеца по конституирањето на српската управа, се покренала иницијатива за подигање локална хидроцентрала. Се знае дека и пред тоа претседателот на градот, Петар Лешњаревиќ, работел на таа идеја, организирал и средба со иницијативни и со материјална моќ граѓани да се вклучат во реализацијата, добил и целосна поддршка за неа. Било контактирано и со стручњак, со универзитетскиот професор Ѓока Станојевиќ од Белград, кој го најавил своето располагање и дал согласност да ја посети Битола и да се сретне со заинтересираните. Неговото писмо Лешњаревиќ го прочитал и пред одборниците, кое уште повеќе ја подгреал идејата. Заклучокот од седницата на Одборот сепак бил да се причека Станојевиќ да дојде во Битола, да се чуе неговото стручно мислење, посебно за чинењето на проектов, па дури потоа да се донесе некаква одлука.[158]

Следниот месец професорот пристигнал во Битола, му било искажано и топло добредојде, но како резултирала

156. **Мрак у Битољу,** Нови сјај, бр. 29, Битољ, септембар–новембар 1936, 3

157. **Битољско осветлење**, Битољски трговински гласник, бр. 3, Битољ, 11 фебруар 1923, 2

158. **Наша општина и њен рад,** Општинске новине, бр. 3, Битољ, 20 јануар 1913, 3

таа средба, податоци нема.[159] Кога, пак, било најавено дека ќе отпочнат да доаѓаат германските репарации во земјата, група претставници од Битола заминале за Берлин да договарат да добијат машини за подигање електрична централа. Добиле навистина репарации, железни мостови за Драгорот и за Курдерес и уште неколку дрвени бараки, но, за жал, не и електрична централа.[160]

Електрично осветлување Битола, сепак, добила, но во средината на 1924 год., а дотогаш Општината бројот на газулинските ламби беше ги зголемила, како и светењето што го продолжи цела ноќ.[161]

На седницата од февруари–март 1923 год. Одборот на Општината на Симеун Бундалевиќ му ја дал концесијата за подигање калорична електрична централа и одобрение за востановување електрично осветлување низ градот. Концесијата важела 25 години, по што, централата и мрежата би прешла во сопственост на градот. Договорот, пак, го обврзувал инвеститорот работата да ја заврши за 18 месеци, му се давала и слобода да избира и да склучува договори со партнери и во изведбата и во експлоатацијата.[162]

На 11 јуни 1924 год. Бундалевиќ го извести претседателот на градот, Драгиќ Пауновиќ, дека има намера да подигне електрична калорична централа со мотор од 150 КС и дека истата планира да ја лоцира во поранешната османлиска болница кај Крива Водејнца. Ова, според него, би било времено решение, зашто намерата му била електрич-

159. **Битољске вести,** Општинске новине, бр. 5, Битољ, 3 февруар 1913, 4

160. **Дрвене кућице,** Битољски трговински гласник, бр. 30, Битољ, 30 августа 1923, 3. Една добила и Руската колонија, која ја пренаменила за црква

161. **Битољске вести,** Битољски трговински гласник, год I, бр. 2, Битољ, 21 февруар 1923, 2

162. **Битољско електрично осветлење,** Битољски трговински гласник, год. I, бр. 6, Битољ, 6 марта 1923, 2

ната енергија да се добива од хидроцентрала, која би била подигната во село Диово.

Одборниците, расправајќи по тоа прашање, одлучиле да го прифатат предлогот и да му го отстапат бараниот објект, со напомена да ѝ го врати на Општината во истата состојба кога ќе се пресели во Диово.[163] На истата седница Одборот бил исвестен и дека концесионерот за деловни партнери ги прифатил Славко Бекшан, инженер од Белград, Отман Ед, инженер од Белград, и Теодорос Ароести, трговец од Битола.[164] Набргу пристигнало и соопштение дека електричната мрежа започнала да се изведува и дека *„Битола наскоро ќе има електрично осветление“.*

Поставување улична елекрична мрежа кај Камен Мост

Општината, од своја страна, оформила комисија од 10 члена, на чело со претседателот Пауновиќ и градскиот инженер Јосип Скуберне, со задача да ги проучи условите за експлоатација на електричната енергија и за обврските што ќе ги има

163. Книга бр. 15, 11 јуни 1924, т. 4

164. Книга бр. 15, 11 јуни 1924, т. 2

Општината во инвестицијата.[165] Биле донесени и изгласани и правилата за користење на оваа енергија.[166]

Електричната централа набргу започнала да произведува енергија и да ја доставува низ градот. Биле набавени уште два дизел мотора (210 и 100 КС), кои гарантирале дека нема да има проблеми со преземените обврски.[167]

И покрај ветувањата, веднаш се јавиле такви. Во мрежата имало чести дефекти, оттаму и поплаки, па била изречена и првата казна од 500 динари за неуредно осветлување, која требало да ја подмири закупецот Јаков Камхи.[168]

Онаму каде имало можност да се воведе, електричното осветлување било реализирано, на другите места продолжило газулинското. Во 1925 год. фенерџиите биле 3, со плата од 720 дин. месечно, покрај нив имало и 2 хонорарци по 1.800 плата за 6 месеци.[169] Во 1927 се зголемиле на 4,[170] потоа во 1932 год, биле двајца, со плата од по 800 динари месечно,[171] а во 1937 год., почнувајќи од 1 јуни, назначен бил и Александар Ц. Трпковиќ, со плата од 500 динари месечно.[172]

Официјалното решение за користење на општинскиот објект било добиено, со што се исполниле условите и за непречена работа на претпријатието,[173] а концесионерите, поред договорот, редовно ги подмирувале и своите даночни обврски кон општината и државата.[174]

---

165. Книга бр. 15, 22 декември 1924, Воведно соопштение.
166. Книга бр. 15, 26 декември 1924, т. 10
167. Трајче Грујоски, Цит. дело, 73
168. Книга бр. 15, 11 октомври 1924, т. 9
169. Книга 15, 10 јули 1925, т. 1
170. Книга 16, 15 февруари 1927
171. Книга бр. 31, 28 март 1932, т. 1
172. Градско поглаварство, Кутија бр. 13., 1937, јуни 2, 2.1.13.4/4
173. Градско поглаварство, Кутија 1, АЕ 12 27/21
174. Градско поглаварство, Кутија бр. 1, АЕ 12, 527; Кутија 1, АЕ 12,631

Цената на електричната енергија, почнувајќи од 1 јануари до 31 декември 1928 год., била: за приватните станови 5 динари по киловат час, за работилниците - 6, за институциите - 7, за банките и менувачниците - 8, а за уличното осветлување и за општинската зграда - 4,20 динари.[175]

Изборот на правниот субјект што ќе го одржува во кондиција и ќе го експлоатира уличното осветление, одел по востановена постапка, преку лицитација. На 22 ноември 1929 год. Општинскиот одбор, расправајќи поопстојно по тоа прашање, решил да ја повтори лицитацијата, зашто првата била неуспешна,[176] вторава добила разрешница.[177]

Пред целосно да секне електричната енергија во градот, се случила и првата електрична несреќа. Ќирко Јовановиќ, работник во продавница за млечни производи, не сакајќи допрел фасонка, од што силно бил здрман. Сакајќи да му помогне, шоферот Исо Тоскиќ, негов другар, му прискокнал напомош, при што ударот се префрлил врз него и го отфрлил. И покрај вештачкото дишење, никако не можело да му се помогне, а пристигнатите лекари можеле да констатираат само смрт.[178]

Заради нерешениот спор меѓу Општината и компанијата во врска со цената на електричната струја,[179] заради и проблемите во самата компанија,[180] почнувајќи од месец март 1934 год. доставките на струја биле прекинати и Битола била принудена да му се врати на газулинското

175. Книга бр. 18, 11 јануари 1928, т.1

176. Книга бр. 16, 22 ноември 1929, т. 2

177. Исто, бр. 16, 26 декември 1929, т. 4

178. **Смрт од електричне струје у Битољу**, Вардар, Скопље, 27 јули 1934, 2

179. **Око електрификације Битоља**, Вардар, Скопље, 12 децембра 1933, 1, 2

180. **Да ли ће „Електро-индустрија К. д“ у Битољу бити отворен стечај?**, Вардар“, Скопље, 22 децембра 1934, 2

осветлување.[181] Нешто подоцна, односно на 21 декември истата, 1934 год., бил извршен и попис во електричната централа, по што компанијата била ликвидирана.[182]

Поаѓајќи, меѓутоа, од насушната потреба за улично осветлување и претпоставувајќи ја лошата разрешница, Општината во својот буџет за 1933 год. предвидела ставка од 400.000 динари за набавка гас и газулин,[183] со што, за жал, историјата со старото осветлување се повторила.

Битољске улице осветљавају се гасним лампама

Спор, који је настао пре извесног времена између битољске општине и „Електро-индустрије к. д.", која даје електричну струју Битољу, толико је у последње време заоштрен, да је „Електро-индустрија к. д." обуставила да даје струју за улично осветљење. Битољска општина је поставила по улицама петролејске лампе, тако да су сада битољске улице осветљене гасом. У грађанству влада велико интересовање за решење овога спора.

Да ли ће »Електро-индустрија К. д.« у Битољу бити отворен стечај?

— Маса пок. Димитрија Николића из Битоље тражила је отварање стечаја



ВАРДАР 04.01.'34

Решење спора између Битољске општине и ликвиданта електричне енергије Електро-индустрије „Битољ" К. Д.

Проблеми со електричното осветление

Граѓаните, очекувано, не останале рамнодушни, а обидувајќи се да помогнат, самоиницијативно свикале собрание со единствена точка – разрешување на проблемот. Иницијатор бил Сотир Коруновиќ, поранешен кмет. Собранието било одржано во хотел „Солун" на кое бил избран

181. **Битољске улице осветљавају се гасним лампама**, Вардар, Скопље, 8 март 1934, 7

182. Градско поглаварство, 2.1.6.10/5

183. **Буџет битољске општине**, Вардар, Скопље, 12 марта 1933, 4

и иницијативен одбор. По долгите емотивни дискусии, Одборов добил две задолженија – да посредува меѓу засегнатите раскарани странки, да се потруди и во намалувањето на цената на електричната енергија,[184] која, според оценките, била *„највисока во државата“*.[185]

Разрешување на проблемот нема да дојде, а газулините ќе продолжат да го осветлуваат градот.

Прва театарска претстава во Воената академија

Школскиот театар во Битола започнал со активности во претпоследната деценија од 19-от век, а првичната презентација им припадна на егзархиските учители. На 25 февруари 1883 год, во просториите на Женското училиште „Кирил и Методиј“ извеле две едночинки, Тургењевата „Беспаричие“, на македонски, и „Цилиндар“ од Тодор Х. Станчев, на бугарски јазик. Било тоа новина на која се откривало нешто недоживеано, имитација на живот, оттаму и невидениот интерес за претставата.

Набргу слични претстави се случиле и на грчки, на романски и на влашки јазик.[186]

Понесени од успехот во другите училишта, и учениците од османлиското Воено училиште, решиле да прикажат своја претстава на турски јазик. На 28 јануари 1890 год.,

184. **Битољске улице осветљавају се гасним лампама**, Вардар, Скопље, 8 марта 1934; **Битољске улице су осветљене гасним лампама**, Вардар, Скопље, 13 марта 1934, 3

185. **Електрично питање у Битољу – битољци траже смањење цена за електрично осветљење**, Нови сјај, Битољ, октобар–новембар–децембар 1937, 2

186. Александар Стерјовски, **Битола – Каријатиди на Театарот,** НУ Народен театар – Битола, Битола, 2004, 132-145

во просториите на училиштето, по концертот, решиле да се претстават и како актери.

За да дојде до тоа, се разбира, имало долги и темелни подготовки. Првин бил оформен Организационен одбор, на чие чело застанал директорот на школото, Муариф, кој бил и сесрдно поддржан од валијата Фаик паша, како и од воениот командант Фазли паша. Директорот со специјални покани ги замолил повидните личности од градот, вклучително и конзулите, да дојдат на концертот и на претставата. Целта, како што се шпекулирало, била, не само да се презентира работата на училиштето, туку да се приберат и средства за најургентни градежни и други интервенции во училиштето.

Намерата, барем за средствата, била сосема успешна, само српскиот конзул Димитрие Боди приложил, како што соопштил самиот во извештајот до својот претпоставен, 5 турски лири, што претставувала сума повеќе од пристојна.[187]

Каков бил, пак, впечатокот од концертот и од претставата не се дозна.

Првиот грамофон

Првиот грамофон во Битола се појавил во летото од 1904 год. Набавен бил во Истанбул, го купил и прв го употребил агентот на Бугарското трговско аташе, Андреј Тошев. Го набавил, според личните сеќавања, кога бил на службен пат, а заедно со грамофонот комплетирал и одреден број плочи, главно, со турски мелодии (мааниња), меѓу

187. **Грађа за историју македонског народа из Архива Србије/ Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија,** Том V, Книга I (1890), Београд, 1988, 32, 88

другите, и многу популарните „Алемде шеха“, „Ашкнле сејнем тагларм“ и други.

Новинава во градот се доживеала како сензација.

Првите бе – моловите мелодии станале јавни, презентирани од балконот на Аташето (денес ул. „Стерјо Ѓорѓиев“), а први слушатели станале османлиските војници од ноќната стража. Опијанети од музиката, првин поединци, потоа, откако се разлеале звуците низ поблиските улици, и останатите, кои надоаѓале во групи, окупирајќи го просторот под балконот на Аташето, заборавајќи целосно на задолженијата што требало да ги извршуваат во вечерната смена.

Повеќето од нив, клекнати до ѕидот, со пушките меѓу нозете, со вознес и воздишки ги проследувале со гласни изливи, меѓу другите, и со овие: *„Вај арабим, аман, аман“* или *„Јандм аркадашлар“* и други.

Втората вечер бројот на присутните уште повеќе се зголемил, дури и целата ноќна смена се нашла под балконот, па улиците останале сосема пусти и без заштита. Вознесот и воодушевувањата биле толку големи што гавазите од Аташето не престанале да ги пренесуваат молбите *„макината да се врти“*, што гавазите без престан тоа и го правеле.

Така било и во следните вечери.

Молби за мобилност на грамофонот стигале и од неочекувана странка, од членовите на Местниот револуционерен комитет во Битола, кои во него вишле прилика за послободно ноќно крстарење. На мали хартивчиња пристигале препораки до Аташето кои манија, по кој редослед и во кое време, да се исполнуваат.[188]

188. А. Тошев, **Бегли спомен**, София, 1931, 85-86

Првиот доминантен крст над Битола

За Доминантната полумесечина на врвот од Тумбе Кафе, која му претходела на Доминантниот крст, се дознава посредно, преку податоците дадени за крстот во 1913 год.

Поставувањето на Полумесечината била поврзана, по сè, со доаѓањето на султанот Решад Петти во Битола, во месец август 1911 год., кога биле преземени мноштво комунални и други потфати, меѓу другото, и акции за чистење и разубавување на градот, бојадисување ѕидовите на Драгорот, подигање дрвореди, триумфални порти, уредување на Тумбе Кафе и на местото планирано за теферич (излетот) и друго. Ете, за да се остави посебен впечаток и да се истакне одредена порака, подигната била и Доминантната полумесечина. Требало да се гледа од теферичот, да надвисува од највисокиот дел од ридот, да биде на врвот, денес познат како Кај Радаро.

Крајот на Полумесечинава, како и толку други наследства од османлиите, се поврзува со влегувањето на српските војски во градот.[189] И тој требало да се избрише, како и сè друго што му припаѓало или потсетувало на *„турското ропство“*. Заради тоа, и украсниот натпис на мермерната плоча на влезот во Военото училиште бил премачкан со малтер (пред неколку години возобновен), мермерната плоча со османалиски воени симболи на беговскиот објект покрај Драгорот (денес Музичко училиште), исто така. Биле преземени, и други, слични зафати, со кои многу силно се отсликуваат првите месеци од српската управа, заедно, се разбира, и со невиденото и срамно гонење на муслиманите, дури и на обичните и невини граѓани и селани.

Во нив, ете, спаѓа и рушењето на Доминантната полумесечина.

189. Општинске новине, бр. 5, 3 февруари 1913, 2

Нејзината замена – Доминантен крст, нема да се погреши ако се тврди дека е поставен истовремено со рушењето на полумесечината уште во првите денови по влегувањето на српските војници (19 ноември 1912 год. ако не и на самиот ден на промената на власта.[190]

Од тој ден, тоа место во битолската топографска мапа ќе добие ново име – Кај Крсто.

Заради мачните состојби, најмногу заради стравот од реакции и рушителниот атак врз него, Крстот добил и постојана стража.

За неа се дознава, благодарејќи на едно убиство, извршено во негова близина. Имено, на 2 јуни 1914 год., околу два часа попладне, тројца затвореници, кои работеле во непосредната близина, се нафрлиле врз својот чувар, го убиле и се вдале во бегство. Постојаниот стражар од Кај Крсто, кој на тоа бил сведок, успеал да ја алармира полицијата, која се вдала во потера, па едниот од го убила, другиот го ранила, додека третиот успеал да побегне.[191]

До кога крстот доминирал над градот, непознато е, но не за долго, најверојатно неколку години, односно до жестоките артилериски двобои помеѓу француско–српската артилерија од Тумбе Кафе и германско–бугарската артилерија од Баба планина.[192]

После тоа тој никогаш не бил возобновен.

Востановување српска цивилна власт

По три дена жестоти битки во околината на Битола и по неколкудневно дождливо невреме, на 6 номеври (с. с.) 1912 год.

190. Општинске новине, бр. 5, 3 февруари 1913, 2

191. **Бегство са убиством**, Општинске новине, бр. 50, Битољ, 8 јуни 1914, 5

192. Д-р Глигор Тодоровски, Цит. дело, 361

осамнало мирно и сончево време и долго очекуваниот ден за христијаните, крај на османлиското присуство. Сиот град бил во исчекување на влегувањето на првите српски војници и на она што требало да се случи.

Утрото, откако османлиски војници веќе немало во градот, тројца граѓани, со српско знаме, биле испратени на влезот од градот кај Кукуречани, да им искажат градско добредојде на победниците. Претстражата ги запрела и ги посоветувала да го причекаат доаѓањето на генералот Бојовиќ, шеф на штабот на Првата српска армија, кој се очекувал да пристигне. Се појавил во автомобил, во придружба на неколку офицери, од правец на Прилеп.

Битката на пристапите на Битола

Церемонијата на запознавање и поздравување била топла и кратка, при што битолчаните реферирале дека во градот нема турски војници и дека тој е во исчекување на победниците. На покана од Бојовиќ, еден од граѓаните

да им се придружи, еден се издвоил и се качил во колата. Првата средба меѓу првенците од градот и генералот се случила околу десет часот во Српскиот клуб на Широк Сокак, во некогашниот хотел „Београд“ (денес хотел „Треф“).

По поздравите и благопожелбите дадени од граѓаните, Бојовиќ одржал краток говор, смирувајќи ја групата со ветување дека српската војска ќе одржи мир, ред и безбедност за секого и дека никој не треба да се вознемирува за ништо надвор од тоа.[193]

Во градот, низ улиците, следеле потоа неколкудневни војнички колони на пат за Охрид и Лерин, каде се беше повлекла османлиската војска.

За да не настане правен вакуум и безвластие, веднаш се презеле активности за востановување цивилна власт. Првин се назначил градоначалник, потоа и општински одбор. За градоначалник, прв христијанин што ќе застане на чело на локалната самоуправа, бил избран Петар Лешњаревиќ, српски учител од градот. Не бил роден битолчанец, бил од Албанија, но бил деклариран и загреан србофил, кој дел и од своето школување како српски стипендијант, го поминал во Србија.[194] Од улогата што ќе ја одигра подоцна, се потврди дека изборот бил исправен.

Непосредно по неговото назначување, се случил и изборот на првиот Општински одбор. Се внимавало да биде ветувачки со имиња на познати и почитувани граѓани, главно, трговци, занаетчии, интелектуалци, но да биде и без дискриминации по национална или верска основа.

---

193. Битољац, **1912. – 6 новембар – 1915,** Битољске новине, год. I, бр. 221, Битољ, 6 новембра 1915, 1

194. **Грађа за српску историју македонског народа из Архива Србије/ Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија**, том V, книга I, (1890), Београд, 1988, д. 110, 12 септември 1890 и д. 230, 4 октомври 1890

На осмата одборска седница, одржана на 17 јануари 1913 год., тој се состоел од овие лица: Петар Лешњаревиќ, претседател, А. Павловиќ, секретар, и од членовите: Михајло Лазаревиќ, Борис Крапчев, Ѓорѓе Анести, Коста Лозаниќ, Михаил Димчов, Омер бej, д-р Д. Нака, Ѓорѓе Генчов, Наум Грујиќ, Ќенан бej, Јован Продановиќ, Мехмед ефенди, Н. Пенџерков, Јусула Леви, Перикли Робев, Јеврем Ризов, Ѓорѓе Генали, Вахи бej, Хусејин Колоња, Ќамил бej, Наум Мајмука и Коста Козмеску.

На истата седница се третирале 8 проблеми од тековниот живот на градот.[195]

Бројот на членовите во Одборот повремено се проширувал или се стеснувал, но секогаш се движел околу бројката 40-на.

Назначувањето на одборникот се официјализирало со заклетва, извршувана од православен свештеник или од оца. На свештеникот Василије Младеновиќ, кој заклетвата ја извршил врз 9 православни одборници, и за муфтијата Абдул Хамед, за заклетвата на исто толку муслимански одбрници, на седницата на Општинскиот одбор од 5 јуни 1914 год. им бил одреден хонорар од по 18 динари.[196] Заклетвата била проследена и со мала свеченост, организирана пред почетокот на седницата.

На седницата од 10 февруари 1914 год. првин претседателот Петар Лешњаревиќ настапил со одбрани зборови, поздравувајќи го новиот член д-р Христиди со надеж дека како видна и почитувана личност ќе даде придонес за успешна работа на Одборот. Тоа, пак, го предизвикало

195. **Наша општина и њен рад,** Општинске новине, бр. 3, Битољ, 20 јануар 1913, 3-4

196. Општинске новине, бр. 51, Битољ, 15 јуни 1914, 2-1

д-р Христиди да одговори со ветување дека ќе се труди тоа и да го прави.[197]

Редовноста на седниците не била беспрекорна. И додека на осмата седница биле присутни 22,[198] на онаа од 11 ноември истата година изброени биле само девет одборници.[199] Бидејќи кворумот не влијаел врз одлуките, одборниците и во вакви услови полноправно можеле да одлучуваат.

Иако одборскиот статус бил за почит, во несредените воено–политички прилики носел и ризик. По промената на власта во 1915 год. и по доаѓањето на Бугарите во градот, настанало гонење или интернирање на дел од просрпско ориентираните одборници. Во Бугарија тогаш се нашле Петар Нечовиќ, д-р Христиди, д-р Нака и Мајмука, додека аптекарот Ахило Димитријевиќ испратен бил во Кичево. И обратно, кога се случила реокупацијата на Битола во 1916 год. и кога се вратила српската власт, заедно со Бугарите, од страв или од други причини, од градот заминале Борис Крапчев, Јеврем Ризов, Наум Пенџерков и други пробугарско декларирани граѓани.

На поканата упатена до одборниците од првиот состав да се вклучат во работата во возобновениот одбор по реокупацијата, поаѓајќи од горчливото искуство, во голема мера, и заради бугарските тврдења дека нивното враќање ќе се случи најдоцна за 15 дена, скоро никој не се појавил од претходниот состав.[200]

---

197. **Рад у Одбору и Општини**, Општинске новине, бр. 38, Битољ, 6 март 1914, 1

198. **Записник осме седнице општине града Битоља одржане 17 јануара 1913,** Општинске новине, бр. 3, 20 јануари 1913, 3

199. **Рад у одбору и општини**, Општинске новние, бр. 30, Битољ, 6 децембар 1913, 11

200. Д-р Глигор Тодоровски, **Српски извори за историјата на македонскиот народ 1913-1917**, 362

Официјализирање на Кирилометодиевскиот ден и Битола

Култот на браќата Кирил и Методиј, и заради Солун, нивното родно место, и заради светите Климент и Наум, нивните ученици, кои ги возвишија, во Македонија бил посебен, длабок и вековен. Рускиот конзул Хитрово во 1864 год. тврди дека во Охрид имало училиште со нивното име.[201] Српските власти, почнувајќи од 1912 год., морале дополнително да ги откриваат и да ги прифаќаат. Во Битола, пак, децении пред тоа било сосема обично на Денот на браќата (11 мај – с. с.) да се одбележува, граѓани, особено ученици и нивни наставници од основното училиште „Св. Кирил и Методиј", да се сретнат на утрински молебен во црквата „Св. Богородица" и на масовни манифестации низ битолските улици, посебно на неодминливиот Широк Сокак.[202] Солунската Егзархиска гимназија, основана во 1880 год., е многу заслужна за сето тоа, особено откако во 1881 год. ги прифатила за патрони.

Балканските војни нешто ќе изменат, ќе се укине гимназијава и ќе се дислоцира во Горна Џумаја (денес Благоевград), но култот и оддавањето чест кон нив, ќе продолжи дури и понагласено. И други училишта ќе ги прифатат за патрони, манифестациите ќе станат и почести и побогати, а нивното присуство во животот – уште понагласено.[203] Српските власти по 1912 год. сега тој реалитет ќе мора да го прифатат, доколку обидите за асимилација на Македонците („Јужносрбијанците") сакале да успеат. Не можело да се популаризира и наметнува само своето

201. **Македонија во делата на странските патописци,** 1864 - 1874, 21

202. Х., **Новини, бр.** 11, 1896

203. **Светилник,** Народна просвета, София, 1983, 6-7

(Свети Сава), без да се прифаќа и одомаќеното, и култот на браќата.

Така тоа прашање ќе дојде на дневен ред и во политиката.

Иницијативата за одбележување и на Денот на солунските браќа, рамноправен со Денот на Св. Сава, ќе ја поведе лично митрополитот Димитрија. Предлогот беше го доставил совреме, до Министерскиот совет во 1914 год., кој Министерскиот совет го прифатил и 11 мај (с. с.) го инаугурирал за нов државен празник. Митрополитот Димитрија истовремено со посебен налог ги задолжил православните цркви тој ден да им го посветат на браќата со посебни, свечени богослужби низ целата држава и на тој начин да се воведе како нов празник во државата.[204]

Така се случи, таа, 1914 год., 11 мај (с. с.) за првпат да се отпразнува нов државен празник, Денот на солунските браќа.

Таа година 11 мај (с.с.) падна во недела, што било и посебна среќа за една ваква промоција. Службеното одбележување отпочнало во утринските часови во црквата „Св. Богородица“, каде и во црквата и на широкото плато пред неа се собрал илјаден народ.[205] По службата продуховено говорел проф. Мих. Ѓ. Миладиновиќ за Моравската мисија на браќата, за заслугите на нивните ученици, а и за значењето на нивното големо дело – и за Словените и за светот. Се осврнал и врз традициите во другите делови на државата, при што открил дека во Белград веќе работела просветна институција со нивните имиња за глувонеми деца, дека во Хрватска тоа име го има и едно културно–уметничко друштво, дека здруженија во Далмација на нив-

204. **Битољске вести,** Општинске новине, бр. 46, Битољ, 2 маја 1914, 4

205. **Битољске вести,** Општинске новине, бр. 48, Битољ, 15 маја 1914, 3 - 4

ниот ден прибираат добротворни прилози за отворање народни училишта итн.[206]

Битола веќе имала училиште со нивните имиња (денес деветтолетката „Св. Кирил и Методиј"), но и Битолската гимназија уште во 1914 год. неофицијално браќата беше ги прифатила како патрон и нивниот ден го празнувала секоја година. Почнувајќи од 1919 год., тие празнувања добиле и посебни богати културно–уметнички содржини.[207] Во 1914 год. било основано и литературно здружение со име „Св. Кирил и Методиј", кое добило и правила, верефицирани во 1919, а и сликарско дело со нивни портрети, [208] прераснувајќи така во едно од најактивните здруженија,[209] со 354 членови (1929/30).[210] Тоа било во тесна врска со другите слични средношколски здруженија[211] и од него произлегле подоцна високи интелектуалци и народни херои.[212]

Првиот битолски телефонски именик

Телефонот пред Втората светска војна во Битола го поседувале скромен број граѓани, што не е и за изненадување,

206. **Извештај за 1913-1914 школску годину,** Српска краљевска гимназија у Битољу, Битољ, 1914, 1-10

207. **Извештај за јануар - јул 1919 године**, Битољска гимназија, 1919, 12

208. **Извештај за 1913-1914 школску годину,** Српска краљевска гимназија у Битољу, Битољ, 1914, 44

209. **Извештај за јануар – јул 1919 године**, Битољска гимназија, 1919, 17

210. **Извештај за школску 1929-30 год.,** Битољска гимназија, Битољ, 1930, 24-25

211. **Извештај за школску 1933/34 год.,** Битољска гимназија, Битољ, 1934, 32-33

212. Иван Милчин, **Литературната дружина „Свети Кирил и Методи" на Битолската гимназија од 1933 до 1937 година**, Во: **Гимназијалното образование во Битола,** Гимназија „Јосип Броз-Тито"- Битола Битола, 1965, 159-162

слично било и во останатите градови во државата. Тоа не било зашто апаратот бил редок и скап, туку најмногу заради мошне сложениот систем врски. Со посебна жична челична линија, која поаѓала од секој претплатник и доаѓала до централата, се поврзувале индивидуалните телефони упатувани преку редици улични бандери. Ако се придодаде кон тоа и сложениот електричен систем, кој, исто така, бил изведен преку столбови, може да се претпостави колку биле оптоварени градските артерии, особено на поголемите градови. Телефонот, меѓутоа, се покажал како многу практичен и брз во преносот на пораките и неговата иднина била загарантирана.

Телефонската централа во Битола меѓу двете светски војни била сместена во засебен оддел во поштата на ул. „Пашиќева“ (денес „Кирил и Методиј). Врските меѓу барателот и бараниот број се вршеле преку вработен оператор и рачно и тој (таа) била службено лице со месечна плата (1932) од 1.100 динари. Заради малиот број претплатници и катадневната манипулација, операторот лесно се справувал со врските и немало потреба од телефонски именик.[213]

Кога, пак, бројот на претплатниците ја достигнал бројката од 90, битолскиот месечник „Нови сјај“ решил да подготви и објави телефонски именик, кој го насловил *„Телефонски именик“*. Другата причина за неговото обелоденување бил и адресарот на претплатниците во него (функција, адреса и др.). Имеников го напечатил на половина страница во двобројот за месеците јануари – февруари од 1937 год.

Имињата на претплатниците се подредени според азбучниот систем на презимињата, а за институциите – според првата буква од името на установата. Има вкупно

213. Книга бр. 31, 26 март 1932, т.1

88 претплатници. Првиот телефон, според него, го поседувал *„XVIII т. т. техничка секција“,* а бројот 1, според азбучниот редослед го има Аеродромот. По него, со два телефона следи Алтипармаковиќ Јован: бр. 67 (*„адвокат - сенатор, канц. -Варошка,)* и бр. 71 (*„сенаторстан, Обиликева, 29).* Идат потоа Андриќ В. Павле (*„жандар капетан“)* и останатите според азбучниот редослед. Најбројна, со 5 телефонски броеви, е поштата, со кои се поврзани: Архивата, Збирната благајна, Канц. на управителот, Станот на управителот и Телеграфот. По еден број имаат и две селски општини, Велушина и Кажани, додека останатите им припаѓаат на институции (сосема ретко) и на семејни домови (најчесто).[214]

Треба да се нагласи дека телефонот во Битола е од подоцнежен датум, првин бил инсталиран телеграфот во Османлиската пошта (1889) [215], а телефон се јавил заедно со

Рана телефонија во Битола

214. **Телефонски именик,** Нови сјај, г. IV, бр. 33-34, Битољ, јануар-февруар 1937, 4

215. **Osmanlii Šeherleri**, Pars tuglaci, 372

српската власт, која го проширува и во селските центри.[216] Меѓуградската телефонска линија била воена и била воспоставена првин со Лерин истиот ден со реокупацијата на Битола (6 ноември 1916) и ја извеле француската и српската војска.[217] На 28 декември 1916 год., по жестоките бомбардирања на градот, бил погоден и објектот на поштата и се случил распад на телефонијата.[218]

Телефонијата во Битола, инаку, интензивно започнала да се шири во првите години по Првата светска војна.[219]

Првата Трговска (Стопанска) комора

По основањето на Царинарницата, започнале подготовките и за основање на Трговската (Стопанската) комора во Битола. Причина била проблемите што настанале со востановувањето на границата со Грција и со недостапноста на Солунското пристаниште за битолските трговци. Иницијативата за нејзино основање потекнала од битолските стопанственици, но слух, покажал и Белград.

На 19 април 1914 год. (сабота) од Белград во Битола пристигнале двајца членови на Трговската комора на Кралството Србија, токму со таква намера, да помогнат во формирањето на коморава. Обајцата биле високи членови на Белградската комора, едниот нејзин претседател,

216. **Телефон у округу,** Општинске новине, бр. 48, 15 мај 1914, 4

217. Д-р Глигор Тодоровски, Цит. дело, 359

218. Д-р Никола Сотировски, **Хроника на градот Битола во годините на големата војна 1916-1918,** Прилози, бр. 5, Научно друштво - Битола, 1964 (29.12.1916)

219. Димче Најдов, **Битола низ стари разгледници,** НУ Завод и музеј-Битола, 2014, 107/294; 107/295; 133/321

Коста Др. Ризниќ, другиот, Стеван Којиќ, шеф на информативното одделение.

Бидејќи за првпат доаѓале во град со толку богато историско минато, уште поважно, каде и се воделе најжестоки битки во Првата балканска војна, белграѓаниве покажале жив интерес да ги разгледаат градот и околината, кое им било и удоволено. Како дел од подготовките за работата што следела, направиле и куртуазни посети во општината и во војската во првите два дена пред состанокот.

Во понеделникот, на 21 април, во 10 часот, се одржал и договорениот состанок во кабинетот на окружниот началник. Присутни биле претставници од власта, од банките и од трговските фирми, како и инспекторот на полицијата Душан Алимпиќ, инспекторот на просветата Н. Ракиќ, окружниот прота Ј. Поповиќ, управителот на Царинарницата Клајиќ и судијата М. Јовановиќ, што ќе рече, најзаинтересираните и најодговорните.

Состанокот го отворил окружниот началник М. Новаковиќ, кој во краткиот вовед истакнал дека од Трговската комора што треба да се оформи се очекува заживување на трговијата во Битола и разрешување на горливите проблеми во новите политички услови. Говорел и Ризниќ, кој го поддржал скоро во сè и кој додал дека тоа е и главната причина што дошле. Известил дека за проблемите знае и министерот за стопанство, кој и лично го иницирал формирањето на Трговската комора во Битола, како клон, одделение на Трговската комора од Белград. Неговата главна задача, продолжил, треба да биде олеснување на работата на битолските стопанственици.

По дискусиите се преминало и на избор на вработено лице и на први членови во управните одбори. За хонорарен секретар бил изгласан адвокатот Александар Павловиќ, кој, изразувајќи благодарност за изборот, ветил дека ќе ра-

боти ангажирано и во полза на битолските стопанственици и дека ќе помага во спроведувањето на секоја индивидуална иницијатива.

Во Советодавниот одбор биле избрани познати стопанственици од Битола: Михајло Сонти, Димитрие Зволо, Ќиро Лозанчевиќ, Петар Бојациќ, Ароести, Петар Поповиќ, Јеврем Ризовиќ, Методије Алтипармаковиќ, Наум Пенџерковиќ, Соломон Камхи, Руфел Камхи, Парду, Антон Прендиќ, Наум Зози, Лазар Пантазијевиќ, Јуда Мизрахи, Омер бej, Спиро Трпковиќ, Петар Граматику, Мита Јанчиќ, Тодор Христодуло, Тодор Васојевиќ, Ахило Димитријевиќ, Александар Хаџи Илиќ, Тома Мели и Драгиша Андријашевиќ[220].

Какви резултати покажала новоформираната комора на стопански план нема податоци, но со оглед дека наскоро надошле крупни воено–политички превирања, се чини дека чинот на формирањето имал повеќе историско значење.

Први српски регрути од Македонија

Битолски регрути и родители

Откако се востановила и се зацврстила српската власт, започнале активностите и за пополнување на српската војска, која претходно, во Првата и Втората балканска војна, имала огромни загуби. Сега тоа се правело и заради дневно и духовно интегрирање на месното население во српската нација. Населението, наводно, беше ги стекнало сите граѓански права на нацијата, со тоа, природно, и обврските, во кои спаѓало и задолжението за отслужување

220. **Трговачка Комора у Битољу**, Општинске новине, бр. 45, Битољ, 23 април 1914, 4

воен рок. Откако бил извршен нужниот попис на подмладокот, извршен бил и повикот на новите војници и нивно прибирање во касарните. На 15 март 1914 год. била дадена и заклетва пред големото плато на Црвената касарна. На манифестационен начин и пред бројни битолчани неа беше ја извршил генералот Илија Гојковиќ, еден од освојувачите на Битола, кој одржал и пригоден говор. Чинот на заклетвата бил регистриран и со фотоапарат.

Давање свечена обврска пред Црвената касарна (1914)

Следувала потоа и разделба со родителите и пријателите и нивно испраќање од Железничката станица. Општината, која учествувала во сите тие манифестации ја чинело 494,00 динари.[221]

221. **Рад у Одбору и Општини,** Општинске новине, бр. 48, Битољ, 15 мај 1914, 1

Скоро веднаш по таговното заминување на регрутите, кое се случувало за првпат во Битола, започнале и планови за прва средба на родителите со синовите – војници во Ваљево, воениот стационар на Битолскиот полк, кое скоро веднаш, уште во почетокот на мај, започнало да се подготвува. Бил одржан и посебен собир по иницијатива на неколку угледни граѓани, при што бил избран и одбор да го реализира тоа. На негово чело застанал градоначаланикот Петар Лешњаревиќ, кој, како ученик во Србија, ги познавал српските прилики и места и кој добрволно се понудил да испланира и да го реализира патувањето за Ваљево Во Одборот влегле и родителите: Ќиро Лозанчевиќ, трговец; Т. Христодуло, трговски посредник; Наум Пенџерковиќ, трговец; Сп. Стојановиќ, трговец; Соломон Камхи, трговец; Зија Исмаил – ефенди; Ташко Филиповиќ, аптекар; Јован Мандил, адвокат; и Тома Граматику, трговец.

Идејава за Ваљево била третирана и на седницата на Одборот на Општината на 3 мај истата година, на која се избегна да ѝ се даде емотивно значење, туку патувањето било дефинирано како неколкудневен излет до *„престолнината на Србија.*[222] На неа претседателот Лешњаревиќ ги повикал и одборниците да се приклучат, а празникот Дуовден бил одреден како најпогоден термин.

Патувањето започнало, како што било и планирано, на 21 мај. Четирите преполни вагони со 120 битолчани од Железничката станица биле испратени од поголема група граѓани, меѓу нив имало и такви, чии материјални прилики не дозволиле да станат дел од патниците, макар што имале некого да прегрнат во Ваљево. За сето време се сметало дека, не само заради функцијата, туку и како поранешен

222. **Рад у Одбору и Општини**, „Општинске новине“, бр. 49, Битола, 23 мај 1914, 1

ученик во Србија, Лешњаревиќ најмногу одговара да биде патеводач.[223]

На Железничката станица во Белград битолчани биле пречекани од поголем број белграѓани, меѓу кои имало и стари познаници од поранешните средби, кога белграѓани доаѓале во Битола, како и од членовите на Студентското пејачко друштво „Обилиќ“, со кое битолчани, исто така, имале блиски средби. Престојот во Белград траел три дена, со што посетата навистина добила значење на туристичко патување.

Од Белград до Ваљево се патувало првин со брод, потоа и со воз. На Ваљевската железничка станица биле пречекани од синовите – регрути, од командниот кадар на Битолскиот полк, како и од видни личности од градот. Имало притоа многу солзи радосници и многу топли гушкања. Откако гостите биле распоредени по куќите на градот, битолчани ја посетиле и касарната. Вечерта бил приреден прекрасен концерт на кој свое учество зеле и ваљевци, а и битолските регрути со рецитации. Банкетот, кој бил организиран другата вечер, ги собрал битолчани и градската елита, на кој, според обичајот, имало многу говори и од едната и од другата страна, особено посебен впечаток оставил говорот на народниот пратеник од Ваљево, Богдан Јанковиќ, а од битолската – на адвокатот Цаца и на Берекџијан.

Испраќањето од Ваљево, кое било масовно и на чело со воената музика, исто така, било со многу емоции. Повторно имало солзи, особено меѓу регрутите и родителите, а и топли поздрави меѓу домаќините и гостите. *„Битолчани долго ќе се сеќаваат на овој пат и на дочекот во Ваљево“*, тврди новинарот на „Општинске новине“, кој го

223. **Битољске вести**, Општинске новине, бр. 49, 23 маја 1914, 5

следел патувањето и кој бил заедно со фотографот Манаки, кој и го овековечил истото со фотоапаратот.[224]

Ова патување влезе и во кратката историја на битолскиот туризам како прво масовно и добро организирано патување.

Пододбор и Здружение на првите регрути

Првите српски регрути од Македонија наскоро ќе се најдат во виорот на Првата светска војна и многуна нема да ги видат повторно родните огништа. Некои навистина ќе се вратат, но како телесни или ментални инвалиди. Вратените започнале да прават обиди да го прифатат ритамот на секојдневието и да заживеат и здружено, во почетокот преку Пододборот, кое, инаку, било безволно и не многу активно здружение, испостава на Здружението на првите регрути од Скопје.

Така било до формирање на свое здружение, кое ќе се случи во 1934 год. Поводот бил јубилејот – две децении од свечената обврска, а поттикот го иницирал Одборот на првите регрути од Скопје. Тој со посебно писмо беше ги известил сите пододбори дека заедничката средба ќе се одржи во Скопје меѓу 12–18 април 1934 год. и ги поканил да бидат дел од неа. Битолскиот пододбор дал согласност да дојде, доставил и молба до локалните власти за материјална поткрепа за тоа,[225] макар што за патување се пријавил само еден.[226]

224. **Битољ–Београд–Ваљево**, Општинске новине, бр. 50, Битољ, 8 јуни 1914, 3-4

225. Книга бр. 48, 15 новембар 1935, т. 2

226. Архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, **Збирка издвоени документи**, Кутија 1, Трета категорија, л. 53



Првите српски регрути маршираат во Скопје на прославата (1934)

Прославата во Скопје бидна, а по неа, претседателот на битолскиот Пододбор, Димитрије Пандаревиќ (Димко Пандаро), тежок инвалид од Првата светска војна, свикал вонредна седница, на која, покрај извештајот за работата, предложил и основање битолско здружение.

Седницата се одржала на 8 ноември 1935 год. во салата на хотелот „Солун". Бил организиран претходно помен за загинатите другари во црквата „Св. Димитрија", потоа одржана била и скупштината. Го имала овој дневен ред: Извештај на Пододборот за прославата на дваесетгодишницата; Извештај за основање здружение; Читање на правилата на здружението; Извештај на управата до редовната главна скупштина и Прашања и предлози.

Учесниците на скупштината биле замолени да дојдат со *„шајкача и со значката од прославата"*.[227]

[227] Архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, **Збирка на плакати** I – E, 90



ВАНРЕДНА ОСНИВАЧКА СКУПШТИНА

Удружење првих регрута из Јужне Србије 1914 год. пре Европског рата. пододбор у Битољу

Одржаће на дан 8-ог Новембра т. год. пре подне у 8 часова своју **ВАНРЕДНУ СКУПШТИНУ** у сали хотела „Солун“ Браће Спанаковића са следећим

ДНЕВНИМ РЕДОМ:

1) Извештај пододбора о прослави двадесетогодишњице;
2) Извештај о оснивању удружења;
3) Читање правила удружења;
4) Избор Управе до редовне главне Скупштине;
5) Питање и предлози.

После одржане скупштине сви присутни чланови стаће у цркву Св. Димитрије, где ће се у 10 часова одржати **помен свима погинулим, у минулим ратовима нашим друговима**; а по том у 11 часова извршиће се у сали хотела „СОЛУН“ **обред сечења Славског Колача** у присуству преставника власти своју корпорацију и присутних чланова.

Позивају се и ти ратни другови као регрут из 1914 год. пре Европског рата, да присуствују присуствују **Скупштини, помену и слави удружења.**

По чл. 12 став 7 правила Удружења мора сваки члан да дође на ову Скупштину и славу са **шајкачом и значком од прославе.**

Новембра 1935 год.
БИТОЉ

Секретар, **Председник,**

Покана за основачка скупштина за здружение (1935)

Така, конечно, било формирано и Здружението на првите регрути од Битола. Меѓу поважните акции што ги презело било подигање Споменик на паднатите војници, а поводот бил 15 март – Денот на свечената обврска од 1914 год. Протестниот собир што бил организиран бил во заедништво со резервните воени старешини и воените инвалиди во салата на Соколаната, во месец март 1936 год., на него било побарано и локалната самоуправа да се вклучи со материјална помош.[228]

Така, по две децении, зашто иницијативата била дадена уште во 1913 год., покрај Офицерскиот дом, врз постоеч-

228. **Протесни збор граѓана града Битоља услед неподизања Споменика палим ратницима,** Нови сјај, Битољ, март 1936, 3

Чешма и споменик на српски војник

ката мермерна чешма, се искачил мермерен српски војник, со шајкача и со пушка во раката, во борбена поза. Чешмата постои и денес, војникот е срушен во првите денови од бугарската управа за време Втората светска војна.

Патријархот Варнава, при престојот во ноември 1936 год. во Битола, одредено внимание му посветил и на Здружениево и им осветил и леб во црквата „Св. Димитрија“.[229]

Прва Женска работничка школа

Обиди да се организира работничка школа за подмладок во Битола имало уште во османскиот период, а првите идеи уште во 1863 год. беше ги дал британскиот конзул.[230]

229. **Њ. Св. Патријарх Варнава осветио је јуче спомен – чесму светог Саве у Битољу и пререзао колаче цркве св. Димитрија и Удружења првих резервних регрута,** Време, Београд, 9 новембар 1936, 6

230. **Македонија во делата на странските патописци**, 1850-1864, 581

Следи потоа со конкретни ангажмани Лука Лакетиќ, битолчанец, кој извесно време живеел во Србија и кој оттаму се вратил како силно загреан србофил. Во 1890 год., заедно со сопругата Јулка, во семејниот дом, успеал да оформи таква школа, со намера, слично на другите пропаганди, да привлече млади битолчани и да влијае врз нив просрпски. Истата била замислена да биде од пансионски тип и во прво време успеал да запише три девојчиња од 12, 13 и 15 год. и три момченца од 14, 15 и 16 год., што за него било ветувачки. Преку српскиот конзул Димитрије Боди, побарал материјална поткрепа од владата во Белград, а крајната цел му била школата да прерасне во градско врталиште на децата чии родители се чувствувале и се декларирале за Срби.[231]

Сепак, вистинскиот почеток на првата српска „Женска работничка школа“ во Битола е во 1913 год. Пред да стартира, првин било формирано женско здружение со име „Битолска женска подружница“, кое најмногу ѝ го трасирало патот. Припадничките, ослободени малку од стегите на традициите, вложиле многу напор и енергија да се менува односот и кон нив и кон основањето на школава. Успеале со упорност да обезбедат и простории, кои се наоѓале на улица „Генерал Гојковиќ“ (денес „Кирил и Методиј“), бр. 15. Бидејќи сè уште не биле влезени во општинскиот буџет, опстојувале со средства собирани од концерти, лотарии и од други слични форми.

Во месец март истата година, конечно, успеале да ги постават темелите на школава, која ја именувале „Женска работничка школа“. Основната цел им била посети-

[231] **Грађа за историју македонског народа из Архива Србије / Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија**, том V, книга I, (1890), д. 246, с. 521 – 2

телките, работејќи, да бидат оспособени да си го вадат својот леб сами, истовремено да станат и современи мајки и домаќинки. Школувањето било бесплатно, а предметите биле практични: кроење, шиење веш и алишта и други женски рачни работи. На 6 март 1914 год. преку локалниот весник „Општинске новине" објавиле и оглас преку кој ги повикувале заинтересираните девојки да се пријават. Според огласот, запишувањето можеле да го извршат во клубот, во деновите четврток, петок и сабота, во време од 10–12 часот.

Воодушевен од иницијативата, истиот неделник ќе се вклучи и во популаризацијата на идејава и на школава. Искажувајќи топла благодарност кон активистките, ќе запише: *„На нашите граѓани топло им ја препорачуваме оваа школа, а на благородните госпоѓици, кои неуморно работат врз унапредувањето на оваа школа, им ја изразуваме нашата благодарност"*[232].

За да обезбедат средства во работа, во прво време решиле да побараат и хуманитарна помош од дарежните граѓани, на чиј повик се одзвале многумина, меѓу другите и: В. Живковиќ, командант на дивизијата; А. Павловиќ, адвокат; Р. Клајиќ, управител на Царинарницата; Т. Васојевиќ, директор на филијалата на Народната банка, и други. Најниската донација била 10 динари.[233] Набргу организирале и концерти на кои имало и богата лотарија, а на еден биле доделени и 43 награди. Бидејќи некои не ги имале подигнато наградите, повторно, преку истиот весник, ги повикале да се јават во просториите на клубот.[234]

232. **Женска радничка школа**, Општинске новине, бр. 3, Битољ, 6 март 1914, 3

233. **Благодарност**, Општинске новине, бр. 50, Битољ, 8 јуни 1914, 5

234. **Добитци на лутрији Женске Подружнице**, Општинске новине, бр. 50, Битољ, 8 јуни 1914, 5

Школата била обновена по Првата светска војна, чиј почеток се случил во месец март 1924 год. Обновувањето и редовната работа повторно паднале врз грбот на истото здружение. Бидејќи сега се располагало со повеќе средства, школата имала услови да биде и од интернатски тип, барем за посетителките од сиромашните семејства. Наставата била побогата и се состоела од: кроење и шиење облека и веш; плетење чорапи на машина и без машина; ткаење пиротски килими и други платна; подготовка јадења и видови тестенини. Бидејќи имало и неписмени посетителки, се направил напор да се организира и настава за описменување.

Школава им била препорачувана и на селските девојки и домаќинки: *„Ниту еден побогат граѓанин и селанин не треба да ја пропушти оваа добра прилика, а да не ја испрати својата ќерка во оваа школа, од која ќе понесе знаење потребно за една домаќинка, зашто нашиот народ не залудо рекол дека „Куќата не стои на земја, туку врз жената!“.*

Должноста на селските свештеници, учители и истакнати поединци, според весникот, била да помогнат во нејзиното пропагирање.[235]

Старата формула - организирање забави и обезбедување средства за работа, повторно станала актуелна. Една таква се одржала и на 30 декември 1923 год. (недела) во Општинската сала во училиштето „Св. Сава“ (ул. „Алимпиќева“), била попладневна, почнувала во 14 часот, а влезницата чинела 2 динара.[236]

---

235. **Школа за домаћице,** Битољски трговински гласник, г. II, бр. 56, 7 марта 1924, 2 (45)

236. **Матине,** Битољски трговински гласник, г. I, бр. 47, 18 децембар 1923, 3 (38)

„Женската родружница“ се афирмирала не само преку Школава, туку и со многу други активности. Во саботата, на 23 февруари 1924 год., организирала и парастос во црквата „Св. Димитрија“ за сите загинати војници и цивили во последните војни.[237]

Школава добивала и општинска материјална помош. Во 1930 год., биле 10.000 динари,[238] такви биле и на 22 февруари 1933 год.,[239] за разлика од „Неделното занаетчиско школо“, кое добило само 1000 дин.[240] Во 1938 год. донацијата била 3.000 динари.[241] Во 1934 год. се школувале 77 ученички, кои го завршувале престојот со завршен испит.[242]

Во крајот на 1936 год. Школава од општинска, прерасnала во банска, со што проблемите, барем материјалните, биле симнати од дневен ред.[243]

Паралелно со неа, во Битола работела уште една, слична школа, „Женска работничка школа“ на „Здружението на српските сестри“. Во 1930 год. веќе функционирала и добила 10.000 динари материјална поткрепа.[244] За нејзините 40 ученички и 20 членки, таа година организирала екскурзија во Србија и за тоа добила материјална помош од 5.000 динари.[245] Обете школи имале рамноправен третман и за двете

237. **Парастос,** Битољски трговински гласник, г. II, бр. 54, 23 февруара 1924, 2 (40)

238. Книга бр. 24, 1930, 7 март, Разне потпоре

239. Книга бр. 34, 22 февруар 1933, т. 1

240. Книга бр. 34, 22 февруар 1933, т. 1

241. Книга 58, 18 февруари 1938, буџет

242. Ч. Вукомановић, **Испити у женским радничким школама у Битољу,** Вардар, Скопље, 30 јуна 1934, 4

243. Книга бр. 58, 17 децембар 1936, т. 10

244. Книга бр. 24, 1930, 7 март, Разне потпоре

245. Книга бр. 34, 12 мај 1930, т. 8

во 1931 год. помошта изнесувала по 10.000 дин.,[246] по 3.000 дин. во 1938 год.[247]

Во оваа, втора работничка школа, школувањето траело пет години и ја посетувале деца од посиромашни семејства. Бројот во 1933 год. изнесувал 105 посетителки, а во 1934 год. 124.[248] Наставниците биле познати мајстори од градот и надвор од него: кројач бил Димитрие Петровиќ, Ванѓел Јашевиќ бил стручњак за килими, мајстор за килими била и Марија Протковиќ, под чие раководство било основано и одделението за пиротски килими. Други биле: Каја Богичевиќ, Пандора Јорданoвиќ, Јован Шперовиќ, Паскали Петровиќ и др. Секоја школска година завршувала со завршен испит и со дипломи. Богатството рачни изработки биле изложувани во школските витрини, кои оставале впечаток како човек да се наоѓа во богато снабден етнолошки музеј.[249]

Покрај нив, по иницијатива на Миливој Савиќ, началник во Министерството за трговија и индустрија, бил организиран и двомесечен курс за изучување кроење женска облека, за која цел од истото Министерството во 1923 год. била испратена наставничката Ленка Милосављевиќ. Курсот бил отворен на први јули истата година, а интересот бил преголем, се запишале над 200 посетителки, некои и од повидните градски семејства.[250] И Марија Ѓ. Миросављевиќ во 1929 год., водела сличен курс по шиење. Бидејќи било

246. Книга бр. 27, 6 март 1931, Просветна грана

247. Книга бр. 58, 17 јануари 1938, Буџет

248. Ч. Вукомановић, **Испити у женским радничким школама у Битољу,** Вардар, Скопље, 30 јуна 1934, 4

249. Вук. Ч. Вукомановић, **Испит у Радничкој школи женске подружнице у Битољу**, Вардар, Скопље, 29 јуни 1933, 5

250. **Курс вештачког кројења у Битољу,** Битољски трговински гласник, г. I, бр. 28, 16 августа 1923, 2 (28)

месец декември и било ладно, ја замолила Општината да им помогне со метар дрва како донација.[251]

Ваквите иницијативи дале поттик за организирање и на слични курсеви и за машкиот подмладок со отворање неделни или вечерни курсеви по занаетчиско–трговски дејности. Еден требало да се отвори на инситирање и на инспекторатот на Министерството за трговија и индустрија на први септември 1923 год.[252] итн.

Благородни грла за оплодување

Уште во 1908 год. за унапредување на сточарството, османлиите имале формирано Сточарска станица во близина на црквата „Св. Недела". Српската власт на тој план работела уште поангажирано, па во 1913 год. Станицава ја преобразиле во Нижо земјоделско училиште. Презеле и дополнителни зафати, низ селата испраќале стручњаци кои одржувале курсеви за напредно земјоделие и сточарство, едуцирајќи ги селаните. Познато е и дека на 12 мај 1914 год. окружниот економ Д. Николиќ држел курсеви и по лозарство *„за да има поголем приход"*.[253]

Вистинскиот напредок и успех на српските власти на тој план, сепак, бил во сточарството. Весниците објавија дека Министерството за народно стопанство планирало да набави поголем број приплодни бикови и крави и да ги пренесе во новите краишта за облагородување на домашните раси. Се планирало да им бидат отстапени на општините, манастирите, земјоделските задруги, државните и самоуправните земјоделски установи, биковите во траење

251. Книга бр. 15, 12 декември 1929, т. 10

252. **Недељно праз. тргов. - занатл. школа**, Битољски трговински гласник, г. I, бр. 16, 23 мај 1923, 2 (?)

253. **За виноградарство**, Општинске новине, бр. 48, Битољ, 15 мај 1914, 4

на две години, по можност за уште една година, понекогаш да останат и во трајна сопственост, а кравите се продавале по мошне поволна цена.[254]

Истото министерство планирало да обезбеди за Битола и 25 крмаци и 50 крмачи од шумадинска раса за корекции на домашните раси.[255] Одлукава била разгледана и на седницата од Одборот на општината на 3 мај 1914 год. и биле донесени и одредени заклучоци.[256]

Помошта за унапредување на сточарството и на земјоделието продолжило и понатака, па во 1936 год., по барање на селаните, бил набавен и мошне квалитетен семенски материјал, што потврдува дека производителите ги прифатиле мерките и дека истите давале резултати.[257]

Основање и работа на Учителското здружение

Први напори за основање учителско здружение во Битола направени се веднаш по Првата светска војна, меѓутоа, заради слабата финансиската моќ на учителите, недостигот школски објекти, малуброjност на наставниот кадар, како и други проблеми, учителите подолго време не успеале да се обединат, да се афирмираат и да делуваат како тело. Свеста, меѓутоа, дека само преку струково заедништво можат да си ги штитат правата и да влијаат врз квалитетот на наставата, била секогаш висока.

Првите објави дека меѓу битолските учители започнал да функционира некаков организиран живот, регистрирани

254. **Приплодни бикови и краве**, Општинске новине, бр. 48, Битољ, 15 мај 1914, 4

255. **Приплодне свиње**, Општинске новине, бр. 48, Битољ, 15 мај 1914, 4

256. **Рад у Одбору и Општини**, Општинске новине, бр. 49. Битољ, 23 мај 1914, 1

257. Кутија бр. 8, 1936, август 21, Битола, 2.1.8.2/5

се во 1922 год. На вториот ден Велигден, група учители од основните училишта успеале да приредат заедничка забава, која била збогатена и со театарска претстава, со комедија, „Свет“ од Бр. Нушиќ.[258] Во најголемата сала во градот, во


ПРОГРАМ СВЕЧАНЕ ЗАБАВЕ

ПОЗДРАВНА РЕЧ

КОНЦЕРТНИ ДЕО

I. ДЕО

РЕД ИГАРА

Свирање

II. ДЕО

ОДБОР

ПРИРЕЂУЈУ

СВЕЧАНУ ЗАБАВУ

ОДБОР.

Покана за учителска забава (јануари 1925)

258. **Учитељска забава,** Битољски весник, г. I, бр. 22, 16 април 1922, 2

училиштето „Св. Сава“, а по повод Денот на св. Сава, на 27 јануари 1925 год. организирале и забава во корист „Фондот на сиромашните ученици“.[259] Следи потоа и друга забава на велигденските празници во 1926 год., во која имало и битова драма, „Ѓидо“ од Ј. Веселиновиќ[260] итн.

Ете, тоа се никулците на Здружениево.

Вистинскиот почеток, меѓутоа, и најорганизираниот дел од работата, започнал десетина години подоцна, откако Здружениево било конституирано според правни акти и со неизбежните управни тела. Членувањето било врз доброволна база, а за кое се плаќала и членарина. Покрај основната каса, која се формирала од членаринаата, постоела и спомагателна, која, под одредени услови, стоела на услуга на сите членови.

Здружениево било рамковно, за учителите од основните училишта од градот и околијата, кон кое, нешто подоцна, заради малиот број, се приклучиле и учителите од Мариовската околија. На чело на Здружениево секогаш се избирале угледни и афирмирани учители, според кој критериум во 1933 год., кога бројот му изнесувал 120, застанал и Петар Мачкиќ, подоцнежен познат битолски културен активист и директор на Музејот.

Наскоро по конституирањето, Здружението успеало да востанови вистински организиран живот, кој се состоел од собири, на кои се третирале важни прашања од учителскиот живот, се презентирале реферати за актуелни и интересни теми, се изведувале и толку потребните и присакувани, особено од помладите учители, практични часови. Во 1932 год. ги имало најмалку 7.[261]

---

259. Архив на Македонија, Подрачно одделение Битола, **Збирка на плакати**, II- е

260. **Учитељска забава,** Јужна звезда, г. В, бр. 190 (17), Битољ, 13 мај 1926, 7

261. **Стање школства у школском срезу битољском**, Вардар, Скопље, 23 новембар 1933, 1-2

Во месец декември 1933 год., во салата на Градскиот театар, се собрале над 300 учители, не само од Битолската околија, туку и од околиите Мариовска, Прилепска, Крушевска, Охридска, Преспанска, заеднички да ги третираат проблемите.[262]

Собир, не така масовен, бил одржан и на 9 март 1934 година во училиштето „Св. Сава". Имало таму и неколку предавања, а учителот од селото Ивањевци со своите ученици од второто одделение, презентирал и практичен час.[263] На собирот од крајот на мај 1934 год. посебно внимание предизвикал рефератот на учителот Радомир Јевѓовиќ со актуелната тема: *„Улогата на семејството, училиштето и општеството во воспитувањето на школската младина"*.[264]

Следат и други вакви собири. На 27 мај во 1935 год., со директно учество и во организација на школскиот инспектор Јован Ничота, биле презентирани неколку интересни реферати.[265] На 19 октомври истата година, на заедничкото битолско–мариовско здружение, учителите избрале и нова управа, на чие чело застанал учителот Божидар Павловиќ.[266]

Дислокација на битолските собири се случила во 1936 год., кога бил избран историскиот манастир во село Барешани.

---

262. **Битољске новости,** Вардар, Скопље, 7 децембар 1933, 4

263. **Учитељски збор у Битољу,** Вардар, Скопље, 9 март 1933, 4

264. В. Ч. В., **Рад учитељског наставничког већа у Битољу**, Вардар, Скопље, 2 јуна 1934, 2

265. В. Ч. Вукомановић, **Учитељство Битоль одржало је своје годишње наставничко веће**, Вардар, Скопље, 29 мај 1935, 5

266. Вук Ч. Вукомановић, **Учитељи за град Битоль и срезове битољски и мориховски изабрали нову управу друштва**, Вардар, Скопље, 27 октобар 1935, 3

Се одржало годишното собрание на стотината учители, пренесени од Битола до манастирот со два автобуса.[267]

Кога, пак, се работело од поширок спектар прашања, се организирале и собири од поширок регион. Најчесто тоа биле средби на здруженијата од Пелагонискиот регион (Битола, Мариово, Прилеп, Крушево), но и од Југозападниот. Еден, за друштвата од Битола, Мариово, Прилеп, Охрид, Струга, Преспа и Крушево, во присуство од над 300 учесници, одржан бил во Битола, на 5 февруари 1934 год.[268]

Покрај за наставата, учителите биле административно принудени да учествуваат и во други активности, како во курсот за соколството, од почетокот на учебната 1932/33 год..[269]

Битолското здружение воспоставило и меѓународни врски, особено со сродните од Грција и од Албанија. На 23 и 24 април 1933 год. поголема група учители и учителки од градот Лерин дошле во Битола. Во придружба на школскиот инспектор Јован Ничота, ги посетиле основните училишта „Св. Сава“, „Јован Бабунски“, Гимназијата, Театарот и неколку културно–уметнички институции и останале со прекрасни импресии, кои ги регистрирал и грчкиот печат.[270] Понудиле возвратна средба,[271] која наскоро и се остварила.[272]

---

267. **Учитељско друштво из Битоља одржало је свој збор у селу Барешанима**, Вардар, 21 мај 1936, 5

268. Вукоман Ч. Вукомановић, **Велика учитељска скупштина,** Вардар, Скопље, 10 фебруар 1934, 2

269. **Стање школства и школском у Срезу битољском**, Вардар, Скопље, 23 новембар 1933, 2

270. **Утисци грчких учитеља са њихове посете битољским основним школама**, Вардар, Сопље, 24 септембр 1933, 2

271. **Грчки учитељи у Битољу,** Вардар, Скопље, 7 мај 1933, 1

272. **Екскурзија битољских учитеља у Грчкој**, Вардар, Скопље, 5 октобар 1933, 2

Грчки учители во посета на Битола дошле и во месец јуни 1936 год. за време големиот празник Видовден. И сега биле разменети искуства од учителската практика.[273]



Заедничка фотографија на битолски и грчки учители (1936)

Истата, 1936 год., во почетокот на месец јули пристигнале, првин стотина грчки учители, потоа и 40 албански учители. Последниве ги посетиле Трговската академија, Земјоделското училиште, Француско–југословенсиот клуб и други институции.[274]

На последнава посета реагирал и албанскиот печат.[275] Итн.

Клуб на пријатели на Франција

Основите за формирање здружение, односно „Клуб на пријатели на Франција“ биле многу поволни отсекогаш во Битола. Францускиот лицеј, основан уште во средината на

273. М., **Прославама у битољским основним школама присуствовали су и грчки учитељи**, Вардар, Скопље, 30 јуна 1936, 2

274. М., **Група од 40 албанских учитеља и учитељица допутовала је у Битољ**, Вардар, 4 јули 1936; 3, М., **Боравак албанских учитеља у Битољу**, Вардар, Скопље, 6 јули 1936, 3

275. М., **Албанска штампа о посети и дочеку њихових учитеља у Битољу**, Вардар, Скопље, 24 јули 1936, 2

19 век, имал посебно влијание, не треба да се заборави и континуираното присуство и на француската дипломатија, чии конзули се појавиле меѓу првите во градот. Бројната колонија на децата сираци и други од Битола, засолнети во Франција за време Првата светска војна, исто така, влијаела врз битолската франкофонија, но не треба да се заборави и домашната државна политика кон Франција и заради придонесот во Првата светска војна и заради создавањето на новата држава на Балканот, на СХС.

Иницијативата за формирање, првин здружение, потоа и „Клуб на пријатели на Франција“, ја повеле токму децата вратени од Франција. Во почетокот било замислено тоа да биде врталиште на познавачите на францускиот јазик, потоа, со време, прераснало и во моќен културен центар, што ја собрал скоро сета градска елита.

Иницијативниот одбор својата намера ја обелодени преку локалните неделници, „Јужна звезда“ и „Македонија“ и истите, излегоа, во „Јужна звезда“ на 23 јуни 1923 год. ,[276] во „Македонија“, следниот ден. [277] Преку нив ги повика познавачите на францускиот јазик да дојдат на заедничко дружење, а, доколку сакаат, можат и да се зачленат во идното здружение. Средбите се одржувале во петок, сабота и недела во простории што му биле доделени, а се наоѓале на Широк Сокак.

Само што објавава видела бел ден, многумина побрзале да се зачленат, за оние, пак, кои послабо го владееле францускиот јазик (основнот услов), а посакале да се зачленат, здружениево организирало и курсеви.[278] Такви за скромен

[276]. **Друштво пријатеља Француске,** Јужна звезда, г. II, бр. 67 (29), Битољ, 23 јуна 1923, 2

[277]. Д**руштво пријатеља Француске**, Македонија, год. II, бр. 19, Битољ, 24 јуни 1923, 2

[278]. Битољски трговински гласник, год. I, бр. 30, Битољ, 30 август 1923, 3

хонорар, одржувале и месните наставници по француски јазик низ градот.[279]

Основачкото собрание се случило на 1 октомври 1923 год. (понеделник) и на него учество зеле поголем број битолчани, најмногу интелектуалци. Честа да го отвори му припаднала на католичкиот свештеник и директор на Француската школа, Бегеро, и неговото воведно обраќање, преполно со емоции за француско–српското пријателство, ги понесло повеќемина присутни. Бегеро го завршил и со интимна желба за уште потесна и поинтензивна соработа меѓу двата народа, а за историја и врските меѓу нив говорел Евреинот д-р Медонс.

По кратка дискусија, бил избран и благајник, поранешниот претседател на градот и некогашен студент на Сорбона, Петар Лешњаревиќ, кој, по завршувањето на официјалниот дел, преминал и кон регистрација на првите членови.

Според статутарните одредби, член можел да стане оној кој го познава францускиот јазик и кој, како уписнина внесел 20 динари и кој се согласувал да плаќа членарина од 10 динари месечно, при што првата рата требало да ја подмири за три месеци однапред.

Највисокиот орган на здружението било Собранието, кое имало претседател, потпретседател, секретар и благајник. За почесен претседател бил прогласен прославениот маршал и прв почесен граѓанин на Битола, Франше д' Пре.

Бројот на редовните членови бил висок, во 1933 год. изнесувал 147. Здружението добило и сопствен објект кој се наоѓал зад Театарот, со релативно пристојни простории и

279. **Приватни часови франц. језика,** Битољски трговински гласник, г. I, бр. 30, Битољ, 30 августа 1923, 3

сала, во која била сместена библиотеката. Во 30-те години од 20 век располагала со 1294 книги и дваесетина списанија и весници на француски и на српски јазик.[280]

Неговото основање беше го регистрирал и весникот „Битољски трговински гласник,[281] а ценети податоци за овој дел од историјата, користејќи изворни податоци, понуди и брачниот пар Златко и Весна Жоглеви.[282]

Здружениево веднаш разви широка дејност, при што посебно се ангажирало при откривањето на Француските гробишта, при доаѓањето и на маршалот Франше д' Пре во Битола,[283] како и во одбележувањето на *„францускиот школски ден“*.[284] Во него биле оформени неколку секции, чија работа со посебен интерес се следела и од граѓанството и од локалниот печат.[285]

Во првите месеци од 1925 год. оформен бил и посебен Одбор за подигање споменик во Париз на загинатите француски војници за слободата на балканските народи.

---

280. Љуб. Д. Лазичић, **Рад француско–југословенског клуба у Битољу**, Вардар, Скопље, 22 децембра 1933, 7

281. **Дневне вести,** Битољски трговински гласник, г. I, бр. 35, Битољ, 4 октобар 1923, 3

282. Златко Жоглев, Весна Жоглев, **Клубот на пријатели на Франција во Битола во периодот 1923-1938**, Во: **Македонско–француски врски,** Друштво на наука и уметност - Битола, Друштво за француски јазик и култура - Битола, Битола, 1999, 205-213

283. **Француски гробови у Битољу,** Јужна звезда, г. II, бр. 71 (33), Битољ, 17 септембра 1923, 1; **Прослава у Битољу,** Јужна звезда, г. IV, Битољ, 29 март 1925, 2

284. **Француски школски дан у Битољу,** Јужна звезда, г. IV, Битољ, 29 март 1925, 2; Исто, 10 децембар 1925, 2

285. **Клуб пријатеља Француске,** Јужна звезда, г. II, бр. 74 (36), 2; Исто, 13 декември 1923, 2; Исто, 17 јануари 1924, 2; Исто, 13 февруар 1924, 2.

Управниот одбор со претседателот д-р Христиди (средина, седи)

Го сочинувале многу активни госпоѓици, кои започнале и со прибирање доброволни средства.[286]

Здружението организирало предавања на различни теми, курсеви по француски јазик, пријателски вечери,[287] заеднички екскурзии и сл.[288]. Само во 1933 год. понудило 19 популарни предавања и пет курсеви по француски јазик,[289] кои продолжиле да течат и во годините што ќе следат. Еден,

286. **Пријатељима Француске,** Самоуправни гласник, г. I, бр. 8, Битољ, 15 априла 1925, 7

287. **Забава Клуба пријатеља Француске,** Јужна звезда, Битољ, г. III, бр. 131 (16, Битољ, 1 јануар 1925, 1; Исто, 10 децембар 1925, 2

288. **Клуб пријатеља Француске**, Битољски трговински гласник, г. I, бр. 35, Битољ, децембар 1923, 3

289. **Скупштина француско–југословенског клуба у Битољу**, Вардар, Скопље, 3 февруар 1934, 4

со два часа неделно за секоја категорија, отпочнал со работа во крајот на 1933 год.[290] Во 1934 год. бројката се искачила на 250 членови, а имало и буџет од 30.000 динари.[291]

Заслужно било за формирањето и на првата шаховска секција во Битола. Не само што станало место за дружење на љубителите на оваа древна игра, туку тука се одржувале и шаховски турнири. На третиот ден Божиќ, во 1933 год., се одржала и симултанка, Мартиновски, професор во Гимназијата, играл против 16 противници, при што изгубил само две партии (против Бастром Балабановиќ и Лазар Поповиќ).[292]

Биле организирани и бројни концерти. Првиот поголем, затворен и само за членовите, бил на 1 декември 1924 год. Се одржал во единствената и најпогодна сала, во горниот



КЛУБ ПРИЈАТЕЉА ФРАНЦУСКЕ

Priređuje u oči Nove Godine — sredu 31. Decembra 1924 god. — u ovo-godišnjoj sezoni svoj

ПРВИ ВЕЛИКИ КОНЦЕРАТ СА ИГРАНКОМ

U prostorijama Opštinske sale u Alimpićevoj ulici, na koj ima čast pozvati Vas sa Vašom poštov. porodicom.

Pozdravljujm Vas kao iskrenog pobornika duhovnog zbližen izmeđ našega Naroda i Velike Francuske Nacije, Uprava se nada da ćete se gorćem pozivu odazivati i svojim prisustvom uveličati uspeh ovoj korisnoj ustanovi.

Ulazna cena: Za dame Din. 10. — za gospodu Din. 20.

Samo pozvani imaju pristupa.

Početak tačno u 8 čas. u veče.

Uprava

Štamp. R. Kirgina — Bitolj

Прв концерт и игранка на Клубот (1924)

290. **Битољске новости**, Вардар, Скопље, 7 декембар 1933, 4

291. **У вези француско-југословенске солидарности**, Нови сјај, јуни 1934, 3

292. **Битољске вести,** Вардар, Скопље, 16 јануар 1934, 3

салон на Основното училиште „Св. Сава“ и билетот за дамите чинел 10, а за господата 20 динари. По музичкиот дел следела и игранка[293].

Во месец мај 1933 год., на десетгодишнината од основањето, била одржана свечена седница. Секретарот Марсел де Вос, почесен конзул на Франција во Битола, поднесол реферат во кој било истакнато дека за десетгодишната работа биле одржани 35 курсеви по француски јазик, 130 предавања на разни теми, 22 забави, 85 чајанки и игранки и 45 екскурзии. Отсега се преименувало во „Клуб за француско–југословенско пријателство“.[294]

Јубилејов бил и повод да се положи свежо цвеќе на Француските и Српските воени гробишта. Вечерта, во салата на Градскиот театар, се одржал и концерт со богата програма[295]. *“Сите приредби,* пишуваше скопскиот „Вардар“ во 1936 год., *на „Француско–југословенскиот клуб“ беа со успех организирани, а и посетите од видните граѓани големи“*.[296]

Меѓу бројните предавања треба да се истакнат и овие: на 29 декември 1930 год. наставникот од Богословијата, Никола Шуба, Русин по потекло, на француски јазик, говорел за Гоголь,[297] на 5 февруари следната година и за

---

293. Државен архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, **Збирка на плакати**...II 2/ 2

294. **У знак феранцуско–југословенске солидарности**, Нови сјај, г. I, бр. 2, 2 јуни 1934, 3

295. **Битољске новости**, Вардар, Скопље, 21 мај 1933, 2

296. **Француско–југословенски клуб у Битољу приредиће велики костиминирани маскенбал у суботу 7 марта**, Вардар, Скопље, 2 марта 1936, 4

297. **Извештај за школску 1930/1931 годину**, Српска православна богословија у Битољу, Битољ, 1931, 8

Достоевски,[298] на 21 март 1934 год., повторно наставник на Богословијата, Влајко Влаховиќ, говорел за „Хуморот кај Његош“,[299] на 2 февруари 1935 год. истиот ја третирал и темата: „Култот на водата кај нашиот народ“[300], а на 6 февруари 1937 година говорел и за „Социјалната положба на жената во средновековна Србија“[301] итн.

Општината имала разбирање за Клубов и материјално го помагала, во 1930 год. му доделила 1.000 динари,[302] во 1931 год. 2.000 динари,[303] а во 1932 год. помошта спаднала на 500 динари.[304]

Основање Народен универзитет

Поттикнати од желбата за формирање Народен универзитет, а на иницијатива на Драгомир Мариќ, професор во Богословијата, на 16 февруари 1930 год. се одржал иницијален собир од јавни и видни граѓани од Битола. Раководел Миливоје Момчиловиќ, окружен началник на Вардарска Бановина.

На втората средба и со истиот состав, одржана на 19 февруари истата година, бил конституиран и времен одбор, со задача да ги организира и да ги подготви работите до изборот на легитимниот одбор и на идното општо собрание. За времен претседател повторно бил избран Миливоје Момчиловиќ, а биле вклучени и други лица: прв потпретсе-

298. Исто, 10
299. Исто, 1933 - 1934, 12
300. Исто, 1934 - 1935, 26
301. Исто, 1936 - 1937, 45
302. Книга бр. 24, 7 март 1930, Разне потпоре
303. Книга бр. 27, 6 март 1931, т. 4
304. Книга бр. 27, 6 март 1931

дател станал д-р Душан Лазиниќ, ректор на Богословијата; втор потпретседател – Димитрије Премовиќ, директор на Гимназијата; прв секретар Драгомир Мариќ; втор секретар Данило Димитријевиќ, школски надзорник и благајник Милан Петровиќ, наставник во Трговската гимназија. Одборов добил задача да ја извести власта за намерата за формирање на оваа институција и да побара одобрение да го изеведе тоа.

Во меѓувреме, иако без целосно окончани организациони работи, Народниот универзитет започнал внатрешно да се организира. Биле оформени секции за предавања, театарска, музичка и техника, чии раководители станале: Драгомир Мариќ (предавања), Велимир Петковиќ, професор во Гимназијата (театар), Љубомир Бошњаковиќ, воен капелник (музика) и Данило Димитријевиќ (техника).

Општината го охрабрила формирањето со отстапување на салата на Народниот театар за предавања, обезбедила и бесплатен огрев и осветлување, доделила и материјална помош од 500 динари.

По месец дена подготовки, на 16 март 1930 год., во салата на Театарот, свечено бил основан и почнал да живее Народниот универезитет во Битола. На неговото основање имало и придружни содржини, едно било воведно, предавање на тема *„За значењето на народните универзитети“,* а имало и концертен дел.[305]

Работата негова отпочнала полетно. Во 1930 год. биле организирани концерти и предавања, на кои, во просек, присуствувале по 262 слушателa. Биле изготвени и „Правилата за работа на Народниот универзитет во Битола“, кои биле усвоени од Советот предавачи на седницата од 31 ок-

305. Иван Кањух, **Извештај о раду Народног универзитета у Битољу 1930-1935,** Народни универзитет у Битољу, Битољ, 1935, 3-4

томври 1930 год. Со Советот управувал Извршен одбор, кој се состоел од 8 видни граѓани.

Во школската 1930/31 година предавањата се држеле во недела, со исклучок и во друг ден. Влезот се наплаќал, граѓаните плаќале 2, учениците и војниците 1 динар, а за предавачите бил обезбеден хонорар.

Со материјална помош на Банската управа од Скопје бил набавен и проекционен апарат, со кој предавањата станале уште поинтересни, прв во Битола, кој го користеле и други институции.

Во текот на оваа учебна година биле одржани 18 предавања, на кои присуствувале 4320 посетители, во просек, со високи 240 слушатели.

Во школската 1931/32 год. Универзитетот продолжил со истото темпо. На 14 ноември 1931 год. била одржана Годишна скупштина на Советот предавачи на која бил избран нов Извршен одбор (со стари и нови членови). Биле одржани 7 предавања, од кои 6 со проекции. Малиот број предавања се должел најмногу заради административни причини, требало одобрение за темите од Министерството за просвета, кое доцнело, па редовната работа продолжила, почнувајќи од јануари 1933 год., но за тоа, пак, се работело до 26 март. За жал, салата на Народниот театар му била отстапена на Скопскиот народен театар, кој гостувал во Битола, па Универзитетот работел одвај два месеца.

Во текот на јануари 1933 год. одржани биле две предавања за Палестина и за тамошните старини од архимандритот Кипријан, професор во Битолската богословија, и уште две од д-р Алексије Јелачиќ.[306] Следниот месец се од-

306. **Утисци из Битоља,** Вардар, Скопље, 21 јануар 1933, 2

ржало едно, сега од гимназискиот професор Александар Чухрај, за „Косово Поле и неговите старини“.[307]

Почнувајќи од пролетта 1934 год. Универзитетот работата ја проширил, посетувајќи повеќе села, каде се одржувале повеќе практични предавања за пчеларство, за добиточни болести и за други слични теми, кои многу одекнале среде селаните, оттаму и бројните прашања што биле поставувани по предавањата.

Најпосетеното предавање таа година било комеморативно, во врска со смртта на кралот Александар Караѓорѓевиќ. Се одржало, како и останатите, во салата на Градскиот театар, а предавач бил поранешниот градоначалник на Битола, Петар Лешњаревиќ. Покрај броен народ, присутни биле и многу јавни и други личности, меѓу другите, активни и пензионирани генерали, народниот пратеник и сенаторот, политичари и др. Со него раководел гимназискиот професор Иван Кањух, секретар на Народниот универзитет.[308]

Со ваквата работа Народниот универзитет продолжил и во годините што следат и за неговата севкупна активност можат да се изречат само позитивни оценки.[309]

307. **Битољски Народни универзитет,** Вардар, Скопље, 2 февруар 1933, 7

308. Вукоман Ч. Вукомановић, , **Народни универзитет у Битољу почео је овогодишњи рад приређивањем комеморативног вечера у спомен Блаженопочившем Краљу Ујединитељу** Вардар, Скопље, 15 новембар 1934, 2

309. **Извештај о раду Народног универзитета у Битољу**, 1930-1935, Народни универзитет у Битољу, Битољ, 1935

Конституирање на Скупштината на Битолската обласна самоуправа

Со новата територијална поделба од почетокот на 1927 год., Битола станала центар на област, една од трите во Македонија, позната како Битолска обласна самоуправа. Опфаќала територија од Дебар до Струмица.

Највисокото управно тело ѝ била скупштината, на чие чело стоел претседател, кој имал и потпретседател и секретари. Скупштината имала одбор, познат како Постојан обласен одбор, во кој работеле три пододбори.

Нејзиното конституирање се случило на првата седница, на 23 февруари 1927 год., во салата на Окружниот одбор во Битола. Ја отворил и до изборот претседател, раководел највозрасниот, свештеникот Матија Шуменковиќ. На негов предлог биле избрани и два времени секретара, Радивој Нановиќ, учител од Валандово, и Тодор Мицковиќ, учител од Тополчани.

Откако биле верифицирани полномоштвата за секој одборник, се пристапило и кон давање заклетва. Се заколниле 38 членови: Атанас Чорбевиќ (Охрид), Афус Усни Крлија (Дебар), Боривоје Ив. Атанацковиќ (Охрид), Божа П. Шајновиќ (Струга), Василије Нали Крстиќ (Мариово), Василије И. Богдановиќ (Битола), Велимир Маневиќ (Кавадарци), Велија Муратовиќ (Неготино), Влада Стојановиќ (Кичево), Влада Милетиќ (Кичево), Венедикт Поповиќ (Кичево), Драгиша Рашковиќ (Битола), Душан Перовиќ (Кавадарци), Дука Ѓорѓевиќ (Прилеп), Илија А. Маноловиќ (Прилеп), Крста Стрезовиќ (Преспа), Крста Ц. Николиќ (Преспа), Крста Ѓорѓевиќ (Прилеп), Кузман Наумовиќ (Струга), Коста Таралајковиќ (Гевгелија), Матија Шуменковиќ (Струга), Никола Б. Алтипармаковиќ (Битола), Никола Марковиќ (Битола), Умер Шукри (Битола), Павле Азмановиќ (Струмица),

Радивоје Нановиќ (Дојран), Риста Михо Ќортасовиќ (Кавадарци), Риста В. Хаџиќ (Струмица), Русе Поп Тодоровиќ (Охрид), Спира Тројачанац (Прилеп), Спасоје Р. Симоновиќ (Дебар), Тодор Мицковиќ (Прилеп), Тоша Стојановиќ (Струмица), Панта Крсте Јовановиќ (Битола), Јован Добричиќ (Струмица).

Веднаш потоа избрани биле и лицата што ќе раководат со Областа. Претседател станал Крста Стрезовиќ (Преспа), потпретседател Анастас Чорбевиќ (Охрид), а секретари Радивоје Нановиќ (Дојран), Спасоје Р. Симоновиќ (Дебар) и Тодор Мицковиќ (Прилеп).

По верифицирањето и заклетвата, за збор се јавил Добрица Матковиќ, големиот жупан на Битолската област, кој првин го прочитал указот од кралот за формирање на Областа и кој потоа говорел и за големата чест што ја добиле со изборот. Со тоа, овој дел од седницата заваршил. Истиот ден, во попладневниге часови, биле избрани и работните тела на Скупштината и Постојаниот одбор, во кој влегоа: Драг. Рашковиќ, Матија Шуменковиќ, Умер Шукри, Василије Богдановиќ, Душан Перовиќ и Риста Аџиќ.

Следниот ден, 24 февруари, биле избрани и трите одбори: за Буџет и финансии; Обласни уредби и Одбор за молби и жалби.

Работниот дел на Скупштината започнал на 28 истиот месец. Расправала за молбите за вработување во службите, за платите на службениците, како и за додатоците на одборниците.[310]

Службен весник на Областа бил „Битољска обласна самоуправа“ во кој се објавувале службени извештаи, уредби, наредби и др. Излегувал додека постоела и Областа.

310. **Обласна Скупштина Битољске Области**, Самоуправни гласник, год. III, бр. 5, Битољ, 1 март 1927, 6

Неколку месеци по конституирањето на скупштинските тела, истите започнале да земаат ритам во работата и посериозно да влијаат врз донесувањето одлуки, а со тоа и врз животот во Областа.

Во месец април истата година комесарот на Областа, Драг. Рашковиќ, врз основа на „Законот за работа на обласните и околиските комесари“, издаде уредба во врска со триерите (машини за чистење на семето). Тоа била прва уредба со која се сакало да се влијае врз квалитетот на храната и семето и, според неа, сите општини биле должни да предвидат ставки во буџетот за набавка барем на еден триер во секое село, подоцна и повеќе, а чија крајна цел била организирање и на триерски станици. Намерата била нашиот, сè уште неедуциран селанец да ги смали трошоците во производството, а со тоа и печалбата да му биде поголема, а храната поздрава.[311]

Вакви и слични одлуки имало и други во следните години, односно додека постоеле овие самоуправни области, кои, инаку, не биле со долг век.

Прва Градска библиотека

Патот до формирање Градска библиотека во Битола имала долга предисторија, а најраните траги треба да се бараат во книгите што ги донирале богатите османлии во медресите. Продолжение на таа традиција биле библиотеките во читалиштата, организирани во 19 век и за време бугарската управа во Втората светска војна.

Иницијатива за формирање типизирана Градска библиотека ја даде „Друштвото Руска библиотека“, кое веќе рас-

311. **Уредба о тријерским станицама**, Самоуправни гласник, год. V, бр. 6, 7, и 8, Битољ, 15 април 1929, 6

полагало со богат фонд на руски и српскохрватски јазик. Управата на градот на неа благонаклоно гледала и скоро секоја година и материјално ја потпомагала (1929–2.000,[312] 1930–1.000,[313] 1932–1.000[314]). Библиотекава се третирала и за руска и за градска, зашто ја користеле не само членови на Руската колонија, кои биле во поприличен број во градот, туку и многу обични граѓани.[315] Предлогот за формирање на библиотека со име „Градска библиотека" одел преку соодветна постапка. Бил доставен до Општинскиот одбор и дошол на ред за расправа на седницата на 26 јуни 1931 год., а пред одборниците лично го образложил градоначалникот, но, од непознати причини, конечната одлука била одложена за некоја друга седница.[316]

Иако нема податоци за одлуката, Градската библиотека наскоро била оформена. Потврда за тоа е буџетот на Општината од 1933 год., во кој има ставка и за донации, во која, сума од по 5.000 дин. добиле и „Руската библиотека" и „Градската библиотека",[317] со што се потврдува дека зажива. Кога тоа било направено, не е познато, но веројатно временски не многу далеку од поднесокот на предлогот.

Други податоци нема, веројатно работела по принципите на „Руската библиотека" и дека ја опсужувале и истите доброволни библиотекари.

312. Книга бр.21, 7 март 1929, Разне потпоре

313. Книга бр. 24, 7 март 1930, Разне потпоре

314. Книга бр. 31, 29 февруари 1932, Разне потпоре

315. Доне Пановски, **Руската библиотека во Битола,** Во: **Печатарството и издаваштво во Битола, 2,** Друштво за наука и уметност- Битоа, НИК Микена – Битола, Битола, 1999, 469-473

316. Книга бр. 27, 26 јуни 1931, т. 3

317. Книга бр. 34, 22 февруар 1933, т. 1

Основање Лекарско здружение

Натрупаните лични и еснафски проблеми, кои се таложеле со години и внесувале многу и лични и еснафски тензии, ги принудиле лекарите од Битола да решат да се сретнат во одреден ден, на одредено место и да бараат решенија за нив. Иницијатор станал доајенот на битолското здравство, авторитативниот д-р Ангеле Робев, кој потекнувал од прочуеното семејство Робеви.

На 26 јуни 1930 год., по долги договори, контакти и преговори, успеал да ги собере најголемиот број битолски лекари на исто место.

Го имал и воведното излагање. Говорел за нарушениот углед на лекарите, за лекарската етика, за грамзливоста по пари, а и за многу други, слични, но болни проблеми, што не биле споиви со најхуманата професија.

Здружениево, оформено, започнало да се гради легално, со статут и други акти и управни тела, без кои и не можело ниту да се регистрира. Заради иницијативата што ја дал и за сето што го поседувал и како лекар и како индивидуа, Робев собранието го избра и за прв претседател на Здружението.[318]

Први ѕидни весници

Ѕидните весници во Битола за првпат се појавија во Битолската гимназија, во почетокот на второто полугодие од учебната 1932/1933 год. Ги промовираа два класа, четвртиот и петтиот. Бидејќи се оцениле како интересна новина, од следната учебна година ги прифатија и повеќето класови. Сега добија и уредници, па и имиња („Наш глас“, „Нада“,

318. Петар Бојаџиевски, **Здравството во Битола низ вековите,** 175

„Радост наша“, „Наши вести“, „Југословенски сокол“, „Глас од југот“, „Глас на југословенската младина“ итн.) Излегувале еднаш неделно или еднаш на десет дена. Статиите, пишувани на рака или на машина за пишување, се истакнувале на дрвена табла, која, ете, се именувала за *„ѕиден весник“*.

Темите на написите биле најразлични, главно, од ученичкиот живот, но имало и поезија, проза, осврти и др., а можеле да се сретнат и лирски или епски народни песни од битолскиот регион. Имало и преводи од француски и грчки јазик, а привлекувала внимание и рубриката „Дали знаете?“ каде се давале одговори на интересни прашања од сите области, особено од историјата и географијата. Во повисоките класови можеле да се сретнат и анегдоти, а во пониските имало ребуси и крстозбори. Трудовите се истакнувале самоиницијативно, понекогаш врвеле и низ филтер на некаква редакција.

Новинава се покажа како моше интересна и полезна, зашто ја поттикнувала креативноста кај учениците.[319] Тоа станало основа ѕидните весници да продолжат да живеат и во годините што следат, посебно популарни се истакнале во првите години по ослободувањето, кога дневните весници биле ретки, а жедта за информации преголема.[320] Ѕиден весник со неколку карикатури на актуелни теми и критики за прескапите тетратки што се продавале во месната кооперација, поскапи и од тие во Битола, среќаваме во ѕиден весник и во Цапари, во 1945 год.[321]

---

319. **Извештај за школску 1933 / 34 годину**, Битољска гимназија, Битољ, 1934, 42- 43

320. Радован П. Цветковски, **Ѕидни и други училишни весници и списанија**, Во: **Печатарството и издаваштвото во Битола**, 2, 364-380

321. **Зиден весник во нашето село**, Пелагонија, г. I, бр. 11, Битола, 4 ноември 1945, 3

Битолското кралско кумче

Сиромашниот чевлар Никола Поп–Сауловиќ станал првиот битолчанец кој преку кумство се сродил со кралот Александар Караѓорѓевиќ. Крштевањето на неговото машко дете станал настан во кој учествувал многуилјаден народ од Битола.

Откако се дознало за необичната вест, неколку дена Битола живеела во трепетно исчекување и во нагласена љубопитност за настанот што требало да следи.

Чинот на крштевањето се случил во неделата, на 26 март 1933 год., во 9 и 30 часот, во црквата „Св. Димитрија“. Застапник на кумот бил полковникот Крсто Милошевиќ, командант на 46. пешадиски полк од Битола. Битолчани уште пред закажаното време, црквата беа ја опседнале, а за тоа време, застапникот на кралот, со претставници од локалната власт и поголем број граѓани, на чело со воената музика, пристигнале пред домот на новороденчето, украсен со знамиња и со зеленило. Во име на домаќините, со одбрани зборови дојденците ги поздравил Ѓорѓе Богосављевиќ, адвокат од Битола.

Откако поздравувањето завршило, со новороденчето в раце и со воената музика на чело, поворката се упатила кон црквата. Таму ги пречекале целото свештенство во одежди, Управниот одбор на православната црква, видни личности и многу, многу граѓани. Потем, во црквата се одржала богослужбата, со која чиноначалствувал воениот протојерej Петар Карановиќ, додека обредот на крштевањето го извел свештеникот Радослав Петковиќ со протаѓаконот Миодраг Михајловиќ. За сето време, на ектението одговарал хорот „Кајмакчалан“ под диригенство на Г. Карпов. На прашањето на свештеникот какво име му се доделува на новороденчето, пратеникот на кралот првин одржал краток, емоти-

вен говор, кој го завршил со зборовите: *„Во името на Високиот кум Н. В. Кралот на детето му го доделувам името Александар“.*

Потем се одржале уште неколку говори и на детето и на родителите им биле поделени подароци (детето добило златник со ликот на кумот и златен крст, а родителите добија илјада динари).

По завршувањето на церемонијата се оформила долга поворка каква Битола одамна не ја имала видено. На чело со воената музика, неколкуилјадниот народ го проследил враќањето на славеничето до својот дом, врвејќи низ Широк Сокак. Необичниот битолски настан го регистрирала и филмската камера на браќата Манаки.[322]

Граѓани – учесници во крштевањето (1933)

322. Љ. Л., Њ. В. **Краљ кумује детету једног обућара у Битољу**, Вардар, Скопје, 30 март 1933, 4

Туризам

Иако со задоцнување, и во Кралска Југославија започнала да се гради свеста дека туризмот може да стане значајна стопанска гранка од која може да се профитира добро. Впрочем, и државата имала што да му понуди и на домашниот и на странскиот турист, море, езера, планини, минерални бањи, културно–историско наследство, а и патна и железничка инфраструктура што можела да одговори на предизвикот.

Во тоа привлекување туристи се вклучила и Битола, која имала и некои поранешни искуства со организирањето групни патувања, особено оние што биле со печалбарите, меѓу кои најбројни биле за прекуокеанските земји (САД, Канада, Јужна Америка и др.), преку компаниите „Compagnie general transatlantique“, „Loiд“, „Misler anд Com.“ и др.[323]

Како со мошне профитабилна дејност, со туризмот почнале да се занимаваат и домашните претприемачи. Сега, не само што ги организирале патувањата, туку со од 2 1/2 до 3 отсто месечна камата им обезбедувале и патен билет, кој чинел од 25–30 л. ст., при што најголем интерес 3/4 бил за Северна и 1/4 за Јужна Америка[324]

Еден од оние, кои меѓу првите го презел тоа уште во 1912 год., бил велушецот Спас Стојанов. Успеал да се поврзе со „Гунард линијата“ од Ливерпул и да стане нејзин претставник во Битола, користејќи ги услугите на „Франклинијата“, на белградските туристички агенции, а соработувал и со неколку битолски банки за кредитирање,

323. Трајче Грујоски, Цит. дело, 27

324. **Австриски документи за историјата на македонскиот народ**, 1905–1906, Том I, Редакција, превод и коментар Данчо Зографски, Архив на Македонија, Скопје, 1977, 159

меѓу другите, и со „Отоман банак“. Според податоците што ги водел во 1914 год., се открива дека патувањето до Сиракуз (САД) го наплаќал 400,45 франци, околу таа сума чинело и до останатите дестинации во САД.[325]

Туристичка агенција организирал и Наум Гогу по Првата светска војна, кој ја рекламирал и преку локалниот

Лого на фирмата на Спас Стојанов (1913)

Рекламата на Наум Гогу (1923)

325. Александар Стерјовски, **Велушина,** Битола, 2001, 160-163

неделник „Битољски трговински гласник“. Во предвечерието на Втората светска војна претставител на француска бродска линија за Јужна Америка бил и Петар Пешка[326] итн.

БИТОЉСКЕ НОВОСТИ

— Ив. П. ... — У последње време, кроз Битољ скоро свакодневно пролазе екскурзије и туристи из наше државе и иностранства. Може се рећи да шилада тако велики број туриста није прошао кроз Битољ.

Екскурзијанти низ Битола (1933)

Првото туристичко здружение во Јужна Србија, инаку, организирано било во Скопје, во летото на 1927 год., и го носело името „Југ“. По 1929 год. вакви здруженија ги имало и во повеќето други градови, во Тетово се викало „Шар Планина“, во Охрид „Билјана“, во Штип „Брегалница“, во Крушево „Корија“ итн.

326. Александар Пешка, Виолета Пешка, **Француската линија за Јужна Америка од Битола,** Зборник **Македонско–француски врски,** Друштво за наука и уметност-Битола, Друштво за француски јазик и култура-Битола, Битола, 213-219

И Битола имала свое здружение, познато како „Јужни езера“. Во 1931 год. за поголема перспектива му се приклучило и извесен период работело како клон на скопското здружение,[327] но, заради лошото искуство со него, започнало да размислува и за осамостојување и за градење посебен идентитет.

Спорт Спорт

Управа Спорт Клуба „ПОБЕДА“

Извештава своје чланове, пријатеље и љубитеље спорта да ће клуб гостовати у току овог месеца у **Перину** против тамошњег **С. К. »Елас«**

Да би омогућили поред фудбалера, да на овом путовању узму учешћа и навијачи, управа је издејствовала одобрење од надлежних и добила колективни пасош за више особа, па се овим извештавају да је УПИС ЗА ОВУ ЕКСКУРЗИЈУ ОТВОРЕН И ТО: **у радњи Коча Чаламановића шустера ул. Краља Петра бр. 55; и у радњи Петра Галевић шнајдера ул. Краља Петра бр. 99.**

ЦЕНА ПУТОВАЊЕ БИТОЉ — ЛЕРИН са свим издацима око шатора и подвоза јесте **60 динара.**

Сваки од учесника треба при упису да поднесе по 3 — **три фототрафије.**

Чланови-це клуба имају попуст.

Моле се љубитељи ове екскурзије да одмах приступе упису како би благовремено резервисали места.

Управа

„ГРАФИКА“ - Битољ

Организирање туристичко патување

Тоа станало основа во почетокот на месец мај 1934 год. да се одржи основачко собрание за одвојување. Се одржало во салата на хотелот „Јевтиќ“, а во присуство на бројна интелектуална и стопанска елита од градот.

Првин д-р Михајло Поповиќ, претседател на претходното, на скопскиот клон, говорел дека во Вардарска Бано-

[327] Орестија Крстиќ, **Туризам**, Во: **Споменица двадесетпетгодишњице ослобођења Јужне Србије 1912 - 1937**, Скопље, 1937, 735-736

вина, вклучително и во Битола, имало големи потенцијали за развој на туризмот и дека *„од нашата умешност во голема мера зависи неговиот развој“*. За таа цел, според него, требало да се доизгради планинарската куќа на Кајмакчалан, таква требало да се подигне и на Пелистер.

Во богатата дискусија поддршка му дале могумина со повеќе предлози, главно, сконцентрирани за привлекување и за престој на странски и домашни туристи во градот.

На крајот од собранието биле избрани и управни тела. Во Управата влегле: Будимир Борисављевиќ, адвокат и поранешен голем жупан, претседател, и членовите д-р Теодосије Робевиќ, Никифор Јевтиќ, Крста Миновиќ, Ѓорѓе Симоновиќ, Сима Филиповиќ, аптекар, д-р Михајло Поповиќ и Василије Ставровиќ, а во Надзорниот: инг Јосип Скоберне, Илија Петровиќ, трговец, и Богољуб Милошевиќ, службеник во Народната банка.

Било решено и Туристичкото здружение „Јужни езера“ да се одвои од скопското и да отпочне самостојно да работи.[328]

За да помогнат во локалниот туризам, а гледајќи и материјален интерес, заложби дале и многумина: браќата Папакоч основале Туристичко фотоателје, кое на посетителите им стоеле на располагање за фотографски снимки од градот и од околината по нивен избор,[329] сличен зафат презеле и браќата Тегу.[330]

Надежно за туризмот на Битола било што секојдневно низ градот, на пат за Охрид, проаѓале многу туристи, од

328. Вук Ч. Вукомановић, **Скупштина туристичког друштва „Јужна језера“ у Битољу**, Вардар, Скопје, 5. мај 1934, 2

329. Вук. Ч. Вукомановић, **И Битољ за туризам**, Вардар, Скопје, 18 јануар 1934, 3

330. **Вођ за Перистер, Битољ за туризам,** Нови сјај, Битољ, бр. 24-25, април-мај 1936, 2

кои најбројни биле школските екскурзијанти, што било дополнителен поттик за основањето самостојно здружение.[331] Радувало и тоа што Битола имала и што да понуди, околината изобилувала со средновековни цркви и манастири, кои, како што се тврдело, сè уште биле *„нeпрочитана и нeпроучена книга“.*[332]

На Пелистер немало планинарски дом, оттаму и напорот да се подигне, па и тој да придонесе за развојот на туризмот. По долги договори, мачен труд да се обезбедат средства, дошол и тој ден, да се постави камен–темелникот. Во присуство на голем број љубители на планинарењето, претседателот на Туристичкото здружение од Битола, Никифор Јевтиќ, и општинскиот инженер Методија Петковиќ, на 24 јули 1938 год. се случил и тој настан. Изборот на местото за домот паднал врз Бегова Чешма, кое се наоѓало на надморска висина од 1400 метри. Домот требало да располага со 175 м^2 корисна површина, да има три спални, чуварска соба, сала, трпезарија, шпајз, подрум и сушилница за измокрените алишта на скијачите. Според пресметките, изградбата требало да чини 78.000 динари и се очекувал истиот да биде предаден за користење за релативно краток временски интервал, за два месеца.[333]

Во истата, 1938 год., во месец јули, започнало маркирањето и на патот Битола – Мало, Големо Езеро и за Црвени Стени. Во тоа се ангажирало второто туристичко здружение, чие име било „Српско планинарско–туристичко друштво“. Првата маркет ознака со познатата црвена боја

331. **Битољске новости**, Вардар, Скопље, 17 август 1933, 5

332. Вук. Ч. Вукомановић, **И Битољ за туризам**, Вардар, Скопје, 18 јануари 1934, 3

333. **Отпочела је изградња туристичке куће на Перистеру**, Битољске новине, г. I, бр. 9, 30 јули 1938, 3

и бело око, поставена била кај Камениот мост кај Довлецик, втората кај село Нижополе, останатите по планинарските патеки.[334]

Како патеводач низ Баба планина во 1935 год. за скромен хонорар бил ангажиран познатиот вљубеник на планините, Василие Ставровиќ,[335] во 1936 год. и Анастас Стерјевиќ – Чакали.[336]

Развојот на битолскиот туризам особено се нагласил откако во 1936 год. била предадена пругата од широк колосек од Скопје до Битола. Бидејќи најголемиот интерес на туристите бил Охрид, битолските автотранспортни претпријатија ја искористиле приликава и вовеле редовни линии не само до Охрид, но и до Дебар, па и до Дебарските Бањи.

Во месец јуни 1939 год. избран бил и Постојан туристички одбор, кој се агнажирал во разрешавање на проблемите и во унапредувањето на туризмот.[337] Општината колку што можела материјално му помагала, во 1938 год. донирала 5.000 динари,[338] на 2 ноември 1939 год. и високи 12.000 динари[339] итн.

Година или две пред почетокот на Втората светска војна, Општината решила да подигне уште еден планинарски дом, сега покрај Големото Езеро, за кој бил изготвен и

334. **Маркирање стаза и путева на Перистеру,** Битољске новине, г. I, бр. 12, Битољ, 20 августа 1938, 2

335. Книга бр. 48, 10 јули 1935, т. 6

336. **Вођ за Перистер, Битољ за туризам,** Нови сјај, Битољ, бр. 24-25, април-мај 1936, 2

337. Книга бр. 67, 8 јуни 1939, т. 8

338. Книга бр. 58, 17 јануари 1938, Буџет

339. Книга бр. 67, 2 новембар 1939, т. 8; 2.1.16.5/85-88

градежен план.[340] Помош за туризмот со предлози и сугестии понудил и битолскиот неделник „Нови сјај“.[341]

Туристички патувања, внатре и надвор од државата, почнале да организираат и поединци, и спортски и други здруженија. Се ангажирале да им ги подготват документите на патниците, да го организираат и да го изведат патувањето.

Еден таков организатор станал и „Француско–југословенскиот клуб“, кој се презентирал на тој план уште во 1934 год. при пробивањето на тунелот „Бабуна“, кога со специјален воз, 200 туристи, на чело со воената музика ги довел до Гостиражни. Патеводач бил почесниот конзул на Франција во Битола, истовремено и претседател на Клубов, Марсел де Вос.[342]

Следувале и други слични организирања.

За посета на фудбалскиот натпревар помеѓу СК „Победа“ од Битола и СК „Елас“ од Лерин, се ангажирала управата на истоимениот тим, се обврзала околу пасошите, превозот и престојот за цена од 60 динари.[343]

За посета на Осмиот меѓународен саем во Солун во 1933 год. поведена била иста иницијатива, која вклучувала разгледување на Атина и Лерин. Екскурзијава требало да трае до 5 октомври.[344]

---

340. Државен архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, 2.1.34.21/60

341. Вук. Ч. Вукомановиќ, **Битољчани са својом омладином за просперитет Битоља и развијање туризма на нашем класичном Југу**, Нови сјај, Битољ, бр. 23, март 1936, 4; **Битољ као туристичко место**, Нови сјај, Битољ, бр. 24-25, април–мај 1936, 1, 4

342. **Битољске новости,** Вардар, Скопље, 5 јуни 1934, 2

343. Архив на Македонија, Подрачно одделение Битола, **Збирка на плакати**

344. **Битољске новости,** Вардар, Скопље, 24 август 1933, 3

Слична посета на истиот саем во 1936 год. организирала и редакцијата на месечникот „Нови сјај“. И со неа се планирала посета и на главниот град на Грција[345] итн.

Годишни собранија на здруженијата за трговци и угостители во 1933 год.

Во првите месеци од 1933 год. (март и април) одржани биле две годишни собранија на најбројните занаетчиски здруженија во градот, на трговците и угостителите. Како што било вообичаено, првин управните тела дале отчет за работата за претходната година, се донесле одредени заклучоци и се избрале управи за годината што следи.

Забележливо било дека и двете собранија поминале со плачен тон, кој течел од почетокот до крајот на седницата, односно како при извештаите, така и во дискусијата. За среќа, немало кавги и прекини, што можеле да се сретнат кај други здруженија.

Здружението на угостителите годишната скупштина ја одржало на 19 март 1933 год. во салата на Гранд хотел „Јевтиќ“. Ја отворил сопственикот на хотелот, Никифор Јевтиќ, кој уште на почетокот повикал на единство и укажал на правилата што му биле наметнати заради принудната управа под која се наоѓало додека тој управувал. Потем, секретарот ги прочитал извештаите на Управниот и на Надзорниот одбор, кои биле прифатени едногласно. Било истакнато и дека буџетот за 1933 год. изнесува 31.900 динари.

Во дискусијата било истакнато дека за битолските угостители, заради пазарната (трошаринската) такса за вино и ракија, не им се исплаќа да тргуваат со поблиските села и

345. **Екскурзија за Солун и Атину,** Нови сјај, Битољ, бр. 28, август 1936, 3

градови. Големи тешкотии им причинувале и давачките што се фрлале и врз точењето алкохолни пијалоци, па многумина биле принудени да ја скратат работата, не ретко, и да ги затворат дуќаните.

Никифор Јевтиќ повторно бил избран за претседател, а за потпретседател Стеван Спанаковиќ, за благајник Вељан Дамјановиќ. Членови на Управниот одбор станале: Лазар Мишиќ, Лазар Кривошијевиќ, Анастасије Кузмановиќ, Димитрије Палигоровиќ, Ѓорѓе Јовановиќ, Благоје Давковиќ, Мита Павловиќ, Мијал Трајковиќ и Акиф Хаци-Али, а во Надзорниот одбор: Вељо Вељовиќ, Илија Петковиќ, Ѓорѓе Бојацијевиќ, Риста Димовиќ и Тома Јовановиќ.[346]

Собирот, пак, на Здружението на трговците, иако најбројно, со членство од околу 700 лица, се одржал во прескромен состав, што било причина и да не почне според најавената сатница, а и покрај одложувањето од еден час, не се пополнил кворумот и отпочнал со работа со почетниот констатиран број. Истиот го отворил претседателот Јован Д. Нале, а извештај за работата за претходната, 1932 год., поднел д-р Теодосие А Робе. Известувачот, познат економист од Битола, ја скенирал тешката состојба на битолската трговија како последица на светската економска криза, но дал и неколку решенија за нејзино подобрување. Едното го гледал во развојот на туризмот, второто во олеснување на трговијата со Грција и Албанија, третото предлагал на трговците од Битола, Охрид и Крушево посетите на овие држави да им бидат безвизни. Некои од таквите барања, посебно она за продолжување на автобуската линија преку Охрид до Дебар, било упатено и до Стопанската комора, во почетокот на 1936 год.[347]

---

346. **Удружење битољских угоститеља,** Вардар, Скопље, 2 април 1933, 6)

347. **Удружење тровача у Битољу истиче потребу успостављења директне аутобуске везе између Битоља и Дебра**, Вардар, Скопље, 7 фебруар 1936, 2

Откако бил ислушан извештајот за благајната, како и тој на Надзорниот одбор, собирот им дал разрешница на Управниот и Надзорниот одбор, па со акламација биле избрани новите управи тела. Во Управниот одбор влегле: Јован Нале, Арон Леви, Ѓорѓе Симоновиќ, Риста Ризевиќ, Бохор Касорла, Филип Михаилиди, Никола Алтипармаковиќ, Стеван Борозановиќ, Василије Зози, Челебон Франко, Тане Јовановиќ и Вељан Тодоровиќ, додека во Надзорниот: Ќира Лозанчевиќ, Тома Ѓиниќ, Благоје Јовановиќ, Леон Камхи и Вељо Вељовиќ.[348]

Почетни истражувања во Хераклеја

Грабеж и заштита на хераклејските старини

Нашето културно наследство (книжевно, етнолошко, археолошко и др.) многу рано и во континуитет било одвлекувано во балканските и во европските центри. Дипломати, а и многу други, почнувајќи од средината на 19 век, со одобренија или без нив од османските власти, го откривале и премногу лесно го пренесувале во своите земји.

Првиот руски конзул во Битола, Хитрово, страствен нумизматичар, бил меѓу првите што ќе се нафрли врз него. За кратко време, само додека бил на служба во Битола, успеал да ја збогати својата нумизматичка збирка изобилно.[349] Слични интереси за битолското археолошко богатство пројавувал и еден друг битолски дипломат, британскиот.[350]

---

348. **Годишња скупштина Удружења трговаца у Битољу**, Вардар, Скопље, 12 март 1933, 2

349. **Македонија во делата на странските патописци**, 1850-1864, 650

350. Аница Ѓорѓиевска, **Судбината на битолските старини во XIX век** Зб. **Битола низ вековите**, IX, Педагошки факултет-Битола, Битола, 2006, 8

Кон ова богатство лакомост манифестирале и обични странци. Марко Цепенков споменува некаков Германец, кого го именува за Циванакија кој, извесно време истражувал во Прилепско, па откако не пронашол ништо што го интересирало, се префрлил во Битола и копал околу Буково (Хераклеја) и успеал да пронајде и да одвлече антики од мермер. Покрај него, и *„мнозина Френци и Немци*, како што вели тој, *ошле во тоа место букоско и копале по лозјата, та нашле луѓе од мермер делкани; мажи, жени и деца. Едни од нив си ѝ зеле, а пак едни и остаиле. Со изим од правителсвото турско“.*[351]

Вакви ископувања и одвлекувања се правеле не само во 19 век, туку и подоцна. Сега се вклучувале и претставници од српската управа, меѓу нив се нашол и големиот жупан Будимир Борисављевиќ, кој *„со полна љубов и пожртвуваност“*, како што се тврди, прибирал експонати и ги транспортирал во голем број низ музеите во земјата, најмногу во Белград и Скопје[352].

Бидејќи тоа станало редовна практика и опасност од невиден грабеж, во почетокот на 1934 год. била поведена иницијатива да се организира Градски музеј, каде наодите ќе се приберуваат, ќе се заштитат и ќе се изложуваат.[353]

---

351. Марко К. Цепенков, **Македонско народно творештво**, книга седма, **Преданија**, Редактирал д-р Кирил Пенушлиски, „Македонска книга“, Скопје, 1972, 211, бел.

352. Вукоман Ч. Вукомановиќ, **У Битољу је основано друштво за скупљање и чување старина**, Вардар, Скопље, 24 февруар 1934, 2

353. Меѓу првите идеи за формирање музеј даде полковникот Ив. С. Павловиќ, помошник на битолската дивизија, кој учествувал во битката на Облаково, на 4 и 5 ноември 1912 год. Пред да замине од градот, на први декември 1912 год. исплатил писмо до Петар Лешњаревиќ, градоначалникот на Битола, во кое предложил формирање битолски градски музеј. Заедно со писмото донирал и 160 динари, со напомена 60 динари да се наменат како помош на градската сиромаштија, а останатите да бидат основа во

За неговото основање особено заслужни биле двајца професори од Гимназијата, д-р Антон Жегура и Иван Кањух, но сесрдна помош и подршка дале и 50-на интелектуалци и политичари од градот. Се вклучиле: народниот пратеник Никола Марковиќ, директорот на Гимназијата, Јован Продановиќ, претседателот на Битолската општина, Атанасије Сотировиќ, почесниот конзул на Франција во Битола, Марсел де Вос и други.

За да се реализира идејава, се оценило дека потребно е првин да се формира здружение, кое било наречено „Здружение за формирање Градски музеј“ и наскоро основачкото собрание се одржало во просториите на Битолската општина во средината на февруари 1934 год. Било добро организирано, а и добро посетено. Воведен збор имал Жегура, кој го истакнал значењето на ваквата институција, по него свои ставови изнесоа многумна, поддржувајќи ја идејата сесрдно. Зел учество и претседателот на Општината, кој ветил дека за музејот ќе обезбеди и посебен објект.

Идејава, инаку, се разгледувала уште и пред да се формира здружениево, односно уште во 1931 год. Имало предлог и времено да биде сместен во Офицерскиот дом,[354] но, бидејќи не било донесено конечно решение, прашањето се одложило за некоја друга седница. Такво нешто било направено на 27 февруари 1934 год., [355] потоа и на 19 март 1935 год.,[356] на 27 мај 1936 год.,[357] и на 28 септември истата година, кога, конечно, го добил името „Музеј „Кнез Павле““.[358]

реализацијата на идејата. (**Музеј града Битоља**, Општинске новине, бр. 30, Битола, 6 декември 1913, 9 (Годината 1912 во писмото веројатно е печатна грешка, зашто писмото го пишува на заминување, а тоа е 1913 год.))

354. Книга бр. 27, 9 февруари 1931, т. 6

355. Книга бр. 40, 27 февруари 1934, т. 7

356. Книга бр. 48, 19 март 1935, т. 7

357. Книга бр. 58, 27 мај 1936, т. 2

358. Исто, 28 септември 1936, т. 10

Во прво време Музејот бил сместен во два приземни дуќани на ул. „Добривое Радосављевиќ“, кои денес не постојат.[359]

За претседател бил избран Жегура, а во Управниот одбор влегле: д-р Николај, епископ охридско–битолски; Иван Кањух; Драгољуб Константиновиќ, началник на Битолската околија; Бранислав Васиљевиќ, началник на Мариовската околија; Будимир Борисављевиќ, адвокат и Петар Лешњаревиќ.[360] За да се запознае подобро битолската јавност со значењето на музејов и со резултатите од првичните ископувања во Хераклеја, Жегура одржал и неколку предавања во Народниот универзитет во Битола.[361]

Ископувања

Организираните ископувања на локалитетот Хераклеа започнале на 23 август 1934 год. Во почетокот траеле месец дена, односно до 22 септември истата година.

Оваа, прва истражувачка екипа, ја сочинувале тројца: д-р Антон Жегура, Будимир Борисављевиќ и Михајло Петровиќ (Михајло Петрушевски), студент по класична филологија. Одвреме–навреме се приклучувале и помагале и Никола Трајановиќ, Димитрије Папазоглу и Драгомир Лазиниќ, студенти по право.

Жегура го имал веќе изготвено планот за ископувања, оттаму и првичните успешни резултати. Првиот ден била пронајдена некаква акропола, за која подоцна ќе се ут-

359. Група автори, **70 години музеј Битола,** Н. У. Завод и Музеј-Битола, Битола, 2004, 13

360. Вукоман Ч. Вукомановиќ, **У Битољу је основано друштво за скупљање и чување старина**, Вардар, Скопље, 24 февруар 1934, 2

361. В., **Градски музеј у Битољу врши откопавање Хераклеје**, Нови сјај, Битољ, бр. 5, септембар 1934, 4

врди дека е христијанска базилика, а работејќи околу неа, била откриена и апсида и делови од странични ѕидови, при што претпоставките биле дека базиликата била ограбена и уништена од пожар. На нејзиниот северен крај бил пронајден и преполовен ќуп, питос кој веројатно служел за чување масло, дури било констатирано и дека зелениот талог од маслото на дното сè уште можел да се препознае. Таков, но нешто поголем питос пронајден бил и во внатрешноста на базиликата. Биле откриени и седум парчиња бакарни монети од македонско, римско и византиско потекло, негатив печат од теракота со претстава на едноглав орел, кој бил во јајчев облик, долг 9,5 см, широк 6,5 см, со дебелина од 3 см. Пронајдени биле и многу делови грнчарија.



ВАРДАР

Отпочело се са откопавањем старе Хераклеје код Битоља

— За месец дана рада откопана су неколико питоса, ковач, један печат, светиљке, бронзана фабула, део градског утврђења и почело се са откопавањем старе хришћанске базилике са мозаиком —

Објава за првите ископувања во Хераклеја (16 октомври 1934)

Покрај базиликата на акрополата откриен бил и дел од градски одбранбен ѕид од северната и западната страна, заедно со кула. Ѕидот бил дебел околу 3 метри, бил обложен со малтер и однадвор и одвнатре. На западниот ѕид одвнатре, на длабина од два метра, биле пронајдени траги од пожар (камењата биле црни).

Општината Битола за сето време будно ги следела работите и се вклучувала повремено во разрешување на

појавените проблеми.[362] Три посебно биле актуелни: обезбедување простории за наодите, експропријациите на индивидуаланото земјиште и заштитата на ископувањата. Во својот буџет за 1938 год. планирала да одвои сума од 30.000 динари за потпора на музејот, за ископувања, мебел за откупените народни носии и за некои други потреби,[363] која сума била испланирана и за другата година.[364]

Експропријациите оделе во редослед. Во месец ноември 1937 год. било решено да се откупат 3 ниви,[365] во април 1938 год. и неколку други,[366] а ќе следат такви и понатака. За да се интензивираат работите, во месец јули 1937 год. во Битола пристигнал и кустосот на Музејот „Кнез Павле" од Скопје, д-р Миодраг Грбиќ, заедно со три студенти, кои се сместиле во новоподигнатата чуварска куќичка во Хераклеја.[367]

Наскоро се оформила и платена стражарска служба,[368] а еден член во неа бил и Гаврило Панчевиќ.[369]

Извесен период ископувањата продолжиле и во нивите западно од Католичките гробишта. Покрај рекичката, во нива, пронајдени биле траги од грчко–римски ѕид, во која, нешто поназапад, откриени биле и ѕидови од христијанска базилика со многу добро сочуван мозаик од околу 10 кв метри. Нешто понаисток се дошло и до ново откритие, во близина на ѕид од некаков објект бил пронајден пиластер. Покрај рекичката, во нива, откриен бил и бунар и дебели ѕидови во кои биле пронајдени два натписа, еден на латински, другиот фрагмент на грчки јазик.

362. Кутија 16, 2.1.16.2/5-42

363. Книга бр. 58, 17 јануари 1938, т. Потпоре

364. Книга бр. 67, 10 јануари 1939, Буџет

365. Книга бр. 58, 25 ноември 1937, т. 10, 11, 12

366. Книга бр. 67, 14 април 1938, т. 1

367. **Градске новости града Битоља,** Нови сјај, г. IV, бр. 37-38-39, Битољ, мај-јуни-јули 1937, 2

368. Кутија 19, 2.1.19.387/1186-1192

369. Кутија 23, 2.1.23.160/7-8

Очекувано, ископувањава станале атракција за битолчани, кои доаѓале често поединечно и во групи. Интерес искажувале и странците, кои во Битола биле на поминување. Во една прилика се нашле и лимнолози од Германија, меѓу кој бил и професорот Карл Кениг од Виена.[370] Во месец август во 1938 год. престојувал и познатиот археолог, професор на Харвардскиот универзитет од САД, д-р Влад. Фјукс, кој останал три дена и кој пројавил интерес и за тумбите во Пелагонискиот Басен, посебно за оние во Кременица, Новаци и Логоварди.[371]

Ископувањата на Хераклеја се планирало да продолжат и во 1939 год. под услов да се обезбедат средства од Општината.[372]

Како што се случува кај нас, секој почеток да има и друг почеток, така во месец март 1943 год., во Битола пристигнал и директорот на Скопскиот народен музеј, Хр. Вакаревски, и тој да помогне да се организира Градски музеј.[373]

Основачко собрание на битолското Студентско здружение

Основачкото собрание на „Здружението на битолските студенти“ одржано било на 19 август 1934 год., макар што идејата за него била стара најмалку осум години. Само што проструил предлогот низ Битола, веднаш бил поддржан и

370. М. П., **Отпочело се са откопавањем старе Хераклеје код Битоља**, Вардар, Скопље, 16 октомври 1934, 7

371. **Д-р Влад. Фјукс, професор Харвардског универзитета у Битољу**, Битољске новине, г. I, бр. 9, Битољ, 30 јула 1938, 3

372. **Радови на ископавању Хераклеје завршени,** Битољске новине, г. I, бр. 12, Битољ, 20 август 1938, 2

373. **Хроника**, Пелистерско ехо, бр. 66, Битоля, 3 април 1943, 4

од граѓанството.[374] За жал, на виделина излегле и полно проблеми со кои се мачеле студентите, посебно посиромашните.[375] Причината да се избере месец август била сосема оправдана, студентите биле на летен распус и во поголем број во градот.[376] На собранието се собрале 60-на студенти од разни универзитети и факултети на предвоена Југославија, но и такви што се школувале и надвор од земјата.

И пред формирањето на „Здружениево“ имало значаен број студенти кои биле вклучени во разни асоцијации, имало членови во „Француско–југословенскиот клуб“, во „Југословенската акција“, во „Јадранската стража“, но и во други, слични здруженија во градот, но обединети во свое, студентско, со програма, со раководство и со набележани цели, за првпат се случувало сега. Непосреден повод да се покрене ваква идеја била насушната потреба од градска библиотека, која во градот ја немало, а која им била неопходна на студентите.

Пред основачкото собрание, група, посебно неколку активни студенти, одржале иницијативни средби на кои се разгледало прашањето за основачко собрание, но и за темите што требало да се третираат, при што посебно ангажирани биле Ќирило Стојковиќ, Предраг Јовановиќ, Пера Стојановиќ и др.[377]

Основачкото собрание било масовно посетено, што било добар знак дека работите тргнале не само од мртва точка, туку и дека започнале да течат и во позитивна

374. **Студенти из Битоља оснивају своје удружење**, Нови сјај, август 1934, 4

375. Бранко Милошевић, студент, **Студентско питање,** Нови сјај, новембар - децембар 1934, 3

376. **Битољске вести,** Нови сјај, г. I, бр. 4, август 1934, 4; **Битољске вести, Студетнско удружење у Битољу,** Нови сјај, г. I, бр. 5, децембар 1934, 4

377. **Студентско удружење у Битољу,** Нови сјај, Битољ, септембар 1934, 4

насока. Собранието го отворил Ќирило Стојковиќ, студент на технички науки. По краткиот реферат на Предраг Јовановиќ, студент по право, кој ги истакнал мотивите за обединувањето, се преминало кон читање и дискусија на предложениот „Правилник“. Во него биле поставени и неколку основни цели што се планирале да се реализираат во иднина, меѓу другите и: потесно меѓусебно запознавање, материјално помагање на сиромашните студенти и нивно културно–просветно и стручно усовршување. Прашањето за градската библиотека станало задача на која требало да ѝ се даде приоритет во натамошната работа.

Во дискусијата се вклучиле повеќе студенти со свои видувања за идната работа, а и со забелешки на дотогашната.

Потем се преминало на избор на Управен одбор. За претседател бил избран Томо Лазаревиќ, студент на право, а членови станале: Бранко Милошевиќ, студент на право, Радмила Лешњаревиќ, студент на право, Ќирило Миљковиќ (Киро Миљовски), студент по ветерина, Михајло Петровиќ (Михајло Петрушевски), студент на филозофија, Методије Бојациевиќ, студент по економија, Нада Карановиќ, студент по филозофија, Никола Трајановиќ, студент на право, Крум Хололчев, студент на технички науки, Петар Кардалевиќ, студент на технички науки, Ќирило Симјановиќ, студент по ветерина и Никола Наумовиќ, студент по медицински науки. Во Надзорниот одбор влегле: Петар Стојановиќ, студент по право, претседател, а членови станале Борис Стојковиќ, студент по Експ. акад., Благоје Петковиќ, студент по медицински науки и Реља Јездиќ, студент по право[378].

---

[378] **У Битољу је основано удружење студената**, Вардар, Скопље, 23 август 1934, 2

У Битољу је основано удружење студената

Заедничка фотографија на студентите по одржаното собрание

Веста за формирањето во битолската јавност била примена со симпатии, многумина најавиле дека и сесрдно, материјално и на друг начин ќе го потпомагаат.[379]

Во годините што следат Здружениево ќе развие широка културна дејност не само среде студентите, туку и во градот. Успеало да добие и простории во постар објект спроти Офицерскиот дом, каде проработиле неколку секции (рецитаторска, пејачка, мандолинска и драмска). Како најактивни се истакнале Томе Василевски, Киро Миљовски, Илија Топаловски, Димитрие Гулас, Лилјана Чаловска, Сотир Саранди и др.[380]

379. Б. Милошевић, студ. права, **Битољске вести, Студентско удружење у Битољу,** Нови сјај, Битољ, 5, септембар 1934, 4

380. Александар Стерјовски, **Битола - Каријатиди на Театарот**, 370

Формирање Пчеларска задруга

Битола и околината од памтивека имале мошне поволни услови за развој на пчеларството, но тоа, како стопанска гранка, немал којзнае какво значење. Српските власти уште во 1914 год. ја согледале состојбата, утврдиле дека е крајно примитивно и дека треба што поскоро да му се помогне да се унапреди. Уште веднаш било решено да се обезбедат повеќе современи пчелни сандаци.[381]

Таквата намера била искажана и во службеното писмо кое наскоро пристигнало во Општинскиот одбор и во кое стоело дека наскоро ќе пристигнат 10 современи пчелни сандаци и дека треба да се распределат меѓу пчеларите.[382]

Тоа бил првиот обид во подобрувањето на битолското пчеларство.

Истото продолжило и понатака. Почнувајќи од 30-те години пионери станале селските учители, кои преку стручна литература, преку лично искуство донесено од своите краишта, а и на друг начин, станале најнапредните пчелари и најдиректните учители во осовременување на пчеларењето. Не треба да се заборави и влијанието на списанието „Југословенско пчеларство“ во кое имало многу практични совети и кое станало пропагатор и за формирање пчеларски задруги.

Иницијатори за формирањето на првата Пчеларска задруга во Битола биле двајца познати граѓани, уште попознати аматери пчелари, Аца Ѓорѓевиќ, управител на Домот на стари лица, и Милан Савкиќ, земјоделски референт

381. Д-р Глигор Тодоровски, Цит. дело, 268

382. **Подизање пчеларства**, Општинске новине, бр. 48, Битола, 15 мај 1914, 4; **Рад у Одбору и Општини**, Општинске новине, бр. 49, Битола, 23 мај 1914, 1

и голем пропагатор на задругарството. По повеќемесечни агитации и по сериозни подготовки, успеале да го свикаат основачкото собрание. Се одржало во салата на хотел „Солун“, на 19 јули (недела) 1936 год., каде главна тема не биле совети околу пчелите, туку значењето и ползата од пчеларската задруга. Откако била објаснета и сфатена, веднаш се запишале 26 пчелари од Битола и Битолско. За да може истата да живее и да функционира, била одредена и членарина во износ од 100 динари годишно и додаток од половина динар по кошница и еден динар по сандук.

Во првиот Управен одбор влегле: Милан Савкиќ, (претседател), Андон Ахтаревиќ, претседател на могилската општина, д-р Антон Жегура, професор; Јован Филиповиќ, чевлар, и Василије Атанасијевиќ, општински службеник. Во Надзорниот одбор се нашле: д-р Михајло Поповиќ, лекар; инж. Никола Гусев, руски емигрант, и Петар Илиќ, воскар. Секретарското задолжение му било доверено на Александар Младеновиќ, а благајничкото на Тома Гиниќ.[383]

Покрај нив, како загреани активисти во задругата се посочувале и Радмило Т. Вујовиќ, Наум Симјановиќ, Васил Крстиќ, Ѓорѓе Макалевиќ, Димитирије Костиќ и уште неколцина други.

Откако задругата била оформена, одборите изгласани, се пристапило и кон нејзино регистрирање во Окружниот суд во Битола. Било направено на 3 октомври 1936 год. под бр. фи 61/36„ со што таа станала правен субјект со сите права и должности. На 21 истиот месец и истата година станала и член на Сојузот на пчеларските задруги на Југославија.[384]

383. М., **У Битољу је основана Пчеларска задруга**, Вардар, Скопље, 22 јули 1936, 4

384. **Пчеларско задругарство,** Југословенско пчеларство, бр. 11, 1936, 360

Основање и тензични состојби во Занаетчиското здружение

Занаетчиското здружение било едно од постарите и побројните здруженија во Битола. Основано било според одобрението на Занаетчиската комора од Белград како „Здружение на занаетчиите од округот Битолски и од градот Битола“. Основачката конференција се одржала на 20 мај 1923 год., на која како претседател бил избран Петар Герасимовиќ, за потпретседатели Илија Бандевиќ и Хасан хоџа Рамор, за секретар Димитрија Аџиевиќ, за благајник Јован Крстиќ. Во Управаниот одбор влегле: Сотир Димитријевиќ, Димитрије Каранфиловиќ, Панто Николиќ, Ванѓел Ѓорѓевиќ, Риста Котевиќ, Кочо Николиќ, Ташко Х. Нака, Ристо Ничевиќ, Ванѓел Милевиќ и Никола Илиќ, додека во Надзорниот одбор: претседател станал Алкивијади Џеварџи, а членови: Ванѓел Десановиќ, Тодор Стојчевиќ, Глигур Јовановиќ и Вељко Николиќ.[385]

Во почетокот работата во здружението одела добро, но личните интереси, нагласените суети и анимозитети меѓу првите луѓе, често силно, па и пресудно влијаеле не само врз односите меѓу членството, туку и врз севкупната работа во еснафот.

Најубав пример во тоа е и судирот, кој се случил две децении подоцна. Јавна тајна било дека подолго време тлееле нетрпеливости меѓу претседателот, познатот претприемач Илија Дарковиќ, и сопственикот на познатата шеќергиска работилница, Наум Симјановиќ, кое како рефлексија се одразило и меѓу членството. Се создал и фронт од две ре-

385. **Занатлијски еснаф за окрг. Бит. и град Битољ,** Битољски трговински гласник, г. I, бр. 18, Битољ, 6 јуна 1923, 3

ско поделени групации, готови да се фатат во костец не само вербално, туку и физички.

Токму од тие причини со огромен интерес се очекувало годишното собрание, што требало да се одржи во месец април 1936 год.

На закажаниот датум, во пространите простории на Здружението, кои се наоѓале покрај реката Драгор (денес на местото каде што се јавните клозети), пристигнал огромен број нас'скани и тензично настроени членови од обете групации, па не можело да се најде ниту едно слободно место во салата.

Точно во 10 часот, собирот го отворил претседателот Илија Дарковиќ со читање поздравни телеграми, упатени до кралот и до министерот за трговија и индустрија, а третата до заменик – банот на Вардарска Бановина, Душан Филиповиќ. Вообичаено, истите биле поздравени со соодветен аплауз.

По предлог на Дарковиќ биле избрани тројца оверувачи на записникот и бил прочитан и извештајот за работата, кои поминале во релативен мир, но, кога почнал да се презентира благајничкиот извештај, настанала многу бучна и силна реакција, што требало да значи дека тој дел од извештајот е најпроблематичниот од работата на здружениево. Гневни реакции имало и во врска со гласањето за прифаќање на извештајот, уште повеќе и предлогот претседателот да биде реизбран, а капак на сето било кога се спомнал и криминалот во имот и од 2.000 динари, кое предизвикало болен плач од присутна вдовица, сопруга на поранешен член на Здружението, по што следела експлозија на гнев и бурни викотници.

Околу 13 часот, дел од занаетчиите, противници на актуелниот претседател, излегле на улица извикувајќи „Долу старата управа", „Да живее Наум Симјановиќ", со што со-

бирот останал без завршеток. За среќа, немало тепачки.[386] Следниот собир, одржан следниот месец, доживеал сосема поинаква разрешница, Наум Симјановиќ, сепак, дошол на челното место на Здружението, а во Управниот и Надзорниот одбор избрани биле сосема други лица.[387]

Обид Кајмакчалан да биде прогласен за национален парк

По созревањето на идејата дека во Македонија има услови за прогласување национален парк, на конференцијата на шумарите на Вардарска Бановина, одржана во Скопје на 3, 4 и 5 јуни 1934 год., бил истакнат и еден таков предлог. Според предлагачите, Кајмакчалан и Добро Поле (планината Ниџе), заради историското значење, заслужувале да бидат прогласени за прв национален парк во државата. Предлогот и образложението оттаму пристигнале и до Министерството за шуми и рудници во Белград и на истиот му било посветено соодветно внимание. Наскоро во Министерствово била формирана и комисија за оценка на предлогот, составена од стручни лица: инж. Маруциа, виш советник и инж. Богичевиќ, од истото Министерство; Љубомир Марковиќ, шеф на Отсекот на шумарство, од управата на Вардарска Бановина; инж. Светозар Новаковиќ, советник во Дирекцијата за шумарство во Скопје и Миленко Шуњевариќ, шеф на Шумската управа во Битола.

Комисијата наскоро пристигнала во Битола и на терен на планината Ниџе, каде престојувала извесен период, проучувајќи ги основите од препораките. По враќањето во

386. Вук. Ч. Вукомановиќ, **Занатлије у Битољу,** Вардар, Скопље, 10 април 1936, 5

387. **Удружење занатлија у Битољу,** Нови сјај, Битољ, јуни–јули 1936, 3

Белград, го напишала и го поднела извештајот до Министерството за шуми и рудници. Оценката била негативна. Таму стоело дека Кајмакчалан и Добро Поле имаат историско значење, но не и да станат национален парк.[388]

Петнаесетина години подоцна (1948) Битола, сепак, ќе добие национален парк, „Пелистер".

388. Јов. А. Поповић, **Одабирање и проглашење националних паркова у Вардарској бановини**, Нови сјај, Битољ, бр. 9, јануар 1935, 3

Прилози без ознаки

Поплавата од 1656 год.

Многу често и многу тешко Битола во минатото страдала од поплави. Некогаш биле и толку силни и разорни што бришеле не улици, туку и маали, па и делови од градот. Виновникот се знаел, и секогаш бил ист, Драгорот. До 1850 год. немал корито и правел своеволни градски и приградски екскурзии и пробиви какви што сакал и по свој избор, не поштедувајќи никого.

Првата, разорна поплава што е позната, е од далечната 1656 год. Немала, за среќа, човечки жртви, зашто жителите покрај реката, познавајќи ја нејзината ќуд, што ја најавувала преку злокобниот подземен клокот оддалеку, совреме беа ги напуштиле живеалиштата и беа се засолниле, но истото не можеле да го направат и со имотите. Во поплавата настрадале повеќе маала, најмногу крајдрагорското Софта Хоџа Маалото. Тоа било збришано.

Како и претходно, битолчани и во оваа прилика презеле акции за солидарност и да им се помогне на настраданите. Градските првенци (учените, имамите, ајаните и други) се претставиле пред судот, ја опишале трагедијата, ги разгледале можностите и предложиле мерки за помош.

Посебно во тоа се истакнале Ахмед челеби, Халил ефенди, Али ефенди, Ибрахим челеби, Имер ефенди, Имер Махмуд, Ахмед ефенди, Шабан челеби, Мехмед ефенди Ахмед ефенди, Хазир челеби, Ахмед челеби хаци Ахмед и Имер Сулејман кои предложиле настрадaните да се ослободат од дел даночни обврски, пред сè, од керихте, бедели аварис, бедели мекари, џелепкешан и др., кое било прифатено и спроведено од локалната власт.

Благодарните жители, најмногу оние од Софта Хоџа Маалото, се вратиле назад и ја отпочнале битката и за обновување на домовите и на животот воопшто.[389]

Наскоро поплавата и проблемите се заборавиле и животот го продолжил дотогашниот ритам.

Султан што требало да се роди во Битола

Османлиите многу високо го ценеле и се воодушевувале од личноста и од грандиозното дело на Александар Македонски, кого го преименувале во Искендер. За овој воинствен народ од Средна Азија, кој едно време чукал и на портите од Виена, станал идеал и инспирација за многубројни освојувачки походи и во Африка и во Русија. Влегол и во нивната воена стратегија, во преданијата и во песните. Оттаму и копнежи за генетски наследник и кај некои султани.

Еден од нив беше се надевал дека и магично можно е тоа да се изведе, едноставно, идниот претстолонаследник да се роди во татковината на големиот воин, во Македонија, во Битола. Неговата млада робинка, Гркинка од Крит, кон која гаел нежни чувства, а која го следела додека бил на лов во Лариса, била бремена во поодминат стадиум. Со желба

389. Сицил бр. 14, 1656, август, 2, 38

породувањето да се случи во Битола во 1669 год., а таа да пристигне навреме и безбедно до градот, било преземено сè патните врски меѓу Лариса и Битола да бидат уредени и безбедни. Со помош на месните жители планинските тесненци станале проширени, преслапите преодни, мостовите воспоставени, па во 1669 год., во придружба на сопругот, трудницата стигнала во Битола. Во меѓувреме, избеганите христијани од страв од терор, кои преку посредник султанот ги беше повикал, се вратиле во градот.

Султанката родила ќеркичка, која проживеела само неколку дена, желбата и магијата, за жал, не се остварале и вториот Александар Велики во Битола не се родил.[390] Султанот што пројавил таква желба бил Ибрахим (1648-1687).

Заради долгови - групно напуштање на живеалишта

Кога презадолженоста кон државата и кредиторите станувал неиздржлив, а израмнувањето невозможно, решението на должниците било едноставно - напуштање на живеалиштата и бегање во непознат крај. Личната трага на тој начин се губела, отплатите, барем времено, се прекинувале. И додека се откријат избеганите, додека повторно влезат во даночните списоци, врвеле месеци и години, а за тоа време не се плаќале даноци, отплати и камати. Било тоа испробан рецепт со кој нашиот човек се снаоѓал подолго време, особено во раните векови од османлиската историја. Оваа постапка имала и друга предност, доколку избеганите решиле повторно да се вратат и тогаш имало маневарски простори.

390. А. Матковски и П. Ангелакова, **Патувањето на Едвард Браун низ Македонија (1669 г.)**, Историја, г. VI, бр. 1, Скопје, 1970, 137, 139

Под уцена дека ќе го повторат бегањето, уценувале отплатата да се намали, да се пролонгира или да се отплаќа во рати, односно условите ги поставувале тие.

Вакви методи применувале, се разбира, и жителите од битолските села.

Така, во првите децении од 17 век *„заради големи* долгови*"* жителите на Крстоар го напуштиле селото и се иселиле. По извесно време и од непознати причини, одлучиле да се вратат, но пред да го сторат тоа, дошле во битолскиот суд на договор и се претставиле: Петруш Мијајле, Бошко Танче, Стефко Михо, Стојко Митан и уште неколку други и побарале: три години да немаат никакви давачки, да им мирува главнината и лихвата, а и откако ќе започнат со отплатата, да биде таа според нивните материјални можности, во спротивно, се заканиле, дека ќе побегнат и никогаш повеќе нема да се вратат.

Сфаќајќи ја заканава сосема сериозно и за реална, судот и присутните кредитори, условите, иако тешки, ги прифатиле.[391]

Слично постапиле и жителите на селото Новаци, во 1651 год.,[392] па и тие од Долна Чрешка, во 1647 год.

Извлекувајќи поука од ваквите чести случаи, судот презел и одредени мерки и за подобрување на материјалната и сеопштата состојба на селаните, со надеж дека бегањето ќе престане. На кредиторите им било сугерирано да престанат со бездушноста во материјалната експлоатација, на спахиите да не ги тераат луѓето на ангарија повеќе од три дена, да престанат и со други познати беззаконија.[393]

391. Сиџил бр. 3, неутврден датум

392. Сиџил бр. 12, 1651, јули 19

393. Сиџил бр. 11, 1647, неутврден датум

На ваков начин се изборите жителите и на други населени места. Го презеле селаните и од Полог,[394] од Богданци, претставени од Роман Никола, мечкар, Јован и уште неколку други нивни соселани,[395] како и од други села.

Пазарски контроли и казни

Прифаќајќи традиции од Блискиот Исток, османлиите присвоиле многу и од содржините на јавните пазари. И нивните станале живи, шаренолики, бучни, со отворен и покриен дел (*„капали чаршија“*), со сличен метрички систем, со такси, со начин контрола врз квалитетот и врз цените на производите, како и со казни за прекршувањата.

Официјалното лице за контролата, познато како мухтесиб, добило задолжение за сето време да крстари низ пазарот, да ги открива неправилностите, прекршителите да ги доставува до месниот кадија, кој потоа ја водел постапката и казнувал.

Во 1836 год., заради смртта на Мула Хасан, местото пазарен контролор во Битола било испразнето, па месниот кадија му го доверил на актуелниот пазарбашија (старешината на пазарот и чаршијата), кому, заедно со писмената одлука за поставување, му биле доставени и децидните задолженија секоја недела да прибира мостри од пченицте вардарка и црвена (од кои најмногу се правел лебот и лебните печива) во Битола, да го проверува квалитетот и да ги гони прекршителите. Доколку се знае дека постоеле три категории квалитет (горен, среден и долен) и дека лесно можело да се манипулира со нив, новиот службеник, навистина, имал сложена и голема одговорност. Посебното

394. Сицил бр. 16, 1657, октомври 9

395. Сицил бр. 8, 1640, декември 29

кадиско укажување било и лебарите да не бидат оштетени при проверките, но да не бидат оштетени уште повеќе потрошувачите.[396]

Покрај официјалните лица, самоиницијативна контрола правеле и лица од повисоката државна хиерархија. Големиот везир, кадијата, јаничарскиот ага, па и самиот султан, инкогнито и јавно, крстареле низ пазарот и на самото место ги извршувале казните, внесувајќи паничен страв само од допрен глас за нивно присуство.[397] Казните биле безмилосни, особено за лебот, кој требало да биде и од одреден квалитет и од одредена тежина. За непоправливите не еднаш била применета и смртна казна.[398]

За жал, како сè што било корумпирано и недоследно, и оваа функција станала извор за криминални заработки. Истото се случувало со проверките и казните и со инспекторите што доаѓале со директиви од централата.

Во 1863 год., токму кога во Битола престојувале Англичанките Мекензи и Ирби, од Цариград требало да стигне „комесар", Суби–бej. *„Додека ние бевме во Битола,* пишуваат тие, *одвај ако помина еден ден без да излезе на виделина некоја злоупотреба на управата, и колку што ние слушнавме, на Суби-бej не му недостасувала енергија за да казни, ниту вештина за да го пронајде злото".*

И тој, слично и на еден негов претходник, испратен на друго место со истата задача, морал да бега предвреме заради неможноста да се справи со проблемите и со жестоките отпори, што биле чести против оваа служба.[399]

396. **Турски документи за македонската историја**, В, 1827-1839, с. 85, д. 23

397. **Балканот во делата на странските патописци,** 1402-1657, 385

398. Халил Иналџик, **Османско царство**, Српска књижевна задруга, Београд, 1974, 219

399. **Македонија во делата на странските патописци**, 1850-1864, 584

Причините за хаотичните состојби на пазарот биле безбројни, една била одбегнување за примена на метричкиот систем, кој и во 17 век бил на стартна позиција, дури имало и масовно нарушување, наместо тегови, се употребувале камења од разна големина и тежина, наместо мерки за должина – прачки и летви и сл.

За да се стави ред и да се попречи тоа, многу рано од канцеларијата на султанот доаѓале реакции и наредби, како онаа од 31 мај 1640 год., во која се барало да не се употребуваат мерки *„што не се жигосани со царски потпис“*, посебно за тежина (драм) и за должина (аршин и ендазе), зашто, во спротивно, следувале строги казни.[400]

Проблеми имало и со цената на производите, која не била пазарна, туку нормирана. Ја договарале на заедничка маса претставници од еснафот и лица од локалната власт. Навистина во неа биле вкалкулирани трошоците на материјалот и трудот, но печалбата не можела да биде повисока од 10, односно од 20 отсто, кога се работело за високостручна изведба. На тој начин се формирале списоците на цените, кои биле јавни и обврзувачки.

Се проверувал и квалитетот, дали производите се продаваат на пазарот или и надвор од него. И во овие случаи, кога имало прекршување, следувале соодветни казни,[401] од кои најчести биле физичките, виновникот бил фрлан в кал и публично бичуван.[402] Бил тепан по стапалата, прикован на вратата од дуќанот со клин во увото, каде минувал половина или цел ден, оближуван од здодевни муви и други гадинки или доживувал јавно понижување со водење низ гра-

400. **Турски документи за историјата на македонскиот народ,** IV, 31 мај 1640, д.15, стр.16-17

401. Сицил бр. 12, 1650, без датум, бр. 3

402. **Румелийски делници и празници**, 22

дот со наврена глава во штица со звончиња итн. Прашање било дали по ова мачно искуство и јавен срам некој би ја повторил грешката, доколку тоа и се случело, на повидок била и смртна казна.[403]



Пазарско шаренило во Битола (септември 1848)

Од сиот спектар вакви срамни казни, голем број биле преземени и во 19 век.[404]

Контрареакциите на нив биле прекинување на производството за одреден период, или трајно затворање на дуќаните.

403. **Македонија во делата на странските патописци**, 1778-1826, 777
404. Исто

Телали и барабанџии

Телалите, познати и како протуѓери или гласници, имале еснаф, устав и устабашија, кој стоел на чело на здружението и ги претставувал пред власта и пред јавноста. Работата им била посредништво при продажбите, гласно рекламирајќи ги стоките низ пазарот, маалите и низ улиците. Им се доверувале и работи од највисока цена, што била потврда за нивната високо ценета честитост.

Во 1634 год. одреден период еснафот бил укинат, по што се јавил револт и барање за возобновување, при што особено гласни во тоа биле изработувачите на влечки и башмаци.[405]

Задолжението телал се добивало од судот преку одредена формалност и во присуство на членови од еснафот. На предлог на неколкумина граѓани, а и на телалбашијата Дурлак Мустафа, во 1718 год., во судот за нов телал бил поставен Хусеин, брат на телалбашијата,[406] а Али, во 1762 год., станал телал по препораката и гаранцијата од Сејид Мустафа. Неговата работа била да ги објавува смртните пресуди и лицитациите на посмртните оставнини.[407] Бројот во 1827 им изнесувал 25, толку биле и во 1856 год.,[408] а еден од нив, во 1831 год., бил и Абдулах ага.[409]

405. **Турски документи за историјата на македонскиот народ,** том III, меѓу 12 и 21 август 1638, д. 167, с. 121 (21)

406. Сицил бр. 12, 1650, без датум, бр. 3

407. Сицил бр. 55, февруари 1

408. Никола В. Димитров, **Географско–историски преглед на стопанскиот подем на Битола во XIX век,** во: **Битола низ вековите**, VIII, Педагошки факултет – Битола, Битола, 2005, 30.

409. **Турски документи за македонската историја**, 1827-1839, 62



14.
1765, јануари 27 /1179, шабан 4/
НЕЛЕПКА – Преку телал-башијата, избило одобрено лицето Кучук Мехмет да продава работи од оставини.
Лист 1/8

Регест од Сиџилот бр. 57 (1765)

Новите, скапи и убави работи (килими, сиџадети и др.), во крајот на 19 век, вообичаено било да ги продаваат телалите Турци, а старите работи, телалите Евреи.[410]

По Првата светска војна нивното задолжение го презеле барабанциите, кои сега препознатливи биле по униформата и по барабанот што висел на широк ремен на рамото, а на кој место имало и за двете дрвени удиралки. За сето време на српската управа бил само еден. Поаѓајќи од ниската плата (1914 – 840, 1929 и 1932 – 1.000 дин.) треба да се заклучи дека професијава не била на голема цена.

Задачата нивна била да ги обзнани општинските наредби публично и тоа го правел крстарејќи низ градот и на места традиционално одредени. Се најавувал со повеќе еднолични удари во барабанчето, кои граѓаните ги препознавале и се береле на местото каде тој веќе ги очекувал. Ритуалот вадење на објавата, сместување на местата на ударалките и др., исто така, биле традиционални. На тој начин бил презентиран и новиот општински ценовник за прехранбени производи, на 24 јули 1921 год.[411]

Овие известувачи опстоиле и за време бугарската управа,[412] ги имало и во првите години по ослободувањето.

410. Д-р Јов. Хаџи Васиљевиќ, Цит. дело, 30

411. Кутија АЕ 1, бр. 1

412. **Општински вести,** Пелистерско ехо, г. I, бр. 1, Битоля, 1 јануарий 1942, 6

Тескере, нуфуз, пасош...

Тескерето бил турски персонален документ за идентификација, неопходен кога поединецот го напуштал местото за живеење или кога военото лице патувало службено, бил, всушност, аналоген на денешната лична карта. Во него биле впишани личното име, името на таткото (бидејќи сè уште не биле востановени презимињата), од каде потекнува, каде и зошто патува, како и некои битни лични белези (форма на лице, веѓи, боја на коса, посебни телесни белези, висина и др.).

За да се добие, пак, ваков документ, требало да се располага и со неизбежната и вообичаена гаранција од некого. Кога во месец април 1803 год. група кирации од Битола, Охрид и Струга, биле со намера да патуваат за Цариград, морале меѓусебно да гарантираат еден за друг и секој газда да гарантира и за своите помошници со назнака дека не се „башибозук", односно со проблематични намери.[413]

Заради почеток на настаните во Грција во 20-те години од 19 век, патувањето било строго забрането без оваа исправа првин низ Румелија,[414] подоцна и низ целата држава. Наредбава се повторила и во 1823 год.,[415] и 1839 год.[416] Доколку се случело некој, сепак, да биде на пат без ваков документ, беспоговорно бил враќан назад. Ваквите ограничувања важечки биле не само за цивилните, но и за воените лица.[417] Наредбата гласела: *„Луѓето кои патуваат*

413. **Турски документи за македонската историја,** 1800-1803, 108

414. Сицил бр. 90, 1820, јануари трета декада, бр. 101

415. **Турски документи за македонската историја,** 1818-1827, 88

416. **Турски документи за македонската историја,** 1827-1839, 141

417. Сицил 100, 1832, ноември 5, бр. 259 (13) и Сицил 104,1838, ноември, втора декада, бр. 115 (12)

од место до место треба да имаат тескере – патна исправа од каде ќе се види од каде е, презиме и други белези. Истите треба да бидат заведени првин во тефтериште, дури потоа да се издаде дозволата од која ќе се види каде и зошто патува".[418]

Во некои случаи, како замена за него, можел да послужи и ферман или бујурулдија.[419]

За патување во ист вилает бил потребен нуфуз, кој се добивал при раѓањето, кој во крајот на 19 век чинел 5 гроша, за патување во друг вилает, било потребно тескере кое чинело, исто така, 5 гроша, додека за патување надвор од државата се добивал пасош, чија важност траела една година и чинел високи 50 гроша.[420]

За странците вообичаено било пред да појдат од еден во друг град да се пријават во локалната власт и таму да добијат документ со право за продолжување на патувањето. Препорачливо било и да се снабдат со препораки до пријатели или до конзулските претставништва на своите земји.[421]

Битола – румелиски фармацевтски дистрибутивен центар

Со преместувањето на управата на Румелискиот ејалет и со стационирањето на Третата турска армија во Битола, Битола станала важен економски, воен и административен центар. Бидејќи се наоѓала и во близина на Солунското при-

418. Сицил бр. 104, 1838, ноември втора декада

419. **Македонија во делата на странските патописци,** 1827-1849, 567

420. **Битолско, Преспа и Охридско,** Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина, IV, София, 1891, 19

421. **Македонија во делата на странските патописци,** 1850-1864, 568

станиште, се создале услови и за невиден севкупен подем, преобразувајќи ја во еден од најголемите градови на Балканот. Истовремено станал и голем фармацевтски дистрибутивен центар, а за тоа имал и услови и квалификувани кадри, афирмирани фармацевти.

Центаров првин бил лоциран во Воената болница, подигната во квартот Димитри како комплекс објекти, обградени со дебели ѕидови. Еден, еднокатен, наменет бил за ранети и болни казненици, со капацитет од 64 болни, друг, приземен, имал 18 болнички кревети. Во него имало и магацини и помошни згради, како и посебно депо за лекови. Со сиов овој сложен систем управувал директор (хасталарга). Во 1843 год. на тоа место се наоѓал Малтежанецот Скембер.

Депото, освен што ја снабдувало болницата, се грижело и за трупите и за сите воени болници во Румелија.[422] Работното време му било само денски.[423]

За да биде екипирано со најнужните и најважните лекарства, главно од увоз, се трошеле огромни средства, само за 1855 год. изнесувале 1.560.000 франци, ставка што стоела на третото место за стоки набавени во странство за сиот Битолски пашалак[424].

Ноќни улични стражари

Зајдисонцето во Османската Империја било опомена за постепено празнење и затворање на чаршијата, по што, како што вели еден свидетел, *„на улиците е толку тивко и темно како во гроб“*. Така било во секој град, во Истанбул

422. **Извештај за Битолскиот пашалак**, 105

423. **Македонија во делата на странските патописци**, 1827-1849, 557

424. Исто, 103

дури и во поново време (1835).[425] Примерниот домаќин, според тој обичај, се прибирал и ја замандалувал портата на својот дом и, пред да му се препушти на семејниот амбиент, исполнувал уште една декретна должност – на прозорецот истакнувал запален фенер, кој активен останувал до утринските часови. Ваквиот ритуал го забележале и странците (*„дел од градот што се вика пазар се затвора штом падне мрак*“[426]).

Доколку некој, сепак, се најдел на улица вон стандардното време, требало да го обележи своето присуство со фенер (*„Арамиите и луѓето со нечесни намери навечер не носат фенер“*, говори една стара турска поговорка) или дека *„само на кучињата им доликува да одат по улиците“* ноќе без да го означуваат тоа, вели друга.[427] Непочитувачите ризикувале да бидат запрени од ќулахот, ноќниот стражар, а и да се најдат в затвор.[428] Стражарите, пак, за сето време од ноќта *„со тојага во едната рака и запален фенер во другата се шетале по градот што му бил доверен...“*(1547).[429] Притворениот в затвор останувал до следното утро, односно додека не била утврдена оправданоста за ноќното сновеење.[430]

Странците во Истанбул, кои ги имало во поприличен број, навикнати на полиберални слободи, нашле поинакво решение, за евтини пари, од обична бакалница, се снабду-

425. **Македонија во делата на странските патописи**, 1827-1849, 75

426. Ljubiša Doklestić, **Кроз хисторију Македоније,** Školska knjiga, Zagreb,1964, 114

427. **Македонија во делата на странските патописци**,1778-1826, 211

428. Спиридон Гопчевиќ, Цит. дело, 121

429. **Балканот во делата на странските патописци,** 1402-1657, 105

430. Спиридон Гопчевиќ, Цит. дело, 121

вале со ролни хартија, го ставале долгиот чибук во една од нив и пушејќи, го означувале своето присуство.[431]

Ноќниот стражар, пак, бил обврзниот декор на секое поголемо населено место, па и на Битола, каде биле регистрирани доста рано.

Во месец јануари 1634 год. му била дадена гаранција на Мехмеда, ноќниот чувар на Битолската чаршија, да ги гони сите што го нарушувале редот во градот, а тоа беше го стекнал како посебно честит човек.[432] И спахијата Мехмед челеби бил еден од нив, кој уште во 1643 год. добил задача да ги фаќа и да ги приведува во судот сите што ќе се најдат ноќно време на улица без фенер[433].

Ако ваквото стражарење претходно било инцидентно и по потреба, од 1748 год. се вовела и редовна ноќна стража во Битола. Првин се состоела од неколкумина, чија задача била цела ноќ да сновеат низ улиците и чаршијата.[434] Чувар на Горната чаршија, во 1765 год., бил и Али бајрактар бин Илијаз.[435] Внимавале да не се случи и пожар, грабеж, убиство или друга несреќа. Крстарејќи од улица во улица, останувале надвор додека не се јавеле првите мајстори и не започнале да се отвораат дуќаните. Биле назначувани со посебни решенија (мураселиња), а се препознавале по униформите.[436] Две децении подоцна (1776) стражата станала уште побројна. Заради одредени проблеми, во 1788 год. повторно се повикувало на будност и обезбедување јавен

431. **Македонија во делата на странските патописци**, 1827-1849, 75
432. Сицил бр. 3, 1634, почеток на јануари, бр. 173
433. Сицил бр. 9, 1643, без датум и број
434. Сицил бр. 51, 1768, февруари 18„ бр. 249
435. Сицил бр. 57, 1765, јануари 18, бр. 10
436. Книга бр. 104, 1838, август 13, бр. 186

ред и мир во градот.[437] Во 1838 год. бројот им се зголемил. Само за чување на чаршијата биле ангажирани 20 лица, а да не говориме и за оние кои стражареле и по маалските населби. Биле и добро вооружени, имале право секого да запрат и да го приведат, а ваквите мерки следувале по зачестените грабежи на дуќани и куќи.[438] Не ретко им помагале и граѓаните кога ќе забележеле сомнително лице, особено во вечерните часови.[439]

Ноќни стражари имало и во самиот Безистен, кои во 19 век имале третман и на улични чувари.[440] Во крајот на овој век ноќното движење во Битола без фенер сè уште било казниво.[441] Навечер не смеело да се влезе и во градот, приградските стражари ги попречувале намерниците и во крајот на 19 век, особено откако се случиле неколку убиства.[442]

По заминувањето на османлиите, ноќната служба продолжила да функционира. Во месец јануари 1913 год. бил извршен избор на првите стражари, им биле поračани униформи и обувки, им бил одржан и курс од специјален офицер, останувало само да се одредат местата каде ќе стражарат. Во 1914 год. бројот им изнесувал 100.[443] Платата на надзорникот изнесувала 70 динари месечно.[444]

По Првата светска војна бројот и понатака им бил голем, но со тенденција за намалување. Во 1924 год. биле 60,

---

437. Сицил бр. 66, 1788, јули 15

438. Сицил бр. 61, 1776, декември 18, бр. 112

439. Сицил бр. 127, 1863, октомври 14

440. **Македонија во делата на странските патописци**, 1827-1849, 556

441. Спиридон Гопчевиќ, Цит. дело, 121

442. А. Шоповъ, Цит. дело, 261-263

443. **Буџет Општине града Битоља за 1914 год.**, Општинске новине, бр. 49, Битољ, 23 маја 1914, 4

444. **Записник од девете седнице града Битоља одржане 23 јануара 1913 године**, Општинске новине, бр. 4, Битољ, 27 јануара 1913, 5

а средствата што биле влечени за нив од општинскиот буџет биле во висина од 43.200 динари.[445] Исто толку биле и во 1925 год.,[446] а во 1928 год. ги имало 40.[447]

На 14 јануари таа, 1928 година, еден од стражарите, Вангел Пандевиќ, вршејќи ја службата, се ранил и ја изгубил едната рака, па бидејќи имал две малолетни деца, Општината решила како помош да му додели по 300 динари месечно.[448] Во 1929 год. бројот им бил намален на 35,[449] во 1930 год. на 34,[450] додека следните години се зголеми: 1932 (44), 1938/39 (43)[451].

Почнувајќи од 1929 год. статусот им бил регулиран со посебна општинска уредба.[452] Имале униформи,[453] зимски и летни,[454] добивале бесплатно и чевли.[455] Во 1933 год. најавиле колективно зачленување во друштвото „Јадранска стража“ од Битола.[456]

Битолските пци

Огромниот број пци низ поголемите населби на Отоманската Империја се должело најмногу врз верувањата дека милосрдие треба да се има, не само кон човекот, туку

445. Книга 15, 22 март 1924, т. 7;
446. Книга 15, 10 јули 1925, т. 1
447. Книга 18, 12 февруари 1928, т. 1
448. Книга 18, 17 февруари 1928, т. 9
449. Градско поглаварство, Кутија 3, 122/6
450. Градско поглаварство, Кутија 4, 11/5
451. Трајче Грујовски, Цит. дело. 107
452. Книга бр. 21, 20 февруар 1929, т. 3
453. Исто, 29 март 1929, т. 1
454. Исто, 5 јуни 1929, т. 12
455. Исто, 24 април 1929, т. 1
456. **Битољске новости,** Вардар, Скопје, 7 јуна 1933 год., 4

во иста мера и кон домашните и дивите животните, зашто и тие се божји суштества. Тоа станало основа, како што тврди Карние де Пинон (1579), многумина сериозно да се ангажираат во градење поила за коњи, за камили, да пројават посебна грижа кон мачки, кучиња и животни – скитинци. Ако некој љубител немал време да ги нахранува, плаќал посебно лице, во негово име, да го изведеува тоа.[457] Благодејќи на таквата склоност, според едно битолско предание, еден од првите битолски муслимански светци, го добил и своето свето име – Џигер баба. Додека бил жив, запаметен бил како со џигери храни домашни животни.[458] На неговиот гроб до Првата балканска војна можела да се види изложена ваква храна поставена од негови следбеници и почитувачи.[459] Градските пци и мачки, се разбира, најмногу ги имало во дел од градот каде се фрлало ѓубрето.[460]

Хранење мачки (17–18 век)

Ваквата склоност резултирало градо-

457. **Македонија во делата на странските патописци**, 1371-1777, 222)

458. Д-р Јов. Хаџи Васиљевиќ, **Град Битољ**, 22

459. Мехмед Тевфик, Цит. дело, 217-218

460. **Македонија во делата на странските патописци**, 1875-1878, 246

вите да бидат преполни со полу диви мачки и кучиња, посебно со кучиња, кои можеле да се сретнат низ пазарите, чаршиите, улиците и човек не можел да направи ни чекор, а да не се судри, не ретко, и со цела разулавена сурија. Завивале ужасно, особено доколку имале физичка болка.[461] „*Овдешните кучиња се деца на улицата*, вели еден посетител на Македонија, *тамуси раѓаат, тамуживеат и тамуумираат*“.[462] Таков бил случајот и со престолнината.[463] Ги имало и по осамените патишта, од каде лаејќи, напаѓале жестоко и на минувачите и недај боже некое да било и бесно.[464]

Најомилен, дури и постојан стационар во Битола во средината на 19 век, им бил источниот дел од градот, каде службата за градска хигиена го фрлала ѓубрето и каде завршувале и отпадоците од кујната на бројната турска војска. Можеле да се сретнат и низ градот во групи од по 10 и 20, при што за времен градски престој, според Едвард Лир (1848), го имале „Piaza de Cani“ (Кучешкиот Пазар). Европскиов патник, доживеал и меѓукучешки жесток бој врз мртов коњ, заборавен од некого.[465]

Ваквата состојба со пците во Битола продолжила и по востановувањето на српската власт. Заслуга за нивната службена елиминација, односно за востановувањето на првата шинтерска служба, според лична изјава, била на големиот комедиограф Бранислав Нушиќ, додека бил српски окружен началник (1912-1913).[466]

---

461. **Македонија во делата на странските патописци**, 1778-1826, 211

462. Петръ Завоевъ, Цит. дело, 77

463. **Македонија во делата на странските патописци**,1889-1898, 123

464. **Македонија во делата на странските патописци**, 1827-1849, 74

465. Исто, 655, 658

466. А. Стерјовски, **Нушиќевите битолски проблеми**, Битолски весник, 18 октомври 1972, 9

И подоцна заштитата на граѓаните, посебно на децата од кучињата, како и нивното уништување, за жал, одело стихиски. Едно се случило по каснувањето и смртта на четвртоодделенецот Јован, син на угледниот аптекар Ташку Михајловиќ, во 1934 год. Тој случај станал аларм за сеопшта акција. Санитетските општински власти лично ги предводел здравствениот инспектор д-р Јован Јовановиќ, а била поддржана и од неделникот „Нови сјај" преку статија со опис на случаи за граѓани кои настрадале од кучешки каснувања, од кои некои се наоѓале сè уште и на лекување во Домот за народно здравје, кое станало само долевање масло на оган во кучешкиот масакар.[467]

Шинтерската служба во Битола ја опсужувал, инаку, еден вработен,[468] кој во 1932 год. го носел името *„сѝрварду"*. Имал месечна плата од 900 динари.[469]

Битолските штркови

Според пописот што го изврши Македонското еколошко друштво со припомош на волонтери за бројот и состојбата на штрковите во Македонија, произлезе дека во 2015 год. ги имало 3.661 единки и дека биле настанати во 817 гнезда. Податоков, објавен во „Утрински весник" на 14 август 2015 год., предизвика забележителен интерес во јавноста,[470] ги поттикна и репортерите на битолската ТВ „Орбис" да направат свое истражување за нивната состојба во Пелагонија. Добиените сознанија, презентирани на

467. **Беснило у Битољу**, Нови сјај, бр. 9, Битољ, јануар 1934, 4

468. Книга бр. 21, 18 април 1929, т. 1

469. Книга бр. 31, 28 март 1932, т. 1

470. Д. Р., **Во Македонија има 817 гнезда со вкупно 3.661 штрк**, Утрински весник, Скопје, 14 август 2015, 6

17 август 2015 год. во редовните попладневни вести, откриј дека и во овој дел на Македонија се во пропричичен број и дека го имаат истиот привилигиран статус, слободно да стануваат над семејните домови или во нивна близина, дека се почитуваат и се внимава на нив и од мало и од големо.

Таквиот однос, впрочем, е сосема разбирлив. Тие се мирни и полезни птици, кои за основна храна имаат змии и жаби, кои се во изобилен број во населените места што се во близина на реки, канали и мочуришта, какви што се и пелагониските села, врз која основа настанати се и верувањата дека му носат среќа на домот каде се настанати,[471] дека потеклото им е од човек, кое Марко Цепенков го исплете во онаа прекрасна приказна „Силјан Штркот". Во минатото ги викале и „хаџии" зашто, според Шапкарев, на зима оделе на аџилак, да зимуваат заедно со ластовичките,[472] предание доста старо (1717).[473] Наспроти нив, кон чавките се имало спротивен однос и нивното гракање, според верувањата, навестувало несреќа.[474]

Денес најомилени престојувалишта им се електричните столбови, додека во минатото биле покривите на домовите. Таков избор им бил забележан и во далечната 1591 год., таков им бил и во Битола во крајот на 19 век, според бугарскиот публицист А. Шопов, кој дал и повеќе интересни податоци за нив.

---

471. Д-р Александар Матковски и Поликсена Ангелакова, **Опис на патувањето на венецијанскиот пратеник Лоренцо низ Македонија во 1591 година,** Гласник на Институтот за национална историја, г. XV, бр. 1, Скопје, 1971, 214

Исто

472. Кузман А. Шапкарев, **Избрани дела**, 150

473. Д-р Владета Поповиќ, **Леди Мери Вортли Монтегју и њена књига писама из Турске,** Годишњица Николе Чупића, књига XLV, Београд, 1936, 82

474. Д-р Александар Матковски и Поликсена Ангелакова, **Опис на патувањето на венецијанскиот пратеник Лоренцо Бернардо низ Македонија во 1591 година**, 218

Бил гостин во битолски дом и вечерта, како што раскажува, скоро и да не ја преспал заради нивно еднолично и мачно штракање, хорското „клепање“ што доаѓало од околните домови. *„Се гледа,* вели тој, *дека Битолско е сè уште место полно со змии и жаби, кое е основа да биде летна резиденција на мноштво штркови“.* Забележал и сосема ретка и мошне симпатична анегдота во врска со нив: Некој битолчанец – шегаџија, според него, решил да се проигра со парот штркови од блиското седело, па меѓу јајцата, кои почнале да ги квачат, подметнал и пајкино. По одредено време се испилиле сите, и штрковските и пајчиното. Големо изненадување од испилените не биле само за родителите, туку и за целата заедница штркови кои дошле на инспекција за расфлетување на случајов. Заклучокот, според пишувачот на анегдотава, бил дека вината ја сносела штркицата, дека направила непростив излет од брачната заедница, по што била нападната и растргана, потврдувајќи ја со тој чин општопознатата брачна верност на овие птици, кои по смртта на брачниот другар, другиот никогаш не воспоставува друга.[475]

Сличен, заштитнички однос луѓето имале и кон ластовичките, со уверување дека нивните гнезда му носат среќа на домот каде што ги свиле.[476]

475. А. Шоповъ, Цит. дело, 278- 279

476. **Македонија во делата на странските патописци**, 1889-1898, 123

Пијавици од Буковскиот манастир

Буковскиот манастир, познат и како Кешиш хане (Живеалиште на калуѓери)[477] во тешките услови за опстанок во 19 век, се определил да развива и дополнителна дејност, одгледување пијавици. Обврската беше ја презеле неколкумина калуѓери, кои исцело ѝ се посветиле на таа работа,[478] од причини зашто пијавиците станале доходовен и баран извозен артикал, кој носел сигурна и лесна заработувачка, а и со пласманот немало проблеми. На местото на уловот чинеле 70 пјастри за ока (12 франци килограм), на пристаништето во Солун – 100, во Марсеј – 140 франци,[479] што било причина многумина и други да се вклучат во ловот или во одгледувањето.[480]

Д-р Петровиќ, Далматинец, лекар во Мелник, не гледајќи перспектива во лекарските услуги, во средината на 19 век, ја менал струката, почнал и тој да одгледува пијавици.[481] Побарувачката за нив во еден период толку нараснала, што било многу тешко и целосно да се задоволи,[482] што било причина, по битолските и македонските одгледувачи, за одгледувачи да станат поединци и групи и од Босна и од Албанија.[483]

Извозот на буковските и на македонските пијавици го правеле трговци Французи, кои на големо ги откупувале и ги пренесувале преку пристаништата на Драч и Солун до

477. **Македонија во делата на странските патописци**, 1850-1864, 520
478. Спиридон Гопчевиќ, Цит. дело, 122
479. **Извештај за Битолскиот пашалак**, 74
480. Сицил бр. 104, 1838, л. 11
481. **Македонија во делата на странските патописци**, 1827-1849, 219
482. **Извештај за Битолскиот пашалак**, 74
483. **Македонија во делата на странските патописци**, 1827-1849, 724

Марсеј, потоа и низ цела Франција.[484] Во 1855 год. преку Драч биле извезени импресивни 17.700 кг, а преку Солун, уште повеќе, 18.700 кг.[485]

Овој масовен интерес се базирал врз уверувањето дека пијавицата претставува ефикасна здравствена помош, посебно за зголемениот крвен притисок и за парализираните пациенти, на кои им ги олеснувале не само маките, туку им помагале и во раздвижувањето на екстремитетите. Постапката при употреба била сосема едноставна, се поставувале на кожата на болниот без било какви подготовки, потоа, откако ќе се нацицале крв, зголемени неколкукратно, самите се ослободувале, паѓајќи од местото на прикачувањето.[486]

Конзулско soire'e

И покрај спротивставените интереси и меѓусебните подметнувања пред официјалната османлиска власт, битолските конзули имале и заеднички живот, кој, ако не ги зближувал, барем ги релаксирал и персонално и семејно. Тоа се постигнувало најмногу преку повремени заеднички средби, во кои имало богати трпези, скапи пијалоци, музика, а и различни социјални игри. Истите имале и заедничко име, *soire'e*, чие значење било вечерно друштво, вечерен поседок. Фотографиите на Манаки откриваат дека на нив дамите биле во најнова мода, конзулите во дипломатските униформи. Во нив скоро обврзно бил присутен и дел од османлискиот воен и цивилен естаблишмен, со што тие добивале и политички поттекст.

484. **Македонија во делата на странските патописци**, 1827-1849, 222

485. **Извештај за Битолскиот пашалак**, 107

486. Д-р Петар Бојациевски, **Здравството во Битола низ вековите**, 107

Во топлиот и гостољубив дом на рускиот вицеконзул Скрјабин од крајот на 19 век, секој говорел на својот јазик, Русинот на руски, Германецот на германски, Гркот на грчки, Бугаринот на бугарски и сите комуницирале без проблем и вечерта течела лежерно скоро до раните утрински часови.[487]

Опис на едно вакво соаре со доста податоци ни остави српскиот конзул Димитар Боди во 1890 год. во службениот извештај доставен до Сава Грујиќ, претседател на Министерскиот совет и министер за надворешни работи на Србија.

Повод за ова, вторничко, 30 јануарско соаре од таа година, бил српскиот верски празник Трите ерарси, патрон на неговиот дом. Истото се одржало во Српскиот конзулат (денес полуруиниран објект на ул. „Кирил и Методиј“, до вчера Трета реонска станица) на ко бил повикан и сиот дипломатски кор, важни претставници од османлиската управа, познати трговци и видни личности од градот, кои повеќето дошле со сопругите, сочинувајќи богата група од 50-на индивидуи.

Поводот навистина била семејната слава на конзулот, која имала долга традиција и која се одбележувала секоја година уште од домот на таткото на конзулот, но основниот мотив била презентација на Србија. Според Боди, намерата наполно била постигната, особено среде османлиските претставници, кои ваквите средби посебно ги ценеле, радо на нив доаѓале и ги сметале за голема лична чест. Зад тоа стоел и обидот за продлабочување на пријателството

487. **Грађа за историју на македонског народа из архива Србије/Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија**, том IV, книга III, (1888-1889), Беорад, 1989, д. 234, 25.09.1889

со некои од останатите гости, конзулите, што особено било битно кога се работело во туѓа земја.

На соарето, според извештајот, имало и богата трпеза, скапоцени пијалоци, кои оставиле посебен впечаток, особено кај османлиските претставници, кои следните денови навраќале во конзулатот да го изразат и своето лично воодушевување.

Севкупните трошоци за соарето, заедно со дарот што го оставил конзулот Боди за концертот во Военото училиште, биле високи 40 турски лири, кои, според вредноста, изнесувале колку два прекуокеански билета до Северна Америка. Вџашениот претседател Грујиќ одобрил да се исплатат од буџетот на владата, со напомена дека такви издатоци тој повеќе нема да прифаќа.[488]

Битолски стопански производи на меѓународни изложби

Битолски стопански производи понекогаш можеле да се сретнат и на меѓународни изложби, не ретко, да се вратат и со врвни награди и признанија.

На светската изложба во 1855 год. биле изложени волнени прекривки, што се произведувале во *„гратчето“* Магарево, биле тоа квалитетни, нежни и барани производи во земјата, а се извезувале и во странство. *„Со сигурност може да се каже дека ова е еден од најубавите производи во провинцијата“*, била оценката за нив.[489]

Изработките од сребро и злато од битолските куј̣унции, исто така, биле едни од најпрочуените на Балканот, дури

488. Исто, том V, книга I, (1890), Београд, 1988, 88/32, 90/32/I

489. **Извештај за Битолскиот пашалак**, 80

биле и *„сйецијалитйет на градоӣ“*,[490] со кои беа ја преплавиле скоро цела Албанија[491]. За време на Милош Обреновиќ овие мајстори патувале и во Србија и го украсувале кнежевското оружје[492]. Изработувале и послужавници и филџани за кафе, кутии за тутун, вазни,[493] исто така, и популарните и масовно употребувани женски појаси и токи, елегантните прстени и белегзии.[494] На светската изложба за кујунџиство во средината на 19 век, посебно внимание предизвикале и нивните послужавници и рамките за огледала.[495]

Стопанственик од Битола, прочуен мајстор на кандиторски производи (бонбони, чоколади, локум, алва и бисквити), Петар Герас, со свои производи, во месец јули 1933 год., учествувал на меѓународна изложба во Лондон, каде бил одликуван со диплома, златен медал и голем крст. Истиот месец од Лондон во Битола пристигнал и лично секретарот на изложбата, Луис Фонзоли, кој му ги предал одличијата, пренесувајќи му и дека лондонските весници нашироко пишувале не само за изложбата, но и за наградениот производител од Битола, за фирмата „Герас“.

ИНДУСТРИЈА НАШЕ БАНОВИНЕ

Успех битољске фабрике „Герас“ на међународ. изложби у Лондону

Успех на фирмата „Герас“ (1933)

490. Спиридон Гопчевиќ, Цит. дело, 119

491. **Македонија во делата на странските патописци**, 1864-1874, 169

492. Д-р Јевто Дедијер, Цит. дело, 196

493. **Македонија во делата на странските патописци**, 1864-1874, 301

494. **Извештај за Битолскиот пашалак**, 90

495. Исто

Истата фирма, која имала долга традиција, основана била во 1883 год. од таткото на Петар, Сотир. Откако се осовременила, за која цел набавила и најмодерни машини, успеала да востанови и филијала во Солун, а преку претставител во Белград, со своите производи покривала и поголем дел од Кралска Југославија. Покрај во Лондон, учествувала и на други меѓународни изложби, во Виена, посебно во Солун, каде добивала често признанија и награди.[496]

ПАРНА ФАБРИКА КОЊАЦА И ЛИКЕРА

Герасима Сотировића

БИТОЉ.

УПРАВА: Булевар Престол. Александра бр. 215.

Дестилирају се: Коњак, Рум, Фермут и разни фини столни ликери као и најфинији крем ликери и то: Бенедиктин, Шартрез, Пипермен (Creme de Menthe), Тантура Plaisir de Dames), Розол на лимка Creme de Framboise), Ванилка, Марасквино и т. д. као на стоваришту и Вино Вермут.

Производ из чисто винског дестилата. У случај да се хемијски докаже противно, управа даје 100.000 дин. награде.

Цветне домаћи производ који је одликован на Бит. Зем., изложби.

ФАБРИКА БОНБОНА

ГЕРАСИМА СОТИРОВИЋА

БИТОЉ

Фабрикује; *шоколаде* италијанске врсте са путером, *бразиле* *батоне*, *жеље*, *Pâte D. Amande*, *Caramel* —*Bonbon*, *Milch caramell*, *фондан* и ла крем за послуживање разне *сладоле*, *ореховце* и *дражеје* бонбоне. *Драже* бонбоне за крштење и *перидбе* *шампанске* бонбоне, *добијају* *етикете* од разних вина, *мелаје* и т. д.

Има на стоваришту: Бочице бонбоњере за упаковање. Ценовник шаље бесплатно, као и мустре свих сорта; пређите на допису.

Рекламирање на фирмата „Герас“ (1923)

Поаѓајќи од овие меѓународни искуства, битолчани уште во 1914 год. пројавиле интерес во својот град да организираат слични изложби, навистина не со така високо реноме, но прифатливи за презентации, кои би станале и туристички атракции. Амбиција им била да ги има два, пролетен и летен саем,

496. **Успех битољске фабрике „Герас“ на међународ. изложби у Лондону**, Вардар, Скопље, 27 јули 1933, 10

првиот на Тодорова сабота, вториот на Мала Богородица. Предлогот бил разгледан и поддржан од Општинскиот одбор и бил испратен за одобрение во Министерството за стопанство во Белград, меѓутоа, дојдоа војните и идејата не била реализирана.[497]

Битолски султански соколари и јастребари

Ловот со соколи и јастреби кај повеќе народи имал долга традиција, со воодушевување бил прифатен и од османлиите. Султани, паши, бегови и други високи раководители беа се инфицирале толку многу што поголем дел од слободното време го врвеле или во организација, или во самиот лов. За еден султан се говорело дека кога спие – сонува лов, кога е буден, одел на лов. Се знаеле и традиционалните ловишта и кога султанот ловел таму, поголемиот дел од месното население било вклучено во него. На еден во Лариса, традиционалното султанско ловиште, учествувале околу 20.000 гоничи и други помошници, од кои 400 - 500 нашле и смрт од дивите животни.[498]

Се ловело и со дресирани кучиња и со дресирани птици. Од птиците најмногу се употребувале соколи, јастреби, но и други видови птици, чија бројка била не на стотици, на илјадници, оттаму и побарувачката за нив да биде енормна, а и за постоење и на посебна државна институција што ќе ги обезбедува. Христијаните биле главни снабдувачи и постоењето презимиња и топоними како Ѓерекар,

497. **Битољске вести,** Општинске новине, бр. 48, Битољ, 15 маја 1914, 3; **Рад у Одбору и Општини,** Општинске новине, бр. 49, Битољ, 23 маја 1914, 1

498. А. Матковски, **Еден француски патописец низ Македонија (1665-1669)**, Историја, г. IV, бр. 2, Сојуз на историските друштва на СР Македонија, Скопје, 1968, 134-135

Ѓерекарце, Соколарци, Соколово, Шахинташ и др. ја потврдуваат таа долга традиција кај нас.

Вештината на дресирањето, многу тешка и неизвесна, како и кај останатие занаети, одела семејно, од татко на син и се состоела од пронаоѓање и улов на млади птици, потоа и нивно долго и упорно дресирање.

Регистрираниот соколар или јастребар, кој бил ослободен од дел даноци, секоја година морал да се искупи со одреден број вакви птици. Специјално службено лице (доганџија) што ја контролирал оваа дејност и се грижел за редовната достава, а и за неисполнувачите на обврските (за кои биле предвидени материјални казни или одземање на правото). За битолските дресери во 1654 год. била предложена казна од 300 акчиња,[499] а такви закани и казни имало во континуитет и во 1657 год.,[500] и во 1662 год.[501] и во годините што следат.[502]

Располагаме со доста податоци за овие дресери и за некои ќе презентираме и имиња и дел од нивната работа. Дознаваме дека во месец јануари 1679 год. битолските соколари Миле, Ничо, Јано и еден друг Миле, поднеле приговор до царскиот диван, жалејќи се дека битолските власти, игнорирајќи дека се со статус царски соколари, им се мешале во работата и, уште поважно, не им ги почитувале привилегиите. Корекцијата веднаш стигнала.[503]

499. Сицил бр. 14, 1654, јули 27, бр. 331

500. Сицил бр. 15, 1657, октомври 25, бр. 76

501. Сицил бр. 18, 1662, мај 17, бр. 583

502. Сицил бр. 19, 1664, февруари 8, бр. 75; Сицил бр. 19, 1664, април 21, бр. 319; Сицил бр. 28, 1693, април 11, бр. 17; Сицил бр. 27, 1671, август 27, бр. 150; Сицил бр. 22, 1674, јануари 1, бр. 156; Сицил бр. 23, 1675, ноември 21, бр. 188

503. Сицил бр. 24, 1679, јануари 22, бр. 36

Соколската должност се обновувала секоја година по лично барање на соколарот. Такво едно барање во септември 1717 год. направиле таткото и синот, Миле и Ангелко од Фируз Бег Маалото и истото им било и прифатено.[504] Во случај таткото соколар да починел, синот можел да побара да влезе во списокот на соколарите, под услов да бил упатен во тајните на дресурата. Тоа во 1634 год. го направил Оглики, *„асли син“* на Димитри.[505]

Да се сретне ловец, кој на едната рака носи сокол со кожна капа на главата, била глетка сосема вообичаена, не само за подалечното минато, туку и целиот XIX век.[506] Хенри Тозер, кој ја посетил Битола во 1865 год., тврди дека соколскиот начин на лов во Битола сè уште бил омилен и дека, кога одел за Буковскиот манастир на краток одмор, по патот сретнал неколкумина пашини дресери како придружба на групата ловции.[507]

Ловот воопшто, посебно со ловечки птици, со време се губел, според тоа, и лицата што се занимавале со дресура на овие птици. Во 1803 год. во Анадолија и во Румелија бројот им спаднал на 1008. Таа година во селото Диово биле 35,[508] во останатите битолски села уште нешто над тоа, што ќе рече дека професијата во Битолско сè уште била жилава.[509]

Популарни ловишта, особено за зајаци, во Битолско имало многу, а англискиот конзул за таа намена одгледувал и сопствени ловечки кучиња.[510]

---

504. Сицил бр. 37, 1717, септември 27, бр. 210

505. **Турски документи за историјата на македонскиот народ,** II, 23 јануари 1634, бр. 79

506. **Македонија во делата на странските патописци**, 1827–1849, 647

507. **Македонија во делата на странските патописци**, 1864–1874, 49–50

508. **Турски документи за македонската историја,** 1803–1808, 29–30

509. Исто, 33

510. **Македонија во делата на странските патописци**, 1850–1864, 139

Угледни гости во Битола

Гости од новосоздадените балкански државички

Откако Битола станала валијатски центар, скоро веднаш се изборила да биде на видно место на интересот за новинари, научници, патници, па и на авантуристи. Првите биле со намера да пренесат слика од град што надраснал ориентална касаба, каде европскиот манир за живеење бил забележлив, додека за останатите фолкорот, историјата, минатото и други сегменти од секојдневието, станале мотив да ги газат битолските сокаци. Дека ваквиот интерес бил голем, Хенрих Барт (1862) ќе запише дека *„градот е многу често посетуван од Европјани“*.[511] Тоа ќе продолжи и во деценииите што следеле. Младотурската револуција и војните што дошле, уште повеќе ќе ја искачат на списокот на најпосетуваните градови од Империјата.

Не треба да се заборави дека и пред тоа имало посети на лица кои биле на пропатување, кои го избрале градов само заради Виа Игнатиа и кои, исто така, биле бројни.

Еден поинаков интерес ќе се појави откако дел од балканските државички ќе стекнат независност и кај кои пропагандите веќе започнале да се будат, претпоставувајќи го сигурниот крај на „Болниот од Босфорот“.

Од Бугарија, во месец октомври 1866 год., доаѓа Никола Еничерев, кој останува извесно време да ги запознае и да влијае врз приликите и луѓето, од која посета резултат ќе излезе онаа значајна студија со наслов „Спомени и белешки“.[512]

511. Исто, 519

512. Никола Ганчевъ Еничеревъ, Цит. дело,

Следат и други, особено бројни се при крајот на векот.

Посебно интересна е посетата на дописникот од Софија на весникот „Стандард“, во 1890 год., Биман. Бил со посебна намера да ја открие вистината по оние жестоки меѓу пропагандистички судири за Македонија. Преку Градско и Прилеп, стигал во Битола и веднаш предизвикал немир среде дипломатите, особено кај српскиот и грчкиот и секаде бил следен од нив восторожно. За да ја дополни сликата, покрај Битола, посетил и гратчиња во Егејска Македонија и своите први импресии ги ставал на хартија. Едната дописка ја напишал веднаш, непристрасно и со аргументи и ја испратил до матичниот весник. *„Во таа дописка*, реагира на неа српскиот дипломат Боди, *застанува против Грците, ја држи страната на Романците и ги фали Бугарите, а за Србите вели дека треба да се бараат со „фенер“ во Македонија“.*[513]

Останал запаметен и од обични граѓани, на него ќе се присети подоцна и Симеон Радев.[514]

Скоро во истото време доаѓа и Васил К'нчев,[515] па А. Шопов[516] и други, а по Младотурската револуција, Петар Завоев,[517] Г. Ив. Белев[518] и др.

Откако по Одринскиот мировен договор (1829) се обединиле Влашко и Молдавија и откако во 1859 год. било

513. **Грађа за историју македонског народа из Архива Србије/Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија**, том V, книга I, (1890), Београд, 1988, д. 215/457

514. Симеон Радев, **Рани спомени,** Български писател, София, 1969, 185

515. Аноним, **Битолско, Преспа, Охридско**, Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина, Книга IV, София, 1891

516. А. Шоповъ, Цит. дело

517. Петръ Завоевъ, Цит. дело, 1916

518. Г. Ив. Белевъ, **До Солунъ, Битоля и Охридъ**, Македонски прегледъ, г. II, кн. 2, София, 1926

формирано Кнежевското Романија и од Романија пристигаат посетители. Имаат исти намери, да регистрираат историодни браќа, да охрабрат и помогнат во востановувањето на романската пропаганда.[519] Меѓу првите е Димитрие Болентинеану, кој прави и широки истражувања на животот и обичаите на влашкото население во Битолскиот вилает,[520] следи потоа и двоецот Лебрун – Воинеску,[521] па и други. Откако, пак, ќе се устоличи и романското дипломатско претставништво,[522] ваквите посети зачестуваат.

Интерес за Македонија и за Битола појавуваат и српските интелектуалци. Меѓу првите кои се појавуваат е кумановецот, српскиот воспитаник, Јован хаџи Васиљевиќ, кој во Битола станал и дел од српското дипломатско претставништво. И тој времето го искористил за истражувања и резулатат на тоа е книгата „Град Битола“, покрај другите што ќе ги напише за Македонија.[523] Пристигаат и оставаат пишани траги и Спиридон Гопчевиќ,[524] Григорије Божовиќ,[525] д-р Јевто Дедијер,[526] Коста Н. Костиќ,[527] Сима Н. Томиќ[528] и др.

519. Ристо Кирјазовски, **За романската пропаганда во Македонија,** Историја, бр. 2, 1969, Скопје, 1969

520. **Македонија во делата на странските патописци**, 1850-1864, 75-122

521. Fr. Lebrun-M. Voinesku, **Macedonia,** Bukurest, 1911

522. Јован Д. Кочанковски, **Битолскиот конзулат на Романија во Битола (1895-1912),** Прилози, бр. 60-61, Друштво за наука и уметност-Битола, Битола, 2001, 109-115

523. Д-р Јов. Хаџи Васиљевиќ, Цит. дело

524. Спиридон Гопчевиќ, Цит. дело

525. Гр. Божовиќ, **Урезане истине**, 1930; Истиот, **Приповетка,** СКЗ, Београд, 1926; Истиот, **Приповетке,** СКЗ, 1940 итн.

526. Д-р Јевто Дедијер, **Нова Србија,** СКЗ, Београд, 1913,

527. Коста Н. Костиќ, **Наши градови на југу,** СКЗ, Београд, 1922

528. С. Н. Т., **Македонски рапсод,** Нова искра, г. 2, бр. 2, 16 февруар 1900, Београд, 60-61

Гости меѓу Првата балканска и Втората светска војна

Откако по Првата и Втората балканска војна Македонија стана дел од проширената српска држава, бројот на оние што пристигаат во Битола драстично се зголемил. Предничат политичари, следат новинари, научници и други, и Срби, но и не Срби.

Во почетокот на јануари 1913 год. пристига потпретседателот на Народната скупштина, Милован Лазаревиќ,[529] веднаш по него доаѓа и д-р Лаза Богичевиќ, инспектор во Министерството за народно стопанство,[530] доаѓа и народниот пратеник, професорот по книжевност Јеремија Живановиќ.[531] На покана на Општината се појавува и Ѓока Странојевиќ, професор на Белградскиот универзитет, познат стручњак за електрична енергија.[532] Народните пратеници Настас Петровиќ, Милутин Станојевиќ, Мита Димитријевиќ и Пера Јовановиќ во Битола се во текот на ноември истата година[533] итн.

Набргу се појавуваат и бизнисмени со намера своите работи да ги поврзат со слични лица, од кои меѓу првите се и управителот на самостојната монополска управа Раша Милошевиќ и членот на истата управа, Сима Златичанин.[534]

Посетите на новинари, и странски и домашни, продолжуваат. На 19 април 1914 год. доаѓаат Рене Пинон, познат француски публицист, и новинарот на некои њујоршки весници, Спенгер, кои од Битола продолжиле до Охридското Езеро. Скоро во истото време доаѓа и уредниот на „Босан-

529. **Битољске вести,** Општинске новине, бр. 3, Битољ, 20 јануар 1913, 5
530. **Битољске вести,** Општинске новине, бр. 4, Битољ, 27 јануар 1913, 3
531. **Битољске вести,** Општинске новине, бр. 5, Битољ, 3 февруар 1913, 3
532. **Битољске вести,** Општинске новине, бр. 5, Битољ, 3 февруар 1913, 4
533. **Битољске вести,** Општинске новине, бр. 29, Битољ, 20 новембра. 1913, 11
534. **Битољске вести,** Општинске новине, бр. 30, Битољ, 6 децембра 1913, 9

ска Вила“, Н. Кашиковиќ, кој, како и претходните, го продолжил патот за Охридското Езеро.[535] Шефот на прес бирото Јован Жујовиќ – Виловски и д-р Ѓорѓе Битнер, новинар од Виена, доаѓаат на 10 мај истата година, а другиот ден заминуваат за привлечната дестинација – Охрид. Повратниот пат за Белград, заради железничката врска оди преку Солун[536]. Следниот месец тука е и Д. И. Семиз, член на редакцијата „Новое време“ и специјален дописник на „Петербурски Куриер“.[537]

Доцентот на Белградскиот универзитет, д-р Ј. Дедијер во Битола останал неколку дена, истражувајќи, а за Белград заминал во друштво на Кашиковиќ, на 28 април 1914 год.[538] Во 20-те години на овој век, во Битола пристига и еден Хрват, Едо Марковиќ, и своето искуство со престојот во Битола и Македонија, го пренел во засебна книшка, која изобилува со интересни и значајни податоци.[539]

Импозантна бројка од 80 југословенски новинари ја посетиле Битола на 2 октомри 1925 год. Престојот им бил на сметка на Битолската општина.[540]

Гомем број посети има и во 1933 год. На 16 мај доаѓа претседателот на Сенатот, д-р Анте Павелиќ, со сопругата и синот, кои пред хотелот „Јевтиќ“ биле пречекани од официјални лица од градот. Другиот ден куртуазна посета му направил на потпретседателот на Сенатот, на битолчанецот Јован Алтипармаковиќ.[541] На 13 и 14 мај 1933 год.,

535. **Битољске вести**, Општинске новине, бр. 45, Битољ, 23 април 1914, 5
536. **Битољске вести**, Општинске новине, бр. 48, Битољ, 15 мај 1914, 3
537. **Битољске вести**, Општинске новине, бр. 50, Битољ, 8 јуна 1914, 4
538. **Битољске вести**, Општинске новине, бр. 46, Битољ, 2 мај 1914, 4
539. Едо Marković, **Sa našeg juga,** Jugoslovenski Loyd, 1924 67- 77
540. Книга 15, 28 септември 1925, т. 1
541. **Претседник Сената Г. д-р Павелић у Битољу**, Вардар, Скопље, 21 маја 1933, 2

доаѓаат и двајца конзули од Скопје, Анри Гиз, францускиот, и Г. Куртовиќ, генерален конзул на Кралството Романија.

Во ова време во Битола престојува и книжевникот Нико Барутовиќ кој одржал и популарно предавање пред битолчани.[542] Дошле и д-р Вулиш, професор на Белградскиот универзитет, и Кукиќ, кустос на музејот на Јужна Србија од Скопје, кој се интересирал најмногу за археолошките наоди од околината на Битола.[543] Престојува и познатиот етномузиколог Јосип Штолцер – Славенски, кој направил и истражувања во врска со битолскиот народен мелос.[544]

Во месец октомври 1932 год. поголема група француски студенти ја посетиле Битола,[545] а во 1935 год. пристигнале и странски новинари, за кои Општината обезбедила услови за престој.[546]


9 Јули 1933

Министар Пољопривреде Г. Д-р Томашић у Битољу

У Битољу је приређен Претседнику владе срдачан и одушевљен дочек

Врвни политичари во Битола

542. **Битољске новости,** Вардар, Скопље, 21 маја 1933, 2
543. **Битољске новости,** Вардар, Скопље, 21 маја 1933, 2
544. **Битољске новости,** Вардар, Скопље, 13 август 1933, 4
545. Книга бр. 31, 19 октомври 1932, т. 19
546. Книга бр. 48, 10 јули 1935, т. 8

Повремени посети се случуваат и за време бугарската управа. Еден од поретките е и Љубен Антонов.[547]

Последната османлиска општинска управа и последниот османлиски градоначалник

Општинска управа за време османлиите постоела долго време во Битола, но како самоуправа, во која има и релативна национална застапеност, се добила по Младотурската револуција. Оттогаш на чело на градот стоел претседател наречен беледие реиз, кому му помагале 8–10 одборници (ази), избирани на непосредни избори, на кои право на глас имале само полнолетни машки лица, без разлика на вера и националност, доколку плаќале годишен државен данок од најмалку 50 гроша. Одредбава со данокот младотурците целосно ќе ја укинат и оттогаш право на глас имале сите возрасни мажи.

Во надлежност на општинската управа биле економските и социјалните потреби на граѓаните, за кои најодговорни биле општинскиот санитет и одделенијата: градежно, просветно, социјално и антипожарно. Јавната безбедност ѝ припаднала на полицијата, а надзорот врз општинската управа ја вршел лично окружниот началник (валија).

Општината имала право да изрекува и казни, кои биле поврзани најмногу со хигиената и со јавниот сообраќај. Одлуките на општинскиот одбор ги следела и ги одобрувала во прв и последен степен окружната власт, која имала право на забрани и на репресивни мерки. Смена, и индивидуална и колективна, можел да изврши окружниот началник, до-

547. Любенъ Антоновъ, Цит. дело

колку утврдел кривично дело од потежок карактер, или ако некој од членовите од одборот го изгубел кредибилитетот.

Набавка или отуѓување на општински имот или подигање објект од јавен карактер, како и материјално задолжување, можел да спроведе општинскиот одбор, но со знаење на окружниот началник. Надзорот врз општинските финансии, одобренијата на општинскиот буџет и платите на функционерите ги вршел финансискиот инспектор, произлезен од службите на окружниот началник. Плата во општината имал само претседателот, одборничката служба била почесна. Секретарот на Општинага го избирал Општинскиот одбор во согласност со претседателот на општината, кој морал да исполнува одредени школски и други квалификации, првенствено да има звање државен службеник. Отстранувања од работа се случувале најмногу кога ќе се утврдела повреда на работната дисциплина. Платата на секретарот ја одредувал Општнскиот одбор, која со време прогресивно растела. Општинските службениици немале право на пензија нити на било какви други поволности.

Со мудра економска политика, битолската османлиска општина успеала да стекне поголем имот, од кој црпела голема материјална корист, употребувана најмногу за градежни и други зафати.

Српската управа, која наскоро ќе ја замени османлиската, благодарејќи на тој имот, добила маневарска можност во врска со платите на службениците, но и за градежни, хуманитарни и други ангажмани.[548]

Последниот претседател на битолската османлиска општина, бил Омер Шукри ефенди, кој на таа положба останал до последниот ден на османлиската власт. Се потврдил како

[548] **Наши градови и села, Битољ и околина II,** Самоуправни гласник, бр. 9, 10, 11, 12 и 13, Битољ, 1 јула 1929, 2

добар управител и за тоа добил признание и од српската управа, особено за комуналните разрешници низ градот. Дал прилог во калдармирањето на улиците, подигањето на делимичниот водовод, продолжувањето на канализацијата, регулирањето на улиците, уредувањето на кејот на реката Драгор, а и во други, слични изведби. По промената на власта не само што не заминал за Турција, останал тука и продолжил да биде политички активен, па во 1929 год. станал и член на Општинскиот одбор, подоцна и одборник на Битолската самоуправна област.[549]

Крајот на османската Воена академија

Османската Воена академија во Битола, во која своето образование го реализирале многу познати и значајни личности од османската историја, многу младотурци, како и основачот на модерна Турција, Мустафа Кемал – Ататурк, својот век го окончала со влегувањето на првите српски војници во градот (6 ноември с.с. 1912). Сè што ќе се случува понатака во општиот воен хаос, кога не само имотот, туку и животот можел лесно да се изгуби, откако за силеции, пробисвети и колачи во името на *„одмазда за Косово“*, направија да се преживее денот да биде одложување смртна пресуда. Особено тешко им било на жителите од чисто муслиманските села во Демирхисарско, каде масовно се грабало, силувало и убивало.

Во Воената академија, која била од интернатски тип, на 6 ноември 1912 год. (с. с.), сè уште се наоѓале 283 кадети и сиот наставнички колегиум, на чело со долгогодишниот искусен директор, авторот на првата историја на Битолскиот вилает, полковникот Мехмед Тевфик. Во тие денови за ка-

549. Исто

детите и наставниците, како и за нивните семејства, не само што најважно било да се заштитат од општиот хаос, туку и како ќе се обезбедат дневни оброци, а за оние кои решиле да заминат, како тоа да го изведат со помали ризици. Поголемиот дел од објектот веќе го имала окупирано српската војска, пренаменувајќи го за воена болница, па за староседелците препуштен им бил крајно редуциран простор, што, исто така, бил проблем.[550]

Српските власти, обидувајќи се да го поправат колку - толку лошиот рејтинг и да стават некаков ред во хаосот, дозволиле Битола да биде преплавена од бегалци – муслимани и нивно засолнување во џамии и во муслиманските маали кај пријатели и роднини. Еден голем дел, гладни, голи и боси, само со она што успеале да понесат, скитале низ градот бесцелно и безволно. На сите, од хумани причини, требало да им се излезе во пресрет и да им се помогне, ако не за друго, да не умрат од глад.

Имало и издвоени случаи што останале регистрирани. Постапувајќи според воениот кодекс, на заробениот Ејуб Сабри бej, роден охриѓанец, еден од највидните младотурци и команданти, дозволено му било слободно да се движи во Охрид, а кога бил префрлен во Битола, да го посетува домот на својата сестра.[551] Окружниот началник во Битола, Бранислав Нушиќ, цело време опседнуван бил од огромен број барања за заминување, на кои, главно, реагирал позитивно.[552]

Сличен бил односот и кон жителите од Воената академија, благодарејќи најмногу на неколку лица од

550. **Наша војна болница**, Општинске новине, бр. 3, Битољ, 20 јануар 1913, 2

551. **Ејуб Сабри бej у Битољу**, Општинске новине, бр. 5, Битољ, 3 февруар 1913, 1-2

552. Проф. д-р Александар Стерјовски, **Нушиќ во Битола,** Во: **Нушиќ и Македонија,** Македонска искра, Скопје, 2008, 45-72

цивилната и воената власт. Еден бил генералот Илија Гојковиќ, кој уште првиот ден по заземањето на градот од српската војска, се потрудиле кадетите да не оскудеваат со најнеопходните прехранбени продукти, во кое се вклучил и командантот на местото, полковникот Бр. Гаталовиќ, како и првиот претседател христијанин на градот Петар Лешњаревиќ. Заслуга имал и Ристе Цветковиќ, поранешен жител на Битола, човек со тесни врски и со поранешната и со новата власт, кој успеал да обезбеди и слободно движење за кадетите низ градот, а командантот на дивизијата Гојковиќ, им обезбедил и 158 бесплатни билети за железнички превоз до Солун.

Таквиот однос кон кадетите и вработените, го поттикнал директорот на Академијата да напише јавно писмо - благодарница кое денес го наоѓаме во битолските „Општинске новине“, оставајќи запис за еден хуман гест во едно многу тешко време.[553]

Битолски пруски симпатии

Заради припадноста на иста религија и на исто генетско стебло, пруската склоност во Битола, градена со векови, продолжила да се негува и шири и меѓу двете светски војни. Сега имало и повеќе причини за тоа, во градот живеела мала, но мошне активна руска колонија, која со голем жар работела врз меѓусебното зближување. Поголем број наставници во средните училишта, најмногу во Богословијата, биле Руси или припадници на народите од новата СССР, монаси и други духовни лица веќе живееле во нашите манастири и духовни центри, други, пред овдеш-

553. **Како Срби поступају с побеђенима**, Општинске новине, бр. 5, Битољ, 3 февруар 1913, 2-3

ните граѓани, преку разни форми ја откривале богатата култура на старата татковина.

Сето тоа влијаело без резерва Воениот оркестар на 16-от пешадиски полк, стациониран во Битола, уште во 1913 год., да го понесе името „Николај Втори“. На првата пост–османлиска прослава на победата се искористила приликата да му се препише и атрибутот на креатор за ослободувањето на христијанските народи од Балканот,[554] потоа роденденот да му се слави најсвечено,[555] а по маченичкото убиство, во битолските цркви да се држат парастоси. Сите вакви одбележувања, по правило, биле масовно посетувани, како и на оној, одржан во црквата „Св. Богородица“ на 19 мај 1923 год., во присуство и на челните личности, претседателот на општината, Драгиќ Пауновиќ, командантот на дивизијата, полковник М. Моловиќ, големиот жупан д-р Ѓ. Бошковиќ.[556] За друг, за оној од 19 декември 1925 год., одржан во катедралната црква „Св. Димитрија“, граѓаните се повикувале и со големи, ударни плакати.[557]

Битолчанецот Милан Станојевиќ, веднаш по Првата светска војна, на Широк Сокак, на влезот спроти Офицерскиот дом, (до неодамна аеро клуб) отворил хотел, кому му го дал името „Москва“.[558]

Битолчани се труделе на своите сограѓани Руси бегалци да им обезбедат вработувања и домови, макар што и за нив работа имало малку. Месните седмичници редовно инфор-

554. **Светославске беседе,** Општинске новине, бр. 3, Битољ, 20 јануар 1913, 4

555. **Битољске вести,** Општинске новине, бр. 30, 6 децембра 1913, 9

556. **Дневне вести**. Битољски трговински гласник, бр. 16, Битољ, 23 мај 1923, 2

557. Државен архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, **Збирка на плакати**, II 2/6

558. **Хотел „Москва“ ул. Краља Петра бр. 143 у Битољу**, Битољска самоуправа, год. I, бр. 17, Битољ, 2 децембра 1922, 4

мирале и за случувањата во нивната поранешна татковина, обидувајќи се и на тој начин да им ја затапат носталгијата колку што можат.[559] Го подигнале и велелепниот споменик на трагично загинатиот руски конзул во Битола, на Александар Аркадиевич Ростковски,[560] го организирале и масовното испраќање на посмртните останки на руските доброволци, паднати на бојните полиња во Првата светска војна, на пат за Централните руски гробишта во Белград[561] итн.

Овдешните Руси возвраќале колку што можат. Иницијатори и реализатори биле на заживувањето на културни настани во зачмаенкот град. Ја формираат првата градска библиотека,[562] организираат популарни предавања и научни средби, го формираат машкиот духовен хор итн. Обединувачки центар им е Рускиот клуб во кој работат неколку културно–уметнички секции.[563] Еднаш, на 8 јануари 1933 год., презентираат и дел од рускиот фолклор („казачок", руски популарни мелодии на цитра и др.).[564]

За таквата нивна активност Општината и материјално ги помагала.[565]

559. **Дневне вести**, Битољски трговински гласник, год. I, бр. 16, Битољ, 23 маја 1923, 2

560. **Њ. Св. Патријарх Варнава осветио је јуче споменик бившем конзулу у Битољу Александру Аркадијевичу Ростковском**, Време, Скопје, 8 номеври 1936, 5

561. **Извештај за школску 1934/35 годину**, Српска православна богословија у Битољу, Битољ, 1935, 27, 28, 29

562. **Утисци из Битоља**, Вардар, Скопље, 26 јануар 1933, 2

563. **Дневне вести**, Битољски трговински гласник, год. I, бр. 16, Битољ, 23 маја 1923, 2

564. **Забаве у Битољу**, Вардар, Скопље, 19 јануари 1933, 3

565. Александар Стерјовски, **Битола – Руската колонија,** МКЦ – Битола, 2003, 155-158; Книга бр. 27, 26 јуни 1931, т.3

Феномен: биволче со две глави

Во близина на Нижото земјоделско училиште во Битола, на градското пасиште, на 14 јуни 1923 год., биволица, сопственост на сточар муслиман, одгледувач на биволи, отелила биволче со две глави. Веднаш тоа станал настан што предизвикал посебно внимание среде сточарските стручњаци, уште повеќе меѓу обичните граѓани. Сложеното и тешко отелување го надгледувал и го помогал сопственикот.

Биволчето имало сосема нормални глави, заеднички поврзани на вратот, нешто подебел од вообичаениот. Секоја глава имала пар уши, очи, усти со вообичаен број заби, со трахеи и хранопроводници и секоја реагирала засебно. Биволчето било од машки род и живеело час и половина, веројатно заради тежината на породувањето и нестручната интервенција.

Веднаш по веста, директорот на Нижото земјоделско училиште, Александар Илиќ, дошол на местото на породувањето и ги пресекол главите, а со цел да ги препарира и да ги сочува како нагледно средство и такви останале подолго во витрините на училиштето. За случајот реагирал и локалниот печат.[566]

Иако ретки, ваквите појави не се необични. И денес во Музејот „Д-р Никола Незлобински“ во Струга има експонат, кој привлекува посетители и тој е теле со две глави.[567]

566. А. И., **Биволче са две главе (Редак случај у сточарству)**, „Битољски трговински гласник“, год. I, бр. 29, Битољ, 20 јуни 1923, 2

567. Катерина Богоева, **Телето со две глави сè уште во музејот во Струга**, Утрински весник, Скопје, сабота-недела 13-14 февруари 2010, 30

Две рани одбележувања на смртта на Миладиновци

Браќата Миладиновци никогаш не биле заборавени од битолчани, не само заради саможртвата, туку и заради спомените што ги оставиле во Битола и Битолско. Болните сеќавања за нив најчесто биле во врска со годишнините од маченичката смрт.

На 14 јануари 1912 год. била одбележана 50-годишнината од смртта, кога, во организација на егзархиските учители, била изведена и драмата „Чест“. Посетата, како што известува весникот „Право“, била одлична, чистиот приход, кој вообичаено се употребувал во општополезни дела, се искачил на восхитувачки 30 турски лири.[568]

Одбележување се случило и по повод 80-годишнината од смртта. Бидејќи било замислено тоа да биде колаж од музички и литературни точки, било наречено *„утро“.* Се одржало во театарот „Балкан“, на 9 февруари 1942 год., со почеток во 10,30 часот. Учество, со богатата уметничка програма, имал и хорот „Г. Сугарев“, а реферат за животот и делото на браќата од Струга, му бил доверен на учителот Филип Каваев, стружанец и тој по потекло.[569]

Од кинорепертоарот на „Гранд“ и „Палас“ (1933 и 1934) и на „Балкан“ (1936)

Со една, понекогаш и со две киносали, Битола оптимално ја задоволувала потребата од кино–прикажувачки културно–забавен живот меѓу двете светски војни. Откако,

568. **Право**, бр. 378, 20 јануарий 1912

569. **Утро за братя Миладиновци**, Пелистерско ехо“, бр. 7, Битоля, 14 февруари 1942, 3

пак, во 30-те години за подолго време ќе отсуствуваат театарските претстави со згаснување на локалниот театар, филмот ќе стане најпривлечното културно развлечение за граѓаните. Тоа е и прилика за некои, како за браќата Манаки, па и за Атанас Пема за отворање нови киносали,[570] но и за збогатување на филмскиот репертоар со нови и жанровски различни филмови. На филмското платно остануваат сосема кратко, некогаш само по 3–4 дена, со што и на тој начин репертоарот се збогатувал многу брзо.

За да го доловиме филмскиот вкус и како тој се градел, се одлучивме на три, најинтересни филмски години, 1933 и 1934 и на 1936 год., кога навлегувал и тон–филмот, а и заради податоците што ги има.

Битола во ова време ги има киносалите „Гранд" и „Палас". Во „Гранд" се прикажувале исклучиво неми филмови,[571] „Палас" набавил скапа тон–апаратура, но не се откажал и од немите филмови.[572] При крајот на 1933 год. тон–апаратурата се расипала и една година не била во функција, но во крајот на 1934 год. се јавил заинтересиран штипјанец, го закупил киното, донесол тон–апаратура и во Битола повторно заживеале тон–филмовите. Старото име „Палас", по негова иницијатива, се менало и станало „Иконому".[573]

Весниците што ги истраживме се скопскиот дневник „Вардар" (1933–1934) и битолскиот месечник „Нови сјај" (1936). Еве на што наидовме:

Меѓу 18–21 јануари 1933 год. киното „Палас" го прикажал потресниот француски тон–филм за судбината на

570. Книга, бр. 15, 5 март 1924, т. 9

571. **У Југославији има 319 биоскопа,** Вардар, Скопље, 22 мај 1934, 2

572. Исто

573. **Битољске новости,** Вардар, Скопље, 16 октомбар 1934, 8

Скопски реклами за филмови

двете девојченца „Двете сирачиња“.[574]

Меѓу 8–14 мај истото кино го довел акциониот тон–филм „Шпионажа“, во кој главните улоги ги толкувале Кеј Џонсон и Нејл Хамилтон.[575] Една недела потоа во битолските кина имало богата програма. Во „Палас“ (22–25 мај) го имало „Ало Париз – ало Берлин“ (дијалог на француски и германски јазик), а од 25–28 „Луд за филм“, во главна улога со Харолд Лојд, додека во „Гранд“ од 12–25 мај е „Тајната на Јохан Орта“, љубовна романса од Хабсбуршкиот двор, а од 25–28 мај „Невидливиот фронт“, филм од подморничката шпионажа за време Првата светска војна.[576]

Богата филмска програма има и во месец јуни. Меѓу 1–4 јуни во „Палас“ се наоѓа „Русокосата Венера“, со Марлен Дитрих во главна улога, а од 5–8 оперетката „Хавајска ружа“ во која имало 14 шлагери, со Видесерер и Беби Грej, а од 9–11 „Гласот на крвта“ со Клив Брук и Клодет Колбер.

574. **Битољске новости,** Вардар, Скопље, 16 јануар 1933, 3
575. **Битољске новости,** Вардар, Скопље, 11 мај 1933, 3
576. **Битољске новости,** Вардар, Скопље, 21 мај 1933, 2

Во „Гранд“ од 1–7 јуни се прикажувал еден од најубавите ориентални филмови, „Кисмет“, со Дита Парло и Влад Соколов и „Песна, љубов и девојка“, со Марта Егер и Густав Фрелих, додека од 8–15 јуни „Весели другари“, војничка комедија и „Маневар на љубовта“, со Светислав Петровиќ.[577]

Во деновите од 9–16 јули 1933 год. во „Палас“ се „Милион“ (на француски јазик) и „Песната од југот“, во главна ролја со Лавренс Тибет, додека киното „Гранд“ ги нуди „Песната на Циганите“ и „Љубовните ноќи на Хаваите“, чие дејствие се случува во Ница и на островите од Јужното Море.[578]

Во месец јули ги имаме овие филмови: на 17 истиот месец во „Палас“ е „Скамполо“, со Ани Ондром, а во „Гранд“ од 19–22 оперетката „Двајца е поубаво“, со Магда Шнајдер.[579]

Во деновите од 9–13 август киното „Палас“ прикажувал двојна програма, филмовите „Симфонија на љубовта“, со Рихард Таубер и „Прости ми, убив човек“, со Баримор Лионер и Филипс Холмеркс.[580]

„Палас“ од 24–27 август нуди и еден од најпопуларните филмови од ова време, кој постигнал голем успех насекаде, познат со необичното име „Е. 1. не одговара“, во главна улога со Ханс Алберс, а со тема од поморскиот живот.[581] Истото тон–кино, во првата недела од декември (7–10), го прикажува филмот „Жолта книга“,[582] а, пак, на Божиќните

577. **Филмови у Битољу,** Вардар, Скопље, 1 јуни 1933, 6

578. Вук. Ч. Вукомановић, **Битољске новости**, Вардар, Скопље, 9 јуни 1933, 4

579. **Битољске новости,** Вардар, Скопље, 16 јули 1933, 2

580. **Битољске новости,** Вардар, Скопље, 13 август 1933, 4

581. **Битољске новости,** Вардар, Скопље, 24 август 1933, 3

582. **Битољске новости,** Вардар, Скопље, 7 децембар 1933, 4

празници го има и големиот тон–филм „Во знакот на крстот“, во кој главните улоги ги толкувале Фридрих Маршом, Елиза Ландри и Клодет Колбером.[583]

Интересот за филмот продолжил уште понагласено, особено откако немиот филм целосно бил истиснат од кината во Битола и откако наместо авантуристичко–сензационални, започнале да пристигаат и филмови со повисоки уметнички вредности. Сега киното „Балкан“, придржувајќи се кон таквата определба, во текот на февруари–март во 1936 год. ги нарачува „Париз во пролет“, „Тајниот курир“, со тема од Руско–турската војна, „Inferno“ (Дантеовиот „Пекол“) и сензационалниот филм „Песна на гаучите“, со примадоната на Метрополитен опера, Гледи Схордот, и славниот пејач Џон Бол. Биле донесени и „Љубимец на боговите“ со најголемиот тенор дон Жозе Моике, „Најслатката оперетка“ и „Кнегицата на чардашот“, со славниот Март Егерт.[584]

Наскоро требало да пристигнат и „Тајните на вариетот“ (*„оперетски обработен филм во кој настапуваат 1.000 најубави девојки“*), во кој имало изобилно песни, музика, балет и необични и примамливи содржини. Следеле и „Аве Марија“, „Дмитриј Карамазов“ (според романот на Достоевски), „Мојата уста мами“, оперетка со Џон Бол и Лилиан Харвеј и најсензационалниот филм во врска со борбите во Африка – „Бура над Африка“.[585]

Тоа е, навистина, непотполн исечок од репертоарот на битолските кина од ова време, но значаен е, зашто нуди спектар битолски синеастички интереси и е и исечок од битолската синеастичка историја.

583. **Битољске новости,** Вардар, Скопље, 4 јануар 1934, 13

584. Е. Чолановић, **Филмски преглед,** Нови сјај, Битољ, год. III, бр. 23, март 1936, 2

585. **Филмски преглед,** Нови сјај, Битољ, год. III, бр. 24-25, април-мај 1936, 4

Неоживотворени преименувања

Меѓувоениот период во Битола се карактеризира како време на иницијативи за овековечување на имиња на поедицни, кои дале придонес за српството, а биле домородни, како и за оние надвор од домашната средина.

По иницијатива на претседателот на градот, Атанасије Сотировиќ, Одборот на општината Битола, на седницата од 21 август 1933 год., под точка 2, дискутирал и за преименување на најдолгата битолска улица, „Охридска", со име на најзаслужниот османлија, на поранешниот валија, на Абдул Керим–паша. Образложението било: дека додека службувал во Битола, придонел за осовременување на градот, го подигнал хотелот „Босна", ги изградил трите болници (за сиромаси, душевно и венерични болни), ги осовременил кланицата и сушилницата за кожи, ја проширил градската канализација, работел врз регулацијата на реките Драгор и Курдерес, ги уредил кејовите, го озеленил градот и подигал паркови, а се ангажирал и во многу други зафати. Одборот предлогот безрезервно го прифатил.[586]

Реакциите од поширокаta јавност, посебно на белградската, биле шокантни. Биле во насока како на *„историската и убава улица"* да ѝ се даде име на Турчин, да се манифестира и толкаво непознавање и непочитување на историјата, па наместо битолските одборници да ги почитуваат и слават жртвите на народните јунаци кои ја реализирале идејата за југословенска држава, да вознесуваат имиња на иноверци и окупатори.[587]

586. Книга бр. 34, 21 август 1933, т. 2

587. **Чувено Вињено**, Вардар, Скопље, 3 септембра 1933, 1

Иницијативата веднаш била стопирана, принудила и јавно извинување од предлагачот, градоначалникот Сотировиќ.[588]

Вакви преименувања, кои останале нереализирани, има уште неколку.

Едно е во врска со шеталиштето покрај паркот. Додека се изведувале градежните работи, на седницата на Одборот на Градското поглаварство, од 15 март 1934 год., било донесено решение шеталиштето да се именува со „Вудро Вилсон", името на популарниот американски претседател.

Иницијативава потекнала од здружението „Јадранска стража" од Битола, а повод било планираното патување на негови членови од повеќе градови на Југославија, и од Битола, во САД. Во подготовка на истото била издадена и книга под наслов „Спомен книга", со нотирани градови кои на своите топографски мапи имале улица со име на американскиов претседател. Битолскиот одбор, признавајќи ги неговите заслуги за време Првата светска војна и неговите заложби во градењето на новата Европа, реши во *„новоподигнатото шеталиште од Подофицерскиот дом до Царинарницата да го именува со „Булевар Вудро Вилсон".*[589]

Предлогот бил прифатен, но останал неоживотворен. Граѓанството продолжило да го именува „Шеталиште покрај паркот".

Идејата на 29 август 2007 год. ја прифатија и група денешни граѓани, кои со писмо се обратија до Општината, со предлог за нејзино реализирање, мотивирани од овие причини: врз шеталиштето се извршени градежни интеревенции и тоа стана едно од најпривлечните места за ра-

588. Д-р Никола Сотировски, **Абдул Керим паша и Битола**, Прилози, бр. 2, Научно друштво-Битола, Битола, 1964, 48

589. Книга бр. 23, 13 март 1934, т. 2

зонода и рекреација во градот што е повод и за негово именување; САД ја призна Република Македонија под нејзиното уставно име; претседателот Вилсон на Парискатa конференција во 1919 год., кога се кроела политичката мапа на Европа, лично се залагал за самостојна и за независна Македонија.

На писмово никогаш не е реагирано и не е заземен став.

Уште една иницијатива на Одборот на Општината Битола, од 27 мај 1936 год., остана неоживотворена.

По повод 80 години од животот на Никола Тесла, во Југославија се презеле повеќе активности за негово одбележување. Една била и подигање научен институт во Белград со негово име, за кој битолчани приложиле донација од 1.000 динари, а и решиле Горниот Парк да се именува и да го носи името „Никола Тесла".[590]

Од сите предлози, освен именувањето на маргиналната уличка од 5–6 индивидуални куќи со името на битолскиот валија, кое се случи по ослободувањето, ништо друго не е реализирано.

„Поали д' Ориан" во Битола

Здружението на француските ветерани од Солунскиот фронт „Поали д' Ориан", покрај Солун, на пат за Скопје и Белград, на 10 септември 1936 год., со специјален воз пристигнале и во Битола. Бројката им изнесувала 240, најмногу биле ветерани, но имало и нивни сопруги и блиски роднини. Основната желба на сите била да ги посетат местата каде што се војувало пред две децении.

590. Книга бр. 58, 27 мај 1936, т. 16

Пред да пристигне возот во 7,22 часот, станицата била веќе опседната од десетилјаден народ, најсвечено облечен и со шума од знамиња. Истуреното плато на перонот беше го зазело севкупното општинско и воено раководство, на чело со градоначалникот Драгиќ Пауновиќ и дивизискиот генерал Ѓорѓе Аранѓеловиќ.

Влегувањето на возот го поздравил воениот оркестар со „Марсељезата“, а почесната чета оддала поздрав според воените протоколи. Се ределе потоа говори од обете страни, на српски и француски јазик. Топол говор одржал Пауновиќ, таков бил и на водачот и претседателот на здружението, Марк Еро, кој емотивно се присетил и на својот престој во Битола и на околните ридови и планини каде се војувало.

Од станицата до градот, гостите, заедно со граѓаните, поминале низ свечено украсената арка која традиционално се поставувала на тоа место, кај денешниот Технички факултет, а на која имало знамиња и зеленило и натпис на француски јазик „Добре ни дојдовте“.

Пред хотелот „Босна“ повторно имало поздрави и говори. Овде се одредил и распоредот за сместување на гостите низ хотелите и по индивидуалните домови од гостољубивите битолчани. По краткиот одмор, повеќемина од гостите беа се растрчале и низ градот да ги посетат домовите во кои некогаш престојувале како војници.

Повторниот собир бил во 15 часот на истото место, а целта била организирана посета на Француските гробишта. И на гробиштата имало многу говори и емотивни средби – сопруга го пронашла гробот на својот сопруг, сестра го открила вечното почивалиште на братот, а како трајно сеќавање, многумина решиле да земат зграб земја од гробовите за да ја понесат во родната татковина.

По посетата на Французите, сите се упатиле и кон Српските воени гробишта, каде се повторило сценариото, говори и емоции.

Водството на Здружението „Поали д' Ориан" во Битола

Маршал Франше д' Пере, командантот на Солунскиот фронт, кој во Битола беше во 1923 год.

Посета на Српските воени гробишта

Вечерта во Офицерскиот дом се приредила топла другарска вечер, а другиот ден, дел заминале во посета на Кајмакчалан, друг дел, со пет автобуси, за Охрид и „Св. Наум".

Заминувањето од Битола се случило третиот ден од престојот.[591]

Битолската општина предвреме беше решила да покрие дел од трошоците за другарската вечер, но не повеќе од 20 динари по лице.[592]

Гостите, како во Битола, според печатот, топло биле пречекани и во Скопје.[593]

591. **Битољ је одушевљено и свечано дочекао француске ратнике са Солунског фронта**, Вардар, Скопље, 13 септембар 1936, 2

592. Книга бр. 58, 3 септември 1936, т. 1

593. **У недељу у 6 часова после подне у наш град стижу француски ратници са Солунског фронта**, Вардар, Скопље, 13 септембар 1936, 2 Г

Во употреба исклучиво српско писмо, јазик и лични имиња

Десетина години по Првата светска војна траела толеранцијата на употребата на несрпскиот јазик и на несрпската азбука во Битола, а имало и случаи кога македонскиот јазик громогласно ечел на јавни собири од говорниците. На протестниот собир против италијанските тенденции кон Далмација, одржан во Битола на 29 јануари 1920 год., на кој присутни биле околу 4.000 демонстранти, говореле четворица, тројца од власта и Ратко Жуниќ, претставник на напредната СРП (к). Жуниќ, кој предизвикал најбурни реакции, најмногу заради македонскиот јазик што го употребил во говорот. Такви реакции имало и на повторниот негов настап на собирот во Јени Маале, од 8 февруари 1920 год.[594] На македонски јазик бил напечатен и агитационен предизборен проглас во 1923 год., подготвен од член на Работничката партија, Икониќ, кого власта навреме беше го открила и го попречила растурањето.[595]

Наскоро тоа се сменило генерално. Со помош на администрацијата, школата и црквата, несрпските јазици полека се забранувале и се елиминирале од јавната употреба. Предани душегрижници многу строго внимавале насекаде, па и во црквите на свештениците не Срби. На свештенослужител во „Св. Богородица“ во Битола, Богдан К. Чоневиќ, на 11 јуни 1927 год., му се случило да направи, според оценките, токму такви непростиви јазични пропусти, по што намесникот Јовановиќ, кој дури и се прикрал зад хорот за да ја проверува неговата јазична чистота, на

[594] Ѓорѓи Димовски – Цолев, **Револуционерната дејност на Ратко Жуниќ во Битола и Битолско,** Во: **Зборник,** Педагошка академија – Битола, Битола, 1984, 183

[595] Јужна звезда, г. 2, бр. 47 (9), Битољ, 15 март 1923, 2

истата веднаш реагирал со посебно писмо до епископот Јосиф.[596]

Покрај на јазикот, почнало да се внимава и на писмото, посебно на гробовите. Меѓу 1916-1918 год. употребата на грчко и бугарско писмо можело и да се сфати, донекаде и да се оправда, но по 1927 год., тоа не смеело да се случи.

Иницијативата за таквата чистота дошла од битолскиот голем жупан, кој, на 5 август 1927 год., ќе испрати и писмо до епископот Јосиф со барање за негов личен ангажман во таа примена. Понудил и пример што го констатирал: Во гробиштата во Ресен сретнал гроб на скоро починат гимназијалец врз кој имало надгробен споменик, на кој бил изгравиран текст, не со српско, туку со бугарско писмо. За жал, пишуваше жупанот, гимназијалецот *„е наш воспитаник зашто се школувал во нашите школи, а умре пред година и нешто време“,* па непростиво е на неговиот гроб да се сретне бугарско, а не српско писмо.

Иницијативата била прифатена и од епископот следувало укажување до намесните свештеници ваквите појави да не ги толерираат и да ги спречуваат.[597]

По честите спорови помеѓу кумовите и свештениците во изборот на имињата при крштевките, исто така, имало, според оценките, многу своеволија и непочитување на официјалната политика. Оттаму и укажувањето на архиерејскиот намесник, протојерејот Карамановиќ, од 30 јануари 1939 год. да биде *„онака како свештеникот што ќе реши“,* односно да се избираат календарски и српски национални имиња.[598]

Меѓутоа, не секој сакал да се покори на таквата одлука, имало и случаи кога свештеникот бил принуден да попушти

596. Архив на Македонија-Подрачно одделение-Битола, **Фонд:** Збирка издвоени документи, кутија 1, (втора категорија) л. 33

597. Исто, л. 34

598. Исто, л.73

и да најде средно решение, да ги задоволи и родителите, а да не биде повикан и на одговорност.

Таков, екстремен случај, чии траги ќе се провлечат со децении, е и од прилепското село Лопатица, во 1940 год. Кумата Спасија Здравковиќ, сестра на Алексо Здравковиќ, татко на новороденчето, поведувајќи се од тогашната популарност на германскиот фирер, на новороденчето му го избрала името Хитлер. Добрушевскиот парох Неделко Петровиќ, кој ја извршил церемонијата при крштевањето, ја изкажал црквената формула „Крштаетсја раб божји Хитлер“ и со тоа го официјализирал името, го регистрирал и во личниот нотес и си заминал и тоа натака станало трајно и за семејството и за сите останати. Плашејќи се, меѓутоа, од последици, во „Книгата за родени“ свештеникот самоволно запишал име „Кирил“.[599] Кога следниот свештеник дошол да крштева вода во семејството, ја открил манипулацијата и веднаш известил кај претпоставените, по што настанала паника и барање виновник. Претходниот свештеник веќе бил во пензија и не можеле да му наштетат, а детево растело, се школувало и сите го препознавале само по тоа име, од кое и самиот никогаш не се откажал.[600]

Имал, се разбира, и непријатности, кога му доаѓале писма од дома во војска, претпоставените одбивале да му ги предадат, па интервенирал и до врховниот командант – Тито. Починал во село Мусинци, каде живеел последните години, но на гробот и денес му стои крштеното име – Хитлер.[601]

---

599. Архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, **Матична книга на родените, Добрушевска околија,** кн. 1, 270

600. Архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, Фонд: **Збирка на издвоени документи,** Кутија 2 (трета категорија) л. 84

601. Жанета Здравковска, **Хитлер од Лопатица се жалел кај Тито,** Дневник, Скопје, 1 мај 2012



Извештај за свештеничката малверзација со името Хитлер

Хитлер (долу) со семејството

Југословенско–бугарски духовен собир во Битола

Со чувство дека доаѓаат крупни историски настани на кои треба подготвено да се реагира, југословенска и бугарска црквена делегација, во септември 1936 год., во Битола и во Охрид, имале значаен собир. Присутни биле навистина претставници од вториот ешалон, епископи и претставници од власта, но тоа на собиров не му го намалило значењето. Целта била врските меѓу црквите и народите да се продлабочат, проблемите што ја попречувале соработката, да се елиминираат или, во крајна линија, да се ублажат.

Учество на него зедоа: загребскиот митрополит Доситеј, софискиот митрополит Стефан, врачанскиот митрополит Пајсиј, жичкиот и охридско–битолски епископ Николај, бачкиот епископ Иринеј, екс министерот и народен пратеник д-р Војислав Јаниќ, проф. на софискиот теолошки факултет д-р Стефан Цанков, протојерејот г. Димитриј Андреев,

секретарот на бугарското свештеничко здружение, началникот на Министерството за надворешни работи и за вера Георги Цветинов, протојерej ставрофор Миливој Петровиќ, архиерејскиот намесник за Белград и софискиот ѓакон Никитин.

На Железничката станица во Битола, делегациите, кои доаѓале директно од Белград, на 11 септември 1936 год. ги пречекале епископот Јеротеј, претставници од цивилната и воената власт од Битола, ректорот со наставниците и учениците од Битолската богословија, како и многу свештеници и народ.

Првиот заеднички собир бил во црквата „Св. Богородица“, каде гостите ги поздравил епископот Николај, а со одбрани зборови на тоа одговорил бугарскиот митрополит Стефан. По краток одмор, делегациите заминале за Охрид, во манастирот „Св. Наум“, каде се одржала и официјалната, главна конференција, која траела три дена и која имала богата содржина и донела значајни заклучоци. Заеднички се вратиле на 14 септември во Битола. По посетата на Богословијата во Битола имале и заедничка вечера, на која пријателското дружење и неформалните дискусии продолжиле на обострано задоволство. Во сите меѓусебни разговори и официјални заклучоци ја изразувале заедничката желба за пријателство и братска љубов меѓу двете цркви и двата народа.

По вечерата, гостите биле испратени на Железничката станица, со што средбата завршила.[602]

602. **Извештај за школску 1936/37 годину**, Српска православна богословија у Битољу, Битољ, 1937, 42–43

Ликовни изложби

Има сознанија дека првата индивидуална ликовна изложба во Битола одржана е во 1914 год., на која со свои дела се претставил академскиот сликар Владимир Бециќ, професор по ликовно образование во Битолската гимназија.[603]

Меѓу двете светски војни, ваквите индивидуални, уште почесто групни изложби, станале почести.

Рускиот емигрант и ликовен уметник Иван Мелников, кој многу активно учествувал во ликовниот живот во градот, во својата кратка „Автобиографија" од 24 јуни 1954 год., со молив, бележејќи ги своите настапи, даде сведенија дека пред војната ликовни изложби имало во 1926, 1928, 1930, 1931, 1935 и 1939 год.[604]

Изложбата од 1930 год., која траела од 1 до 7 јуни и била сместена во салата на Трговската академија, била од комерцијален карактер. Се состоела од дела декорација, даборез и склуптура, а учествувале: Виктор Сољаник – Краса, наставник во Гимназијата; Драгутин Спасиќ, наставник во Гимназијата; г-ца Катарина Зрињски, наставник во Гимназијата; д-р Антун Жегура, проф. во Гимназијата; Олга Толмачев; Владимир Толмачев; Надежда Алтипармаковиќ; П. Тимошевски, поранешен руски полковник; Иван Мелников, иконописец, и Момир Јелисављевиќ, војно–судски поручник.

Со пригоден говор истата ја отворил секретарот на Народниот универзитет во Битола, Драгомир Мариќ, професор во Богословијата. Посетата била масовна и низ неа по-

603. Соопштение на Борис Нечовски, кој го истражува поопширно овој предмет. Благодарност за податоков.

604. **Чествувања,** Меѓународен центар за Славјанска Просвета, Свети Николе, 2014, 37-40

минале околу 1.000 битолчани, а *„приходот им припаднал на уметниците“*.[605]

Уште една колективна ликовна изложба се случила и на први јуни следната, 1931 год., повторно во организација на Народниот универзитет и повторно поставена во салата на Трговската академија. Во присуство на поголем број граѓани и ученици, ја отворил ректорот на Богословијата.[606]

Ликовни изложби се случувале и за време бугарската управа во Втората светска војна.

На 14 јуни 1942 год. биле отворени две. Првата во претпладневните часови во училиштето „Отец Паисиј“ од пејзажи и карикатури на Радован Пеин, секретар на Гимназијата, која ја отворил околискиот училишен инспектор Н. Митев, а втората на Павел Георгиев, во попладневните часови, во Градскиот клуб „Ројал“ на Широк Сокак.[607]

Настан била и изложбата на група уметници на 6 јуни 1943 год., во организација на „Домот на уметноста и печатот“ во Битола, сместена во салата на читалиштето. Со *„композиции“*, мртва природа, цвеќе и пејзажи со мотиви од разни краишта на Македонија, учествувале: Методи Белогушев, Здравко Блажев, Катја Евтимова, Тома Владимиров, Никола Мартиновски и дедо Димитар Зографски. Со акварели настапиле Михаил Шојлев и Владимир Мисин, додека со иконографски дела Иван Мелников, а со скулптури Димитар Тодоров.

Истата за отворена ја прогласил помошникот на областниот директор д-р Кон. Робев[608].

---

605. **Извештај о раду Народног универзитета у Битољу,** 6-7

606. **Извештај за школску 1930/1931 годину**, Српска православна богословија у Битољу, Битољ, 1931, 11

607. **Две изложби въ Битоля**, Пелистерско ехо, бр. 25, Битоля, 20 юний 1942, 4

608. **Изложба на картини въ Битоля**, Пелистерско ехо, бр. 68, Битоля, 15 юний 1943, 4

На 20 септември (недела) 1943 год., во 11 часот, во Подофицерскиот дом, била отворена и изложба на прилепчанецот, подоцнежниот познат графичар, Георги Ачев, кога биле изложени 50 експонати со мотиви од Охрид и Прилеп[609].

Посебен интерес предизвикала и првата самостојна изложба на пејзажи и цвеќиња на талентираниот ученик од BI клас, на Гимназијата Георги Канарев. Повторно била искористена салата на Подофицерскиот дом, а меѓу позначајните личности што присуствувале бил и генералот Иван Маринов. Биле изложени 50 експонати.[610]

Повремено биле организирани и фотоизложби на фотоаматери. Меѓу првите се случила и онаа на Дуовден од 1936 год. Непознато е каде била поставена и што презентирала.

Вакви фотоизложби имало и за време Втората светска војна. Една, најавувана ден пред отворењето, била на фотографот Вл. Димчев, која со пригоден говор требало да ја отвори на 11 април 1943 год., во 17 часот, во салата на Читалиштето „Д. Груев“, обласниот директор Хр. Миладинов. Требало да остане отворена неколку дена.

Помен за донаторката Елени Димитриу – Пиника

Во 1934 год., на Денот на светите Кирил и Методиј, во малата црквичка „Свето Благовештение“, во дворот на истоимената болница (денес Гимназија „Таки Даскало“) се одржал помен за душата на покојната Елени Димитриу – Пиника,

609. **Художествена изложба**, Пелистерско ехо, бр. 38, Битоля, 19 септември 1942, 4

610. **Вести и съобщения**, Пелистерско ехо, бр. 95, Битоля, 21 декември 1943, 4

која починала нешто пред тоа, поточно на 14 март, во родната Александрија (Египет). Парастосот, во сослужение на целокупното битолско свештенство, го одржал епископот охридско–битолски Николај. Ораторски надареният епископ првин говорел за значењето на светите браќа, потоа за нејзиниот маж Теохарис и деверот Јоанидис, потоа и за неа самата. Браќата ги истакнал како родољупци кои никогаш не ја заборавиле родната Битола, кои во секоја прилика ја покажувале својата широка душа и голема хуманост.

Нивните дела биле објектот на Женската грчка гимназија (денес Народна и универзитетска библиотека „Св. Кл. Охридски“ – Битола), болницата „Благовештение“, основното училиште во с. Буково, дел од објектите на денешното ОУ „Гоце Делчев“ во Битола и др. Покрај тоа, Јоанис, во 1896 год., во Националната банка на Грција во Атина тестаментално, за добротворни цели депонирал 10.000 златни фунти, од чија камата требало да се подмируваат трошоците за дониранite објекти, особено за болницата. Каматата од нив во Битола пристигала до 1927 год., кога во Атина се изнашле формални причини да се укине.

И Елени Пиника, според епископот, го следела примерот на своите блиски. Во дваесеттите години од 20 век објектот на Женската гимназија ѝ го отстапила на Битолската општина, поведувајќи притоа и иницијатива на сопругот и деверот битолчани како благодарност да им посветат бисти, кои би ги поставиле во дворот или во интериерот на Женската гимназија.[611] Во својот тестамент не ја заборавила Битола, по 50 стерлинги оставила и за црквите „Св. Богородица“ во селото Трново и за црквата „Св. Ѓорѓи“

611. Архив на Македонија, Подрачно одделение-Битола, **Фонд** Збирка издвоени документи (категорија втора), кутија 1, л. 36

во селото Магарево и уште 200 стерлинги за болницата „Благовештение“.[612]

Сето тоа било основа за организирањето и за одржувањето на поменот.

Донаторства за школи

Семејства или поединци, кои во странство главно во Романија, Бугарија или Египет, стекнале поголем капитал, следејќи ја османлиската добротворна традиција, наменувале дел од него и за добротворни јавни цели, најмногу за болници, цркви, посебно за школи. Оваа благородна навика, особено зела замав во последните децении од 19 век.

Еден од првите такви донатори во Битола станал и чорбацијата Ташула. Потекнувал од Јанина, во Битола, во која се преселил рано, стекнал поголем имот. Пред да почине во 1860 год., а бидејќи зад себе не оставил наследници, решил оставнината да се користи за добротворни цели, за помош на сиромашни граѓани, за училишта и за цркви. Одредил четворица чорбации, во кои имал целосна доверба, да се грижат и да го спроведуваат завештанието. Таквото решение, особено во однос на лицата наведени во тестаментот, од непознати причини, предизвикало завист кај неколкумина, најмногу кај грчкиот владика.[613]

Влашкото семејство Мушико, кое во последните децении од 19 век живеело во Букурешт, за Машкиот романски лицеј во Битола, оставило мало богатство од 20.000 дукати. Покрај тоа, и за Женското училиште во Плаца донирало 8.000 дукати, што во вкупен износ било поприличен материјален прилог.[614]

---

612. **Завештање једне богате Битољчанке**, Вардар, Скопје, 27 март 1934, 4

613. **Съветник**, бр. 17, 24 јули 1864

614. **Македонија во делата на странските патописци**, 1889-1898, 31

Гопешанецот Караца со блех музика од 37-38 музички инструменти беше го опремил Романскиот лицеј од Битола.[615] Друг гопешанец, исто така, богат печалбар, Димитро Казаковиц, за битолските школи оставил поголемо богство[616] итн.

Без големата материјална помош на д-р Константин Мишајков, („Патевелијата“, зашто бил родум од село Пателе), сигурно немало да се подигне толку брзо и со тој раскош црквата „Св. Богородица“ и училиштето во нејзината близина. Всушност, тој *„дал сè што имал, без да остави ни пет пари за себеси“*, тврди К. Шапкарев. Притоа, ги вложил и своите 400 затшедени лири и семејната куќа што се наоѓала на Бајро.[617]

За иста таква намена и Риза Кечеџи ја подарил куќата од Генимаале, а и браќата Алтипармакови приложиле 202 гроша.[618]

Случајот со магаревчаните, браќата Теохар и Јован Димитриу – Пиника, пак, е посебен. Покрај големата материјална поткрепа што ја давале за болницата „Благовештение“, како и за старскиот дом и сиропиталиштето, во 1880 год. го подигнале и големиот објект, еден од најголемите и најубавите во Битола од приземје и кат, за Грчкото женско училиште (стариот објект на денешната Универзитетска библиотека), кој сопругата на Теохар, Елени, во 1924 год. го подарила за потребите на новооснованата Православна богословија. Нејзина желба, изразена преку лично писмо од 17 ноември 1927 год. од Александрија, до министерот за вери, двете мермерни би-

615. Ѓорѓи Димовски, **Гимназијалното образование**, 13

616. **Македонија во делата на странските патописци**, 1889-1898, 66

617. Кузман А. Шапкарев, **Записи**, Приредил д-р Томислав Тодоровски, Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, Скопје, 1990, 180

618. Општински членови, **Право**, бр. 44, 28 декември 1870

сти на браќата, чии фотографии ги доставила, била да бидат поставени во холот или во дворот на училиштето. Битолските српски власти, за жал, не само што донацијата ја омаловажиле, туку тоа го условиле и со уште една донација од неа, објектот на болницата да премине во трајна сопственост на општината.[619]

За да се поттикнат ваквите добротворни дела, а и да им се оддаде признание на тие што станале донатори, се востановил обичај имињата да им се регистрираат и јавно да се објавуваат. Името на д-р Мишајков, врежано е на мермерна плоча која се наоѓа во црквата „Св. Богородица". Во црквата „Св. Недела" стана обичај, на денот на црквата, имињата на донаторите да се читаат од анвонот. Го правел тоа ѓаконот по читањето на евангелието, објавувајќи ја и сумата. Покрај тоа, за нив молби за здравје до бога биле упатувани и на една од богослужбите.[620]

Слично такво значење имало и присуството на портретот на Јован Пиника на литиите што ги организирала црквата „Св. Димитрија". Истата секогаш била на чело на литијата и до иконата на светецот.

Битолски подготовки за Големата војна

Рефлексиите од војната што се водела веќе во Европа, силно се чувствувале и во Битола. Сосема јасно било дека прашање е на ден кога ќе се прелее и во овој дел на Балканот, па оттаму и напнатата предвоена нервоза и подготовките што се преземале. Со директна вклученост на Градското поглаварство биле организирани две стрелишта,

619. Државен архив на Македонија – Подрачно одделение – Битола, **Фонд** Издвоени документи (трета категорија), л.36

620. **Новини**, бр. 33, 19 јануари 1893

едното крај црквата „Св. Недела“, второто на Тумбе Кафе, каде, во фиксирани и објавени денови и под строга безбедносна контрола, се вршеле вежби по гаѓање со боева муниција, се граделе скривници за засолнување од воздушни и други напади, се граделе и митралески и набљудувачки места на Градскиот часовник. Аеродромот бил оспособен за полетувања и слетувања авиони, а биле преземени и други активности во идната војна жртвите да бидат што помали.

Сепак, најважните подготовки биле во врска со оспособувањето на населението за препознавање опасност и за лична и колективна самозаштита. За таа цел Градското поглаварство уште во летото 1940 год. напечати и дистрибуира во приличен број брошурки со лесно сфатливи упатства за однесување во воени прилики, во кои имало и напомени и за парични и затворски казни во случаи за непридржување. Се презеле акции и за практична примена на упатствата преку бројни вежби, особено за оние што се однесувале за заштитата при напад од воздух.

Први такви, добро подготвени, се одржале меѓу 20 септември и 10 октомври 1940 год. Првин, на 14 септември, градот бил облепен со „Објавата“, во која стоеле куп задолженија за секој поединец за време вежбата. Се соопштувало дека ќе биде најавена со писок на сирени и со удирање на камбаните од сите цркви, во траење од 5 минути. Следувале потоа и задолженијата во прилики кога поединецот се нашол на отворен простор, со укажување веднаш да се повлече во најблиското засолниште. Доколку тревогата се објавела ноќе, тогаш задолжението било сите светилки да се угаснат и градот да потоне во целосен мрак. Едно упатство советувало и, без оглед дали нападот би бил изведен дење или ноќе, на даденият звучен сигнал, сообраќајот на улиците да запре и секој што се нашол



ОБЈАВА

Грађанству Града Битоља!

Између 20 септембра и 10 октобра ове године, одржаће се у Битољу вежбе трупа и становништва у заштити од непријатељског напада из ваздуха.

Позива се грађанство, да се тога дана строго придржава упутстава које је ово Поглаварство у вези извођења вежбе и разделила грађанству, као и упутстава овде истакнутих, јер ће бити према свакоме без разлике примењена наредба Претстојништва Градске Полиције у Битољу Бр. 7822 од 30 - VII - 1940 год., која предвиђа новчану казну до 500 динара или казну затвора до 10 дана.

Узбуна за време напада непријатељских ваздухоплова објавиће се писком сирена и звоњењем звона са свих цркава у трајању од 5 минута.

ПОСТУПАК ГРАЂАНА НА ДАТИ ЗНАК ЗА УЗБУНУ ДАЊУ ЈЕ СЛЕДЕЋИ:

Сваки грађанин се одмах склања са улице, пијаце и у опште отвореног простора и хита у затворени простор, односно склоњи. За време трајања опасности забрањује се грађанству заустављање по улицама, капијама, по проводима као и излажење на балконе и кровове кућа.

Ако је знак за узбуну дат ноћу, светлост по кућама се има одмах угасити, односно завршити покривањем прозора тешким завесама, а тако исто угасиће се и електрично осветљење по улицама и цела варош утонуће у мраку.

За време непријатељског напада дању или ноћу, варош мора да буде потпуно мирна и тишина мора да влада на сваком месту. Рани тога грађанство прекида свако рад, саобраћај и кретање и жури сваки своје склоништа, избегавајући отворене просторе, нарочито ако је месечина, јер ноћу зеленкаи лете ниско.

Престанак опасности објавиће се грађанству нормалним звоњењем и пиштањем сирена у трајању од 2 минута. На овај знак грађани слободно излазе из склоништа или кућа.

Упозорава се грађанство, да овим вежбама поклони велику важност и озбиљност, јер правилно извођење истих много зависи од тачног извршења наређења надлежних власти.

Из канцеларије Градског Поглаварства у Битољу Бр. 14656 14 септембра 1940 год.

Штампа „ОБЈАВА" — Битољ

„Објава" (1940)

надвор, набрзина да се повлече или да оди во засолниште или во дом.

Казните на непридржувачите на наредбиве биле 500 динари, или 10 дена затвор.[621]

За жал, вежбите многу малку помогнале во заштитата на населението при бомбардирањето на Битола, што се случило на 5 ноември 1940 год. од трите италијански авиони (*„по грешка“)*, кога имало не само многу ранети, туку и десетина жртви.[622]

Смртни закани од битолски ванчомихајловисти

Во Подрачното одделение во Битола на Државниот архив на Република Македонија се наоѓаат два мошне интересни документа од 1944 год. од дејноста на Народниот комитет на ВМРО во Битола. Едниот е озаглавен како „Наредба“ бр. 10,[623] вториот е писмо упатено лично до Начо Сотировски, адвокат од Битола. Обата се потпишани од претседателот на Комитетот, чиј потпис е нечиток.

Во „Наредбата“ дадено е и образложение за одлуката за смртната казна, наведени се и имињата на осудените. Тоа се познати граѓани (двајца интелектуалци и 4 занаетчии), сите, според неа, со небугарско национално потекло (*„непроисход“)*, Власи, Грци или србофили, односно *„бугаромрсци“,* комунисти или комунистички симпатизери и поддржувачи нивни, а со тоа, ја заслужиле најтешката казна. Одлуката ја донел лично претседателот на месниот коми-

621. Архив на Македонија, Подрачно одделение Битола, **Збирка на лакати**, I- ж, 176

622. Александар Стеројвски, **Битола – Записи за злосреќи,** 329 -337

623. Архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, **Фонд**: Збирка на издвоени докукменти, кутија 1, (прва категорија), 64



В.М.Р.О.
Народенъ комитетъ
Битоля.

г. Начо Сотировски
адвокатъ
Битоля

При последното заявяване на архивата отъ нелегалния комун. други, констатирано е че подпомагате комуниститѣ съ пари.

По заповѣдъ отъ водача Иванъ Михайловъ, наложено се Ви вносите като първо искане на касата на Македонската Организация сумата отъ 100.000

Срокъ 5 дни.

Въ противенъ случай наказанието е смъртъ, да даване подъ воененъ сждъ, на военния прокуроръ.

Смъртъ на продадените духи!

ПРЕДСѢДАТЕЛЬ.

Заканата за Начо Сотировски (1944)

тет на ВМРО, но бил консултиран и Иван Михајлов, кој го дал одобрението. Замена на смртната казна можела да биде сума од 100.000 лева, уплатена во касата на организацијата. Доколку уплата немало да се случи во одреден рок, стои понатаму, се активирал јавниот обвинител и брзиот суд и казната ќе се извршела во најкус можен рок. Како егзекутор можел биде секој член на организацијата, но предност им се давал на илинденците.

Наредбата е со датум 15 август 1944 год. и е машинопис, додека личната доставка е од 1 август истата година.[624]

Смртни казни не биле извршени, зашто осудените лица и по 1944 год. уште долго биле живи. Дали биле платени бараните суми, не успеавме да дознаеме. Не успеавме да дознаеме и дали зад уцената стоела навистина тогашната организација на ВМРО и Ванчо Михајлов, или некаква криминална група или поединец. Како, пак, наведените лица и нивните семејства од списокот ја доживеале заканата, може само да претпостави.

Скриено благо

Приказните за случајно откриено благо секогаш биле привлечни и секогаш ја распламтувале фантазијата низ сите времиња и низ сите меридијани. Обично се вртеле околу типизирани стории: војски поминале и набрзина скриле големо богатство, оставајќи и белег, на повраток лесно да го пронајдат или од темел на куќа, од корен на дрво, од нива што се ора, од грне, од чаура или од друг предмет погоден за криење, пред нозе се истура благо пред стаписан среќник.

624. Исто, 65

Потоа, се знае, од темел се менува животот на среќникот и на неговото семејство, а зависта како брза зараза се шири и станува тема за маалски коментари и озборувања.

Секој град и село има вакви слатки приказни. Некои, за чудо, се и вистинити и врз нивни основи стојат сите новокомпонирани приказни. На неколку вистинити од битолското поднебје ќе се задржиме во оваа прилика.

Еден случај е од 1782 год. За него расправал и битолскиот суд.

Некој си Јован од Битола во таа, 1782 год., продал куќа. Му ја отуѓил на некој си Михаил. Овој Михаил откако ја добил, презел градежни работи, сигурно да го поддотера домот, па при рушењето на еден од ѕидовите, се случило чудо, пред неговите нозе се истуриле купишта пари. Прерадосниот среќник, радоста не можел да ја задржи за себе, ја споделил со соседи и други и со тоа направил капитална грешка, веста дошла до ушите и на претходниот сопственик.

Тој, пак, јадосан, сметајќи дека парите му припаѓаат нему, се обратил до месниот суд и наоѓањето на парите го обжалил. Судот, го разгледал и го уважил. Какво образложение дал, не знаеме, но како поминал среќникот, со широка уста, претпоставуваме.[625]

Има и други вакви слатки приказни.

Во 1936 год. во село од околината на Битола се вршеле некакви градежни поправки, при што во ѕид била откриена чаура полна со злато. Како се нашла таму останало непознато, но затоа за случајот, преку весникот „Нови сјај“, дознала цела Битола. Вредноста на богатството изнесувало 100.000 динари.[626]

625. Сицил бр. 64, 1782, октомври 9

626. Без наслов, Нови сјај, бр. 29, Битољ, септембар-октомбар 1936, 3

По одвлекувањето (*„кревањето“)* на битолските Евреи во март 1943 год., низ градот започнале да кружат скокотливи приказни за пронајдени скриени златни украси и златници во еврејските домови. Се посочувале и имињата на среќниците, новите станари на еврејските домови. Заклучоците се граделе врз генералниот пресврт на стандардот на овие семејства, врз наводното неконтролирано трошење пари за скапи облеки, нов недвижен имот и за што не друго, вредно и скапо. Приказните говореле дека откритијата биле направени на потајни места во домот, во дворот, во бунари, во ѕидови, понекогаш по упорна потрага, почество по чиста случајност.

Со такво, *„еврејско благо“* поврзана е и уште една современа приказна.

Додека се расчистувал теренот, каде пред војната бил дел од битолското еврејско гето, за подигање на станбените згради наречени *„Трите убавици“* и за пробивање на патот што води кон Баирското училиште (ул. „Едвард Кардељ“) брзински се раширила вест, првин во околината, потоа низ сиот град, дека работниците што работеле таму, во артилериска чаура, добро заштитена на устието, наишле на цело богатство од златен и сребрен накит и од неброени златници. Дел од овдешните жители, посебно Роми, населени дополнително тука, се втурнале да грабаат и да одвлекуваат од него, додека не дошла службена екипа од полицијата и не го попречила тоа и не се обидела и да го врати одземеното.

Службениците од полицијата, од кои некои консултиравме, потврдуваат дека златните предмети биле скриени навистина во артилериска чаура, дека навистина дел од нив ги разграбале Ромите, кои потоа биле идентификувани и принудени да ги вратат, а дали вратиле сè, тешко дека ќе се дознае. А тоа што било пронајдено, според нив, записнички било предадено во Народната банка – Битола.

Последна недела од фашистичката окупација

Битолчани голема неизвесност и страв доживеале во деновите непосредно пред ослободувањето. Се ширеле гласови дека партизанските единици се на приодите од градот, дека се подготвени и чекаат секој миг да влезат внатре, но и дека има набиена нервоза и кај последните германски стражи во градот и среде колоните моторизирани германски дивизии кои денонoќно, на пат кон север, ја газеле Битола. Тензиите ги подгревале и шпекулациите дека огромни количества муниција се наоѓаат кај Еврејските гробишта и во нивната близина, која била подоготвена секој момент да се активира и градот да се срамни со земјата. Условот да не се случи тоа бил каква било, дури и најмала саботажа врз германските војници.

Дека таквите гласови не биле без основа, потврда било и минирањето на железничкиот мост на реката Курдерес преку кој врвела железничката пруга, само неколку дена пред 4 ноември 1944 год., како и масакрите од германските војници на минување извршени во некои населени места (Влахоклисура), кои се обиделе да го попречат повлекувањето.

За тој набиен амбиент од исчекување и страв, година дена подоцна весникот „Пелагонија“, пишува: *„Нокјта, трети сроти четврти ноември беше нарочно страшна. Никој не затвори очи цела нокј. Сите чекаа да се случи нешто, или кје го минират градот или кје се случи нешто што кје ги прекрати дотогашните маки”.*[627]

До минирање на градот не дошло. Партизанските единици причекале некој ден и на 4 ноември свечено биле пре-

627. Трпе Вељаноски, **Битола пред ослободувењето – репортаж,** Пелагонија, Битола, г. 1, бр. 11, 4 ноември 1945, 4

чекани на неколкуте приоди од градот. Веднаш, само што се конституирала новата власт, биле организирани и чети од доброволци и други мажи, кои муницијата ја пренесле на други, побезбедни локации, каде била и деминирана.

Најинтересен дел од оваа подзаборавена битолска сторија бил придонесот на главниот деминер, Германец по потекло, како што се тврдело тогаш, по име Ото. Станал миленик на сите, посебно на децата, кои, на улица, се обидувале да дојдат до него и да го погалат, со восхит, коментирајќи *„Германец, а наш!"*.

Ото, Александар Ото, во оваа приказна посебно интересен е. Всушност, и не бил Германец, бил Австриец. Роден бил во Софија, од мајка Бугарка и татко Австриец. Во Софија ги поминал детството и младоста и го завршил и средното образование, а во Битола служел во германската воена команда како преведувач. Останал во Битола малку и по ослободувањето, па потоа незнајно исчезнал и скоро наполно бил заборавен. Се пензионирал како амбасадор на Австрија во Белград. Моите обиди да воспоставам контакт со него и да ја дознам неговата верзија за случајот, никогаш не вродија плод, никаков одговор на писмата што му ги испратив во неколку наврати во Виена, каде продолжил да живее по пезионирањето, не добив, со што донекаде ги потврди шпекулациите што се ширеле за него по исчезнувањето за двојната соработка.

Говорни изрази

Зграб битолски говорни изрази поврзани со реката Драгор, веќе се понудени во книгата „Реката Драгор", но нивниот број во битолскиот катадневен живот скоро е неисцрпен. Најчесто и најмногу поврзани се со интересни настани и индивидуи, најмногу со лица со полесни ментални

проблеми, кои, како и во секоја малограѓанска средина, биле дневно дозирано развлечение. Овие говорни градби не се поговорки или пословици, но блиски им се, зашто и во нив има порака и поука, а и лесно се паметат и во соодветни прилики употребливи се како потврда. Имаат и жива локална боја, локален јазик и амбиент, а бидејќи нудат и општоважечки пораки, живеат долго. Некои се во дијалошка форма, во кои додатниот дел е потврда на првичната констатација.

Од повеќето што го совладале времето, овде се оние преку кои најмногу се препознава Битола.

Ај, ооj да се сликаш кај Манаки!

Се употребува во прилики кога некој станува здодевен и беспричински го троши времето на другиот, или кога двајца само што не дошле до погруба расправија. За спас тогаш, првиот навидум попушта, но не и без помал отровен убод. Близок на овој говорен израз му е и „Оди да се сликаш!“, кој, исто така, е доста експлоатиран во Битола. Особено фрекфентен бил кога Милтон Манаки бил жив и фотографски активен.

Ицо и Ката

Ицо и Ката се историски личности. Познати станале како неразделен брачен двоец. Остана непознато дали се работело за преголема љубов, сомнеж за изневера или имало и друга причина да влезат во изразов. Додека биле живи остана шпекуклацијата дека Ицо сакал малку и да потпивне, па Ката можеби била дежурниот стражар. Можеле да се сретнат исклучиво како пар, и на пазар, и на Корзо, и во посета кај пријатели, па претстава како индивидуа на еден од нив скоро и не била забележана. Благодарејќи на нив, кога некој друг битолски брачен пар присвоел дел од нивната блискост, коментарот е – „Ете ги, Ицо и Ката“.

Кај Фиќи на тераса

Додека западниот дел од Битола отсекогаш изобилувал со излетнички места, источниот ги немал тие предности, ќе ги добие во крајот на 19 век. Гургур Чешма била првата кафеана – излетиште што ги привлече младите и популарно станало најмногу заради двете чешми со изобилна вода и богатото зеленило од високостеблести дрвја. Набгру станало и претесно, па се јавило уште едно, кафеаната на Фиќи. Била мала, приземна, која се препорачувала со широкиот подиум (*„тераса“)* што служел и за надворешно уживање кафе, уште повеќе во игранките. Се говори дека тука за првпат се заиграле аргентинското танго, валцерот, чарлстонот и фокстротот, донесени од наши печалбари. Говорниот израз – *Кај Фиќи на тераса* потсетува на тоа време и на денгубата што се трошела таму. Терасата се врежала во колективната меморија како бетонски подиум, континуирано влажен со полевања со вода, на кој се лудувало по брзите ритми.[628]

Ми ја напрајвте куќата корзо!

Односно, и децата и останатите од семејството, направиле од домот врвулица, корзо, без ред кој сакал влегува, кој сакал излегува, не почитувајќи забрани или одобренија. Изразов има и блага критика, употребувана од онаа која вложува труд околу домаќинството, од домаќинката.

– Му летна чавката! – Море, му летна и тоо сосе сиџим!

За разлика од другите птици, чавката често е присутна во кратките фолклорни форми, меѓу другите, ја има и во

628. Соопштение на Ѓорѓи Димиќ, наследник на имотот на кој била подигната кафеаната

овие: „Чавка умот му го испила“(незрели постапки), „Уште умот му лета по чавките“(незрелост), „Чавка со чавка, очите не си ги вадат“ (солидарност)[629] итн.

Ја има и во битолски говорен израз, во кој доминира алузијата, а дијалогот е формата. Преку него, за трето лице, присутно во близина, доверливо се открива дека има знаци на деменција. Првиот полугласно го најавува тоа, вториот го потврдува, експлоатирајќи ја чавката.

На младите битолчани омилена игра во минатото им била со чавките, оние кои почнале посериозно да учат да летаат, некои и го совладале поприлично. Лесно било да се уловат, зашто градот вриел од нив, станале дури и проблем. За ликвидација било ангажирано и Ловечкото здружение и за тоа се трошеле општински средства. Играта се состоела во врзување на чавката за конец (*„сиџим“*) за едната нога и одвреме – навреме, нејзино ослободување да полета. Се случувало чавката некогаш и да се откачи и да полета, повлекувајќи го со себе и конецот. Токму таму се сконцентрирал говорниот израз.

– Ти не си крив – Пандаро е крив!

Димко Пандаро бил еден од првите српски регрути од Битола од 1914 год. Учествувал во Првата свтска војна и оттаму се вратил како инвалид (имал проблеми со движењето). Бил угледен и почитуван граѓанин, а и претседател на Пододборот, подоцна и на Здружението на првите српски регрути од Битола.

Изразов се употребува во ситуации кога некој се оправдува дека не е виновен за грешка за која го набедуваат, а

629. **Речник на македонскиот јазик,** З, Р – Ш, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, Скопје, 1966, 528

другиот му одговара дека не тој, туку дека Пандаро е крив, мислејќи на неговиот физички проблем.

Не си на Данабаш ќерка, та се контиш!

Семејството Данабаши или Данабаш, кое во поново време се состоело од двајца браќа, Јанко и Петар, меѓу двете светски војни било едно од најбогатите во Битола. Јанко оформил семејство (имал сопруга и три ќерки), Петар останал неженет. Заедничката трговска фирма имала врски со повеќе европски центри, со кои кореспондирале на француски јазик, а со муштериите во градот на 9 јазици, потврдувајќи го познатиот битолски космополитизам. Покрај трговската фирма, имале и движен и недвижен имот, шуми, земјиште од повеќе хектари во Пелагонија, што станало и мамка за грабежи. Еден таков, со кобен крај, се случил во 1927 год. кога Петро бил убиен при грабежот. Убиецот подоцна е пронајден и уапсен, а гробот на Петро сè уште се препознава на Буковските гробишта со неговото торзо и со написот *„мучки убиен“*.

Трите ќерки на Јанко се носеле мошне елегантно и богато, дури станале и синоним за убаво дотерани моми. Така настанал и изразов, сè уште фреквентен во Битола.

Не сум Десоецо та да знам!

Односно, не сум јасновидец, каков што бил Десоецот, Синан Синан, македонски муслиман од село Десово во Прилепско (оттаму и Десоецо). Бил еден од најпозатите јасновидци, многу близок со таа способност на подоцнежната Баба Ванѓа од Петрич. Благодарејќи на него, Битола меѓу двете светски војни, не ретко била и опседната од посетители кои доаѓале од пошироката регија, од Ниш па надолу, да ги чујат неговите одгатнувања. И денес во Битола се прераскажуваат разни случки и анегдоти во врска со него и со посетителите.

Ојде по петело!

Овој говорен израз и денес е омилен во Битола, особено кога се сака да се каже дека работата отишла во неврат. Близок му е и „Ојде по папрато"!, поврзан со обичајот закопување мртовец без ковчег.[630]

За неговото настанување има и мала сторија. Се тврди дека некој селанец од полето (*„п̄олјанин")* дошол на пазар во Битола да продава кокошки и еден петел. Само што ги продал кокошките, истурил порој каков што не се паметел во Битола. Селанецот се засолнил додека не претера невремето, а бидејќи бил од подалечно село, побрзал да го продаде и петелот пошто – зашто и да замине да не го стемни по патот. Се изнашол Евреин, кој бил и малку ќефлеисан, кој го купил за поевтини пари.

Евреинов, кој врвел покрај Драгорот и малку полабаво го држел, во еден момент му се откратил и летнал во реката. Евреинот по него. Абре–дебре, а да го фати, а петелот бега, а отстрана го силат сеирџии. Во тоа време од озгора, како што знаел Драгорот често да прави, се втурнала маса вода и ги завлекала и петелот и Евреинот.

Оттогаш за некого, кога ќе појде во неврат, се вели - „Ојде по петело".[631]

Ти не го чепкаш – Шанкуре сам се чепка!

Кога некој пушта појас и сака да се спори, во Битола се вели *„Ти не го чеп̄каш – Шанкуре сам, се чеп̄ка!"*. Скратената форма само *„Шанкуре!"* има значење и на нечие омаловажување.

630. **Македонија во делата на странските патописци**, 1889-1898, 113

631. Ѓорѓи Димовски – Цолев, **Битолските Евреи,** Друштво за наука и уметност – Битола, Битола, 1993, 290-291

И Шанкуре е историска личност од периодот меѓу двете светски војни, бил еден од бројните бездомници со посебни потреби, кои често служеле и за разбивање на монотонијата на градот, посебно на чаршијата и со кои биле поврзани и други случки и изрази како „Мише прр...“, „Муса кради јајца“, „Шабан мајка“[632], „Васето улото“[633] итн.

Шанкуре

Името му било Ташку, бил раздразлив што давало повод за задевање и за колективна смеа. Најмногу експлодирал на најболната дразба – „Шанкуре – без куре“.

Еднаш, сакајќи да дознаат како ќе реагира доколку го остават колективно без дразба, дуќанџиите од чаршијата, и мајстори, и калфи, го игнорирале, преправајќи се дека воопшто не го забележуваат. Шанкуре прокрстарил по вообичаената чаршиска рута, не сфаќајќи ја новата ситуација. Се вратил назад – пак исто. Пак исто и по трет пат по првичниот пат. Не можејќи да издржи, експлодирал со

632. За човек што реди на себе значки и други предмети во претерена бројка се употребува неговото име

633. За личност што упорно прибира и чува хартии, весници, („фигукрини“), како што правела оваа ретардирана и инвалидизирана битолчанка, се употребува нејзиното име.

„В уста да не имаше тоо што не треба да имаше“! и се роди говорниов израз што живее сè уште.

Ќе дојди со на Паца бродо!

И Паца била една од лесно ментално заостанати девојки од градот меѓу двете светски војни. Живеела во долниот дел на денешната ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“. Беше си вообразила дека од некого е сакана, дека таа врска ќе доведе и до брак. Во меѓувреме тој заминал на печалба во САД, па, ете прилика за битолчани да ја проверуваат за нејзините контакти со него и за неговото враќање. Кога ќе паднело прашање за „колетите“, одговарала дека идат, но ги грабаат во поштата, а за доаѓањето дека наскоро ќе пристигне. Знаејќи ја вистината, битолчани додале дека *„Ќе дојди со на Паца бродо“!*, односно никогаш. Изразов се употребува и денес во ситуации кога се сака да се каже дека нештата нема да се случат како што се најавува.

Храна и пијалаци

Забрана за изнесување прехранбени производи од Битола во 17 век

Да се прочита личен запис на маргини од стари книги, на ѕидови од цркви, во хроники за *„гладни години“,* па и за смртни случаи од гладувања што се случувале во минатото, не претставува ништо посебно. Ги имало премногу. Војните, сушите, лошата почва и несоодветната нејзина обработка, резултат биле на сето тоа. Да се сретнат, пак, луѓе костури како талкаат по патиштата во потрага по храна или на пат каде немало таква несреќа, било сосема обична слика. Во такви прилики се говорело за *„глад и скапотија“* и за *„голем притисок врз продуктите“* и кога воопшто не се прашувало за цената на храната.

Такви состојби во историјата доживувала и Битола, ги имало и во 17 век. Една се случила во 1622 год.

Таа година забраната за отуѓување на продуктите беа ја организирале месните првенци (ајани). За да не биде општа, укажале дека треба да биде ограничена за немуслиманите и тоа не за сите, за оние што доаѓале од други места. Бидејќи, пак, домашните профитери за големи пари

потајно забраната ја игнорирале и ја рушеле, ајаните побарале валијатскиот забит Хасан Челеби да врши строга контрола врз пазарот и непочитувачите на забраната да ги приведува и да ги казнува[634]

Слична забрана се случила и во 1634 год., а по многу слабата жетва таа година.[635] Сега членовите на бакалскиот еснаф биле што интервенирале во одлевањето. Се претставиле пред судот и побарале строго санкционирање на профитерите.[636]

Ваква забрана имало и во 1656 год. Овојпат пред судот дошло дури и *„целото население“.* Било загрижено и во страв дека гладот, кој царувал подолго во соседните градови, ќе се префрли и ќе завладее и со нивниот, па одливот на прехранбените продукти инсистирале да запре, манипулантите и профитерите да се казнат, зашто познато било дека многу од нив, иако немале потреба од резерви храна, зашто веќе се беа обезбедиле до следната реколта, наголемо купувале и складирале друга, па потоа потајно и за големи пари ја препродавале. Истовремено, за лица од Ѓавато, Лерин, Кичево и уште од неколку други места, таксативно спомнати, сугерирале забраната да не важи, зашто тие во континуитет битолскиот пазар го снабдувале со масло и сирење.[637]

Забрана се случила и во 1658 год. Сега ја побарале поголема група претставници од клерот, одреден број првенци, а и повидни граѓани, кои заеднички инсистирале на целосна забрана на откуп пченица, ‘рж, јачмен, просо, масло,

634. **Турски документи за историјата на македонскиот народ**, том I, 80/90

635. **Турски документи за историјата на македонскиот народ**, том 2, меѓу14 и 22 октомври 1634, стр. 100, бр. 191

636. Исто, том II, 1966, 91/173

637. Сицил бр. 14, 1656, јуни 6

мед и на уште неколку други поважни прехранбени производи и истата да трае до следната реколта. Тоа, според нив, било единственото решение за спас на месното население од глад. И сега, за рушителите се барало да се откриваат и да се казнуваат строго.[638]

Вакви забрани имало и во следните векови, ги среќаваме и во 19 век.

Лебни печива

Симит

За сето време на османлиската управа симитот бил и останал најпопуларното и најконзумираното лебно печиво, на кој, нешто слично на денешниот сендвич, не му требало никаков додаток, ги имал сите, всушност, бил целосен оброк. Тоа е причината занаетчиите што го изработувале да бидат побројни од оние кои производувале и продавале обичен леб. Оттаму, во 1856 год. во Битола, наспроти 13 лебари, да има 62 симитчии.[639]

Денес, за жал, тешко е да се конкретизира што, всушност, претставувал симитот во минатото. Во Битола, како и во Турција, тој е геврек, во Скопје е вкусно пупале, извалкано во сусам, во средината со посебен додаток од вкусни, мрсни кори. Таков, по сè, ќе да бил и во минатото.

Францускиот вицеконзул Белег де Буга во Битола (1856) тврди дека со симитџиство во градот се занимавале, главно, христијани и дека биле пекари од втора класа. И додека

638. Сицил бр. 17, 1658, јуни, 9

639. **Извештај за Битолскиот пашалак,** , 84

лебарите биле стационарни произведувачи и продавачи, симитчиите биле растрчани, мобилни продавачи.[640]

Благодарејќи на османлиските документи, денес познати ни се имиња и на неколку симитчии од средината на 17 век. Тоа се: Уста Али, Петко Арнаут, Марко Арнаут и Уста Синан.[641] Ја имаме и нивната бројка од 19 век.[642] Знаеме и каде на некои им се наоѓале и работилниците. За една, чиј сопственик бил вакафот на Јени џамија, во 1828 год. се плаќала кирија 10 пари, што била една од највисоките во градот.[643] Друг дуќан, чиј сопственик бил христијанин, во 1848 год. се наоѓал во Кара Осман Маалото[644] итн.

Дознаваме и дека силна конкуренција владеела помеѓу лебарите и симитчиите и дека непријателски расположени кон симитчиите биле лебарите заради брзата заработка, па нивните поплаки стигале и до престолнината и како единствено разрешение гледале во ограничување на деновите на нивната работа, на кое, не ретко, наоѓале и разбирање. Едно такво барање, кое било и удоволено, било од 1647 год., кога им се определило симити да продаваат само во недела.[645]

Како популарно лебно печиво, слично на симитот, била и баницата. Омилена била и во Битола.[646]

640. **Извештај за Битолскиот пашалак**, 84
641. Сицил бр. 18, 1661, окктомври, 1о, бр. 69
642. Никола В. Димитров, Цит. статија, 30
643. **Турски документи за македонската историја**, 1827-1839, 45
644. Сицил бр. 117, 1848, декември 23
645. Сицил бр. 11, 1647, без датум, бр. 117
646. А. Шоповъ, Цит. дело, 275

Вкусниот османлиски леб

Лебот што го конзумираме денес, со мали или без никакви промени, се користрел и во средновековието,[647] бил на трпезите и кај османлиите. Германецот Ханс Дершвам (1553) е меѓу првите што се заинтересирал за него и кој оставил и податоци,[648] следниот е и Бернардо Лоренцо (1591).[649]

Оценките се единствени – во Отоманската Империја се конзумирал исклучително квалитетен и вкусен леб, а основа за тоа биле одличните сорти житарици, најмногу технологијата на обработката на брашното.

Патописецот Едвард Браун (1669), личен лекар на англискиот крал, по престојот во Турција, запишал: *„Турскиот леб не може да го надмине ниту еден друг леб во Европа. Лебот во Турција долго се подготвува и долго се меси. Така станува полесен, повкусен и поздрав, а уште е и шест пати поевтин од Англија“*.[650]

Слични оценки даваат и Англичанките Мекензи и Ирби (1863).[651]

Тоа, се разбира, се однесува на градот, сосема подруги биле оценките за селскиот леб. Има тврдења (прва половина на 17 век), дека, заради големото количество ‘рж, бил тежок за варење, дури и дека воопшто и не се јадел,[652] а

647. Константин Јиричек, Цит. дело, 249

648. Ханс Дершвам, Цит. дело, 264

649. Д-р Александар Матковски и Поликсена Ангелакова, **Опис на патувањето на венецијанскиот пратеник Лоренцо Бернардо низ Македонија во 1591 година**, 217

650. А. Матковски и П. Ангелакова, **Патувањето на Едвард Браун низ Македонија (1669 г.),** Историја, г. VI, бр. 1, Скопје, 1970, 140

651. **Македонија во делата на странските патописци**, 1850-1864, 569

652. Д-р Александар Матковски и Поликсена Ангелакова, **Неколку кратки патописи за Македонија, Гласник,** Гласник на Институтот за национална историја, г. XVI, бр. 1, Скопје, 1972, 253

ако се додаде и дека се месел еднаш неделно и дека се јадел бајат, може да се претпостави со каква сласт го конзумирало најбројното население во државата.

Благодарејќи на османлиските документи, денес имаме податоци и за неколку битолски лебари од раниот период. Во 17 век се спомнуваат: Меми (1634),[653] Мехмет (1635),[654] Јако Станко,[655] а во 1657: Јован, Гико од Тенека Пазар, Митре од С'гр Пазар, Стамат, со фурна до реката, Марко Петко, со фурна кај Турбето, па Коле и Стрезо, Мехмед и Реснели заде[656]. Се знае и дека поголем број од нив повремено правеле и проблеми со редовното производство, најмногу заради неисплатливоста и фиксна цена на лебот.[657] Дознаваме и дека во 1651 год. маалциите од Јакуб Бег Маалото станале против отворање втора фурна *„бидејќи во нивната маала имало вакафска фурна"*.[658]

Од 1727 год. познат ни е и Никола лебарот,[659] а во крајот на истиот век и лебарите Митре, Кирко и Стојан. Меѓусебно биле блиски и пред власта гарантирале еден за друг.[660] Фурни, во 1822 год., имале и Хаџи Осман, Хасан и Али, кои, слично како и други, прозведувале леб и за војската.[661] Таква практика постоела и претходно,

653. **Турски документи за историјата на македонскиот народ**, 2, 84/162
654. Исто, 146/275
655. Сицил, бр. 24, 1678, ноември 19
656. Сицил бр. 15, 1657, датум непознат
657. Сицил бр. 53, 1750, октомври 9
658. Сицил бр. 12, 1651, датум непознат
659. Сицил бр, 41, 1727, октомври 28
660. Сицил бр. 53, 1750, октомври 9
661. Сицил бр. 92, 1822, непознат датум

и во 1802 год.[662] Во 1814 год. на дел од ним Румелискиот вилает им должел 7.482,5 гроша за испорачан леб.[663]

Во 19 век сочинувале броен и моќен еснаф, во 1856 год. броеле 95, приближно толку биле и на крајот од веков (92).[664]

Има податоци и за цените и на лебот и на симитот. Во 1741 год. лебот од 130 и 140 драма и симитот од 100 и 80 драма чинел 1 акче,[665] во 1837 год. белиот леб од една ока чинел 30 пари, а црниот од истата тежина 23 пари.[666]

Симитчиите и лебарите како посебни еснафи, учествувале со донации и во одредени градски добротворни зафати. Во 1830 год. приложиле пари и градежни материјали при градењето на катедралната црква „Св. Димитрија".[667]

Цените на лебните печива биле фиксирани и за време српската управа. Во 1913 год. леб од црно брашно, од пола ока чинел 0,20 дин.; од бело брашно, од 192 драма – 9,20 дин., а ѓевреците и симитите – по 0,5 дин.[668]

Погача

Најфрекфентните епитети што ја следат погачата и во народната песна и во катадневната конверзација, како во минатото, така и денес, се *„бела"* и *„мека"*. *„Бела"* е кога се прави од одбрано, квалитетно, бело брашно, *„мека",* зашто е *„како душа",* растресита и воздушеста. Таа е за пречек

662. **Турски докумети за македонската историја**, 1800-1803, 115-116

663. Милош Х. Константинов, **Занаети и еснафи во Битола и околијата,** Научно друштво, Битола, 1961, 28

664. Никола В. Димитров, Цит. статија, 27

665. Сиџил бр. 47, 1741, јули 10

666. **Турски документи за македонската историја**, 1827-1839, 149

667. Велимир Т. Арсић, Цит. дело, 40

668. **Таксе,** Општинске новине, бр. 3, Битољ, 20 јануар 1913, 7

на гости или леб што се јаде кај богато семејство. Посебно значење има кога ја подготвила млада невеста.

Кога кметовите од Приморјето во средновековието сакале да им угодат и да им изразат посебна чест и благодарност на сопствениците, чија земја ја рентирале, подготвувале и им дарувале вакво печиво.[669]

На континенталниот Балкан, во 16 век, сретнуваме сосема поинаква погача, за која најрани податоци остави францускиот патописец Ожие Гизлен де Бузбек. На пат кон и назад од престолнината, двапати поминал по Цариградскиот пат (Ниш – Константинопол), а најдолго останал во главниот град (1553-1562). Сосема добро го запознал тамошниот живот, при што регистрирал податоци и за погачата. Тврди дека била печена на *„пепел“* и дека се подготвувала релативно брзо. Месните жители од крајпатните села, според него, откако забележувале дека се приближуваат патници, набрзина го подготвувале тестото, успевале и да го испечат додека стигнат до селото, што значи дека тоа не било подложно на квасење.

Ете, ваквото печиво било *„погача“*.[670]

Скоро во истото време (1553-1555) и по истиот пат поминал и Ханс Дервшам и тој ги пробал овие погачи. Дознал и како се подготвуваат. Погачиве ги сретнал во селата Ветрен,[671] Вакарел[672] и во едно трето, чие име не го запомнал, а во кое го пречекле дури 20 продавачки.[673] Сето тоа

669. Константин Јиричек, Цит. дело, 249

670. **Френски пътеписи за Балканите XV-XVIII**, Съставила и редактирала Бистра А. Цветкова, „Наука и изкуство“, София, 1975, 127

671. **Немски и австрийски пътеписи за Балканите**, 241

672. Исто, 264

673. Исто, 268

било причина да остане со впечаток дека таму *„друг леб освен погача“* не познаваат.[674]

Ваквата погача била позната и во другите делови од Балканот, па и во Македонија. За македонската имаме податок од далечната 1591 год. од Иван Гаваза, кој, како член на венецијанското дипломатско претставништво, ја користел Виа Игнација. Во селото Вардариос од Солунското поле, бил пресретнат од селанки *„со погачи печени на пепел“*.[675]

Погачата понекогаш излегувала од правилото да биде од бело брашно. Кај дел од бедното муслиманско население, во првата половина на 19 век, се среќавала од 'ржано или од пченично брашно, но и кај нив се печела на пепел или на топло огниште на црепна.[676] Се конзумирала, како и денес, како специјалитет.

Бурек

Бурекот е вид пита, дојдена заедно со османлиите. Го знаеме и првиот османлија, кој уште во 1468 год. што го произведувал во Битола, бил Али. Ќе да бил почитуван граѓанин, па маалото во кое живеел го понело и неговото име, *„Маалото на Али бурекчијата“*.[677]

Бурекчилакот се одвојувал како посебен занает во обработката на лебните печива. За поранешните векови нема податоци колку бурекчилници имало во Битола, во 1827 год.

674. Исто, 236

675. Д-р Александар Матковски и Поликсена Ангелакова, **Опис на патувањето на венецијанскиот пратеник Лорензо Бернардо низ Македонија во 1591 година**, Гласник, Институт за национална историја, годоина XV, бр. 1, Скопје, 1971, 218

676. **Македонија во делата на странските патописци**, 1778-1826, 777

677. **Турски документи за историјата на македонскиот народ**, Опширни пописни дефтери од XV век, том II, Архив на Македонија, Скопје, 1973, 141-145

биле 8, во 1856 год. исто толку. Во крајот на истиот век, имало само две, што му противречи на најголемиот просперитет на градот и на бројката на населението, а да не зборуваме и за огромната статиционарна војска.[678]

Промени во домашното мени

Деветнаесеттиот век донесе големи промени и во структурата и во начинот на исхраната кај нашите граѓани.

Првин се променил бројот на оброците, па кон стандардните два, се придодал и појадокот, кој претходно секогаш се прескокнувал. Како прв оброк, според тоа, фигурирал ручекот, кој земјоделецот го конзумирал додека пладнувал или го пасел sевгарот и додека чекал да одмине жегата, односно додека ќепенците на дуќанот биле спуштени, а мајсторот дремкал во пладневниот одмор. А и тој бил скромен, се состоел од неизбежното бело сирење, кромид, лук, праз, црвени пиперки, краставички, кои биле навистина мали, но за западноевропејците, многу вкусни[679]. Цвеклото, репката, донекаде и зелката, до средината на 19 век биле непознати, а компирот имал третман на редок деликатес (*„Помнам,* вели Русинката М. Карлова (1868), *дека во Кичево, архиерот нѐ гоштеваше со јадење од компири од својата бавча: компирот нѝ го послужија како најотмена реткост“*[680]*).* Таков ќе остане и до крајот на истиот век (*„Компириte сѐ уште не си пробиле пат“,* тврди Густав Вајгант во 1889.[681]).

678. Никола В. Димитров, Цит. статија, 28

679. **Извештај за Битолскиот пашалок**, 64

680. **Македонија во делата на странските патописци**, 1864-1874, 166

681. **Македонија во делата на странските патописци**, 1889-1898, 33

Вечерата била најобилниот, всушност, главниот оброк, кој бил и прилика кога семејството се збирало на едно место, кога се градел семејниот амбиент, се разрешувале материјални и други проблеми, се кроеле планови за наредниот ден и за иднината, била прилика родителите да си поиграат со рулчињата, да се казнат или укорат оние што не си ги извршиле задолженијата. Заради обилноста и мрснотијата од пастрмата или од другото тешко сварливо месо, поединци дежурале скоро цела ноќ.

Ваквиот распоред започнал да се руши под надворешните, европски влијанија, првин во семејствата во кои имало членови кои престојувале во европските земји, па појадокот си го зазел местото на трпезата. Започнале да се користат и земјоделски производи што не биле познати кај нас, се открил грашокот, кој во Битола првпат пристигнал во 1852 год., а чија заслуга била на првиот британски конзул, Џон Аугустус Логворт[682].

Големо влијание во промената имале и лазаристите од редот „Сен Венсан де Пол", кои, покрај својата црква, имале подигнато и огледна зеленчукова и овошна градина за свои потреби. Со изобилството вода, добиена од јазот што протекувал тука, одгледувале зеленчук, со семе добиено од матичната земја, од Франција, со што, како што тврдат современиците, направиле *„револуција на пазарот за зеленчук и овошје"*. Не само слуги на паши и бегови што доаѓале со молби за семиња, за гранчиња за калемење од новите сорти и за совети, туку започнале да пристигаат и професионални бавчанции и овоштари за да го збогатат и осовременат своето производство.[683]

682. **Македонија во делата на странските патописци**, 1864-1874, 166

683. Артур Друлез, Цит. дело, 7, 34

На тој начин, навиката да се конзумира и да се произведува зарзават и овошје станале значајни компоненти за подобрување на исхраната. Во крајот на 19 век 50-на бавчанции ги задоволувале потребите од зарзават, кој 69 Евреи го продавале низ Битолската чаршија.[684]

На нашата софра се настанал и доматот, првин зеленият и тоа не да ја збогати салатата, повеќе да биде додаток на варилата.

Истражувањата на Де Буга, во средината на 19 век, потврдуваат дека производството на дињи, лубеници и друг бостан започнало да се збогатува. Традиционално најмногу се одгледувале и конзумирале јаболката, но во овошните градини застапени биле и круши, сливи, цреши, кајсии и дуњи, врз кои ретко се вршело калемење и прскање, оттаму и квалитетот да не биде на повисоко ниво.[685]

Ако тоа како промена била значајна за градот, состојбата со исхраната во селото била сосема подруга, била традиционална, всушност, била поразителна. *„Тукашните жители се задоволуваат со едно парче пченкарен леб и со неколку пиперки“,* тврди истиот Вајнганд (1889).[686]

Во еден извештај на Министерството за внатрешни работи на СХС за Битолскаста област, од 22 ноември 1926 год. констатирано е дека кај стасаните младинци за регрутација неисхранетоста била општа и страшна, имало регрути за кои се тврдело дека дури *„жалосно е да се гледаат“.* Тежината не им надминувала повеќе од 40 кг, оттаму процентот на способност за војска да биде рамен на нула. Лесно било да се утврди дека главен виновник бил домот, каде се конзумирала еднолична и лоша храна од ‘ржан леб, кромид,

684. Милош Хр. Константиновски, Цит. дело, 29

685. **Извештај за Битолскиот пашалак**, 65

686. **Македонија во делата на странските патописци**, 1889-1898, 32

оцет, салата и матеница. И покрај ваквата исхрана, обичај било и многу да се пости, дури и 260 дена во годината.[687]

Сето тоа, за жал, дел е на нашата подалечна и малку понова историја, оттаму и многу краток просек на животен век на Македонецот.

Ахчилници и мезеции

Заради значењето што го имала Битола како административен, воен и културен центар, бројот на катадевните посети од селата и од соседните градови бил масовен. Тоа бил предуслов анското, подоцна и хотелското сместување да биде развиено, како и бројот на угостителските институции, познати со популарното име ахчилници. Ако во 1817 год. ги има скромни само 4 на број, во 1856 год. се искачуваат на 13, какви ќе останат и на крајот од векот.[688]

Готвач набавува продукти од пазар (17 - 18 век)

687. **Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава**, том втори, Универзитет „Кирил и Методиј" – Скопје, Скопје, 1981, 20

688. Исто, 27

Ахчија на работно место (18 век)

Ахчилниците биле гостилници за ориентална храна, која се состоела од овчо или друго месо (не свинско), варила од ориз, збогатени сите со доста мирудии и зачини. Декоративни и примамливи, опијанично миризливи, не оставале никого рамнодушен, кога ќе се поминело покрај нив. Кој ја посетил Турција и денес го доживеал истото. Поважно од тоа била и ниската цена.

Главната нивна концентрацијата во Битола била околу Градскиот часовник, макар што ги имало раштркани и низ чаршијата. За еден од 17 век (1623) познато ни е и името, Хасан.[689] Во 1865 год. го имаме и Али, син на хаџи Емин од Емир Челеби Маало.[690]

Ахчилници, и како сеќавање на едно време и како понуда за традиционални сладокусци, особено за преостанатите Турци, можеле да се сретнат низ Битолската чаршија и меѓу двете светски војни.

Србите, по Балканските војни, ќе донесат многу промени во Битола, ги имало и во исхраната. Свинското месо сега доминирало, омилена станува и скарата, посебно лесковачката. Гостилниците стануваат и меани, каде се точи многу ракија и пиво и алкохолизмот станува социјален и

689. **Турски документи за историјата на македонскиот народ,** 1, 140/221

690. Сицил бр. 129, 1865, февруари, 24, 233

семеен проблем. Здружението на угостителите е едно од побројните, живее еснафски и одржува редовни годишни собранија на кои се бараат и се решаваат еснафски проблеми и се избираат управни тела.[691]

Покрај ахчилниците, околу 1860 год., се појавуваат и првите мезеции, лица кои нудат обработки од внатрешните органи од ситен и крупен добиток, кукурец, ширден, суџук, црн и бел дроб. Најомилено место им бил Ленски Мост, но поединци имале и продавници. Мезето, всушност, била храна за сиромаштијата, за аргатите, но и за дуќанциите кои не можеле да заминат дома на ручек и за пазарџиите од подалечните села и од другите градови.[692] Во крајот на 19 век ги имало 10,[693] (еден бил Јован Коње), а од средината на 20 век запаметени останале Дано Мац Мац, браќата Вангел и Ицо Мезаровци, Пуљката, Миле Татаро и др.[694]

Дивеч и риби во исхраната

Мала корекција во едноличната храна во минатото правел дивечот и рибата. Околните планини, Баба, Ниџе и др. изобилувале со срни, елени, диви свињи, дивокози, ласици и лисици, а особено со зајаци. Има тврдење (1856) дека британскиот конзул одгледувал ‘ртови и во слободното време сам или во друштво со пријатели, одел во лов на зајаци.[695] Толку ги имало што само од пашалаците Битола, Лариса и Јанина годишно за Неапол, во средината на 19 век, се изве-

691. **Удружење битољских угоститеља,** Вардар, Скопље, 2 април 1933, 6
692. Милош Хр. Константиновски, Цит. дело, 26
693. Никола В. Димитров, Цит. статија. 29
694. Александар Стерјовски, **Битола – Реката Драгор,** 348-353
695. **Македонија во делата на странските патописци**, 1850-1864, 139

зувале околу 200.000 нивни кожи.[696] Во Битола и околните села имало многу одгледувачи и на ловечки птици, најмногу соколи и да се види ловец со сокол на едната рака како заминува на лов и во последните децении на 19 век, не било никакво изненадување.[697] Пелагониското блато било преполно и со водни птици, особено преселници, кои селаните масовно ги ловеле и на нив заработувале, продавајќи ги на битолскиот пазар.[698]

Блатото особено било неисцрпно со разновидна риба, навистина не толку квалитетна, со која се полнел Рибниот Пазар. Познат ни е и првиот регистриран професионален рибар, рибарот Ристе, татко на четири малолетни деца од Хамза Бej Маалото, кој многу рано починал.[699] Подоцна најмалку дваесетина други станале професионалци рибари, но повремено и селаните од селата Егри, Гнеотино, Оптичари и уште неколку други, се вклучувале во црпењето на рибниот фонд од блатото и од Црна Река, кои заеднички, во побогатите сезони, доставувале околу 100.000 оки риба во градот.[700] Дел од пелагониската риба, користејќи го Драгорот, пристигала и до Битола. Денешните наследници на генималската воденица „Кај Пуста“ со носталгија раскажуваат дека селаните што доаѓале да мелат жито кај нив, лесно ги ловеле од јазот на кој била поставена воденицата и го подготвувале дневиот оброк, чекајќи да се сомеле житото.

696. **Извештај за Битолскиот пашалак**, 109

697. **Македонија во делата на странските патописци**, 1864-1874, 49-50

698. **Извештај за Битолскиот пашалак**, 75

699. Сицил бр. 136/Втор дел, 1869, јуни, 2, 402; Сицил бр. 136/Втор дел, 1869, јуни, 2, 411

700. Милош Хр. Константиновски, Цит. дело, 27-28

Сето тоа покажува дека, иако рибата не била честа на нашите софри, промената во исхраната почнала да се остварува во позитивна насока

Не е познато како била организирана експлоатацијата на рибниот фонд и дали имало некакво риболовно здружение пред доаѓањето на српската власт, но затоа има доста податоци за српската заинтересираност да го регулира тоа прашање, потпирајќи се врз Законот за риболов, донесен во 1898 год. Според него, право за користење на овој фонд одел преку откуп на право, добивано на лицитација. Вообичаено било истата да биде организирана преку службите на локалната самоуправа, а во Битола одела преку Окружната благајна.

Првата лицитација во Битола за рибниот фонд од Црна Река била организирана на 8 март 1914 год. Два дена претходно бил објавен оглас, во кој биле наброени и условите за учество, како и местата за риболов.

На риболовците им било дозволено од реквизитите да употребуваат: голем струк, солма, трбак, влан, кец, кусик, бубањ, метлици, како и слични средства, со исклучок на алови и лапкаши, кои бараат ангажман на чун или чамец. Била дозволена употреба и на: вршќка, челенец, црпец, сертма, загажањ (од 6 метри должина), како и помали риболовни средства со кои се лови од брегот, односно без употреба на чун или чамец.

Се давала забрана за употреба и на динамит и на други распрскувачки материјали, како и ловење риби помали од 0,15 см. Прекршителите се предупредувале со казна според чл. 25 од истиот закон.

Закупецот правото можел да го префрли на друго лице, со напомена да го прави на означените места и со стриктно почитување на условите.

Веднаш по извршената лицитација, а по добивањето на правото, лицитантот како кауција морал да приложи 12 отсто од лицитационата сума, половината откако била одобрена од Министерството за финансии, остатокот – до први август истата година.[701]

Благи производи

Почнувајќи од дамнешните османлии, па до денешните современи жители на Република Турција, забележлива е нивната нагласена склоност кон благи производи. Не само што секој побогат оброк се окончувал со благ додаток, туку и без повод, всушност, преку целиот ден се посегало по нив, со повеќе или помалку благ течен прелив. Стана традиција и доколку се сакало со некого да се има пријатна средба или да се почести по некој повод, решение да биде слаткарницата.

Првите битолски регистрирани алвации се од 1468 год. и биле 3.[702] Пекмез Пазар било местото каде биле и во најголем број. Во 19 век ги имало два вида, *алваџиски* и *кадаифџиски,* во првите се нудела алва, најмногу таан алва, но и ирмик алва. Првата била со и без ореви, обете со иста цена, 80 пари оката. Кадаифот бил поевтин, чинел 20 пари оката.[703]

Со овој занает во 1856 год. се занимавале и муслимани и христијани и во нивните дуќани навраќал броен народ, не само заради слатките, туку и за разновидните вина и странски ликери, што говори дека биле и вид градски

701. **Лицитација за риболов,** Општинске новине, бр. 38, Битољ, март 1914. 4

702. М. Соколоски, **Турски изворни податоци**. 130

703. **Турски документи за македонската историја**, 1818-1827, 103/8; 118/10

меани. Таа година во Битола ги имало 7.[704] Како алвата, така и бозата биле носени и се продавале и по селата, вообичаено – за јајца.[705]

Европските промени ги засегнале и овие производи, првин со промена на асортиманот, потоа со промена и на амбиентот. Првата, нетрадиционална продавница на Широк Сокак се јавува во 1868 год.[706] Семејството Пешка уште при крајот на 19 век ги пренесува европските слатки, од кои најпознат им станал марципанот. Со него, во форма на Ајфеловата кула, бил поздравен дар за Решад Петти од здружението слаткари, кога бил во посета на Битола.[707]

Следејќи ја оваа новина, неколку слаткарници се отвораат и на традиционалното шеталиште, Широк Сокак. Една е слаткарницата на Кендру, до Камен Мост, но познати станаа и оние на Сали (Кај Сали Мосто) на Амди (кај Амди Мосто) до Безистенот, обајцата македонски муслимани.

Паралелно со слаткарскиот, се ширел и шеќерџискиот занает. Заеднички шеќерџиски дуќан, за кој се тужеле во 1848 год., имале ортаците Наум и Ташко.[708] Со овој занает, во 1865 год. и во крајот на истиот век, се занимавале 5 лица.[709] Три имиња на мајстори шеќерџии од 1869 год. се Исмаил Ефенди, син на Абдулах од Хамза Бej Маалото[710], солунчанецот Ѓорѓија, син на Јован, кој во Битола имал изнајмен црквен дуќан и чие исчезнување од градот

704. **Извештај за Битолскиот пашалак**, 86

705. **Спомени** (С. Арсов, П. Кљашев, Л. Церов, Г. П. Христов, А. Андреев, Г. Папанчев, Л. Димитров), Култура, 1997, 76

706. **Македонија во делата на странските патописци**, 1864-1874,

707. Соопштение на Александар Пешка, пензионер од Битола

708. Сицил бр. 111, 1848, декември 8

709. Никола В. Димитров, Цит. статија, 30

710. Сицил бр. 136/ Прв дел, 1869, април, 10, 324

останало неразгатнето[711] и Сотир, син на Коста.[712] Бројот нивни останал ист и во крајот на истиот век – 5,[713] каков што бил и меѓу двете светски војни. Попознати во поновото време биле браќата Симјановци (Ѓорѓи, Наум, Стево), Анастас Пржита, а најпознат, сепак, останал Петар Герас, чија работилница имала подолга историја.

Била основана, како што е кажано, во 1883 год., извесно време фигурирала како „Парна фабрика за коњак и ликер", станала „Фабрика за бонбони", а имала и филијали во Солун и Белград. Во 1933 год. учествувала на Меѓународната изложба на кондиторски производи во Лондон, од каде дошла со високи признанија.[714]

Софра и прибор за јадење

Основниот прибор врз кој се поставувал и од каде се конзумирал семејниот оброк, била софрата. Била дрвена, во круглеста форма, всушност била табла,[715] со ногарки во висина од 40-на сантиметри и со различен дијаметар. Во почетокот на XIX век била од четири педи (голема), а имало и средна и мала. Првата чинела 100, средната 80, а малата 60 пари[716].

По неа се јавила и металната софра, чие име сега е тепсија и била поголема и од најголемата дрвена. Ја имало од метар и половина во дијаметар и можела да прибере

711. Сицил бр. 136/Втор дел, 1869, јуни, 24, 463

712. Сицил бр. 136/Втор дел, 1869, август, 3, 532

713. Никола В. Димитров, Цит. статија, 30

714. **Успех битољске фабрике „Герас" на међународ. изложби у Лондону**, Вардар, Скопље, 27 јули 1933, 10

715. **Немски и австрийски пътеписи**, 215

716. **Турски документи за македонската историја**, 1818-1827, 104/8

Оброк на дрвена софра (1577)

за еден оброк од осум до десет лица. Бидејќи ногарките отпаднале, под тепсијата се поставувала табуретка. Кружните краишта од еден или еден и пол сантиметар биле подигнати, јадењето да не испадне или да се прелее. Бидејќи била од бакар, повремено морала да биде и калајлисувана, па кај странците со својот сјај оставала посебен впечаток.[717]

Бидејќи нашите семејства се состоеле од повеќе членови и биле од различен возрасен ранг, редоследот во јадењето бил утврден – гостите и постарите членови биле привилегирани, следувале средните по возраст, за на крајот

[717] **Македонија во делата на странските патописци**, 1778-1826, 233; **Македонија во делата на странските патописци**, 1827-1849,635; **Македонија во делата на странските патописци**, 1879-1888, 71

да дојдат децата и слугите.[718] Околу неа имало перничиња на кои се седело.[719] Редоследов го регистрирала и народната песна. Пред почетокот на јадењето слугите со ибрици и крпи, некогаш и со миризлива вода, канеле миење раце.[720] Ваквиот начин седење уште во средината на XVI век го регистрирал и католичкиот свештеник Стефан Герлах во својот патепис.[721]

Парче леб или пупале биле посебниот дел од оброкот што се поставувал пред секој, а тавата со пиљав или чинијата со варило било заедничкото, од кое секој брцкал по желба, заради што јадењето напати, особено во гладните години и во сиромашните и бројни семејства, било и натпревар.[722]

Од садот до устата тврдото јадење се носело со три прсти, палецот, показалецот и средниот прст, *„а Мавриτе со πеτ зашτо мислаτ дека ѓаволоτ јаде со два“.*[723]

Исклучок било кога тоа било течно, кога се користеле дрвени лажици, кои се наоѓале не само на селската или градската софра, туку и во царски сарај, кое се практикувало до 19 век,[724] а во некои семејства и подолго[725].

Долго време ручекот бил главниот, па и единствениот оброк за едно денонoќие.[726]

---

718. **Македонија во делата на странските патописци**, 1875-1878, 275
719. **Македонија во делата на странските патописци**, 1778-1826, 233; **Македонија во делата на странските патописци**, 1827-1849,635
720. **Македонија во делата на странските патописци**, 1875-1878, 275
721. Стефан Герлах, Цит. дело, 87
722. **Македонија во делата на странските патописци**, 1827-1849, 93
723. **Балканот во делата на странските патописци**, 1402-1657, 82
724. **Македонија во делата на странските патописци**, 1779-1826, 19
725. **Македонија во делата на странските патописци**, 1875-1878, 275
726. **Балканот во делата на странските патописци**, 1664-1779, 294

Мајсторот (*лајчаро̄т)*, изработувачот на овој прибор, не бил од најценетите занаетчии, оттаму и неговиот број во чаршијата е симболичен. Причина за тоа била лесната и општопозната изработка, ги изработувале скоро сите повешти домаќини. Во Битола, во 1827 год., се произведувале во три дуќани,[727] во 1856 год. само во два.[728]

Металните, вилушките, лажичките и ножевите, за првпат забележани биле кај Европјаните на времен престој во нашите краишта или кај превереници во османлиска служба, кај кои навиките од старата татковина сè уште не биле заборавени, а јадењето со прсти неприфатено.

Податоци за нивната појава во Битола потекнуваат уште од 1850 год. За првпат се забележани на гозбата организирана во чест на Англичанецот Едмунд Спенсер од полковникот Мустафа–бег, чие национално потекло никој не го дознал. На истата не само што се менувале видови јадења, се пиело шампањско, доминантен бил и овој прибор.[729]

Поширока корекција од дрвен во метален прибор се случила кон крајот на 19 век, првин во Стамбол во повисоките слоеви од општеството, потоа и во останатите.[730]

Интересен е случајот што го забележал еден Американец (Сајрус Хамлин – 1847), кој во селото Сборско, Мегленско, бил гоштеван кај месниот бег. На вечерата не само што биле понудени 20-на јадења, туку и три вида лажици – дрвени за топли јадења, лажици од желкина коска за ладни и за шербет од кокосов орев.[731]

727. **Турски документи за македонската историја**, 1827-1839, В, д. 184, с. 18
728. Никола В. Димиитров, Цит. дело, 29
729. **Македонија во делата на странските патописци**, 1850-1864, 29
730. **Македонија во делата на странските патописци**, 1875-1878, 277
731. **Македонија во делата на странските патописци**, 1827-1849, 635

Млечни кисели производи

Првите Европјани што ја откривале Отоманската Империја со голема љубопитност се однесувале кон она што било ново за нив, вклучително, и кон храната. Покрај со кафето, кое им било крајно непријатна и одбивна новина, се запознале и со бозата, шербетот, цветниот пијалок од рози и уште со ред други пијалаци. Најголемо внимание и воодушевување покажале кон киселите млечни производи.

Мартин Грјуневег (1582) тврди дека јогуртот бил толку популарен што се конзумирал во огромни количини и секојдневно[732]. Роберт Вајтерс (1620) открива дека таквата популарност ја стекнал благодарејќи на успешното гаснење на жедта.[733] Антоан Гијом Оливие, познат француски патеписец од крајот на XVIII век, пак, пишува: *„Јогуртот или киселото млеко не им се допаѓа на странците, но тоа е здрава храна, со која брзо човекот се привикнува и која после со задоволство се конзумира – многу е распространет во целиот Ориент“.*[734]

Странците го опишале и начинот на подготвување. Грјуневег вели дека млекото првин се варело, се оставало да олади до степен прстот да ја издржи топлината, потоа во средината, без да се промеша се ставало малку кисело млеко, квас или парченце леб, односно капка оцет и се оставало да поткисели. Откако тоа ќе се случило и масата ќе згуснела, се сипала во торба што виси со цел водата да исцеди. За да се направи јогурт, вели понатака, се црпело

732. **Немски и австрийски пътеписи за Балканите**, 413

733. **Македонија во делата на странските патописци**, 1371- 1777, 360

734. **Румелийски делници и празници**, 21

дел од таа маса и се мешала со вода, по што настанувал пријатен напиток.[735]

Ваков пијалок се продавал во дуќаните, но и низ улиците. Низ улиците бил носен на интересен начин, во млекарски садови и на главата од продавачите.[736]

Сличен на јогуртот, исто така, популарен безалкохолен пијалак, бил оној направен од урда. Вкусната киселкава урда се мешала со одреден процент вода, ѝ се додавале неколку зрнца суво грозје и станувала *„најосвежителен и највкусен пијалок, особено во жешкиот летен период“.*[737]

Киселото млеко, помешано со ориз и потпечено, било едно од најомиленото и најбараното јадење и од муслиманите и од Европејците.[738] Денес го именуваме за јогуртлитава.

За најквалитетно и посебно ценето кисело млеко, со посебен вкус, што се подготвувало и во Битола, било добивано од млеко на биволица.[739]

Шербет

Иако под *шербет* денес се подразбира густо растопен шеќер, со кој богато се полива одреден вид слатки (баклава), во минатото бил популарен безалкохолен пијалок, подготвуван од одреден вид овошје. Бил умерено засладен од мед или шеќер. Мразот му бил неодминлива компонента.

735. **Немски и австрийски пътеписи за Балканите**, 413

736. Исто, 262, **Македонија во делата на странските патописци**, 1875-1878, 282

737. **Балканот во делата на странските патописци**, 1664-1779, 295

738. Исто

739. **Извештај за Битолскиот пашалак**, 72

Арапскиот шербет се подготовувал од суво грозје кое доаѓало од Коринт или од Дамаск. Истото се мелело и се потопувало во сад со топла вода, каде останувало два до три дена, па, откако ќе ферментирало, се добивал напиток сличен на виното, кој бил омилен и од мажи и од жени, зашто и развеселувал. За боја му се додавал виснки талог, со што разлика меѓу виното и него скоро и да немало.[740]

Од Дамаск се довезувале и доста суви кајсии, необично благи од кои, исто така, се правел напиток, пријатен и мирилив. И тој, ете, се именувал за шербет.[741]

Работилница за шербет (17-18 век)

Популарни шербети во XVI век биле и *анадолскиот* и *татарскиот,* а вкусот им зависел од овошниот материјал. Заедничкото на обата им бил сладот кој бил од шеќер или од мед.

Се подготвувале во голем котел, со малку вода, во кој се дробеле парчиња шеќер, кои требало да се стопат, а пред да зоврие сместата, се вадела пената, па се додавала уште вода. И во овој стадиум се правел напор преостанатата пена да се отстрани, по што пијалокот се оставал да олади, му се додавале белки од јајца, па

740. **Македонија во делата на странските патописци**, 1371-1777, 217-218
741. **Румелийски делници и празници**, 21

се цедел.[742] Следеле потоа додатоци од овошје, од круши, дунки, јаболка, праски, сушени цреши, смокви, праски или некое друго овошје, оттаму и посебниот вкус и разликата меѓу нив.

Многу популарни биле и шербетите подготвени со лимон и шеќер, во кои се додавал и одреден цвет со кој им се облагородувал вкусот.[743]

Шербетот се нудел на послужавник, во чаши без рачка. Вообичаено било при употребата да се понуди и чиста полувлажна крпа, убаво навезана, да се избришат рацете или устата.[744] Се конзумирал со изобилна употреба мраз,[745] кој го имало преку цела година.[746]

Ваквите пијалаци, како и насекаде, омилени биле и во султанскиот двор, тврди Роберт Вајтерс во својот патепис од 1620 год.[747]

Шербет се правел и се конзумирал и во Битола. Од Јанинската каза, во средината на XIX век, во Битола беше дошол некој си Коста, син на Анастас, кој со овој занает добро просперирал. Потврда за тоа е и капиталот што го стекнал, кој му дозволувал да позајмува пари со камата.[748] Шербетчиски дуќан покрај Драгорот, до мостот на Абдула Фетах, во 1848 год., имал и христијанинот Ангеле, син на Стојче. Регистрирано е дека доживеал мистериозна судбина, незнајно исчезнал од домот и градот, па морало комисиски да се попишува дуќанот и инвентарот и јавно да

742. **Балканот во делата на странските патописци**, 1402-1657, 421
743. **Балканот во делата на странските патописци,** 1402-1657, 269
744. **Македонија во делата на странските патописци**, 1875-1878, 281
745. Стефан Герлах, Цит. дело, 175
746. **Балканот во делата на странските патописци,** 1402-1657, 195
747. **Македонија во делата на странските патописци**, 1371-1777, 357
748. Сицил бр. 115, 1853, април 3, бр. 48

се продава.[749] Друг христијанин шербетчија во таа година бил и Коле, син на Стојан. Имал син и две ќерки и втора жена. И тој рано починал, па и неговиот имот се продал преку лицитација.[750] Следува и шербетчијата Ане, син на Иле од Кара Табак Маало, кој во 1865 год. бил оптужен за долг од 304 гроша.[751]

Пречекот во беговски дом имало и посебно уживање, кое се состоело од *„пиење кафе, шербет и лимонада, пушење тутун или јадејќи слатка, кои вообичаено се нудат при вакви церемонијални посети“.*[752]

Пекмез

Мошне популарно слатко јадење бил пекмезот. Во Битола постоел и специјален пазар, познат како Пекмез Пазар, кој во османлиските документи регистриран е уште во 1826 год. Се наоѓал околу Градскиот часовник, место познато токму со тоа име.[753] Три дуќани пекмезции, кои му припаѓале на вакафот на блиската Јени џамија, биле ангажирани: едниот за пекмезџијата Хаџија, кој плаќал 8 пари месечна кирија, Осман, кој плаќал 4 и Хусеин – 6 пари.[754] Во нивна близина, во 1863 год., се наоѓала и симитчиска фурна.[755] Дуќани на Пекмез Пазар имале и христијаните Наум Кондо, Коте Гулабар и Наум.[756]

749. Сицил бр. 111, 1848, мај 25, бр. 171
750. Сицил бр. 111, 1848, ноември 28
751. Сицил бр. 129, 1865, април, 29, 321
752. **Македонија во делата на странските патописци**, 1827 - 1849, 399
753. **Турски документи за македонската историја,** 1818-1827, 217/229
754. **Турски документи за македонската историја**, 1827-1839, 44-45
755. Сицил бр. 127/2, 1863, ноември 28
756. **Турски документи за македонската историја**, 1818-1827, 217/229

Дел од Пекмез Пазар во Битола

Пазаров го споменува и д-р Јован хаџи Васиљевиќ во својот прилог за Битола и вели дека тука се продавале и наут, мраз, дрвени лажици, најмногу пекмез, доставуван од Јуруците.[757] Од еден документ дознаваме дека во 1869 год. тука имало и амам, познат како Шуќур амам.[758] Во негова близина за време бугарската окупација бил и паркингот на градските пајтони.[759]

Многу податоци за пекмезот немаме, но еден странец, Џон Грифит (1797), сепак, оставил нешто и вели дека пекмезот *„...претставува сок, подготвен и варен од грозје,*

757. Јован хаџи Васиљевић, Цит. дело, 25

758. Сицил бр.136/II, 1869, јуни 5

759. Димитар Димитровски – Такец, **Бегството на Коле,** Во: **Битола и Битолско во НОВ 1941 и 1942, 2,** Општински одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ- Битола и др., Битола, 1978, 223

сè додека не дојде во состојба на еден вид шеќерен сируп, што е подеднакво сочен (вкусен), честопати се помешува со јогурт; мала порција од ова јадење е доволно човек да се заситi.“[760]

Тоа го потврдуваат и битолчани, кои го искусиле. Благој (Бале) Ангеловски и Сотир Саранди велат дека се правел од грозје со темна боја и дека бил и вид слатко, но и мармалад, кој децата го мачкале на леб. Како слатко се служел во соодветни мали порции, бил многу пријатен, според тоа, и популарен и кај млади и кај стари.[761]

Боза

Првото известување за бозата за европската и пошироката јавност направено е од Германецот Мартин Грјуневег (1582), кој тврди дека во неговото време ја имало од два вида, *брахе* и *боза*. За првата. пишува дека се правела од просо, дека била густа и дека малку налутнувала, додека втората била слична на првата, но повеќе заситувала и малку опијанувала.[762]

За некаква *„беѓоза“*, направена од просо, говори и Џемс Бејкер (јануари 1877), кој, според него, бил ферментиран напиток кој го конзумирале подолните социјални слоеви. И Бејкер разликува два вида, *„татлу“* и *„еиши“*, при што првата била слатка, втората со вкус на земја, матна, густа и киселкава.[763]

760. **Балканот во делата на странските патописци,** 1664-1779, 295

761. Според сеќавањата на Благој (Бале) Ангеловски и Сотир Саранди, пензионери од Битола

762. **Немски и австрийски пътеписи**, 412-413

763. **Македонија во делата на странските патописци**, 1875-1878, 281

Подготовката *„имала долга процедура и финеси што се запазуваат"*, а се состоела од вода, брашно, квасец, шеќер, но и некоја мала тајна што ја чувал за себе мајсторот.[764]

Секој град, според технологијата и составот, имал посебни бози, некогаш и посебни имиња, но основната база биле брашно, квас, слад и вода. Резултатот од нивната мешавина и обработка бил освежителен, пријатен и здрав пијалак, кој некои го именувале и за *„течен леб"*.

Во средината на XVII век во Солун бозата се продавала во 20 дуќани,[765] слично било и во другите населени места, па и во Битола.[766] Во 1827 год. во Битола имало 10 бозациски дуќани, но тој број, според растењето на градот, се менувал.[767] Толку биле и во 1856 год., како и во крајот на XIX век,[768] а во еден период боза продавале 33 бозации, од кои 6 биле Македонци.[769]

Првите податоци за битолската боза се од 1468 год., кога регистрирани биле тројца бозации.[770] Во 1640 год. битолските бозации биле повикани во судот и им било наредено цената да не ја креваат повеќе од едно акче оката.[771] Познати се и некои имиња, во 1640 год. познат е Петко, наречен Бозациоглу (според презимето – син на бозација).[772] Следната, 1641 год., регистриран е уште еден христијанин

764. Бојан Шашевски, **Бозата „апче" за душата,** Утрински весник, Скопје, 14 јануари 2013, 16

765. **Македонија во делата на странските патописци**, 1371-1777- ?...538

766. Сицил бр. 55, неутврден датум, лист 144/3

767. **Турски документи за македонската историја**, 1827-1839, В 18

768. Никола В. Димитров, Цит. статија, 28

769. Милош Хр. Константинов, Цит. дело, 30

770. М. Соколоски, **Турски изворни податоци**, 130

771. **Турски документи за историјата на македонскиот народ**, IV, помеѓу 6 и 14 декември 1640, с. 59, д. 59

772. Сицил 6, 1640, неутврден датум, бр. 321

бозација, Димо.[773] Се знае дека на Ат–пазарот, во 1751 год., бозациски дуќан држел и христијанинот Димитри,[774] а и дека дел од бозаџилниците се преобразувале, заради поголема доходовност, во меани.[775] Бозациски дуќан, во 1837/8 год., имал и Хафис Јусуф и дека истиот му припаѓаал на вакафот на Сунгур чауш бej.[776] Друг бозаџија, во 1860 год., бил Хусејн.[777] Во 1860 год. како бозаџија регистриран е и Хусеин, син на Абдул Фетах, по потекло од село Ќафа, од Призренската каза.[778]

Бозациски дуќани се наоѓале на повеќе места низ Битола, а концентрацијата им била на Пекмез Пазар, кај што биле и алваџиите и кадаифџиите, кои, исто така, продавале и боза. Скоро сите користени дуќани им припаѓале на вакафот на Јени џамија. За еден, во 1828 год., се занае и висината на киријата, 12 пари.[779] Бидејќи бозаџиите биле во поголем број, едно време формирале и посебно здружение.

Цената на бозата била различна, а заради инфлацијата и секоја година растела. Па, ако во 1827 год. оката чинела 2 пари, во 1832–1833 скокнала на 8 пари.[780]

Градската сиромаштија и во османскиот период и меѓу двете светски војни бозата ја користела не толку како засладен и пријатен пијалак, туку и како главно јадење, во кое, покрај боза, се наоѓал и пресув надробен леб.

773. Сицил бр. 8, 1641, датум неутврден
774. Сицил бр. 53, 1751, септември 27, бр. 5
775. Сицил 13, 1652, јануари 13, бр. 28
776. **Турски документи, Пописи**, Книга I, 1837/8, стр. 172
777. Сицил бр. 126, 1860, јануари 19, бр.457
778. Сицил бр. 126, 1860, јануари 19, бр. 457 (10)
779. **Турски документи за македонската историја**, 1827-1839, 45
780. **Турски документи за македонската историја**, 1827-1839, B, д.23, с. 59

Најпознатиот бозаџија, кој ја прочу бозата кај нас, е Трендо, литературниот лик на Васил Иљовски од битовата драма „Бегалка“.

Поетски вознес по виното на битолчанец

Битолски воодушевен винопиец од крајот на 17 или од почетокот на 18 век, чие име е Осман Наиб, вака го изразил својот вознес кон боговскиот напиток:

Еј, крчмаре, не сметај дека ќе бидам опиен од виното,
И ако се опијам, нема да биде трајно,
Ни една положба на човекот не е трајна.[781]

Има ли дерт, мака ли, пие ли Осман Наиб да му олесни на душата, може ли виното да му ја ублажи болката?! И што ако поделува виното, знае ли Осман Наиб дека ќе биде мигновено?!

Ова е прв и единствен запис во богатата османлиска документација која потекнува од Битола, а која носи поетски израз. Освен уметничка (ако ја има), има и уште едно значење, историско, челно место во битолската поетска историја, посебно во анакреонската.

За Осман Наиб не знаеме ништо, освен дека е еден од бројните, кој се осмелил не само да негира морални стандарди и да ужива во забранети нешта, туку и јавно да го искаже тоа. Објавува дека виното е негова голема слабост и во тој однос и не е осамен, зашто, според еден негов современик, *„Многу Турци го пијат виното, но тајно“*,[782] а

781. Сицил бр. 37, л. 62, бр. 207, неутврден датум

782. А. Матковски, **Еден француски патеписец низ Македонија** (1665-1669), 138

и современик му е и на Мустафа Бекри, кој влегол во интернационалниот речник со нов термин, *бекрија.*

Развеселена дружина (17-18 век)

За овие битолски винољупци, пак, имало и идеални услови да ја топат маката, бројот на јавните и потајните винарии во Битола бил преголем и покрај строгите забрани.[783] Ружа и Калина, во 1634 год., држеле меана дури и во чисто муслиманското Синанбеј Маалото (Горниот Парк).[784] Да не говориме и за меаните низ чаршијата, а и за бројните бозаџилници во кои, покрај боза, се точело вино и ракија. Понекогаш, како во 1647 год., против тепачките и лумпурајите интервенирал и судот,[785] понекогаш имало и осуди[786] или лична ретка грижа на совест и каење,[787] но не ретко и строги казни, а и такви, какви што биле иселувања од маалото за памет.[788]

783. Сицил бр. 18, 1663, јануари 24

784. **Турски документи за историјата на македонскиот народ**, 2, 42/78

785. Сицил бр. 10, 1647, датум неутврден

786. Сицил, бр. 55, 1763, ноември 2

787. Сицил бр. 117, 1854, февруари 19, 2

788. Сицил бр. 108, 1643, април 2



Zapisnik - Esejd Mehmed-aga, vilaetski zabit, bara da se zemat merki protiv razbojnicite: Husein, Mustafa-malbat, Mustafa Serdal, Husein Katirdži i ciganinot Huzrev koi se sobrani vo ma ulata "Kadi beg", kade pijat i se vesela t. Licnto koe beše ispratano od Sudot da go izvidi s lužajot, gi potvrdi navodite na na za bitot, na k ogo sudot mu dozvoli da gi fati i privede spomenatite razbojnici.(List 50-III)

600.

Регест од Сиџилот бр. 10 (1647)



52.

1763, noemvri 2 /1177, rebjul ahir 25/

HUDET - Fatima od Kmir malo so Bitola bara makot i Hasan aga da ne ja maltretira i da se pie mirno.

List 4a/IV

Регест од Сиџилот бр. 55 (1763)

Веројатно во некоја од овие категории ќе да припаѓал и нашиот дамнешен поет кој, ете, свесен за својата слабост, побарал олеснување, користејќи ја поетската лира.

Кафе и кафеани

Најпопуларниот пијалок на денешницата, кафето, има долга и мошне интересна историја. Прататковината му е етиопската покраина Кафа, од каде како пијалок набргу се проширило и се одомаќило и во Јемен и во други подрачја од Блискиот и Средниот Исток. Од еден стар ракопис, кој денес се чува во Парискатa национална библиотека, се открива дека кафе се конзумирало уште во 873 год.[789]

789. **Енциклопедија Лексикографског завода**, 3, Zagreb, MCMLXVII, 437

Кај нас, потоа и во Европа, популарноста му одела преку Турција. Таму станало толку популарно што, како што се велело, *„Турчин без кафе не може да живее“*,[790] односно дека во него уживале сите, и *„најпонизниот војник во Стамбол и најголемиот паша“*.[791] Било прифатено заради уверувањето дека помага за расположението, уште повеќе заради здравје. Доколку се имало намера да се прескокне ноќта буден, ако се сакало да му се потпомагне на мрзливиот стомак, ако требало да ѝ се застане на болката, идеално средство секогаш било кафето.[792] Но најмногу и најчесто се конзумирало да се ужива во горчливиот вкус и во неповторливата, примамлива миризба.

Најпознати видови кафиња што се користеле кај нас биле арапското, мока, американското (кое било поевтино), јеменското, каба кафето и други видови.[793] Бидејќи било увезно, цената му била висока, ока кафе во 1634 год. во Битола чинела високи 100 акчиња.[794] Во средината на 19 век во Битола се довезувало преку пристаништата во Драч и Солун, при што количините биле импресивни, во 1856 год. 128.500 кг.[795]

Печењето и толчењето во Цариград одело преку државната печилница, која, за материјален надоместок, можела да услужи и индивидуалец.[796] Во останатите градови тоа го правеле професионални кафетолчачи, кои во 1827 год.

790. **Македонија во делата на странските патописци**, 1864-1874, 163
791. **Македонија во делата на странските патописци**, 1827-1849, 399
792. **Балканот во делата на странските патописци**, 1402-1657, 425
793. **Румелийски делници и празници**, 21, 218
794. Сицил бр. 3, 1634, јануари 31
795. **Извештај за Битолскиот пашалак**, 113
796. **Румелийски делници и празници**, 21

во Битола ги имало 10.[797] За својата работа, се разбира, плаќале данок на државата.[798]

Кафе се печело и се толчело и во индивидуалните домови и за тоа има доста сведоштва, најмногу средства за печење се најдени во семејните оставнини (печилница, сито и др.).[799] Обичај било соседот или пријателот што го позајмил приборот, да остави дел од добиеното кафе како знак на благодарност, традиција што се додржала до и по ослободувањето.

Заради високата цена, во процесот на печење му се додавал наут и таа мешавина, во која, сепак, доминирала пријатната миризба на кафето, била за домашна конзумација, но посебниот гостин секогаш се послужувал со *„сааде кафе“*, со чисто, кафе без мешавина.

Кафе се печело и масовно се конзумирало и по селата.[800]

Подготовување пијалок од кафе била едноставна постапка, која ќе се задржи за сето време на османлиската управа. Била ваква: водата се провривала во специјално гезве (ибрик) со долга рачка, во која се сипало кафето (колку гости – толку лажички). Индивидуална желба била дали во него ќе има слад, а обичај бил мешавината да преврие, да се принесува и отстранува од огнот 10–12 пати и вака подготвено се сипало во порцелански шолји, поставени на дрвена, обоена штица, од каде се распределувало.

Кафето одело обврзно со чаша свежа вода. Разликата меѓу Французинот и Турчинот била во тоа што првиот водата ја пиел по кафето, за да ја исплакне устата, Турчинот,

797. Никола В. Димитров, Цит. статија, 28

798. **Турски документи за македонската историја**, 1800-1803, 13

799. **Турски документи за македонската историја**, 1800-1803, 95/ 192; Исто, 1818-1827, 9/32

800. Спиридон Гопчевиќ, Цит. дело, 111

напротив, пред, со уверување дека подлабоко ќе ги доживее и вкусот и мирисот.[801] Уживање било тоа да се пие колективно (*„да се слуша шмркањето на другите“)* и во кафеани. *„Како што Англичаните имаат своја таверна, Французите свој ресторан, а Португалците свој „естралагем“, така и Турците имаат свој кафе – киоск, место каде навраќа невработениот и преморен човек, склон кон телесни уживања, саможивникот и деловниот човек кој радо ограбува еден час уживање по напорната трговија“*, пишува еден странец за турските кафеани.[802]



Кафеана од затворен тип (19 век)

801. **Македонија во делата на странските патописци,** 1864-1874, 210

802. **Македонија во делата на странските патописци,** 1827-1849, 123-124

Турските кафеани биле од отворен и затворен тип. Оној што сакал да го следи шаренилото минувачи и да биде на чист воздух, се определувал на првиот тип,[803] другиот, доколку сакал да ужива во музика, во професионалните раскажувачи на приказни (медаси), како и во настапите на театри со сенки, се определувал за затворената варијанта.[804]

Уличен продавач на кафе (17–18 век)

Како и секаде, и во Битола кафеани имало многу. За една знаеме дека постоела уште во 1678 год.[805] Во 1827 год. биле 15, во 1856 - 20, а при крајот на истиот век стотина.[806] Една била и на јужниот, излетничкиот рид, Тумбе Кафе, оттаму и неговото име.

Прохибиција за вино, кафе и тутун

Како и Соединетите Американски Држави, така и Отоманската Империја имала своја прохибиција, која била дури и далеку подолготрајна и далеку пожестока. Ако во САД забраната се однесувала на точење алкохол, во Отоман-

803. **Балканот во делата на странските патописци**, 1402-1657, 426
804. Исто,77, 123-128
805. Сицил бр. 23, 1678, март 31
806. Никола В. Димитров, Цит. статија, 28

ската Империја, се насочила, покрај за алкохолот, и на кафето и на тутунот. Започнала да се спроведува со големи репресивни мерки за време владеењето на султанот Ахмед I (1603-1617), продолжила со Осман II (1617-1622), најжестока станала во времето на Мурат IV (1623-1640).[807] Ја поддржале и следните султани, Ибрахим (1640-1648) и Мехмед IV (1648-1687). Официјално била укината на 13 август 1688 год., но продолжува да се спроведува и дополнителни уште неколку децении.[808]

За сето време илјадници меани и кафеани биле срамнети со земјата, сопствениците и непослушните опоненти парично и физички казнувани, не ретко и со смрт.

Наредбите за рушења и казнувања биле чести и со тежок, заканувачки тон. Султанот Мехмед IV во 1671 год., пишувал: *„Наредувам да се забрани употребата на вино од страна на муслиманите и да се урнат сите меани во сите градови и населби каде има џамии"*.[809] Слични биле и другите. Неколку години подоцна, друг султан, пишувал: *„Се соопштува дека пиењето вино е спротивно на ситe верски прописи и на здравјето. Наредувам ова зло да се откорени во целата империја и во врска со тоа сите меани да се срушат... и да се забрани купопродажбата на вино..."*.[810] Такви наредби имало и подоцна.[811]

807. **Македонија во делата на странските патописци**, 1827-1849, 57-58

808. Joseph von Hammer, **Хисторија турског (османског) царства,** 2, Zagreb, 1979, 284

809. Сицил бр. 21, 1671, март 12, бр. 293 (13)

810. Сицил бр. 23, 1677, без утврден датум, бр. 218 (14)

811. Сицил бр. 45, 1735, декември 2; Сицил бр. 45, 1735, декември 22

Млад пушач (17–18 век)

Со иста жестокост како кон алкохолот, султаните се нафрлале и врз кафето и врз тутунот.[812] И за нив казните биле драконски.

Во 1620 год. големиот везир Насух-паша, додека се движел на коњ по улица во Истанбул, на празникот Рамазан, сретнал пијан човек. Наредбата гласела: ведро полно со стопено олово да му се сипа во грлото на несреќникот.[813]

На султанот Мурат IV му се припишуваат 20.000 жртви. Навечер, со двајца телохранители, крстарел низ истанбулските сокаци, завлегувал во тајни места, проверувал лично дали некој е пијан, мириса ли на тутун или на кафе, а ликвидацијата била по кратка постапка. Другиот ден низ улиците имало мноштво човечки трупови, што било сигурен знак дека султанот претходната вечер минал низ тоа маало. Наспроти таа строгост, тој бил патолошки алкохоличар и сè уште се прераскажуваат неговите пијанчења до бесвест во сарајот,

812. Сицил бр. 6, 1637, ноември 1; Сицил бр. 45, 1736, април 17; Сицил бр. 82, 1806, декември 22

813. **Македонија во делата на странските патописци**, 1371-1377, 377

најмногу во друштво со прочуениот истанбулски боем, Мустафа Бекри.[814]

Забранава не ја заобиколила ни Битола. И до неа стигале бројни наредби за затворања и за рушења меани и кафеани, а една од првите е од месец јануари 1652 год.[815]

Меѓутоа, и покрај тешките казни, многумина продолжиле да се пијанчат, да пушат и да пијат кафе, понекогаш дури и од инает. Еден таков случај забележан е и во 1634 год. и е поврзан со спахијата од село Добрушево, Хасан бег заде Мустафа, кој, инаку, често ја тероризирал Битола. Не само што пушел на јавно место, тоа го правел и на најсветиот празник, на Рамазан.[816]

Се разбира, ваквите наредби произвеле забрана и за садење и за обработка тутун.[817]

Откако се сфатило дека прохибицијата не произведува којзнае каков ефект, се случиле промени, првин дошле препораки вино и ракија да не се продаваат во близина на џамиите,[818] потем и тоа било укинато, па решението се изнашло во оданочувањето, кое со натамошната примена помогнало во полнење на државната каса.[819]

814. Александар Стерјовски, **Прохибицијата во Турција од XVII век, султанот Мурат IV и нивниот одраз во две македонски приказни**, Литературен збор, г. XXIX, бр. 4, Скопје, 1982, 93

815. Сицил бр. 13, 1652, јануари 13, бр. 28

816. Сицил бр. 3, 1634, без датум, бр. 294

817. **Турски документи за историјата на македонскиот народ**, 2, 89/169

818. Сицил бр. 28, 1693, октомври 25, бр. 264

819. Сицил бр. 82, 1806, декември 22, бр. 59, (19)

Водата од Кисела Вода

На околу три километри од Битола, од десната страна одејќи кон Лерин, се наоѓа некогашното популарно излетничко место Кисела Вода. Од десетината битолски излетнички места, Мехмед Тевфик по посетеност го става веднаш зад Тумбе Кафе и зад Градскиот парк. Неговото високо реноме ќе продолжи и во деценииите што следат, такво ќе остане и до ослободувањето.

Во минатото било познато и како *Екшису*, *Кисела Вода* и како *Кристохоредасу*, од кои последново најмногу го користеле османлиите.[820]Неговата околината и платото околу водата неколкупати биле уредувани, а најголемите зафати ги направи Ќосе Ахмед паша, градителот на прочуените битолски касарни, кој тука подигнал и своја летна резиденција. Поведен од него, резиденција подигнал и рускиот конзул од Битола.[821]

Порај чешмата биле подигнати и неколку кафеани. За чешмава бил ангажиран и постојан чувар, кој не само што стражарел, стоел на услуга посетителите да имаат и прибор за пиење од водата.[822] Додатен чувар бил и сопственикот на гостилницата во која можело да се добие и алкохолен пијалок.[823]

Местово станало репрезентативно, во кое гости од други градови и од други земји битолчани радо ги носеле на развлечение.[824]

820. **Македонија во делата на странските патописци**, 1850-1864, 521
821. **Македония,** бр. 13,1888
822. **Македонија во делата на странските патописци**, 1850-1864, 521
823. **Македонија во делата на стреанските патописци**, 1889-1898, 51
824. Спиридон Гопчевиќ, Цит. дело, 122

Оценките за водата на тукашната власт биле многу високи. Францускиот вице конзул Белег де Буга (1855) ѝ предвидувал можност да се продава и низ целата земја.[825] Весникот „Македонија“ од 1888 год. открива дека имала вкус на лимонада,[826] а Мехмед Тевфик тврди дека примероци од неа биле испратени на хемиска анализа во Медицинскиот факултет во Истанбул и дека оттаму високите оценки биле потврдени,[827] како и уверувањето дека е лековита, дека може да помогне за разни болести, најмногу за стомачни.[828]

Семеен водоносач (Прва – Втора светска војна)

Водава се пиела и како обична, но служела и за подготвување шприцер.[829]

Професионалните водоносачи ја продавале за 10 до 20 пари шише низ градот. *„Нема сомневање дека овој извор при други услови би донел значителни приходи и за градот“*, размислувал, во крајот на 19 век, дописник на бугарски весник, воодушевен и самиот од неа.[830]

825. **Извештај за Битолскиот пашалак**, 77
826. **Македония,** бр. 13,1888
827. Мехмед Тевфик, Цит. дело, 230
828. **Македонија во делата на странските патописци**, 1889-1893, 51
829. А. Шоповъ, Цит. дело, 272
830. **Новини**, бр. 32, 15 јануарий 1893

Таквата идеја, во 1914 год., ги поттикнало двајца битолчани да достават барање за концесија. На една од седниците на Одборот, одржана на 19 мај таа година, било разгледано тоа и одбиено, со образложение дека водата не е хемиски испитана кое, не го скратувало индивидуалното право за користење и за продавање.[831]

Слично барање било поднесено и во 1932 год.[832]

Заради големата посетеност во 1913 год. бил организиран и превоз со пајтон, кој во еден правец чинел 3, во обата – 5 динари.[833]

Во првите години по ослободувањето била извршена лоша градежна интервенција, при што чешмата била вкопана два метра, со што се скратиле проветрувањата, кое станало и причина за чести труења, понекогаш и со смртни последици, првин на птици,[834] потем и на луѓе, што негативно се одразило врз популарноста и врз посетеноста на местово.

Мраз

Употребата на мразот во пијалоците на Балканот имала долга традиција. Во средновековието скоро и незамисливо било виното да се пие без него, што било и главна причина да се чува на ладни места, па и во самите мразарници. Таквата навика понекогаш резултирала и со тешки последици за здравјето за поединците, некој да доживее и кобен крај. Еден таков, според познатиот хроничар Орбини, доживеал и синот на босанскиот крал Остоја, Радивој, кој, како што

831. **Рад у Одбору**, Општинске новине, бр. 51, Битољ, 15 јуна 1914, 2
832. Книга бр. 27, 25 февруари 1931, т.2
833. **Такса за вожњу,** Општинске новине, бр.3, Битољ, 20 јануар 1913, 7
834. **Македония**, бр. 13, 1888

тврди Орбини, умрел од силна треска добиена од виното во кое имало изобилно количество мраз.[835]

Ваквата привлечност кон мразот продолжила и во вековите што следат, како и кога османлиите ќе пристигнат во нашите краишта. Наместо во виното, кое од религиозни причини било забрането, мразот сега се употребувал во безалкохолните пијалоци, а и во најпопуларниот, кон кој не ретко се имало и култен однос, во водата. И странските патошественици се согласуваат дека скоро и да немало пијалок кој се нудел на улица, во домовите, во кафеаните, а да не биде збогатен со изобилно мраз.[836] Го имало и во шербетот[837] и во забранетото вино, кога потајно го конзумирале страсни винопијци[838], освен, се разбира, во чајот.

Во изобилни количества се конзумирал и во градовите и во селата, најмногу во престолнината, секако, и во султанскиот сарај. Пристигал најмногу од малоазискиот Олимп.[839] а за да го има постојано и во најжешките горештнини, во некои објекти од Сарајот биле изградени и подземни складишта.[840]

Како и насекаде, и во Солун до 1893 год., односно додека не била подигната фабрика за вештачки мраз, секоја ноќ патувал со маски од планините, каде и се произведувал.[841]

---

835. Константин Јиричек, Цит. дело, 250

836. **Немски и австрийски пътеписи,** 411; **Македонија во делата на странските патописци**, 1827-1849, 244

837. **Балканот во делата на странските патописци**, 1402-1657, 195; **Македонија во делата на странските патописци**, 1371-1777, 367

838. **Македонија во делата на странските патописци**, 1778-1826, 663

839. **Немски и австрийски пътеписи**, 473

840. **Македонија во делата на странските патописци**, 1371-1777, 357

841. **Македонија во делата на странските патописци**, 1889-1893, 173

Се конзумирал и во Битола. За да го има во доволни количества, посебно за вработените од воената и цивилната администрација, се вовела и даночна политика, позната како *„данок за мраз“* со која села и поединци се задолжувале да го произведуваат и да го доставуваат во точно пропишани количества и во точно пропишани датуми.

Во 1751 год. со вакво задолжение оптоварени биле селата Диово, Трново и Нижеполе,[842] кое се случило и следната година.[843] Во 1801 год. селото Магарево 32 дена по Ѓурѓовден секој ден за битолскиот суд доставувал по еден товар,[844] за судот или за Валијатската палата во 1803 год. такво задолжение имале Нижеполе, Диово и Трново,[845] кое продолжило и во 1812 год.[846], и во 1829,[847] како и во годините 1831-1832[848]

Мраз во Битола употребувале не само административните институции, и кафеаните, слаткарниците, бозаџилниците, рибарниците, и во производството на омилениот сладолед, според тоа, се произведувал многу.[849]

Сите се снабдувале од директни производители, но и од посредници, специјализирани продавници. Во Битола ги имало уште во првите децении на 17 век, една во почетокот на векот се наоѓала во Горната Чаршија (Пекмез Пазар) (т.н. *мразарница).* Се знае и дека дуќанот се продал за 12.000

842. Сицил бр. 53, меѓу 20 ноември 1751 и 7 ноември 1752, бр. 409
843. Сицил бр. 53, 1753, 23 мај, бр. 383
844. **Турски документи за македонската историја**, 1800-1801, I, 10
845. Исто, с. 107, д. 9
846. **Турски документи за македонската историја**, 1809-1817, III, с. 46
847. **Турски документи за македонската историја**, 1827-1839, с. 21, д. 16
848. Исто, с. 57, д. 17
849. **Извештај за Битолскиот пашалак**, 86..

аспри.[850] Изобилно мраз, тврдат патописците, се употребувал и во битолскиот Сарај, добиен преку продавачи.[851]

Постапката за производство ја опишал уште во 1577 год. католичкиот свештеник Стефан Герлах. Тврди дека се произведувал онаму каде условите биле најпогодни, во планините, каде температурите во зима паѓале ниско. Како работна сила се користеле робови, а во Сарајот улогата во манипулациите и грижата за него ја имале преземено ацамиогланите, кандидатите за јаничари.[852]

Постапката, секогаш и секаде, била иста. Една била врз специјално изработени јами да се натрупа снег, кој во студот се преобразувал во мраз, кој преку летото се откопувал, се товарел и се транспортирал.[853]

Втората, која се применувала и во планинското село Кортијаш, во околината на Солун, главни снабдувачи на мраз за поширокиот регион, биле јамите, наместо со снег, да се наполнат со чиста, планинска вода, па откако првиот слој ќе замрзнел, се изолирал со костенови лисја и така по ред додека јамата не се наполнела со мраз. При складирањето се користеле други, поголеми јами, во кои се ределе коцките и така изолирани останувале до трнаспортот. Тоа се правело во раните утрински часови, во вреќи и со помош на издржливите мазги. Така било додека не започнало производството на вештачкиот мраз,[854] кој во Солун, уште при крајот на 19 век, го произведувала пиварницата.[855]

850. Сицил бр. 3, без датум, Сиг. 1, 3.43

851. **Македонија во делата на странските патописци**, 1827-1849, 244

852. **Балканот во делата на странските патописци,** 1492-1657, 89

853. Стефан Герлах, Цит. дело, 175

854. **Македонија во делата на странските патописци**, 1889-1893, 173

855. **Македонија во делата на странските патописци**, 1889-1898, 173

И во Солун обврската за бесплатно снабдување со мраз на државните институции била како и во Битола, па откако ќе биле одбиени сите трошоци, печалбата од оваа тешка работа, која барала голем труд, била скоро симболична.[856]



Битолски уличен лимонаџија (Прва – Втора светска војна)

Меѓу двете светски војни, освен скромното производство од битолското село Злокуќани, единствен производен центар на природен и со висок квалитет мраз, било селото Ореово. Таму во зимските земјоделски неактивни денови, наместо во селската меана или покрај домашното огниште, селаните ги исполнувале со активности околу семејните јами за мраз.[857]

Покрај природен, во 1940 год. во Битола се планирало да отпочне производство и на вештачки мраз, но набргу ќе дојде војната и дали идејата се остварила, не е познато.[858]

856. **Македонија во делата на странските патописци**, 1778-1826, 621-622

857. Ст. Миладиновић, **Како се у Орехову прави и чува лед, који се после продаје**, Вардар, Скопље, 29 јануар 1933, 3; Велимир Ј. Костовски, **Природни мразарници во с. Ореово,** Прилози, 2, Научно друштво-Битола, Битола, 1961,117-121; Трајче Грујоски, Цит. дело, 19

858. Кутија бр. 31, 1940, февруари 1940, 2.1.21.2/6-57

Мастика за џвакање

Иако американските војници од Втората светска војна се посочуваат за најзаслужни во ширењето и за популарноста на мастиката за џвакање, нејзината употреба во Европа е многу постара. Археолошките истражувања, направени во Северна Европа од Елизабет Авелинг, проф. на Братфорскиот универзитет, говорат дека пред 7.000 години, во каменото време, била и занимање и уживање.[859]

Популарна била и во раниот османлиски период. Австрискиот католички свештеник од 16-от век Стефан Герлах (1573-1578) е првиот кој открива дека младите ја употребувале, верувајќи дека придонесува за пријатен здив и за бели заби, а понекогаш знаеле и да се пошегуваат правејќи усни балони, кои ги експлодирале зад грбот на минувачите.[860]

Податоци за неа оставиле и други. Еден, де ла Мотре, известува дека најмногу ја употребувале младите, посебно женскиот свет, но и дека била употребувана и во производството алкохолни пијалаци (рецина), како и во индустријата за мириси.[861]

Во ова време не била гума, туку одреден вид смола. Најдобрата доаѓала од островот Хиос, од дрвото лентискус, кого османлиите го именувале со сакис, па и островот го преименувале во Сакис. Нејзиното производство било монополизирано, приходите му припаѓале на падишахот.

Дека мастиката продолжила да биде популарна и во времињата што доаѓаат потврдува и една бон–тон препо-

859. **Гуми за жвакање од каменото време**, Нова Македонија, Скопје, 7 февруари 1997, 9

860. Стефан Герлах, Цит. дело, 69

861. **Балканот во делата на странските патописци**, 1664-1779, 115-116

рака од 1855 год., во која се советува: *„Многу е срамота и неприлично е кога разговараш со заби да држиш каја или мастика да џвакаш и да кажуваш неразбирливи зборови“*.[862]

Нашата мастика е добивана од смола од иглолисни дрвја и можела да се купи и во помала продавница во Битола и по ослободувањето. Ја немала еластичноста и пријатноста на денешната гума за џвакање, но била употребувана и за забава и за чистење заби.[863]

Хашиш и опиум

Има битолско предание дека во нашиот град хашишот бил донесен во 1897 год. и дека заслугата за тоа му припаднала на Индиецот Махамтма Угхади, гуру – јога од Бенарес.[864] Не само што, според преданиево, го покажал начинот на конзумирање, работел и врз одгледувањето. Тајно или полутајно низ индивидуалните битолски дворови или ниви почнале да никнат стеблинки, од кои, по соодвет-

862. Наум Николовски – Шкарна, **Кодекс на Доброто Однесување на Нашите Предедовци во Турско Време од 1855 година**, Самостојно издание, Битола, 2004, 37/111

863. Д-р Александар Стерјовски, **Долгата традиција на употреба мастика (жвака) на Балканот,** Во: **Денови на науката на Р. Македонија и Р. Бугарија** (реферати од првата меѓународна научна средба „Денови на науката“, Друштво за наука и уметност-Битола, Р. Македонија и Сојузот на учените на Р. Бугарија-Софија, Р. Бугарија, Битола, 1999, 176

864. Љуб. Стојовић, **Једна варош на Југу, отрована ратом и кризом-трује се сада хашишом**, Време, Београд, 30 септември 1934, 6. Тврдењето треба да се земе со резерва. Во 1858 год. Италијанецот Џузепе Антонели, лекар по професија, кој работел извесно време во Битола во воената санитетска служба, среќавал луѓе кои опијанети *„од некаква трева“* имале широко отворени очи и оддавале впечаток на бесчувствителност, особено во однос на светлината (**Македонија во делата на странските патописци**, 1850-1864, 156)

ната подготовка, се појавил опијат и на битолскиот пазар. Најбројни купувачи биле кафеанџиите, кај кои во секое време можел да се купи, но таму и да се конзумира.

Опијатов бил познат како и индиски коноп или асрар. Први и најревносни конзументи станале припадниците на муслиманската елита, по нив офицерите од Третата османска армија, меѓу кои имало и офицери од висок ранг (десет паши и валии и орди команданти), кон кои им се приклучиле и поголем број припадници од редовната војска.

Најпозната и најпосетувана кафеана во која се пушел се наоѓала во близина на Гадскиот часовник. Сеансата отпочнувала откако паднел мракот, најрано по 21 часот, односно по заминувањето и на последниот шетач покрај реката Драгор, познатото шеталиште од ова време. Седејќи на столици или полулегнати на душеци, уживателите го влечеле опијанувачкиот и со специфичен мирис чад преку долги чибуци. Покрај муслимани, кои биле најбројни, можело да се сретнат и христијани. Вообичаено било во набиената просторија од уживатели, од густ чад и испарувања, воздухот да биде без кислород и задушлив.

Меѓу оние кои слободно и без криење уживале тука бил и поранешниот наланџија хаџи Јусуф. Подвиткан, блед и испиен во лицето, тресејќи се во рацете и телото, ја раскажувал потресната историја на својата страст и непоправливиот семеен материјален и психолошки крах. На прашањето каде го набавува хашишот, пред новинарот, што ја запиша и ја објави неговата приказна, одговарал дека, покрај во кафеаната, и самиот го одгледува во дворот на семејната куќа, каде, исто така, и го конзумира. Се случувало, кога ќе настапела криза, да го користи и на улица, во некое ќоше, кое наполно го деградирало меѓу пријателите и во градот. И додека на другите во таверната во полусон им паѓале чибуците, Јусуф личната исповед ја завршувал во блажено

пијанство и со зборовите: *„Сè е добро, сè е убаво“*.[865]

Хашиш се пушел и во Скопје. Го подготвувале и го продавале печилниците на кафе, кои, главно, биле лоцирани во Старата чаршија. И овде популарноста му била голема[866].



самом Скопљу уживају људи пушећи хашиш и опијум

Запис за употребата хашиш и опиум во Скопје

За разлика на хашишот, употребата опиум била уште потрагична, зашто од него, скоро без исклучок, се продуцирале тешки зависници, физички и ментално уништени личности, всушност, банкроти.

Во Отоманската Империја опиумот се конзумирал како прав (се шмркал) и како пилули. Пилулите немале стандардна големина, биле зрно грашок, маслинка, односно со големина поврзана од потребата на уживателот. На ваквите

865. Љуб. Стојовић, **Једна варош на Југу, отрована ратом и кризом,-трује се сада хашишом**, Вардар, Скопље, 30 септембар 1934, 6

866. Љуб. Стојовић, **У самом Скопљу уживају људи пушећи хашиш и опијум**, Вардар, Скопље, 17 јули 1934, 4

зависници вообичаено било во општеството да се гледа како на *„истрошено животно или како на пијаница“*.[867]

Најтрагичното во злоупотребата било кога мајки, за да бидат слободни и мирни во извршувањето на домашните задолженија, ги труеле малолетните деца, дури и рулчињата, премачкувајќи им ги усните со мала доза,[868] практика применувана и во Битола, не само во муслиманската, туку и во христијанската средина.[869]

Македонија, инаку, била познат и многу ценет произведувач и извозник на квалитетен афион и нему, како на стратешка извозна гранка, преку „Опијумската комисија“ државата му придавала посебно внимание.[870] Тодор Маневиќ, штипјанец, познат новинар, му ја посвети и својата книга „Една земја на опијумот“, која требало да излезе во 1934 год. и нејзиното публикување го најавии и скопскиот весник „Вардар“.[871]

867. **Македонија во делата на странските патописци**, 1850-1864, 126

868. **Македонија во делата на странските патописци**, 1875-1878, 269

869. Соопштение на Паска Ѓеорѓева, домаќинка од Битола (род. 1913)

870. **Опијунска Комисија**, Вардар, Скопље, 23 октомври 1932, 2

871. Љ. С., Г. **Тодор Маневиħ издаје књигу својих књижевних репортажа о нашем Југу**, Вардар, 2 август 1934, 8

Обичаи и верувања

Фундаменталистички напади во Битола

И Битола, како и толку други населени места со мешано, христијанско–муслиманско население, имала доживеано тешки искуства со фундаменталистички гонења и напади. Првиот што е регистриран е од 1747 год. Фанатизирана и збесната толпа муслимани гонеле христијани низ битолските улици, водејќи ги директно на обрежување, односно насилно преобразувајќи ги во муслимани. На забелешките на истоплемениците, цинично одвраќале дека го прават и со право и со дозвола.

Истото се случило на големиот христијански празник Ѓурѓовден.

Високата Порта за случајов дознала, го осудила и побарала детален извештај од локалната власт, со што, практично, се дистанцирала од него.[872]

Ѓурѓовден, инаку, бил една од почестите дразби што предизвикувала експлозии. Се знае дека христијаните тој ден помасовно излегувале од полутемнина да го прослават

872. Сицил бр. 51, 1748, март 21 бр. 226

и, ете, давал повод за вакви експлозии. Друг таков празник е оној од 1903 год., познат како *„Ѓурѓовденското клање“*, кога христијанскиот дел од Битола целосно бил блокиран, жителите замандалени во домовите и во голем страв дека ќе се случи најлошото.

Бидејќи исти случувања на тој ден имало и во други градови во Македонија, јасно било дека предилинденскиот вриеж се најавувал.[873]

За вакви испади, впрочем, и не морало да има повод, доволно било што христијанинот бил *„неверник“*, што верски бил *„нечист“*. Понекогаш причина била и само да го допре „Куранот“, да допре дури и парче хартија (*„зашто на неа се пишува името на Бога“*),[874] не смеел да живее покрај џамија,[875] не дај боже, пак, да влезе во неа.[876] Секогаш бил виновен, дури и за природен феномен, кој, наводно, навестувал несреќа.[877]

Сепак, најжестоките и најмасовните верски експлозии се случувале кога христијанин јавно го омаловажувал или го навредувал Мухамеда и неговата вера. Тогаш се случувале најмасовните експлозии и трагедии.

Такви има забележани многу, најмногу во 17 и 18 век, и, што е интересно, главен и директен поттикнувач била хрстијанската црква.

Во ова време била во длабока криза и целосно дезориентирана. Била чест сведок на бројни и болни насилни, уште повеќе и доброволни отпадништа од родот и верата.

---

873. Душан Хр. Константинов, **Битола 1903,** Музеј Битола, 1983, 65-68

874. **Румелийски делници и празници,** 146; **Македонија во делата на странските патописци**, 1371-1777, 222

875. **Македонија во XVI и XVII век,** Превод, редакција и коментар Душанка Шопова, Институт за национална историја, Скопје, 1955, 71-72

876. **Румелийски делници и празници**, 145

877. **Македонија во делата на патописците**, 1889-1898, 54-55

Има тврдење дека уште при османлиското освојување на Битола (1383-1385) еден погоелм дел од месното население преминало во ислам,[878] дека во првите децении на 15 век градската елита во Битола ја сочинувале најмногу ваквите отпадници, кои можат да се разоткријат преку додатното име на личноста, Абдулах (*„син божји“),* кое им се прикачувало на преверените.[879]

Одродувањето тогаш станало толку катадневно и масовно, што мајка да каже дека порадо би видела син муслиман, отколку син калуѓер, било сосема обично.[880]

Барајќи излез од тоа, црквата во прво време се определила да нуди обрасци, саможртвеници, нови светци. Биле тоа доброволци млади луѓе, кои, откако поминале одреден период во светогорските школи, биле подготвени за физички маки и за смрт, односно за вечност. Облечени во турска национална облека, со крст скриен во неа, во петок, на муслиманскиот неделен верски празник, влегувале в џамија, го ваделе крстот и јавно и гласно, го навредувале Мухамеда и неговата вера.

Чинот завршувал или во самата џамија со гневно негово растргнување, или на суд и со обврзната смрт на јавно место. Последици потоа биле и масовни градски изливи на гнев и масакри.

Ваквите саможртвеници црквата ги прогласувала за светци и такви, меѓу другите, станале и: св. Јоан Јанински (у. 1526), св. Теофан (у.1559), св. Марко (у. 1643), св. Георги Птолемаидски (у. 1752), св. Димитар (у. 1784), како и

878. Мехмед Тевфик, Цит. дело, 204

879. Hasan Kaleşi, Cit. delo, 83

880. **Румелийски делници и празници**, 360

св. Ѓорѓи Кратовски, св. Ангел Битолски, св. Злата Мегленска и др.[881]

Дали погорниот фундаменталистички напад во Битола од 1747 год. имал врска со некаков сличен идивидуален испад во џамија во Битола, не е познато, но познато е дека ги имало, потврда за тоа е и смртта на св. Ангел Битолски, извршена на битолскиот пазар во 1750 год.[882]

Исламистички фундаменталистички испад битолчани доживеале и во 1822 год. како рефлексија на Грчкото востание, односно кога *„востанатата раја"* со оружје посакала некакви права и кога разбеснетите муслимани се нафрлиле врз Варошот, битолската христијанска населба во центарот од градот. Дали притоа имало и жртви, не е познато, се знае само дека 100 воружени сејмени денонoќија со ред ја штителе населбава.[883]

Ваков екстремизам во 1851 год. ги принудил христијанките од Битола да не смеат да излегуваат на улица без фереце, на која обврска биле подложни и жените на Европјаните, па и сопругата на австрискиот конзул.[884]

Тоа е само она за кое има записи, вакви случаи во Битола веројатно имало и други, но тие допрва треба да се откриваат.

881. Петъръ Динековъ, **Софийски книжовници презъ XVI векъ, I, Попъ Пейо,** София, 1939, 97

882. Александар Гулевски, **Битола и нејзините светци – св. Ангел Битолски (у. 1750).** Во: **Битола низ вековите,** VI, Педагошки факултет - Битола, Битола, 2003, 23 - 39

883. **Турски документи за македонската историја,** 1818-1827, 82/81

884. **Македонија во делата на странските патописци,** 1864-1874, 52

Гаранции

Гаранцијата била правна институција околу која се движел сиот живот во Отоманската Империја. Некој требало да патува, не можел да направи ни чекор надвор од местото на живеење без да добие гаранција дека ќе се врати и дека нема да направи проблем по патот или во друго населено место, друг требало да отвори работа, повторно требало гаранција дека е чесен и способен за работата што ќе ја извршува, четврт се нашол в затвор, па за да излезе, требало да обезбеди гаранција дека не е виновен за вината и така по ред.

Покрај вакви, персонални, имало и групни гаранции, кога колектив гарантирал за колектив, маало за маало, село за село и така во недоглед.

Гаранцијата имала правна сила, оттаму и причината да се случувала и заверува во судот, со потпис на гарантот, кој натака ги сносел последиците од неисполнувањето на обврската, оттаму и неговиот немирен сон, денонокното демнење и улогата на восторожен дежурен стражар.

Ваквиот систем се покажал ефикасен и без многу проблеми се одржал со векови оттаму и институирањето на негово надградување и од централната управа.

Битолската османлиска документација полна е со вакви акти.

Еден, кој носи датум 16 октомври 1750 год. е од централната управа. Во него се бара локалната управа преку маалските првенци да спроведе попис на жителите во битолските маали, кои требало да гарантираат дека ги познаваат своите соседи и дека се негови жители, а не непознати и дојденци. Причина за тоа била што луѓе непознати правеле проблеми, ограбувале домови и куќи. Се потврди дека

ваквото селектирање ги исплашило разбојниците и грабежите престанале.[885]

Вакви пописи и меѓусебни гаранции правени се и во 1762[886] и во 1776 год.[887]

Најбројни гаранции биле еднонационалните, кога христијанин гарантирал за христијанин, муслиман за муслиман. За фурнаџијата Јован, во 1657 год., гарантирале Новак Стојан, Петко Мартин и Турне воденичарот од село Кочиште.[888] Имало и случаи кога христијанин гарантирал за муслиман и обратно, муслиман за христијанин. За фурнаџијата Стамат, во истата, 1657 год., гарантирал чикрикџијата Хасан Ризван,[889] за Ибрахим–челебија гарантирал фурнаџијата Марко Петко итн.[890]

Најбројни гаранции, како и денес, се однесуваат за парични позајмки.[891]


Rasplska -Dolžnikot pop Jovan, sveštenik vo Varoš mala
priznava deka od Ahmed efendi primilа 4.000 akčinja zaem
so 400 akčinja kamata a so uslov da gi isplati do Gurgovden.
Muamer beg i Imer čelebi garantiraat za dolžnikot.(L-t 49-X)
606.

Регест од Сицилот бр. 8 (1641)

885. **Турски извори за ајдутството и арамиството,** 1725-1775, книга четврта, 123/ 123

886. Исто, 165/1162

887. Исто, (1775-1810), книга петта, 10/4

888. Сицил бр. 15, 1657, неутврден датум, бр. 119

889. Сицил бр. 15, 1657, неутврден датум, бр. 119

890. Исто

891. Сицил бр. 8, 1641, неутврден датум



51.

1762, март 29 /1175, ремазан 4/

ХУЏЕТ – Лицата Јован син на Саве од Варош и Кате син на Никола од село Пиачково гарантираат за Нестор син на Никола од село Лопашки.

Лист 4а/III

Регест од Сиџилот бр. 55 (1762)

Покрај индивидуални, имало и колективни гаранции. Се однесувале за маалски договори, за селски меѓи, за услуги што ќе треба да се извршат итн. Една, меѓу другите, била побарана од жителите на повеќе села, и христијански и муслимански од Битолско, дека ќе ги гонат појавените ајдути.[892] Друга, од 10 февруари 1810 год., од 8 маловиштани, *„кои порано работеле против селото“,* дека нема да го прават тоа повеќе[893] итн.

Откопувања и презакопувања човечки посмртни останки

Двете Англичанки, Мекензи и Ирби, од својот долг пат низ Балканот (1863), донеле мноштво интересни податоци за животот на овдешните луѓе, меѓу другото, забележале и грозоморен обичај, откопување и презакупување човечки посмртни останки. Обичајов, како што тврдат, бил познат не само во околината на Солун, каде чуле за него, туку дека го имало *„и насекаде низ Турција“.*Откопувањава се правеле во утврдени временски рокови, на годишнината, на втората година и на тригодишнината од закопот, во завис-

892. **Турски извори за ајдутството и арамиството,** 1725-1775, книга четврта, 124/124

893. **Турски документи за македонската историја,** 1809-1817, 5/9

ност од степенот од распаѓањето на телото и секогаш било проследено со страшна смрдеа, со тешко загадување на воздухот и со закани од зарази.

Нераспаднатото тело се третирало за лош предзнак и принудувало магични постапки од блиските, понекогаш се ангажирал и свештеник, кој требало да изврши опело и врз посмртните останки и врз гробот. Иако примитивен и гнасен, обичајов, за чудо, го имале прифатено и образовани и имашливи христијански солунски семејства, кои биле и во блиска комуникација со Европејци.[894]

Обичајов се среќавал и во Македонија. Кузман Шапкарев тврди дека откопувањата се вршеле по третата година и дека коските потоа престојувале в црква, по што или повторно се погребувале, или се носеле во заедничка коскарница.[895]

Забележен бил и во Битолско. Изворни податоци за него остави д-р Јевто Дедиер, кој во крајот на месец април 1914 год., по налог на српската влада, беше дошол во Битола во тајна мисија, да го утврди националното чувство кај Власите и да предложи мерки за нивно посрбување. Останал во Битолско и во Ресен 4 дена. По враќањето поднел доверлив извештај, во кој обработил и дел од влашките обичаи за годишните и другите празници, за раѓањето, за свадбите и за некои други, се задржал и врз откопувањата и презакопувањата во Маловишта.

И овде, како и во другите региони, според извештајот, се случувале по трите години од смртта. Коските најпрвин се миеле, а бидејќи сè уште имало месни остатоци, ѝ се препуштале на селската рекичка да ги исчисти. Така исчистени

894. **Македонија во делата на странските патописци,** 1850-1864, 560

895. Кузман А. Шапкарев, **Избрани дела,** 96. 101

и обелени, потоа се носеле в црква, каде им се организирало опело, па, конечно, се враќале во гробот за вечен покој.[896]

Ваквиот обичај во селово остана познат до нашите дни.

Тајане

Празникот, познат со името тајане, бил во врска со Св. Јован Претеча и секогаш се одржувал на 24 јуни.

Во попладневните часови. групи од момченца и девојченца заминувале во полето да берат цвеќиња, со кои се украсувало ѓумче со вода, чие име било тајан, според името на обредот. Избрано момче од 10-12 год., и тоа искитено и со ѓумчето на глава, следено од останатите учесници, заминувале во посета од дом до дом, од дуќан до дуќан, пеејќи:

Тројца браќа вечераа, вај, вај
Вечераа, збор зборуваа, вај , вај,
Збор, зборуваа за крадење, вај ,вај
Да го крадат мариовчето, вај, вај,
Мариовчето, поповото, вај, вај,
Поповото прилепчето, вај, вај,
Прилепчето, најмалото, вај, вај,
Најмалото, најличното, вај, вај!

Покрај оваа, се пееле и други, обредни песни. На една почетокот ѝ бил *„Тајане, бојане, имам брат свети Јоване...“* итн.

896. Д-р Александар Стерјовски, **Еден доверлив извештај од 1914 година за Ароманците од Битолско,** Во: **Зборник на трудови од меѓународниот научен симпозиум Власите на Балканот одржан на 7-8 ноември 2003 во Скопје,** Институт за национална историја, Унија за култура на Власите од Македонија, Скопје, 2005, 115

На враќање, групата, сега дополнета и од родители, со тајането напред, правела обиколки по улиците и низ чаршијата, повторно пеејќи. Имало и задевања и шеги, со што амбиентот секогаш бил весел.

Другиот ден, уште во раните зори, истиот состав, младичи и родители, ги посетувале лозјата. Таму сега збирале цвеќе наваличе, со кое, врзувано во форма на крст, се украсувале домовите и дуќаните, а со цел да се изгонат вештерките. Тајането повторно продолжувало низ чаршијата и сега проследено со песни. Наградата од масло, сол, шеќер и др., служела за подготвување зелник, кој заеднички се јадел во еден од домовите на член од групата, по што прославата за таа година завршувала.

Тој ден значаен бил и за секоја домаќинка, да ги пререди зимските алишта за да се заштитат од молци.

„Овој обичај во градот Битола е од старо време“, тврди дописникот на весникот „Новини“ во 1895 год.[897] За време бугарската управа, групата ја сочинувале девојченца од 8-10 години, кои од полето собирале жолто цвеќе со кое, исто така, го украсувале ѓумчето. Другиот ден групата заминувала во чаршијата посетувајќи дуќан до дуќан и пеејќи песни, меѓу другите и оваа:

Изникнало жолто цвеќе,
Жолто цвеќе канарија,
Канарија, попадија,
Нема кој да го собери,
Го собрало лудо, младо,
Лудо младо, неженето,
Неженето, несвршено,
Несвршено, нестројвано.

897. Ил. П-а, **Новини,** бр. 78, 1895

Попладнето истото се повторувало и низ домовите, за што следувала награда. Заедничката вечера, подготвена од даровите, го означувал крајот на нивното дружење.[898]

Словенскиот јазик и првиот водокрст во црквата „Св. Недела“

До 1870 год., кога е подигната црквата „Св. Богородица“, во Битола постоеле само две цркви, „Св. Димитрија“ и „Св. Недела“. Првата имала долга и бурна историја и била постара, втората, „Светонеделската“ подигната била во 1863 год. Ја изградиле христијаните, кои, бегајќи од зулумите и тешкиот живот во селата во Демирхисарско и во полето, беа ги окупирале градските предградија, најмногу Новото, Јени (Гени) Маалото. За нив и за жителите од поблиските села требало да ги задоволи потребите од божји храм и од посмртни почивалишта.

Богослужбата во почетокот била на словенски јазик, а свештеникот Константин бил првиот, кој, по векови молк, ја изговорил божјата реч на јазикот на присутните во неделните и во другите богослужби. За да биде легална и трајна оваа новина, неколкумина еснафлии, во договор со повидни граѓани од словенската заедница, побрзале да добијат и благослов и од битолскиот владика Венедикт, под чија јурисдикција спаѓала и црквава. Првично и ја добиле, но под жесток притисок на радикалните струи од патријаршиската заедница, со интриги и подмолни игри, дозволата почнала да се негира и да се отповикува, на крајот и да се забрани, да се отстрани дури и толерантното и дозволеното, „Господе помилуј“ на словенски јазик.

898. Любенъ Антоновъ, **Ликътъ на Македония,** София, 1943, 98

Следувало потоа словенските книги да се одземаат и искинат, на свештеникот Константин да му се измисли интрига за русофилство, да се пикне в затвор и таму да остане повеќе од месец и половина, со што кратката историја на словенскиот јазик во црквава и во Битола, да заврши.[899]

Единствен исклучок што бил направен во врска со јазикот се случил на Велигден, 1864 год., но и тоа како тешка изнуда и со бројни понижувачки условувања, делот, имено, од евангелието да биде превод од грчко евангелие, да биде на парче хартија, напишано не со кирилица, туку со грчка алфавита. А и тоа, според битолскиот дописник на весникот „Светилник", било направено *„не за друго, туку да се ругае на нашиот јазик"*.[900]

Ете, во вакви сложени и напнати услови, неколку години подоцна, во 1869 год., за првпат била организирана свеченост – водокрст. Најзаслужен бил неуморниот трудбеник за народното дело Димко Радев, кој имал заложби и за воведувањето на народниот јазик во училиштата во градот. Ден пред Водици организирал копање вир и пуштање вода во него. Водата вечерта замрзнала, што било добар знак дека годината ќе биде бериќетна, а пред фрлањето на крстот била одржана и свечена богослужба, по што сиот народ излегол во дворот да го следи чинот на фрлањето.[901]

Откако завршило тоа, се организирал и избор на домаќин за следниот водокрст, кое се сметало за голема чест. Семејството на избраникот требало да обезбеди погача со крвче внатре, кое го одредувал наредниот домаќин.[902]

899. **Македонија во делата на странските патописци,** 1864-1874, 94

900. **Съветникъ**, бр. 17, 24 јули 1864

901. **Македония**, бр. 10, 1 февруари 1869

902. Ѓорѓи Димовски – Цолев, **Ѓенимаале**, Зб. **Битола низ вековите**, 7, Педагошки факултет, Битола, 2004, 28

Овој водокрст засега се третира за прв во Битола. Со оглед што такви во Охрид и Скопје се организирале и порано,[903] не треба да изненади ако се открие дака ги имало и во Битола, особено во „Св. Димитрија".

Водокрстот во „Св. Недела" продолжил да се празнува и во годините и деценииите што следат. Во првата деценија од 20-от век Милтон Манаки со „Камера 300" регистрирал еден, но, за жал, не можеме да го доживееме, филмот е изгубен.[904]

Мимикрија

Во многунационалната и меѓуконфесионална Отоманска Империја многу брзо и многу лесно можело да се утврди кој на која верска или национална заедница ѝ припаѓа. Заклучокот се извлекувал и на прв поглед, преку облеките, преку употребените бои во нив, по капите или чевлите, дури и по навидум немногуважечки употребени ситници. Истото важело како за мажите, така и за жените.

Да се замени, пак, националната, со господарската, турската, облека била силна желба и општоприсутна. Магнет претставувале особено јавното и парадно носење оружје и вјавањето ат, турски екслузивитет со векови. Во неможност тоа да го доживее, утешение за христијанинот му останал господарскиот детаљ, фесот, оттаму и толку многу посегања по него.[905]

За мимикријава, се разбира, се знаело и често и грубо се реагирало и од највисоко место, со констатации*: „...од старо време па сé до денес на никој од немуслиманите и*

903. Кузман А. Шапкарев, **Избрани дела**, 110, 129

904. Павле Константинов, **Браќа Манаки**, Млад борец, Скопје,1982, 127/1

905. **Македонија во делата на странските патописци,** 1827-1849, 666

рајата, освен од редот на суруџиите, не му било дозволено да носи пушка, тиркеш, штит и други воени оружја, да јава ат, да завиткува на главата тулбен и да носи воен калпак, многумина од рајата и немуслиманите се шетале на начин како што е погоре кажано".[906] Познато било и дека на Евреите и директно им било забрането да поседуваат робови, да носат свилена руба и да обуваат луксузни чевли,[907] а за останатите пораката била *„почесната облека им прилега на муслиманите"*, а не и на рајата.[908]

Сите тоа го знаеле, но ретко кој не правел обиди да ја доживее сласта што ја носи привилегијата.[909]

Но тоа се плаќало, некогаш и многу скапо.

Битолски Евреин, во 1656 год., е еден од оние кој поминал полесно. Од душегрижници муслимани бил фатен со забранета црвена капа, бил малтретиран на улица, потоа и насилно одвлечкан во неговото гето, со куп сериозни закани.[910] Така, и во слични, поневидни ситуации непослушникот можел да помине и со пресоблекување во старата облека или со конфискување имот.[911]

Но таква среќа немал млад Грк од Истанбул, за кој раскажува турскиот хроничар Абеси (18 век). Убаво дотеран и украсен, му го привлекол вниманието на султанот, кој беше излегол на прошетка инкогнито, заедно со двајца телохранители. Во првиот момент на султанот му оставил впечаток дека е драгоман (преводувач) на некоја странска земја,

906. **Турски документи за историјата на македонскиот народ,** том I, помеѓу 28 декември 1619 и 6 јануари 1620 година, с. 43, д. 27

907. **Македонија во делата на странските патописци,** 1371-1777, 705; **Македонија во XVI и XVII век**, 50, 57

908. **Македонија во XVI и XVII век**,50/36

909. Исто, помеѓу 27 октомври и 4 ноември 1622 година, с. 97, д. 129

910. Сицил бр. 14, 1656, април 6

911. **Румелийски делници и празници,** 67-68

но откако го повикал кај себе и го распрашал, утврдил дека дрско ги игнорира забраните, што било доволно да падне смртна наредба, која телохранителите веднаш и на самото место ја извршиле.

Интересно е дека османлиите не биле првите и единствените кои љубоморно внимавале на општествените одличја. И пред нив, и во средновековието не секој можел да носи оружје, не секој да бјава коњ и врз себе да има господска облека.[912]

Прослави

Османлиски

Османлиите имале повеќе датуми за горопадни и бучни прослави, но на три посебно внимавале: раѓањето нов член во султанското семејство, устоличувањето нов султан и извојување воена победа. Сите се одбележувале сенародно, со невидени илуминации и со многу музики.

И Битола ги доживувала најсвечено.

За прослава на раѓањето на престолонаследникот Мехмед IV на 2 јануари 1642 год. во Битола бил испратен и специјален пратеник, Јакуп, со задача да ја соопшти радосната вест и да го издиктира сценариото. Според него, чаршиите и пазарите требало да бидат украсени со најразлични ткаенини, дуќаните навечер да бидат осветлени со свеќи и кандила, требало да се приреди и сеопшта радост со куп илуминации, да се извршат молитви во богомолите со

912. Тихомир Ђорђевић, Цит. дело, 103-109

Прослава со изобилно илуминации (17–18 век)

благопожелби за долг живот и среќа на актуелниот султан и на новороденият принц.[913]

Една година подоцна (1643) прославен бил друг значаен датум, победата врз австриската војска. Во писмото до Битола се информирало не само за освојувањето на Сегединската тврдина и за големата победа, но и за преобразувањето на тамошните цркви во џамии и се сугерирало тоа на *„најсвечен начин да се прослави“*.[914]

Раѓањето на султанот Мехмед во 1705 год. се прославувало со десетдневни молитви во џамиите и со пукање

913. **Турски документи за историјата на македонскиот народ,** IV, по 2 јануари 1642, с. 101, д. 144

914. Сицил бр. 19, 1663, октомври 3, бр. 291

од топови.[915] Такво одбележување во 1730 год. имало и за устоличувањето на новиот султан.[916]

Следат одбележувања и прослави и на други раѓања, повторно со молитви, со пукање од топови и со илуминации.

Во месец октовмри 1824 год., а по повод раѓањето на принцезата Мунис Султан, свеченостите траеле 3 дена,[917] раѓањето на принцезата Фатима, 7 дена.[918] Кога се родил престолонаследникот во 1835 год., наредбата сугерирала на сиромасите да им се додели одредена сума пари и да не им се зема никаков данок, кое ќе се повтори и при раѓањето на новиот принц, во 1840 год.[919]

На 1 јуни 1862 год. се случила една од највеличествените прослави што биле запаметени, а биле поврзани со устоличувањето на Абдул Азис хан.

Повторно имало богатство од илуминации, *„небето гореше като да беше се запалило“,* забележа еден весник.[920] Нешто слично се случило и во 1902 год., кога бил одбележан и роденденот на Абдул Хамид.[921]

И така по ред.

Постосманлиски

Новата, српската управа во Битола, промовирала две големи прослави, едната, државна, во врска со сесрпскиот празник Свети Сава, втората, локална, поврзана со 19 ноември, со влегувањето на српските војски во градот.

915. Сицил бр. 31, 1705, ноември 22, бр. 176
916. Сицил бр. 43, 1730, октомври 17, бр. 236
917. Сицил бр. 95, 1824, меѓу 14 и 24 октомври, бр.31
918. Сицил бр. 43, 1809, февруари, прва декада, бр78
919. Сицил бр. 105, 1840, септември 28, бр. 182
920. **България,** бр. 12, 11 юнийя 1862
921. **Македонија во делата на странските патописци**, 1894-1902, 297

Првата отпразнувана била за првпат неколку дена пред Денот на светецот, наместо на вообичаениот 27, на 24 јануари 1913 год., во неработен, неделен ден, за да има повеќе народ.

Централната прослава тогаш се случила во преполнетата црква „Св. Димитрија". Со богослужбата чиноначалствувал патријаршискиот митрополит Хрисостома, а негов придружник на словенски јазик бил воениот прота Милојевиќ. Биле присутни и рускиот и британскиот конзул, како и егзархискиот митрополит. По емотивниот говор на Хрисостома за влогот на српската војска во ослободувањето на овдешните христијани, му пристапил и братски го прегрнал егзархискиот митрополит, кое било прокоментирано за *„историски миг"*.[922]

Славењето потем продолжило и во салата на гимназијата, каде на црквената реч на патријаршискиот митрополит, со одбрани зборови одговорил Коста Лозаниќ, заменик директор на гимназијата.[923] Од гимназиската веселба биле собрани и 263 динари, кои биле употребени како хуманитарен прилог за ранетите и болни војници, кои чекале транспорт за Србија.[924]

Вакви прослави, поврзани со Свети Сава, продолжиле да се одбележуваат секоја година и 27 јануари станал традиционален ден за нив, исполнет со богослужби и богати ученички концерти и забави.

Почнувајќи од 1913 год., 19 ноември станал голем локален празник, кој, исто така, најсвечено бил отпразнуван секоја година.

---

922. **Свети Сава у Битољу,** Општинске новине, бр. 3, Битољ, 20 јануар 1913, 1

923. **Светославске беседе,** Општинске новине, бр. 3, Битољ, 20 јануар 1913, 3

924. **Извештај Одбора за Св. Славску прославу у Битољу,** Општинске новине, бр. 5, Битољ, 3 фебруар 1913, 5

Првата годишнина, пак, доби најголемо, и национално значење, во која се вклучиле и првите луѓе на државата, престолонаследникот Александар Караѓорѓевиќ, претседателот на Министерскиот совет, Никола Пашиќ, воениот министер, генерал Милош Божановиќ, министерот за стопанство Велизар Јанковиќ и епископот Варнава. Битола тогаш доживеала и посебна илуминација, обете страни на реката Драгор биле укрстени со безбројни лампиони. Биле употребени и безбројни факели од мноштвото граѓани кои на првиот, од неколкуте денови од посетата, на 19 ноември, дошле да го поздравaт престолонаследникот, кој бил сместен во неговата времена резиденција (домот на Иконому).[925]

ГРАЂАНСТВУ ГРАДА
БИТОЉА.

19ог овог месеца (6ог по старом календару) град Битољ прославиће своје

ОСЛОБОЂЕЊЕ

са овим програмом:

Прослава на Денот на ослободувањето (1921)

Во таа прилика, од сите делови на државата и од странство, до претседателот на Битолската општина, Петар Лешњаревиќ, биле испратени неколку стотици телеграми со честитки (од Белград над 60), меѓу кои биле и на кралот Петар и на претседателот на Скупштината, Андра Николиќ.[926]

925. **Наше славље,** Општинске новине, бр. 29, Битољ, 20 новембар 1913, 2-7
926. **Телеграми,** Општинске новине, бр. 29, Битољ, 20 новембар 1913, 1

Понатака следните вакви одбележувања останале локални и во организација на градската самоуправа, со стандардни содржини: масовна посета на Српските воени гробишта, богослужби, концерти и општонародни веселби. Општинските власти за нив секоја година објавувале програми и повици за присуство, па и за 1921,[927] 1924,[928] 1928,[929] 1935 год.[930]

ПРОСЛАВА
СТОГОДИШЊИЦЕ
ЦРКВЕ СВ. ДИМИТРИЈА У БИТОЉУ
СТО ГОДИНА

Плакат за јубилејот 100 години на „Св. Димитрија“

По повод стогодишнината од обновата на црквата „Св. Димитрија“ (1830-1930) била подготвена студија за нејзиниот историјат,[931] била организирана и богата прослава. Под раководство на старешината на црквата Мирко Павловиќ, свештеник, бил избран и Одбор за прослава, во кој влегле 20-на видни граѓани, а се пријавиле и такви кои посакале и материјално да ја потпомогнат. Истата траела два дена, петокот попладне (26 ок-

927. Државен архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, **Збирка на Плакати**, I- E, 88

928. Исто, I- E, 89

929. Книга бр. 28, 19 ноември 1928, т. 1

930. Книга бр. 48, 19 ноември 1935, т. 1

931. Велимир Т. Арсиќ, Цит. дело

томври с. с.), со бдение и саботата претпладне, со свечена архиерејска литургија. Посебен настан во овој дел од прославата било осветувањето на спомен–плочата, посветена на битолчани загинати во претходните војни (1912-1918).[932]

Пречек и испраќање гости

Во минатото стана обичај службени или семејни гости да се пречекуваат и да се испраќаат надвор од градот и колку таквите биле подалеку од местото на живеење, толку и честа била повисока. Доколку пречекот бил индивидуален, а домаќинот не располагал со коњ, средбата била на улица, каде бил и домот на домаќинот. По првичните поздравувања,[933] пред портата имало уште едно „Добродојде" и од него и од домаќинката. Традиција била поздравувањето да се повтори и откако гостинот влегол во домот и седнал.[934]

Рангот на гостите многу влијаел врз составот на делегацијата за пречек.

На први јануари 1578 год. дипломатското претставништво на австрискиот император Рудолф Втори на една милја од Цариград го пречекал постојаниот претставник на Австрија пред Високата Порта, баронот Унгнад, следел пречек и на растојание од еден стадиј и од 150 коњаници.[935]

Сличен пречек неколку пати доживеал и Ами Буе на својот пат низ Македонија.[936]

---

932. Државен архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, **Збирка на плакати**, I-E- 65

933. **Македонија во делата на странските патописци,** 1864-1874, 164

934. **Македонија во делата на странските патописци,** 1889-1898, 37

935. **Немски и австрийски пътеписи за Балканите**, 380

936. **Македонија во делата на странските патописци,** 1827-1849, 236, 238

Пречек на дипломатско претставништво (1557)
(а. и д. спахии, б. јаничари, ц. гости)

Доколку се пречекувал цивил и пречекот бил цивилен, тогаш надвор од градот излегувале индивидуи или група граѓани. Гостинката од Русија, М. Карлова, во 1868 год. во Крива Паланка ја пречекале скоро сето христијанско население, како и учениците од месното училиште. Било тоа настан за кој се прераскажувало подолго во градот.[937]

Бидејќи чекањето понекогаш се пролонгирало со часови, пред ставањето во функција на железницата Битола – Солун, во Битола било формирано специјално место, неколку километри надвор од градот. Било лоцирано кај

937. **Македонија во делата на странските патописци,** 1864-1874, 186

некогашните Буковски Ливади. Го уредил и востановил некаква кафеана битолскиот губернатор Абди паша, по што било наречено и Абди-пашиното кафеанче (подоцна Бирадија). Можело тука човек да закрепне со пијалак и кафе, а коњите и да попасат низ околните сочни ливади.

Христијани од Битола, Прилеп, Ресен, Крушево и од други места тука го пречекале првиот егзархиски митрополит Натанаил. За да стигнат навреме, околу 200 коњаници од Охрид и Струга тргнале совреме од своите градови, па по Битола, продолжиле до село четири часа оддалечено од Битола, каде била и првата средба. Таа, како што се сеќава Кузман Шапкарев, *„не личеше на пречек, ами на една ордија, којашто го беше исполнила сето широко пространство меѓу градот и кафеаната како мравјалник“.*[938]

Чест и обврска кон гостинот бил не само пречекот, туку и испраќањето. Како што ја пречекале масовно и срдечно М. Карлова, така кривопаланчани и ја испратиле.[939]

Ценет Германец, кој престојувал во Гопеш, селаните, заедно со учителот и учениците, го испратиле половина час надвор од селото. На збогувањето учениците му ја испеале и германската песна *„Збогум, татковино моја“* на влашки јазик. *„Треба ли да се срамувам,* прашува учителот, *ако признаам дека бев сосема возбуден?“.*[940] Скоро и уникатен е случајот гостинот да биде испратен надвор од домот на пат во траење од 4 часа.[941]

Кога железничката пруга Битола–Солун била воспоставена (1894), ваквите манифестации се пренесле пред самата станица.

---

938. Кузман А. Шапкарев, **Записи**, 184-185

939. **Македонија во делата на странските патописци,** 1864-1874, 153

940. **Македонија во делата на странските патописци,** 1889-1898, 67-68

941. **Македонија во делата на странските патописци,** 1827-1849, 638

Овој начин оддавање чест имало и безбедносна и практична примена, се гарантирала сигурноста и на гостинот му се олеснувало движењето низ населеното место. Во несигурните времиња и на несигурните патишта на кои без престан царуваале разбојници, некаква гаранција била групата придружници, зашто оној или тие станувале гаранти и, доколку се случела смрт или друга незгода, одговорноста ја прифаќале тие.

При испраќањето на престолонаследикот Александар Караѓорѓевиќ од Битола, на 7 ноември (с. с.) 1913 год., покрај поздравите и топлите пожелби дадени во градот, истите се повториле и вон градот, во близина на црквата „Св. Недела".[942]

Брак

Женски украси

Украсувањето со накит е женска склоност што може да се проследи дури од предисторијата. Дворјанките, пак, во средновековието особено ги милувале бисерите, златото и среброто,[943] а селанката од ова време, она до што можела да дојде, станкленца и парички.

Таа склоност продолжила и за време на османлиската управа и за неа патописците оставиле мноштво податоци.

Ханс Дервшвам (1553-1555) пишува дека косите на балканската селанка биле со многу плетенки, обединети во мрежа, дека ушите ѝ биле украсени со обетки, а вратот со

942. **Наше славље,** Општинске новине, бр. 29, Битољ, 20 новембар 1913, 7
943. Константин Јиричек, цит. дело, 246-247

венци од сини стакленца, мониста, месингови парички.[944] Таква склоност забележал и Французинот Кани (1573): *„Жените од овој крај,* вели тој, *сите сиромашни, имаат по косата многубројни накити најправени од сребро и носат огромни обетки. По плетениците и околу вратот имаат сребрени пари – акчиња, стакаленца, килибар или дукати и колку повеќе имаат од нив, толку повеќе се сметаат за поубави и пограциозни".*[945]

Модерна млада Балканка (1577)

944. **Немски и австрийски пътеписи,** 262

945. А. Матковски и П. Ангелакова, **Францускиот патописец Philippe du Fresne - Kanaye,** Историја, г. 6, бр. 1, Скопје, 1979, 145

Македонка во цртежи од два автора (17-18 век)

Не ретко, како што информираат и други патописци, косите ѝ биле украсени и со цвеќиња.[946]

Накитот се сметал за ценета стока, можел да биде мотив и за грабеж.

Бесправно присвојување, кое дошло и до битолскиот суд, се случило во 1639 год. Некој си Никола Гроздан, жител на село Олевени, го оптужил Хусеин спахи, не само за нанесените телесни повреди, туку и за грабеж на две обетки.[947] Сличен грабеж се случил и во 1642 год. во Битола. Бил извршен во тесен семеен круг. Крадецот била снаата Еурека,

946. Д-р Александар Матковски и Поликсена Ангелакова, **Неколку кратки патописи за Македонија,** Гласник на Институтот за национална историја, г. 16, бр. 1, Скопје, 1972, 261

947. Сицил бр. 6, 1639, непознат датум

која присвоила пари, платно, шарена торба, рало ракави од црвен атлас, но и три обетки, сребрен прстен, сребрено синџирче и сребрена врзувалка.[948] Таков се повторил и во 1865 год. Менка, ќерка на Трајко, од Кара Табак Маало, ја оптужила родената сестра дека ѝ украла накит и златници, а оптужената се бранела дека ѝ се татков дар, но не можела да го докаже тоа, па спорот го изгубила.[949]

Покрај главата, жената милувала да ги украсува и градите. Александар Бизани (1799), запишал дека *„скоро наполно ѝ беа покриени со ѓердани од турски стари и златни пари.“*[950]

И Шапкарев го потврдува истото, дека низи од пари, џинџурија, обетки и украси од материјали што се посочени од патописците, жените употребувале и во неговото време.[951]

Такво било украсувањето и на селанката од Битолско.

Од крајот на 19 век го имаме и овој опис: *„Она што треба да се забележи,* тврди бугарскиот публицист и патник А. Шопов, *е што битолската селанка реди врз себе е сè што може да ѝ го види окото, светло, шарено, ласкаво. Од главата ѝ се гледаат само носот, очите, кај некои и устата. Сè друго е покриено, пришиено со секакви триагленца, шарени кајчиња и наблизо врзани крпички. Од главата надолу по плеќите ѝ се спуштаат безброј плетенки, обнизани со сезможни стари сребрени и метални монети, чија должност е да дрнкаат кога оди да*

948. **Турски документи за историјата на македонскиот народ**, том IV, 103/147

949. Сицил бр. 129, 1865, февруари, 214, 233

950. Д-р Александар Матковски и Поликсена Ангелакова, **Неколку кратки паптпоиси за Македонија,** Гласник на Институтот за национална историја, г. 16, бр. 1, Скопје, 1972, 261

951. Кузман А. Шапкарев, **Избрани дела**, 257, 264

игра“.[952] Големите обетки биле сребрени, низите на градите – „флорини“.[953]

Скоро без никакви измени, ваквото украсување продолжило и до Втората светска војна, повторно со украсување на вратот и градите со низи од пари, најмногу со златници.[954]

Пазарни дан за удаваче
на житном тргу у Битољу

Оро на Житни Пазар (1934)

952. А. Шоповъ, Цит. дело, 276

953. Аноним, **Битолско, Преспа, Охридско**, 12

954. **Један глуп обичај у околини Битоља,** Нови сјај, бр. 28, Битољ, август 1936, 2

„Места за бендисвајње“

Секое социјално место каде младите можат да се сретнат и да комуницираат, било и е потенцијално каде можела да се изроди љубов и прилика за брак. Во минатото биле селската чешма, гумното, најмногу средселото.

Тоа се однесувало за брачните двојки од едно исто населено место, но доста причини диктирале брачниот партнер да се бара и надвор од генсот (прикривање семејна тајна, наследна болест, низок социјален статус, години) и тогаш изборот се правел на пазари, панаѓури, манастирски слави, односно секаде каде имало можност за избор.

Такви места во минатото во Битола биле Житни Пазар, Ленски Пазар, генималското Средсело, дворот на црквата „Св. Недела“ и други.

Најстариот пазар, кој со развојот на градот, се типизирал и станал житен, Житни Пазар, било најпопуларното *„место за бендисвајње“.* Собирите таму се случувале, барем, еднаш неделно.

Кандидатите доаѓале како на судбински ден, секогаш во придружба на роднини или пријатели (*„стројници“*), на кои лесно им течел зборот и кои умееле да ги украсуваат работите. А кандидатите *„во живописни облеки наредени во групички, стоејќи како кипови“,* го очекувале мигот на избор, потем било лесно, се заминувало во најблиската кафеана и пазарот отпочнувал.[955]

Втор пазар на кој одамна се продавал прочуениот битолски лен за кој говорат Евлија Челеби и другите патописци,[956] се наоѓал од десната страна на реката Драгор,

955. А. Ђ., **Пазарни дан за удаваче на житном тргу у Битољу,** Време, Београд, 8 јула 1938, 3

956. Александар Стерјовски, **Битола - Реката Драгор,** , 279

на платото меѓу денешните булевар „Први мај“ и ул. „Никола Тесла“, Ленски Пазар. Траги и спомен за тоа е само името. И тука се организирале слични средби и брачни договори. Меѓу двете светски војни и за време бугарската управа се сведиле еднаш годишно, на вториот ден Дуовден. Како и на секој панаѓур, и овде имало средселска музика, ора, праматари, а и брачни избори.[957]



Саморанување како доказ за голема љубов (18 век)

Генимаалското Средсело, исто така, било експлоатирано место, најмногу на т.н. *„селски Велигден“,* кога се преобразувало во масовен панаѓурски собир.[958]

Такво било и платото на црквата „Св. Недела“. Откако неделите таму станале и „панаѓури“ и на нив доаѓале пазарџии дури од Прилеп, значењата како место за брачен избор му нараснале уште повеќе.[959]

957. **Народни традиции въ Битолско,** Пелистерско ехо, г. I, бр. 22, Битоля, 30 мај 1943, 3; Менде Петковски, **Љубовни средби на „мостот на бендисувањето“,** Дневник, Скопје, сабота, 30 април 2005, 45

958. Жанета Здравковска, **И градска Битола има сретсело на кое се славел вториот Велигден,** Дневник,Скопје, 20 јануари 2015, 18

959. Никола Ганчевъ Еничеревъ, Цит. дело, 363

Имало средби кои се случувале и надвор од традиционалните. Момче ќе помине по улица, па ќе здогледа девојка што ќе му се допадне, па роднини или пријатели ќе режираат потајна средба или договор, по што ќе се и роди брак.[960]

Кај христијаните сосема ретко или никако, но меѓу Турците и Турчинките, младите својата наклоност кон саканата ја искажувале и со крвави саморанување, кое е и ликовно потврдено.[961]

„Пари на рака – Мара за рака"

За да се стекне некој со брачен другар во нашето не така дамнешно минато, морал да располага и со материјално покритие, зашто сопругата и сопругот се купувале. Разликата меѓу градот и селото била драстична, во градот се купувало момчето, во селото девојката. Градската мома и нејзиното семејство, според Шапкарев, уште додека била мала се подготовувале за брачниот прстен, таа, учествувајќи во изработка на чеизот, семејството во парите. Понекогаш во неможност да купат сопруг, девојки со многу доблести и предодредени за среќен брак, како што истакнува една новинарска дописка, биле принудени да умрат како стари моми.[962]

Со селската мома било сосема поинаку. Заради недостиг од работна рака и намалениот број машка челад (печалба и болести), момата била принудена да слугува дома до своите 25–30 год.,[963] кое било и основа, според

960. Кузман А. Шапкарев, **Избрани дела**, 178

961. **Македонија во делата на странските патописци,** 1371-1777, 223

962. Мила Л. Перчиновић, **Купују се и људи,** Вардар, Скопље, 22 децембар 1932, 4

963. **Македонија во делата на странските патописци**, 1850 - 1864, 595

Шапкарев, селските семејства секогаш да се радуваат кога се раѓало девојче и да говорат за *„ќерка куќоберка“*.[964] Но кога ваквата мома се мажела, секогаш била постара од момчето 8–10 год. и со сите проблеми што ги носи возрасната разлика.[965]

Влогот што се давал за сопругата бил различен. Понекогаш требало *„3 ѿара чевли, 2 кожуви и 2.000 динари за снаата, а буре вино, 3 балони ракија и ѿейсија како оѿ–шѿински данок“*, но најомилено било златото.[966]

Тоа било и причина за материјална пропаст на нашиот селанец, зашто продавал скапоцен имот, со кој го прехранувал семејството или робски да работи и да се задолжува кај кожодери лихвари.[967]

Во крајот на 19 век во Косово, тврди Бранислав Нушиќ во своите етнографски белешки, цената на девојката, која обично се движела од неиздржливите 1.000 до 2.000 гроша, со координирано влијание на општините и на владиците, да се унифицира и да се сведе на едно кесе, односно на 500 гроша.[968] И за време Илинденското востание под диктат на Организацијата од 15–25 лири, откупот во Македонија се сведил на 2 до 5 лири.[969]

964. Кузман А. Шапкарев, **Избрани дела**, 198

965. **Македонија во делата на странските патописци,** 1889-1898, 69

966. **Анкета о куповини жена,** Вардар, 26 јуни 1932, 7

967. **Презадуженост сељака у нашим крајевима често је последица овог кобног обичаја,** Вардар, Скопље, 22 мај 1932, 7; **Кад народ не дави ни порез ни прирез, што да га даве глупи обичаји**, Вардар, Скопље, 27 јула 1933, 1; **Једаан глуп обичај у околини Битоља,** Нови сјај, Битољ, бр. 28, авглуст 1936, 2

968. Бранислав Нушић, **Сабрана дела Бранислава Нушића**, XXIII, **Разне списе**, Јеж, Београд, 1966, 136

969. **Спомени,** Култура, Скопје, 1997, 54

За да се проследи состојбата во Македонија и, евентуално, да се влијае врз проблемов, скопскиот дневен весник „Вардар“ во почетокот на мај 1932 год. поведе анкета за купувањата сопруги.[970] Пристигнаа огромен број дописки, кои весников започна да ги објавува и обичајов темелно да го разоткрива и анализира.[971] Веднаш се откри дека *„женски деца во клуѓи од основни училиште“* се продавале насекаде.[972]

Куповина жена у околини Битоља

— Једно од најзанимљивијих мишљења које је »Вардар« добио за анкету о продаји жена у Јужној Србији —

Купување невести во Битолско (1932)

Во анкетава учествуваа учители, свештеници, општински службеници и други, од кои некои со својата аналитичност посебно се издвоиле и придонеле да се изгради општа слика за овој проблем.[973]

970. **Куповина жена у Јужној Србији, Један врло ружан обичај на нашем југу,** Вардар, Скопље, 1 мај 1932, 4

971. **Куповање жена у Јужној Србији ,** Вардар, Скопље, 15 мај 1932, 10

972. **Поводом наше анкете,** Вардар, Скопље, 24 јули 1932, 7

973. Нада Зекмановић, учитељица, **Мишљење г-ђе Наде Зекмановић,** Вардар, Скопље, 5 децембар 1933, 3; Никола Новаковић, **Куповина жена у групи села званој „Белокрпци“ у околини Тетова,** Вардар, Скопље, 12 фебруар 1933, 5

Оценката била дека анкетата била многу позитивна,[974] дека имала прилична заслуга и во откоренувањето на обичајов,[975] но и во градењето планови за идните акции против него.[976]

Во анкетава учествуваа и дописници од Битола.[977]

Благодарејќи на неа, се откри и настанувањето на пословицата *„Пари на рака – Мара за рака“,* која ја засегна и муслиманската заедница.[978]

Бегалки

За да реши девојката да стане бегалка и да ја погази волјата на родителите, скоро без исклучок, се работело за преголема љубов кон избраникот. Чинот внимателно се подготвувал со многу планови, таа прибирала со време најнужни работи што ќе ги понесе и на договорениот ден и час, само со него, некогаш и во придружба на група негови другари, заминувала во нов живот.

974. **Анкета о куповини жена потпуно је успела у појединим селима у срезу велешком,** Вардар, Скопље, 26 јануар 1933, 8; Марко П. Живановић, **Успех анкете о купови ни жена у општини топличкој,** Вардар, Скопље, 3 март 1934, 2 ; **Како да се сузбије куповина жена у Јужној Србији,** Вардар, Скопље, 8 децембар 1932, 5; Славко К. Гавриловић, општински писар, **Анкета о куповини жена,** Вардар, Скопље, 23 фебруар 1933, 6

975. Драг. Ж. Т., **Анкета о куповини жена-то признају сељаци-има своје дејство,** Вардар, Скопље, 12 децембар 1932, 3

976. **Анкета о куповини жена у Ј. Србији**, Вардар, 17 јули 1932, 7; Богдан Пантовић, **Девојка трипут веренаа за једног истог момка**, Вардар, Скопље, 9 децембар 1933, 4; **Куповина жена у Јужној Србији**, Вардар, Скопље, 27 новембар 1932, 2; Х. У., **Учитељи немају времена**, Вардар, Скопље, 12 јануар 1933, 3

977. **Анкета о куповини жена,** Вардар, Скопље, 18 јуни 1932, 8; Т. Лазаревић, **Куповина жена у околини Битоља,** Вардар, Скопље, 2 окктобар 1932, 6

978. **Балканот во делата на странските патописци**...,1402-1657, 244, 271

Во домот на момчето по чинот се случувале вообичаени веселби, песни и ора, во девојчиниот – штама и срам. Ако се организирала наскоро и свадба, таа била само во домот на момчето.[979] Бегството и бегалскиот амбиент во обете семејства мошне впечатливо е пренесен во познатата битова драма „Бегалка“ од Васил Иљовски.

АНКЕТА О КУПОВНИМ ЖЕНА

Љубав је јача од свега!...

Момче на „бегалкиња“

Момче со бегалка (1934)

Нешто подоцна помируваци се растрчувале пријатели или роднини и, порано или подоцна, меѓу двете семејства се доаѓало до контакт и нормализација на односите, особено откако на свет ќе дошол подмладок.

Ваквиот строеж на бегањето се задржал за целото време, посовремените примери го задржале тоа.[980]

979. Кузман А. Шапкарев, **Избрани дела**, 185

980. Нада Зекмановић, **Како девојка бежи за момка, ако је њени не дају,** Вардар, Скопље, 15 март 1934, 4; Ст. Миладиновић, **Отмица и бекство девојака у Јужној Србији као последица обичаја куповања жена,** Вардар, Скопље, 7 јули 1933, 3; **Како се краду девојке у Јужној Србији,** Вардар, Скопље, 3 новембар 1933, 5; Н. К., **Љубав је јача од свега!**..., Вардар, Скопље, 10 мај 1934, 6

Грабежи

Познат и популарен начин за снабдување со сопруга бил и грабежот, го познавале и го применувале многу народи. Една голема и моќна цивилизација, римската, според митот, ќе настане преку грабеж, грабежот на Сибињанките.[981] Грабежи применувале Феничаните, Персијанците, се среќавал среде Полјаците, Чесите, Украинците и кај многу други индоевропски народи.[982] Рускиот кнез Јарослав (1016-1054) го санкционирал со строги казни.

Го имало и меѓу Србите. Познато е дека Стефан Првовенчани пропишувал строги казни и во еден член од неговиот законик, одредувал: *„Доколку некој украде девојка од родител или од некој друг, таквиот да се казни според стореното чин"*. Слично на него, и членот 53 од Душановиот законик изрекувал строги казни, особено доколку обичен граѓанин грабнал дворјанка.[983]

Грабеж имало и среде Македонците. За темниот историски период, за жал, нема податоци, макар што одредени сознанија пренесуваат народните песни. За среќа, во неговата реконструкција можат да послужат османлиските документи, кои, навистина, не се бројни, но и такви, фрлаат одредена светлина. Засега, за жал, можат да се користат два, од 1638 и од 1641 год.

Првиот говори за девојката Вишна од село Црнобуки, која пошла во посета во село Секирани кај свој роднина. Една вечер во домот на роднината Јонче, дошол Илија, жител од Секирани, заедно со селскиот поп Јован и неколку пријатели на Илија, насилно ја венчале со Илија и

981. Драгослав Срејовић, **Речник грчке и римске митологије,** СКЗ, Београд, 1979, 373

982. **Херодотова историја, 1,** Матица српска, Нови Сад, 1988, 7-8

983. Тихомир Ђорђевић, **Наш народни живот,** Просвета, Београд, 1984, 182

ја принудиле да живее во брак со него. Случајот дошол до Шеријатскиот суд и бракот бил поништен.[984]

Другиот посебно е интересен и може да пренесе дел од спецификите на овој обичај, па ќе го пренесеме во целост.

Еве го:

„Ова е: Зиммијата Митан, син на Никола, зиммија од село Брод кое спаѓа во казата на град Битола, пред судот изјави:

„Неколку зиммии од село Лахци, заедно со луѓето на Зулфикар-бег, кој е нивни субаша, жестоко ја натепале и раниле мојата сестра, христијанката Јана, ќерка на Никола, христијанка од споменатото село (Брод) а сега живее во споменатото село Лахци. Барам да се отиде од страна на судот кај неа и да се изврши увид".

Од страна на судот беше испратен нашиот господин Омер Челеби, наиб, кој, кога извршил увид, јасно се осведочи дека навистина целото нејзино тело е многу избодено со нож и рането. Кога ја прашал, ранетата рекла: „Мене без вина ме натепаа и ранија зиммите Кире, неговиот син Богоја, Петан, Јован, Дујо, Стојче, Митре и Димо Влаот, зиммии од споменатото село, заедно со лицата Дели Бали и Али-баша, кои се луѓе на нивниот субаша Зулфикар. Иако јас не сакав, тие насила и силум ме омажија за зиммијата Нико Стојо. Ако од овие рани јас умрам, крвнина нека се бара од споменатите". Споменатиот наиб на лице место изврши увид и состави записник, дојде и соопшти во судот. Она што се случи, по барање се регистрира во сицилот".[985]

---

984. **Турски документи за македонската историја**, том III, 3 и 12 август 1638, с. 121 (166)

985. **Турски документи за македонската историја**, том IV, д. 86, 24 март и април 1641, ст.69 (1)

Од документов можат да се извлечат овие заклучоци:

1. На грабеж се одело како на вооружен поход и со поголема машка група;
2. Грабената девојка била мачена и
3. Османлиската власт реагирала по службена должност на грабежот.

Дека навистина групата била бројна и вооружена потврдува и еден од најдобрите етнографи, Вук Караџиќ. И тој вели дека учесниците во грабежот *„заминувале како во војна“*. Фиксираната девојка, според него, се труделе да ја начекаат кога одела сама по вода, кога чувала добиток или, едноставно, го напаѓале нејзиниот дом како ајдути, при што возрасните членови од домот ги врзувале, ако било потребно, употребувале и оружје. Вообичаено било тоа да предизвика реакција кај соседите или кај блиските роднини, па можело да се случи и помала битка, во која, не ретко, имало и жртви. Од тие причини се ангажирале и претставници од власта.

Со цел девојката да не дава отпор и да не се брани, била биена, влечена за коси, имало употреба и на ладно оружје, па можно било грабежот да заврши и со нејзина смрт.

Кузман Шапкарев во своите етнографски белешки ги потврдува ваквите специфики. Според него, откако ќе ја грабнеле, ја наденувале на кол за појасот и така ја одвлекувале в планина во некоја колиба. По неколку вечери преспиени таму, момчето ја носел во својот дом, знаејќи дека повеќе никој нема да ја земе за жена. Натаму започнувале преговорите, по што доаѓало и до договор меѓу семејствата.[986]

986. Кузман А. Шапкарев, Цит. дело, 188

На ваков начин грабната била и бабата на Бранислав Нушиќ, која потоа на свет донела и вонбрачно дете, таткото Ѓорѓи.[987]

Ваквата специфика грабежот ја задржал и во вековите што следат, па констатациите во скопскиот весник „Вардар" од 1933 год. дека тој бил причина и *„за крвави драми",* се сосема вистинити.[988]

Османлиската власт реагирала најчесто соодветно и, доколку не се сределе односите меѓу семејствата, учесниците завршувале и в затвор или биле принудени да платат глоба.[989]

Барање сопруга преку новинарски оглас

Медиумските современи женидбени огласувања имаат историја и кај нас, биле познати и во Битола.

Прв, засега и единствен, ваков оглас објавил битолскиот седмичник „Битољски трговински гласник" на 8 април 1923 год. Уникатен е и бидејќи е таков, го пренесуваме во целост и без коментар:

„Трговец, стар 29 год., со имот од околу милион динари, среден бој, интелигентен, здрав, сака да се ожени со симпатична девојка, да е со беспрекорно минато, школувана, отмена, убава, од угледно семејство, да знае еден или повеќе туѓи јазици и да биде донекаде музикална. Миразот е без значење. Обврзно патување секоја година во странство. Само сериозни понуди со фотографија

987. Проф. д-р Александар Стерјовски, **Нушиќ во Битола,** Во: **Нушиќ и Македонија,** Македонска искра, Скопје, 2008, 45-72

988. Ст. Миладиновић, **Отмица и бегство девојака у Јужној Србији како последица обичаја купувања жена,** Вардар, Скопље, 7 децембар 1933, 3; **Како се краду девојке у Јужној Србији,** Вардар, Скопље, 3 новембар 1933, 5

989. Тихомир Ђорђевић, Цит. дело, 185

да се достават до администрацијата на овој весник со шифра „Пелагониски". Доставите се држат во тајност и се враќаат".[990]

Каков бил резултатот на оваа понуда – непознато е.

Христијански брак во османлиски суд

Покрај традиционалниот брак и развод што се востановувале в црква, христијаните со иста намена го користеле и османлискиот суд. Постапката била идентична на муслиманските брачни врски.

Дел од причините можат да се претпостават.

Најголемиот број цркви низ нашите села биле уништени, свештениците сведени на симболичен број. Ако во релативно подносливиот 19 век децата останувале некрстени со години, до возраст и на момчество, може да се замисли какви ли биле во претходните времиња. Венчалните такси што ги наметнувала Охдридската архиепископија, исто така, не биле за потценување. Во 1638 год. за прв брак се плаќало 40, за втор 80, за трет 120, за четвртиот и петтиот од 300 до 400 акчиња.[991]

Имало, кон тоа, и една многу привлечна новина за христијанскиот свет, материјалната сигурност на напуштената сопруга што ја гарантирал судот. Зетот, имено, при склопувањето на бракот бил должен да вложи пропишана сума како гаранција, која ја губел и ѝ се доделувала нејзе, доколку беспричински ја напуштел.[992]

990. **Женидбени оглас,** Битољски трговински гласник, г. I, бр. 10, 8 април 1923, 3 (5)

991. Александар Матковски, **Црковни давачки (Килисе Ресимлери) во Охридската архиепископија (1371–1767) година,** Прилози, II, МАНУ, Скопје, 1971, 52

992. **Балканот во делата на странските патописци,** 1664 - 1779 273

Според него, Брајка, ќерка на Пејо од село Журче, во август 1638 год., го добила депозитот од мажот Јован, син на Караџа, жител на село Илино.[993] Го добила и Неда од Симон, обата од Битола, две години подоцна,[994] па Јана во 1641 год., ќерка на Којче, напуштена од Михо ќурчијата,[995] Мара, ќерка на Атанас, поранешна сопруга на Рујо, син на Ристо, во 1777 год., од Хамза бег маалото.[996] Така завршила и брачната врска меѓу Циганите Трајан, син на Стојан од село Оризари, и Велика, од село Кукуречани, во средината на 18 век, во која бил вложен и изгубен депозит во висина од 1032 акчиња[997] итн.

Склучувањето на ваквиот брак во Шеријатскиот суд, инаку, течел вака:

„Кандидат за брак: Кузман, син на Секула од село Жабјани, лично присутен. Кандидатка за брак: Велика, ќерка на Петка, преку својот полномошник Мула Осман и свидетелите Крсте, син на Неделка и (името не е напишано), *син на Никола. Сума 1.000. Сведоци: Селим ефендија, Мемиш баша, курирот Хасан“.*[998]

Сличен на него е и овој:

„Кандидат за брак: Илија, син на Јована од Варошот, лично присутен. Кандидатка за брак: Стоја, ќерка на Ристе, од Варошот, лично присутна. Сума од гроша 1.000. Сведоци: Ариф ефендија, Хафис Исмаил ефендија, Хафис Али ага од Лерин, припадник на Али Ахмед бега“.[999]

993. **Турски документи за историјата на Македонија,** III, 122/169
994. Исто, д. 65
995. **Турски документи за историјата на Македонија,** 4, 91/124
996. Сицил бр. 61, 1777, датум непознат
997. Сицил бр. 57, 1765, февруари 29
998. **Турски документи за македонската историја,** 1800-1803, 5/1
999. Исто, 104/5

Како и овој:

„Младоженец Атанас, син на Трајан, присутен лично. Невеста Алтана Чоко, ќерка на Трпче, христијанка, преку полномошната мајка Кираца, ќерка на Петре, и со сведоците Стојан, син на.....и Димитри, син на Митре, што сведочат дека обете страни по своја слободна волја го заклучуваат бракот по обичајот со илјада аспри. Присутни сведоци: Ибрахим ефенди заде; Ахмед - коџа, главниот курир Халил-ага; Мула Мустафа, курир; Исмаил; Хаџи Мемиш ефендија, бакал; Бакалбашија Хусеин Баш; курир Нуредин; курир Халил"[1000] итн.

Бракот, според документиве, се склучувал пред два вида сведоци, првите го потврдувале идентитетот и биле роднини на кандидатите, вторите ги избирал судот и биле од редот на угледните муслимански граѓани и биле гаранти за бракот и депозитот. Еден период депозитот изнесувал 1.000 (гроша, аспри, или нефиксиран вид монети).[1001]

На склучувањето не било неопходно присуство на кандидатот/ката, можел да ги замени полномошник, кој можел да биде и неистоверник. Појавава во нашиот фолклор позната е како *„зета аманета",* која била раширена и низ сиот Балкан.[1002] Право на замена имала и невестата. Така, невестата Митра, ќерка на Васила, од Карабатак Маалото во Битола, ја заменил Трајко, син на Стојан. Задачата нивна била да потврдат дека во брачната заедница влегуваат по слободна волја.[1003]

Иако претставите за патријархалните брачни заедници од минатото се шематизирани и тврдат дека женскиот бра-

1000. **Турски документи за македонската историја,** 1818-1827, 11/58

1001. **Балканот во делата на странските патописци**, 1664 - 1779, 221

1002. Тихомир Ђорђевић, Цит. дело, 1, 197-202

1003. **Турски документи за македонската историја,** 1818-1827, 11

чен другар морал да биде ропски покорен и дежурен исполнувач на желбите и волјата на сопругот, мноштво примери го демантираат тоа. Тоа се однесувало и на муслиманскиот брак, кој е дел и од битолската историја.

Еве неколку примери:

Камер, ќерка на хаџи Сулфире, во 1634 год., го избркала сопругот од домот, платнарскиот трговец хаџи Салтик. Откако, пак, тој успеал да купи сопствен дом и создал услови за продолжување на брачната заедница и ја повикал да го продолжат животот, таа останала на своето решение. Интервенирал и судот, но таа, иако ја губела материјалната потпора од сопругот, не попуштила.[1004]

Таква одлучност покажала и Исмихане, сопруга на Али, која во 1646 год., си го прибрала чеизот и пребегнала кај друг, кај Мехмед јасаџијата, игнорирајќи ги и судските повици за враќање, ниту, пак, се одзвала на неговите покани.[1005]

„Држ се, Маро, за опашка"

Најочекуваниот момент од долгите и сложени свадбарски обичаи секогаш била објавата на дественоста на невестата. Доколку се потврдило дека во новото семејство пристига чесна, кое се докажувало со белиот чаршав или со невестинската бела кошула, сеопшта радост и веселба ја обземала зетовската фамилија. Веста била објавувана и со пукот од огнено оружје и со музика и истата веднаш патувала до родителскиот дом на невестата, каде се очекувала со нескриен грч. Известувањето се правело со јаболко украсено со паричка или на друг, симпатичен начин, што било повод

1004. Сицил бр. 3, 1634, август почеток

1005. Сицил бр. 10, 1646, датум неутврден

за веселби и блага ракија, која се делела во невестинското семејство, меѓу соседите и роднините.[1006]

Доколку, пак, било обратно, немало песни и музика, сè било штама и нервоза во обете семејства, макар дефлорацијата да ја имал претходно извршено и зетот. Повторно имало јаболко за невестинското семејство, но сега со лута пиперка. Во Кратово ашчиката, која го готвела свадбарскиот ручек, го прибирала ѓубрето и го истурала пред портата на невестинскиот дом, или им се испраќала 'ржена погача со дупка во средината, во чија средина се перчел праз.

Најтешките последици ги сносела невестата. Доколку случајот совреме и потајно не бил покриен со потплатување (пари, имот и сл.) врз неа паѓала дамка која ќе ја следи сиот живот, била омаловажувана и потурната во недоглед и од мало и од големо. Во Кукуш другарите на зетот ја носеле на чешма или на место со вода, ја откривале *„угул-гола“* и се изживувале со полевање ладна вода,[1007] понекогаш ѝ приредувале и други, понижувачки изненадувања.

Ваквите казни ги среќаваме и во скорешно време во Бугарија,[1008] кај нас, а и на други места низ Балканот.[1009] Има сеќавања и за неколку случаи и од потпелистерските села по ослободувањето, кои, според тврдењата на информаторите, биле проследени со песна, со рефрен *„Држ се, Маро, за опашка“*.

Обичајов е стар и за тоа има и сведенија.

1006. Атанасије Д. Младеновиќ, **Град Битољ,** Битољ, 1936, 51

1007. Кузман А. Шапкарев, **Избрани дела**, 64

1008. **Етнография на България,** том 3, БАН, София, 1985, 189

1009. **Обичаји народа испод Бабе и Перистера**, Вардар, Скопље, 7 септембар 1936, 5

Уште Франческо Сансовино (1564) пишува дека вакво омаловажување и понижување можеле да доживеат и љубовници – христијани фатени на дело. Доколку веднаш не би ја платиле големата глоба, вечерта морале да ја минат в затвор до доаѓањето на судијата, а другиот ден, качени секој на засебно магаре, со грбот наназад, со магарешка опашка в раце и со шкембе полно со измет на главата, биле разнесувани низ градот, следени со гласен подбив, смеа и

„Магарешка“ казна (17-18 век)

со кал и измет фрлани врз нив од деца и од развеселени граѓани.[1010]

Казнава со магаре можел да ја заслужи и несовесен или неажурен службеник (1475).[1011]

Дественоста на невестата имала голема цена не само кај словенските народи на Балканот, туку и среде османлиите. Се докажувала и кај нив со невестинската ноќница по првата брачна вечер.[1012] И кај нив казната била *„магарешка“*.[1013]

Подруги казни од „магарешките“

Покрај „магарешките“, за неморалните жени и девојки постоеле и подруги казни, од кои најчести биле бојкот и иселување од маалото.

Иселувањето се носело преку суд, па оттаму поединостите околу неморалот на казнетата допирале до секое уво во градот. Меѓу првите што ја добила таа казна била госпоѓа Белкис. Живеела во средината на 17 век. И додека за останатите во документите стојат само имиња, кај неа има континуиран титулар *„госпоѓа“*, од што може да се заклучи и нејзиниот општествен статус. Образложението на барањето за нејзино иселување дадено од маалциите било дека е неморална жена, дека во својот дом прибира непознати мажи, односно дека е *„челник на проституткиите“*.[1014]

Такви оптужби и барања за иселување биле изнесени и против други, против Деллак Кериме и Салиха,[1015] за ома-

1010. **Балканот во делата на странските патописци**, 1402-1657. 194
1011. Исто, 46
1012. **Балканот во делата на странските патописци,** 1664-1779, 328
1013. Исто, 69
1014. **Турски документи за историјата на македонскиот народ,** I, 137/215
1015. Исто, 140/221

жената Векеразе Кази,[1016] за сопругата на Ахмед беше,[1017] за Исмихан, Фатиме и Рахиме,[1018] за сопругите на Халил, Ајша и за таа на Мустафа, Хатице[1019] итн.

Вакво барање поставувале не само жители од градските маала, и од селата. Едно поврзано е и со барешанци.

Во крајот на февруари од 1634 год., имено, барешанци во судот ја довлечкале Цвета, ќерка на Пејчан, од истото село и во нејзино присуство ја оптужиле дека не е добра жена, дека се занимава со проституција заради што, како што рекле, *„не сакаме да живее во нашето село"*.Наредбата на судот била отсечна – веднаш да замине во друго место.[1020]

Дислокацијата одела по потврдена постапка: иницијативни маалци првин проработувале околу созревање на јавното маалско мислење против некого и, откако тоа ќе се обезбедило, со сведоци и факти, групата доаѓала во суд и го образложувале барањето. Преку службено лице следувал повик до оптужената да дојде на закажано рочиште и да ја изнесе својата одбрана. И колку нејзините аргументи да биле силни и несобориви, сведоштвото на сведоците секогаш било одлучувачко.

Деллак Кериме и Салиха, дошле во судот и ги одрекле оптужбите, но бидејќи сведоците ја потврдиле вината, одлуката станувала правосилна. Сопругата на Ахмет – беше, чие име остана непознато, пак, одбила да се јави во судот и ја негирала оптужбата уште при доставувањето на поканата, дури одбивајќи и да ја прими.

1016. Сицил бр. 20, 1669, неутврден датум

1017. **Турски документи за историјата на македонскиот народ,** I, 119/168

1018. Исто, III, 98/134

1019. Исто, 199/277

1020. Исто, , II, 49/93

Сосема ретко се случувало оптужени да ја признаат вината.

За да обезбедат несоборливи факти, на пример, упорни маалции, ревносно го следеле движењето на сосетката Хатице, озогласена за неморал. На судот, не можејќи да ги одрекне оптужбите, признала дека, навистина, преоблечена во машки алишта потајно пошла во шаторот на Хусеин бег, кој бил во друштво и со неколку други мажи. Изјавила и како тоа се извело, дека: *„Лицата Арслан, Дервиш и Исмаил ми дадоа да ставам тулбен, облеков машки алишта и со нив стигнав во шаторот на спомнатиот Хусеин.“*[1021]

Спроведувањето на иселувањето се извршувало преку службено лице. Судскиот забит бил ангажиран и во иселувањето на Исмихан, Фатиме и Рахиме.[1022]

Не само за жени, туку маалски барања и судски одлуки за иселување имало и за мажи.

Амамцијата Сулејман, кај кого во последно време (септември 1634) живееле невестата и свеската на мутафчијата Мујо (*„иако не му се роднини“*), преку суд му било наложено да се ослободи од нив, што било и регистрирано и во судската документација.[1023]

Неженетиот сарач Хасан од Емир Маало, пак, се загледувал во туѓи жени и во туѓи куќи. Гневните маалции насилно го привеле во судот и побарале да го снема од маалото, со тврда закана дека доколку тоа не се случи, *„сите ние ќе ги оставиме нашите куќи и ќе се преселиме во друго маало“*.

Барањето било спроведено истиот ден.[1024] Итн.

1021. Исто, I, 140/220
1022. Исто, III, 98/134
1023. Исто, 100/190
1024. Исто, II, 84/162

Многудетство

Жената во најголемиот дел од човечката историја се потврди како вонредна репродуктивна машина и благодарејќи на таа способност во семејствата можело да се слушне нов детски плач скоро секоја година, со што општествата успешно ѝ пркоселе на смртта, која, се знае, најмногу и најчесто ги милувала фиданките.

Скоро неисцрпен е списокот на многудетни раѓања и во обични, и во аристократски, па и во царски семејства.

Разликата меѓу најстарото и најмалото од шесте деца во струшкото семејство Миладиновци, меѓу преродбениците Димитрија и Константин, била 20 год. Во едно познато битолско семејство на интелектуалци, внукот, инженер – архитект, бил постар од стрикото, познат битолски лекар – специјалист. Ништо не било чудно во вакви случаи мајка и ќерка да дојат истовремено, па едната, во отсуство на другата, да ги преземе обврските околу доењето на двете рулчина.

Соборецот на Гоце Делчев, Димо хаџи Димов, бил шесто дете. На Коте и Донка, родителите на Ѓорѓи Сугарев, им се родиле 19 деца, сите рано починати, од кои последното станало познат војвода.[1025] Константина (Дина) Јованова, сопруга на мезециjата Јован од Битола, со дом на ул. „Поплукина“ (денес „Паца Ванчова“) - 8, родила 18 деца и откако ѝ починале сите на мала возраст, наскоро и сопругот, прифатила подалечен внук да ја догледа со договор да му го препише домот.[1026]

1025. Жанета Здравковска, **Свети Меркуриј од Барешани донесе бебе во позлатена количка,** Дневник, Скопје, 22 јуни 2015, 17

1026. Соопштение на Ѓорѓи Стерјовски, внукот на Дина

Уникатен е случајот во врска со многудетството меѓу Славка и илинденецот, по професија крчмар, Ѓорѓи Бојациев, во кој се изродиле 24 деца, од кои живи останале 6.[1027]

Императорката Марија Терезија родила 16 деца, 10 машки и 6 женски, малата и кревка британска кралица Викторија - 9, Александра, сопругата на последниот руски император Николај Романов - 5 (4 ќерки и еден син), а вакви плодородни сопруги со високо плебејско педигре имало доста низ Европа.

Во македонските народни приказни крајот на животот на среќните сопружници секогаш завршува со вообичаена констација дека живееле долго, дека биле среќни и дека имале многу деца, што е недвомислена потврда за цената што ја имале децата во општествата во минатото.

Генимаалскиот нунко

Податоците за *генимаалскиот нунко*, еден мошне интересен, подзаборавен обичај, за првпат се обелоденети во битолскиот седмичник „Пелистерско ехо“. Првин во бројот 5 од 31 јануари 1942 год. со статијата *„Една крепост на бугарштината“,* овдешната јавност посебно била заинтригирана,[1028] а со *„Кој е нункото“* од бројот 56 од 23 јануари 1943 год. беа понудени и одредени податоци.[1029]

Иницијатор и најдиректен учесник за неговото возобновување по долгата српска забрана, бил помошникот кмет на Битолската општина, д-р Константин Робев, стар би-

1027. Соопштение на прим. д-р Стево Бојациевски, нивни внук од син

1028. **Една крепость на българщината**, Пелистерско ехо, год. И, бр. 5, 31 јануари 1942, 3

1029. **Кой е нунко**, Пелистерско ехо, год. II, бр. 56, 23 јануари 1943, 1

толчанец и познат и ценет интелектуалец. Тој нашол и повод како да го направи тоа, го искористил празникот Водици од 12 јануари 1942 год., при што извел паралелно одбележување: фрлање крст во реката Драгор и обновување на обичајов.

Комитетъ за отпразднуване деня на Св. Ивановския Кръстъ

(ЙЕНИМАЛСКО КРЪСТЧЕ)

който всѣка година празднува своя патроненъ праздникъ **Св. Иванъ Кръститель**, тази година ще го отпразднува по особено тържественъ начинъ за пръвъ пѫть свободно на Богоявление, 19 Януарий 1942 год. въ 14 часа следъ обѣдъ въ зданието на първоначалното училище **„ДАМЯНЪ ГРУЕВЪ"** ул. Дамянъ Груевъ № 99 (Долно срѣдъ село).

Родолюбивитѣ граждани на **Йени-мале** по тоя случай Ви канятъ да присѫтствувате на този български християнски обичай, който презъ робството помогна да се запази будниятъ националенъ духъ на българина въ Йени-мале и въ цѣлата Битоля.

Януарий 1942 год. Битоля

ОТЪ КОМИТЕТА
Св. Ивановския Кръстъ

печат. „ Гутенбергъ"-Битоля

Повик за празнување во Генимаале

Фрлањето се случило во претпладневните часови, во присуство на видни личности и на половина население од Битола, додека специјалната прослава, со богата програма и возобновувањето бидна во попладневните часови во училиштето „Даме Груев". Биле присутни 200 - 300 генимаалци и високите личности при фрлањето, епископот Харитон, командантот на дивизијата Боев, неколку високи офицери, обласниот инспектор Фајтонциев, кметот Илија Ненчев,

шефови на областните служби и повеќе видни граѓани, главно, експонирани бугарофили.

Попладневното празнување отпочнало со панихида и молебен во сослужение на епископот и на уште неколкумина свештеници. Хорот на училиштето ги испеал двете химни, националната и на царот, била изрецитирана и песната „*Генимаале*“, напишана за оваа прилика, па следеле говори од Харитон, од полковникот Боев, кметот Ненчев и од Трпко Трпев, кој го презентирал и краткиот историјат на обичајов.

Во програмата посебно интересен станал изборот на нункото, прв во новото време. Се извел со парченца леб, со сребрено крвче во едното. Случајно, поверојатно, наместено, го извлекол иницијаторот, д-р Константин Робев.

Прославата завршила според вековната традиција, со прибирање средства наменети за добротворни цели. На тој начин во минатото се мажеле бедни девојки, се граделе јавни објекти, меѓу другите, и генималското училиште.

Следната, 1943 год., изборот на нункото се повторил во истото училиште и во иста режија: богослужба, химни, рецитации, говори. Сега д-р Робев бил оној кој се обидел да ја реконструира традицијата. Новина бил присутниот релјеф на спасителот и малата сценска игра што ја извеле учениците од истото училиште, која ги трогнала присутните.

Следувало повторно прибирање доброволни прилози, при што најдарежливи биле помошникот на обласниот директор, Христо Миладинов, и полковникот Иван Маринов, со по 1.000 лева, а кметот Илија Ненчев и еромонахот Генадиј, кој ја водел богослужбата, приложиле уште повеќе, по 2.000 лева.

Обичајов, инаку, имал традиција скоро еден век. За првпат, како што е кажано претходно, бил изведен во 1869 год. на Водици, во црквата „Св. Недела“, и најзаслужен за

востановувањето тогаш бил Димко Радев. Тој ја пласирал и идејата, бил и домаќин во следната година.[1030]

По доаѓањето на српските власти во 1912 год., обичајов бил забранет и фрлен во заборав.

Генималскиот нунко во современа Македонија доживеа уште една обнова. На иницијатива на неколку постари и познати генимаалски семејства, во 2004 год. била организирана заедничка прослава, но сега на Коледе. Неодминливиот домаќин, односно *нункото* го зазеде своето место. Заедно со семејството прибирал пари за дрвата за огнот и за закуската. Изборот негов не бил со крвче, туку според лична желба. За своите заложби нункото добивал крст, еден помал, од 10 сантиметри, кој останувал во негова трајна сопственост, со врежан датум на годината кога ја вршел функцијата и поголем, кој патувал од семејство до семејство, заедно со функцијата.

Гостинска соба и домаќинска сервилност

Гостинската соба има долга историја и нејзите основи треба да се бараат во обичаите поврзани со односот на домаќинот кон туѓинецот – гостин, присутни кај многу народи, меѓу другите, и кај индоевропските. Гостољубието напати било само обичен алтруизам, излегување во пресрет на патник кого го стемнало на пат и кој побарал ноќно засолниште, но уште почесто имал и подлабоко значење, непознатиот патник се доживувал за преобразено божјо суштество во туѓинец, во просјак, не ретко и во Ром (теофанија), кое казнува и наградува според гостољубивоста. За да се добие милоста негова, му се презентирала длабока сервилност со нудење богатство, самоиницијативни или барани услуги,

1030. **Македония**, бр. 10, 1. 02. 1869

кои понекогаш кај некои стари народи преминувале и во понуди една од домашните жени да му стои на вечерна услуга (*„гостинска обљуба“*).[1031]

Како таа гостољубивост се манифестирала кога станбените услови биле крајно скудни и кога сето семејство, заедно со домашните животни, вечерта ја минувале под ист покрив, малку е познато, но дека и тогаш приемот бил мошне топол, потврдуваат многу патописци.

Откако нашиот дом, почнувајќи од средината на 19 век, под европското влијание генерално се менал, кога станал и двокатен, добил и наменска просторија, која го понела името *гостинска соба.* Била најудобна, најсветла и резервирана исклучиво за гости. И колку станбените простории да биле претесни, останувала незасегната и спремна во секој момент да им се препушти на гостите.

Меѓу првите што известуваат за неа се двете Англичанки, Мекензи и Ирби, кои во Воден, во Прилеп и во Велес, имале сместување во вакви соби (1863). И тие потврдуваат дека биле најуредени, со стаклени прозорци, со миндери, односно со најголем конфор од ова време.[1032]

Дека гостиската соба, како и топлиот гостински пречек и Македонците нашироко беа ги прифатиле, потврдува и Кузман Шапкарев. Стројниците, според него, скогаш биле сместувани во *„приемната соба, накитена, испослана и добро осветлена“*.[1033]

1031. Веселин Чајкановић, **Мит и религија Срба**, Српска књижевна задруга, Београд, 1973, 128-140

1032. **Македонија во делата на странските патописци,** 1850-1864, 503, 574, 595

1033. *„Во постаро време, кога уште не беше влегло во употреба подавањето слатко, стројниците кога ќе дојдеа во моминатa куќа, поседуваа наоколу на нарочно поставените округли ниски трпези (софри), преполнети со разновидни мезиња, ракиени чаши и шишиња“* (Кузман А. Шапкарев, **Избрани дела**, 32)

Ваквата традиција, особено била нагласена во дечените што следат. Сега станала и култна, децата немале пристап во неа. Во неа се одвивале и имендените, визитите, односно сите семејни свеченості и одбележувања.

Како македонскиот, и османлискиот дом бил поделен на два дела, *харемлак* (во кој бил сместен женскиот свет) и *селамлак* (тур. селам – поздрав). Во приемниот се вршеле понуди од слатко, шербет, кафе, чибук за пушење[1034], при што кафето било на прво место,[1035] а шербетот можел да се понуди и тука и при заедничката посета на кафеана.[1036] Ваков гостински амбиент доживеале многу странци, меѓу другите и Антоан Оливие (1798), кој и ни го опишал приемот.[1037]

Неработни денови

Државните и религиозните празници, но и деновите што традиционално биле прогласувани за неработни, биле прилика човекот малку да си даде оддишка, да се зближи со семејството и со пријателите, било време и за посети, за излегување в град, да се заврши и некоја подзаостаната работа. За селскиот домаќин тој ден се користел за замена на онеспособен дел од запрежната кола, за поправка на покривот од домот, односно за неургетните зафати што се одложувале постојано.

Во османскиот период како државни празници, на кои и христијаните биле повикувани на славје и неработење, биле роденденте и стапувањата на новиот султан на пре-

1034. **Македонија во делата на странските патописци,** 1371-1777, 585
1035. **Макекдонија во делата на странските патописци,** 1778-1826, 235
1036. Петръ Завоевъ, Цит. дело, 131
1037. **Балканот во делата на странските патописци,** 1664-1779, 314

стол, раѓањата на султанските деца, големите воени победи, а и муслиманските празници. Поттик за излегување и на христијаните низ улиците било и богатството илуминации и масовната веселба, грувањето на топовите, повеќе тоа, отколку како казнива обврска.

Во 1641 год., кога се случило раѓањето на султанот Мехмед, наредбата, гласела *„да се приреди веселба која ќе трае три ноќи“,*[1038] да има пукање од топови, молитви и празнување од десет дена и ноќи ѝ биле посветени и на доаѓањето на свет на принцезата Фатиме, во 1809 год.,[1039] додека за принцезата Мунирс празнувањето било без наведено времетраење.[1040] Раѓањето на новиот султан Мехмед Мурат наредбата била да се спроведе во седум дена[1041] итн.

Државни празници и неработни денови имало и меѓу двете светски војни. Во 1927 год. биле пет: 9 јануари – денот на Н.В. кралицата Марија, 28 јуни – Видовден, 6 септември – денот на роденденот на престолонаследникот, први декември – денот на обединувањето на Србите, Хрватите и Словенците, и 17 декември – роденденот на кралот Александар.[1042]

Во 1943 год. празници биле: први јануари – Нова година, 7 јануари – Раѓањето Христово, 19 јануари – Богоявление, 30 јануари – роденденот на Н. В. царот, 3 март ослободувањето на Бугарија, 26 април – Воскресението

1038. Сицил бр. 8, 1641, неутврден датум

1039. Сицил бр. 43, 1809, прва декада од февруари

1040. Сицил бр.95, 1824, меѓу 14 и 24 октомври

1041. Сицил бр. 105, 1840, септември 28

1042. М., **Празници и празноверице**, Битољска обласна самоуправа,. г. I, бр. 4, Битољ, 1 јуна 1927, 3

Христово, 24 мај – денот на св. Кирил и Методиј и 16 јуни – роденденот на престолонаследникот Симеон.[1043]

Покрај државни празници, и црквата се изборила за прогласување на 22 празника, дел посветени на господ, други на Богородица, трети на апостолите. Некои се празнувале со еден, други со два неработни дена.

Покрај ваквите, имало и традиционални, настанати од суеверни или други причини, кога под никаков услов никој не преземал никаква работа, најмногу од страв да не му се случи несреќа на член од семејството. Во среда под никоја цена жените не работеле, посебно не плетиво, заради божја казна врз децата. Четвртиот ден од неделата не се работел во период од Воскресение до Спасовден, понекогаш и секој четврток, да не ги удри лозјата град. *„Во едно село,* вели Кирил Пејчиновиќ во тој однос, *видох попот ореше во четврток, а прости сиромаси христиани некнижни отидоа да му строшат ралото, и го учат попотого, му велат: „Денеска ли најде да работиш, поп чоек и книга знаеш!"...И ти, попе, ако држиш каштo држимо мије, ако ли не, а ти стани от селово, мије таков поп некемо",* по што, попот морал да се повинува.[1044]

Се празнувал и петокот, иако бил муслимански празник. Некои го правеле 12 пати во годината: првиот петок по месец март, петокот по Воскресение, Ѓурѓовденскиот петок итн., а некои и секој петок, значи 52 дена во годината. Образложувањата биле дека е ден на страдањето на спасителот, други го поврзувале и со Света Петка итн.

1043. **Официалните празници презъ 1943 год.**, Пелистерско ехо, г. II, бр. 56, 23 јануарий 1943, 1

1044. Кирил Пејчиновиќ, **Собрани текстови**, Приредил Блаже Конески, Македонска книга, Скопје, 1974, 40-41, 46

Покрај овие, имало и други неработни денови. Еден ден околу празникот Св. Илија народот не работел заради глувците да не ја уништат храната, друг ден, повторно околу Св. Илија, не се работел, семето да не „чуручи“ итн.[1045]

Имало обиди, се разбира, за вразумување и откажување од ваквите поразни неработења, најмногу зашто тие денови се совпаѓале со најинтензивните земјоделски работи. Особено гласни напади доаѓале од свештените лица, зашто се третирале и за паганski. Еден од најгласните во почетокот на XIX век е и Кирил Пејчиновиќ, кој советувал: *„Христијани божи, четверци да работите, нема грех, салт недела нека се држи хубаво. Жени сроти среда нека предат, и у петок нека работаат, мужи четверци нека ораат, нека возат“*.[1046]

Слично на него, исто така, свештено лице, Јосиф Брадати, ќе препорачува: *„...Лесно би било сос празници да угодим богу. Не иска бог да празнуеме от работа, но иска да празнуеме од зло дело“*[1047] итн,

Триумфални порти (арки)

Подигање триумфална порта во чест на ценета, цивилна или државничка личност, во Битола за првпат е регистрирана на 20 јуни 1911 год. и му била посветена на последниот султан што ја посетил Битола, Решад Петти. Всушност, не била една, биле четири. Првата била поставена при влезот во градот од страната на Железничката станица (Технички факултет), од каде доаѓал султанот со возот од Солун, останатите од левата страна на реката Драгор. Најгорната се

1045. М. **Празници и празноверице,** 3

1046. Кирил Пејчиновиќ, Цит. дело, 46

1047. **Румелийски делници и празници**, 339

наоѓала пред резиденцијата на султанот (денес Ректорат), потоа пред Стариот сарај (денес Општина и Суд) и третата нешто подолу. Сите биле богато украсени со зеленило, цвеќиња, знамиња и со пораки од Куранот.[1048]

Арка пред Сарајот

Најексплоатираното место за нив уште од почетокот станал влезот во градот од страната на Железничката станица. Покрај султанот, тука една ги пречекала и гостите при промоцијата на железничката пруга Велес–Би-

1048. Александар Стерјовски, **Битола – Реката Драгор,** 315

тола на 19 јануари 1936 год.,[1049] потоа француските воени ветерани во месец септември 1936 год., пред да го посетат Кајмакчалан. Била украсена со зеленило, цвеќиња, со француско и југословенско знаме и со вобичаениот натпис, на француски и српски јазик *„Добро ни дојдовте“*.[1050] Следни имало и на 6 ноември истата година при пречекот на српскиот патријарх Варнава,[1051] па една била за јунаците од Софија и Скопје, во 1942 год.[1052] итн.

Арки, според потребите, се поставувале и на други места.

Во 1926 год. една имало на патот од црквата „Св. Недела“ до Нижото земјоделско училиште и му била посветена на кралот Александар Караѓорѓевиќ, кој на 8 октоври истата година го посетил училиштето. Ја имале изработено браќата Стојановиќ, кои добиле хонорар од 5.000 динари од општинскиот буџет.[1053]

Во месец ноември 1936 год. арка била поставена и на западниот влез од градот (Девеани) во чест на претседателот на кралската влада д-р Милан Стојадиновиќ, кој доаѓал по посетата на Ресен. И таа била украсена со зеленило, цвеќиња, знамиња и со обврзниот натпис *„Добро ни дојдовте“*.[1054]

1049. Јов Д. Костиќ, Љуб. Д. Лазичиќ, **Уз велико одушевљење и усрдне поклике народа јуче је прошао први воз на прузи Велес-Прилеп-Битољ,** Вардар, Скопље, 21 новембар 1936, 1

1050. **Битољ је одушевљено и свечано дочекао француске ратнике са Солунског фронта,** Вардар, Скопље, 19 септембар 1936, 2

1051. **Извештај за школску 1936/37 годину, Православно–национално славље,** Српска православна богословија у Битољу, Битољ, 193, 4.

1052. **Битолчани посрещнаха юнаците съ широко разворени ръце,** Целокупна Бъгария бр. 309, Скопие, 15 юний 1942, 3

1053. Книга бр. 16, 29 јули 1927, т. 10

1054. **У Битољу је приређен Претседнику владе срдачан и одушевљен дочек,** Вардар, Скопље, 19 новембар 1936, 1

Покрај на влезните пунктови, арки се поставувале и во самиот град, при што најомилено место бил просторот пред хотелот „Босна“ (денес Малиот плоштад). Тука се нашла втората арка при промоцијата на возот Велес – Битола“,[1055] како и при пречекот на јунаците во 1942 год.[1056]

При пречекот на патријархот Варнава во 1936 год., во дворот на Богословијата била поставена, исто така, една со натпис *„Добро ни дојде, свети патријарше“,* со букви позајмени од „Миросавлевото евангелие“.[1057]

Обичајов забележен бил и низ битолските села. Арката, поставена на 20 август 1933 год. пред влезот на село Буково, била во врска со осветувањето на новата црквичка посветена на жртвите од претходните војни за пречек на гостите од градот и од селата. И таа имала богатство од зеленило и знамиња, но и доминантна фотографија на кралот Александар Караѓорѓевиќ.[1058] Но таа не била првата „селска арка“, зашто при проаѓањето на престолонаследникот Александар Караѓорѓевиќ низ селово, на пат за манастиртот во Крстоар, на 7 ноември 1913 год., при прославата на годишнината од ослободувањето на Битола, буковци имале поставено една.[1059]

Ова е, се разбира, редуциран регистар, зашто бројот им е многу поголем.

1055. Јов Д. Костиќ, Љуб. Д. Лазичиќ, **Уз велико одушевљење и усрдне поклике народа јуче је прошао први воз на прузи Велес-Прилеп-Битољ,** Вардар, Скопље, 21 новембар 1936, 1

1056. **Битолчани посрещнаха юнаците съ широко разворени ръце,** Целокупна България бр. 309, Скопие, 15 юний 1942, 3

1057. **Извештај за школску 1936/37.** Српска православна богословија, 20

1058. **У Букову код Битоља освећена је спомен–црква**, Вардар, Скопље, 27 август 1933, 3

1059. **Наше славље,** Општинске новине, г. I, бр., 29, Битољ, 20 новембар 1913, 6

Обичаи поврзани со Крива водејнца

Северозападниот дел од Битола, каде што се наоѓа денес Битолскиот затвор, има две имиња, Девеани и Крива Водејнца. Во минатото низ него се провирале два водени ракава, извлечени од Драгорот погоре, врз кои биле подигнати 3–4 воденици, чии сопственици биле брусничани. Сите биле постари градби, скоро и руинирани, околу кои имало и пространи овошни градини со брусничка цреша.

Едната, заради крајна дотраеност и видливата склоност кон распаѓање, била позната како Егри деирмен (Крива водејнца), според турскиот назив и токму таа му го дала второто име на овој регион.

Местово низ документите првпат се споменува во 1799 год. во врска со некакво недозволено искористување вода од едниот јаз,[1060] но податоци среќаваме и во обемниот патопис на Англичанката Елија Џон Блант, која дава податоци и за самата воденица. Според неа, била многу популарна и масовно посетувана од Турци, Евреи, Албанци, Власи, Грци и Македонци, особено во вторникот, по празникот Велигден. За скромна сума од само една бакарна паричка, обредот замивање со воденичната вода секој можел да го изврши, а со намера – чистење од магии (*„Секој оној што бил на тоа место, може да посведочи за благотворниот ефект на тој ритуал...“*, вели таа, пренесувајќи градски искуства[1061]).

Популарноста на воденицава продолжила и во деценииите што следат, но место во вторник по Велигден, посетата се случувала во четврток. Тоа било еднодневен панаѓур со вообичаени песни, ора, праматари и со истата цел, да се

1060. Сицил 76, 1799, меѓу 17 и 27 март, бр. 125

1061. **Македонија во делата на странските патописци,** 1875-1878, 312

побара здравје или да се реши интимен проблем. Посетата била од претпладневните до вечерните часови, при што гостите, распослани низ околните ливади и блиското ритче, уживале во шаренилото луѓе и во зеленилото.

Обичајот сега бил поврзан и со самата воденица. За мала наплата, поединци превркале ќерамиди од покривот, со магично значење – несреќата да се замени со среќа, болеста со здравје, девојката да го придобие саканиот, сопругата да го задржи сопругот итн.

Такво значење имало и вртењето врз воденичното колце. Со припомош на воденичарот, заинтересираниот се поставувал на провизорно столче и правел круг на колцето.[1062] По иницијатива на родителите, во 1928 год. такво нешто доживеал и шестодишниот Ѓорѓи Зози, подоцна познат адвокат од Битола, за подобрување на здравјето.[1063]

Ваквите обичаи биле стари најмалку еден век,[1064] прекинале во 50-те години од минатиот век, кога воденицата била срушена и на нејзино место подигнат Затворот.

Дупен камен крај Ореово

Селото Ореово во минатото не било познато само со производството мраз, слава стекнало и со својот Дупен камен и обичаите поврзани со него.

На пешачко растојание од 20-на минути на запад од селото, се наоѓаат две јами, поголема и помала, поголемата претставувала мала црквичка, во која имало кандило

1062. **„Тајната“ на кривата воденица**, Пелистерско ехо, г. I, бр. 15, Битоля, 11 април 1942, 4

1063. Сеќавање на Ѓорѓи Зози, поранешен адвокат

1064. **„Тајната“ на кривата воденица“**, „Пелистерско ехо“, год. I, бр. 15, Битоля, 11 април 1942, 4

и неколку, скоро, наполно избледени икони со ликови на светци, кои во 30-те години од 20 век скоро и не се препознавале. Помалата била поважна, во неа се наоѓа продупчена карпа, оттаму и Дупен камен, низ кој, оние што верувале дека има маѓична моќ и дека помага за здравје, се провирале. Процепот е толку тесен што подебелките верници тешко излегувале на другиот крај или тоа го правеле со припомош на други, не ретко користејќи и јажиња.

За да биде магијата успешна, правило било провреиот да се врати назад и да се помоли и во јамата со иконите.

Обичајов меѓу двете светски војни бил толку популарен, што верници доаѓале, покрај од Битола и Битолско, и од Крушево, Охрид, Струга, Ресен. Прилеп, од Мариово, дури и од Валандово.[1065]

Манастирски слави

Секој манастир има своја слава (ден) поврзан со името на светецот и таа е прилика за негова поширока популаризација и за прибирање дарежни средства. Славите имале и социјално значење, биле прилика за средби на подзаборавени или на одамна несретнати роднини и пријатели, но и за развлечанија. Биле прилика и за уживање во развиорените ора, да се научи и пренесе нова песна, да се доживеат возбудливи настапи на акробати, мечкари, патувачки пејачи, куклени и други претстави, понекогаш да се сретне и идната сопруга.

Почнувајќи од 1863 год., кога била подигната приградската црква „Св. Недела“, истата се стекнала со атрибут за најпопуларен и најпосетуван битолски празничен пункт.

1065. Ст. Миладиновић, **Хаџилук у селу Орехову код Битоља,** Вардар, Скопље, 21 мај 1933, 3

Располагала и со погодности, била во непосредна близина на градот, имала пространо двор,[1066] имала и првичен антифанариотски успех и успешен старт во афирмацијата на словенскиот јазик во богослужбата.[1067]

Традицијата за масовна посета продолжила не само за време славите, туку и во неделните и празничните денови и за време на српската управа. Сега *„бел петок“* бил годишниот празник, поврзан со првиот петок по Велигденот, кој станал прилика и власта да си препише ласка дека е народна. Меѓу илјадниците граѓани и селани во 1921 год., можеле да се забележи и големиот жупан д-р Ѓока Бошковиќ, па претседателот на општината, претставници на воените и цивилните власти и многу личности од администрацијата.[1068]

Пред Денот на црквата (12 април) 1923 год. беа дошле поголем број посетители, а со цел да преноќат во црквените простории. Празникот се прославувал со веселби кои траеле по цел ден.[1069]

Иако не со масовност, како во приградскава црква, и манастирите од Драгош, Барешани, од потпелистерското Трново можеле да се пофалат со познати слави.

Драгошкиот „Св. Илија“ бил еден од попознатите, кој проживеал долга историја во која имало многу премрежја, а и апсурдни ситуации, кој, користејќи ги старите темели, во 1871 год. бил обновен. Граничната линија, поставена по Првата светска војна меѓу Грција и СХС, била еден од апсурдите, врвела низ манастирскиот двор, па за неа требало

1066. А. Шоповъ, Цит. дело, 273-274; Симон Дракул, **Македонија меѓу дележот и автомија,** том четврти, 155

1067. **Македонија во делата на странските патописци,** 1864-1874, 94

1068. **Бели петак,** Битољски трговински гласник, г. I, бр.11, Битољ,15 априла 1921, 3

1069. **Бели петак,** Битољски гласник, г. I, бр. 11, Битољ, 15 април 1923, 3

дополнително да се вршат меѓудржавни преговори, за да се добие денешната компактност.

На денот на неговата слава, броен народ од Битола и Битолско, од Лерин и Леринско, нагргнувал преку молитва да побара помош за здравје или за друга мака, служела и за родбински и други средби, па и за физичко и душевно опуштање. Богатата и развиорена веселба од неговиот двор, правило било, да заврши во селото.[1070]



Манастирскиот камен

Во селото Барешани има два манастира, „Св. Спас“ и „Св. Меркуриј“. Иако денот на селската слава поврзан е со „Св. Спас“, средбите и веселбите се одржуваат во „Св. Меркуриј“, најмногу заради верувањата во манастирските чуда, посебно во моќта за плодородност во бездетните бракови. И денес се раскажуваат преданија за манастирскиот камен од дворот, кој им помогнал на многумина, дури и на муслимански бракови, кои се решиле да седнат врз него.[1071]

1070. Љ. Л., **Манастир Драгош,** Вардар, Скопље, 10 август 1933, 4

1071. Вел. М. Петковиħ, **Слава Св. Спаса у Барешинама код Битоља,** Вардар, Скопље, 1 ј/уни 1933, 6; Жанета Здравковска, **Свети Меркуриј од Барешани донесе бебе во позлатена количка,** Дневник, Скопје, 22 јуни 2015, 17

Селската слава на Трново поврзана била со манастирот „Голема Богородица“, на која, исто така, секоја година доаѓал народ со илјадници. Во 1933 год. посебно била посетена заради присуството на владиката Николај. Празникот тогаш го збогатиле и славејските гласови на учениците од основното училиште од село Брусник, кои ја придружувале литургијата.[1072]

Осветувања објекти

Поставување темели на нова градба, старт на нова работа и слични зафати, вообичаено било да се проследат со свештено лице, односно да се организира чин на осветување.

Придржувајќи се кон овој обичај, на 1 декември 1913 год., ден пред да отпочне наставата во „Српската кралска гимназија“ во Битола, се извршило осветување на објектот, зашто *„порано бил турска гимназија“*.[1073]

Возобновениот храм, посветен на христијанскиот маченик Христофор во



ОБЈАВА

26. Септембра - по старом - (9. Октобра - по новом) 1926. године на дан смрти апостола и јеванђелиста ЈОВАНА, Његово Преосвештенство Епископ битољски Господин, Господин ЈОСИФ, осветиће обновљени храм-манастир СВ. мученика Христофора код с. Христофора (општина буковска, срез Битољски.)

Саопштавајући предње, Управа манастира моли православно грађанство Битоља и оних околних села, да изволе својим присуством увеличати ову ретку и велику свечаност, која се спроводи кроз најтоплије молитве Свевишњему за данашњу слободу, нову сиу и преко рушевина и обесвећења манастира добити.

Бр. 220
5-X-н. ст. 1926. год.
Битољ. (в-р Христофор).

Старешина манастира
Јеромонах СИМЕОН

Осветување на манастирот во Крстоар (1926)

1072. Л., **Владика Николај у народу,** Вардар, Скопље, 10 септембар 1933, 4
1073. **Извештај за 1913-1914 школску годину,** Српска краљевска гимназија у Битољу, Битољ, 1914, 19

село Крстоар, на 9 октомври 1926 год., бил осветен од битолскиот епископ Јосиф.[1074] Кога биле поставувани темелите на денешното Земјоделско училиште во 1926 год., исто така, бил извршен чин на осветување.[1075] Во таа прилика се случил и мал инцидент, кој го заматил славјето, директорот на училиштето заборавил да изрази јавна благодарност кон Општината, дародавецот на 100 хектари земјиште, за кое другиот ден било побарано извинување,[1076] кое било и удоволено, со ветување дека таквиот запис ќе се стави и на спомен–плочата.[1077]

Дека со директорите на ова училиште имало и други проблеми, укажува и десетдневниот затвор на еден од нив во 1935 год.[1078]

Осветување на темели имало и при почетокот на градбите на објектите на Соколаната и на Ловечкиот дом. Материјална помош за осветувањето на Ловечкиот дом дала Општината.[1079]

Ваквите ангажмани биле неизбежни кога се работело за нови цркви, но и за официјализирање на некогашните домови – цркви во цркви.

Такво нешто се случило на 3 јули 1933 год. со дотогашниот домот – храм „Св. Наум“ во Битола, а денот на светецот намерно бил избран. Во утринските часови, во сослужение на д-р Душан Лазичиќ, ректор на Богословијата, протата Јеремиќ, член на црковниот суд, свештеникот

1074. Архив на Македонија, Подрачно одделение Битола, **Збирка на плакати**, I- ж, 43

1075. **60 години земјоделско образование,** Земјоделско училиште „Борис Кидрич“ - Битола, Битола, 1968, 11

1076. Книга бр. 16, 21 март 1927, т. 1

1077. Книга бр. 16, 21 март 1927, т. 5

1078. Книга бр. 48, 15 ноември 1935, т. 4

1079. Книга бр. 58, 13 октомври 1937, т. 14

Поповиќ, еромонахот Наум, старешината на црквата и ѓаконот Павловиќ, го извршиле чинот, по што следувало сечење и на славскиот леб и осветување вода.

Чинов бил изведен пред голем народ, дел и од поблиските села, а бидејќи црквата била мала и не можела да ги собере сите, дворот и околните улици биле окупирани.[1080] Храмов, кој некогаш бил индивидуален дом, сега се официјализирал во црква.[1081]

Во средината на август истата, 1933 година, била осветена и спомен–црквата во Буково, посветена на загинатите војници во војните од 1912-1918 год. Истата започнала да се гради во 1927 год., со посебно одобрение на митрополитот Јосиф и со ангажман на група иницијативни селани, но, заради проблеми во градбата, осветувањето се пролонгирало до 1933 год. За да му се придаде поголемо значење на чинот и за да присуствува поброен народ, чинот се поврзал со селската слава. Осветувањето го извршил епископот д-р Николај Велимировиќ, кој одржал и пленителен говор.[1082]

Неколку дена подоцна, односно во неделата на 27 август епископов ја осветил и црвата во село Кравари, која за време Првата светска војна била уништена, а обновата извршена во претходната година.[1083]

Вакви масовни осветувања се случиле и во 1936 год., сите во присуство и активно учество на српскиот патријарх Варнава, за време неговиот престој во Битола.

Првото, на 7 ноември 1936 год., било поврзано со новата камбанарија на црквата „Св. Димитрија“, чија градба

1080. Вук. Ч. Вукомановиќ, **Битољске новости**, Вардар, Скопје, 9 јули 1933, 4

1081. **Турски документи за македонската историја,** 1827 - 1839, 73

1082. **У Букову код Битоља освећена је спомен-црква,** Вардар, Скопље, 27 август 1933, 3

1083. Л., **Владика Николај у народу,** Вардар, Скопље, 10 септембар 1933, 4

Осветување на црквата во село Кравари, владиката Николај е меѓу народот (1933)

започнала во 1934 год. на местото на старата и била дело на познатиот архитект од Белград, Александар Дероко.[1084] Своите моќни и пријатни звона, едни од најголемите во државата, за првпат се огласиле на 6 ноември истата година, поздравувајќи го влегувањето на возот во Железничката станица во Битола, со кој патувал патријархот.[1085]

1084. **Битољска катедрала добиће звонару високу 25 метара,** Вардар, Скопље, 2 октобар 1934, 5

1085. **Извештај за школску 1936/37 годину**, Православно – национално славље, Српска православна богословија у Битољу, Битољ, 1937, 4

Осветувањето го извршиле д-р Душан Лазичиќ, кој одржал и пригодно слово, заедно со неколку други свештеници.[1086]

За време четиридневниот престој на патријархот, извршени биле осветувања и на Германските гробишта, на Рускиот крст, како и на чешмата во дворот на Богословијата, посветена на св. Сава, дело на Чехот д-р Јан Дубови, архитект.[1087]

Сиве настани предизвикале широк интерес и биле следени со богати написи и во југословенскиот печат,[1088] а трошоците паднале врз општинскиот буџет и чинеле: пречекот на патријархот – 6.800 дин., осветувањето на Германските гробишта – 4.320 дин., осветувањето на Рускиот споменик – 5.310 дин., учеството на војниците од 46 п. полк, пак, 1.000 дин.[1089]

На 19 ноември 1937 год. се случило осветувањето и на спомеником на кралот Александар покрај Пожарната,[1090] а следната година, на 16 јануари, и осветувањето на новоподигнатата црквичка (манастир) во дворот на Богословијата, посветена на св. Јован Крстител.[1091] При поставувањето темелите на главната зграда на Тутунскиот институт во Прилеп се одржала свеченост со осветување, на која бил пока-

1086. **Извештај за школску 1935/36 годину,** Српска православна богословија у Битољу, Битољ, 1936, 49

1087. **Извештај за школску 1936/37 годину**, Православно – национално славље, 10, 12, 43

1088. **Њ. Св. Патријарх Варнава осветио је јуче спомен–чесму светог Саве у Битољу и пререзао колаче цркве св. Димитрија и Удружења првих резервних регрута,** Време, Београд, 9 новембар 1936, 6

1089. Книга бр. 58. 31 децембар 1936, т. 1

1090. **Извештај за школску 1936/37 годину**, Православно – национално славље, 20

1091. Исто, 22

нет и епископот Николај, но на церемонијата бил присутен негов заменик.[1092]

Битолското корзо

Битолското корзо (итал. corso – градско шеталиште) е медитеранско влијание, прифатено кај нас откако воените сеќавања за Првата светска војна се подзаборавиле. Битолчани, меѓутоа, знаеле да се расшетуваат и во османлискиот период и тоа го правеле покрај уреденото Крајдрагорие и заради тамошниот мир, багремовите миризби и речниот лад.[1093] Оваа стара традиција продолжила да се негува и меѓу двете војни,[1094] макар што медитеранските променади на Широк Сокак беа се одомаќиле.

Прошетките на Корзото имале две основни специфики – секој да се објави, да излезе во јавност и тоа да го направи како дел од социо–група што маршира во круг. Пистата била долга 2–3 стотини метри, која почнувала кај бавчата на хотел „Централ“ (денес хотел „Епинал“), а повратниот пат кај Камениот Мост. Тротоарот од десната страна, им припаѓал на брачните парови и на тие што би требало да влезат во таа категорија, коловозот на средношколците, чие вечерно движење било ограничено до 20 часот, во лето, и 19 часот, во зима, а спротивниот тротоар за калфи, чираци и за тие што за првпат ја откриваат оваа забава. Врз ритамот на маршот влијание имал сегашниот објект на „Теле-

1092. Архив на Македонија, Подрачно одделение Битола, **Збирка на плакати**, II - Е, 6

1093. **Македонија во делата на странските патописци,** 1889-1898, 189

1094. Љуб. Стојовић, **Једна варош на Југу отрована ратом и кризом – трује се сада хашишом**, Време, Београд, 30 септембра 1934, 6; Edo Marković, **Sa našeg juga**

кабел“, кој беше окупирал дел од десниот тротоар, правејќи теснец, оттаму и духовито негово преименување во „Дарданели“, но застои изнудувале и групи кои подзастанале во интересниот разговор.

Покрај марш, имало и стационарни групни собирања. Се знаеле и местата и составот на групите, во кои се разговарало, се дебатирало, се спорело, се шегувало и тоа траело додека траела и општата променада.

Празнењето на Корзото се случувало, како што и почнало, брзински, слично на даден знак. Најголемиот број шетачи веќе тргнале на пат кон своите домови, но дел избрале и една од бројните слаткарници што ги имало тука.

Овој вид забава толку се сродила со менталитетот и на младо и на старо, што изнуди и промена на името на улицава, поранешниот Широк Сокак станал Корзо и тоа име ќе опстои до денес, особено кај постарата генерација битолчани.

На Корзо не се излегувало било како, не само во вечерните часови, туку и денски. Тоа било писта на најновата мода, на нови фустани и костуми, но и на нови граѓани што решиле да живеат во Битола. Тука се претставувала и новата, адолесцетната генерација, замомевата девојка, се доживувале младешките симпатии, се изнаоѓале и животните партнери.[1095]

Дел од тој, веќе умрен амбиент, еден белградски новинар во 1926 год., вака го доживеал: *„Корзото беше необично живо. Мажи, навистина, нема многу. Тешката борба за живот го апсорбира нивното расположение и новното време. Но, заатоа е Корзото полно со насмеани момински*

[1095] **Са нашег корзоа,** Развитак, Битољ, 7 август 1921, 2; **Битољско корзо,** Нови сјај, Битољ, август 1936, 4; Горан Илиќ, **Главната забава била на корзо,** Дневник, Скопје, 1 март 2005, 16

лица. Никаде не сум видел така убави примероци на жени како во Битола. Влаинките, со големи црни очи, во кои непрестано согорува некој чуден пламен, со кадрава коса, потстрижена и сјајна како абоносово дрво. Еврејките со очи бадемести, коса залижена со масло и бели заби како каменчиња. Јужносрбијанките кршни и здрави, со погледи тажни како севдалинки, муслиманките еманципирани, без фереџе, желни за сонце, слобода и живот. Но луксуз никаде нема..."[1096]

Согледувајќи го ова значење на улицава, локалната самоуправа презела ред акции за нејзино осовременување, калдрмата ја заменила со камени коцки, тротоарите ги уредила, проработила и врз инфраструктурата. Ако кон тоа се придодадат и организираните бројни кафеани, слаткарници, фотографи, хотели што беа ѝ се приклучиле, ќе се сфати зошто битолчани овој дел од градот толку радо го избрале за променада.

Имитација на широксокачкото Корзо биле приградските мини–корзоа. Ги имало: Кај Горниот Парк (Синанбели Маало), Шарена Чешма (Симјановци), Ѓенимаале (Данаил), Кај Бактериолошка станица, а најпознато и најпосетено стана Џафте Корзото.[1097] Започнувало од Мостот кај Сали, завршувало кај паркот познат како Кај Врбите на истото, Прилепско џаде. Шетачи биле пограѓанети доселеници од селата, млади Роми, калфи, аргати и др., каде широкосокачкиот монденски критериум не важел, тука се доаѓало и на налани.

1096. А. Б. Херенда, **Битољ, варош отмености и аристократије, која изумире,** Време, Београд, 4 јули 1926, 6

1097. Димитар Димитровски – Такец, **Перформансите на Широк Сокак,** Графопром, Битола, 2013,154-155

Последното корзо било Еврејското корзо. Траело само неколку месеци, од гетоазацијата на Евреите и забраната до го преминуваат Драгорот навечер, до 11 март 1943 год., до еврејската депортација. Било од левата страна на реката Драгор, започнувало кај Дивизијата, завршувало кај Црн Мост.[1098]

Костимирани забави

Почнувајќи од 30-те години на минатиот век, во некои од градските зимски забави, се вовела симпатична новина, посетителите да се претстават во народни носии или забавата да има облежје на маскембал. Мотивот бил едноставен – напуштање на изживеаниот и здодевен стереотип, оттаму и лозунгот: *„Доста е од поранешните забави. Публиката сака разновидност“.*[1099]

Меѓу првите, на 19 февруари 1933 год., во Струга, во организација на здружението „Јадранска стража“, во салата на основното училиште, била доживеана една таква новина, костимирана забава. Била вистинска атракција, во која учество зеле, не само стружани, туку и гости од Охрид и Битола[1100].

Набргу ваквите забави се проширале и во други градови од Македонија.

Во Битола, еден од главените аниматори на новинава станал мошне активниот „Француско–југословенски клуб“. Организатор бил и на првиот бал во народни носии, кој го

1098. **Съобщения и новини,** Пелистерско ехо, г. 2, бр. 59, Битоля, 13 февруарий 1943, 4

1099. **Зашто се у Тетову не приређују костимиране забаве?,** Вардар, Скопље, 15 фебруар 1934, 4

1100. **Костимирани бал у Струзи**, Вардар, Скопље, 2 март 1933, 7

собрал интелектуалниот свет од градот и одреден број претставници од локалната власт. Се одржал во првата половина на март 1934 год. во репрезентативната сала на Офицерскиот дом. Имал хуманитарна цел, средствата се планирале за невработените работници. Учество зеле: Ѓорѓе Аранѓеловиќ, командант на дивизијата, генерал; Илија Димитријевиќ, окружен инспектор; Милоје Момчиловиќ; претседателот на битолската општина, Атанасије Сотировиќ; Коста Мекси, албанскиот конзул со сопругата, италијанскиот конзул Ѓузепо Моруци со сопругата; школскиот инспектор Јован Ничота со сопругата; претседателот на здружението „Јадранска стража" адвокатот Миленко Дивац со сопругата; директорот на Битолската гимназија, Јован Продановиќ, со сопругата и многу други.

Презентираните костими биле и народни и лични креации. Од народните внимание привлекле: „Смилевка" на г-ѓа Божиновиќ, „Црногорка" на г-ца Лепосава Пандиќ, „Воденка" на г-ца Јелена Константиновиќ, „Византиски национален костим" на г-ца Зора Николиќ, како и костимите: „Словенечка", „Хрватска", „Србијанка" и др. Од другите интересни станале оние на г-ѓа Аранѓеловиќ, која се претстави како маркиза; на г-ѓа Дивац и г-ца Стана Пауновиќ, кои дошле како Италијанки; па костимот на г-ин Ч. Јовановиќ во улога на Мефисто; на Симе Филиповиќ – демон; Ж Мајсторовиќ – барабанџија од времето на Луј; Бојаџијевиќ – астроном; на г-ца Наде Врајковиќ – Шпањолка; г-ца Ине Стојановиќ – маркиза; господин Грезо – османлија; г-ца Марика Замаули – љубичица; г-ца Анѓелија Кошевалијевиќ – Кармен; г-ца В. Савиќ, мис на Битола, кое предизвикало многу смеа. Како атрактивни се оцениле и уште неколку други.

Дописникот на скопскиот дневен весник „Вардар", кој го следел настанов, запиша: *„Балот под електрично*

осветлување личел на живописен етнографски музеј на убави костими од сите краишта на нашата држава".

Забавава завршила во утринските часови другиот ден со богата лотарија.[1101]

Женски дел од костимираните

Слична забава, истиот „Франскуско–југословенски клуб" организирал и на 7 март 1936 год.[1102]

Година или две пред Втората светска војна, била организирана забава и со сини и црвени вратоврски. Спо-

1101. В. В. **Француско–југословенски клуб у Битољу за незапослене раднике,** Вардар, Скопје, 13 март 1934,4

1102. В. К. В., **Француско–југословенски клуб у Битољу приредиће велики костимирани маскен-бал у суботу 7 марта,** Вардар, Скопље, 2 март 1936, 4

Француско-југословенски клуб у Битољу приређује велики костимирани маскен-бал у суботу 7 марта

Битољ, 1 марта. — Овдашњи Француско-југословенски клуб приређује велики костимирани маскенбал, у просторијама Официрског дома, у суботу, 7 марта.

„Готово све припредбе Француско-југословенског клуба биле су са успјехом изведене, а и посјећене од виђенијих грађана. За ову приредбу већ влада велико интересовање.

В. Ч. В.

Запис за маскембалот од 1936 год.

ред бојата на вратоврската на партнерот, требало да биде и бојата на марамчето на партнерката. Условите за присуство предвреме и ударно на голем плакат биле истакнати пред влезот на ресторанот „Босна“, каде и се одржувала истата.[1103]

Забави во народни носии се случувале и за време бугарската управа.

Една, во организација на офицерите на Битолскиот гарнизон и на Дирекцијата за национална пропаганда, се одржала на 3 март 1943 год. Најуспешни народни носии, кои добие и награди, биле на: г-ѓа Славка Иванова (смилевска носија), на г-ѓа Фани Соколова (невестинска битолска носија) и на г-ца Вера Нерезова (галичка носија). Истовремено, додека траела забавата, во една во соседните простории, била организирана и продажна изложба на ракотворби и облеки, изработени од ученичките на професионалното училиште.

Веселбата на високо ниво успешно ја одржала воената музика.[1104]

1103. Соопштение на прим. д-р Димитар Котевски

1104. **Първата битова вечерь въ Битоля**, Пелистерско ехо, бр. 62, Битоля, 6 мартъ 1943, 1

„Кралица на забавата“

Слични на костимираните, биле забавите на кои се избирала *„кралица на забавата“*. И тие биле обид за напуштање на клишето и привлекување поголем број посетители.

Една од првите била онаа од 3 февруари 1923 год., која беше ја организирала Битолската трговска и занаетчиска младина. Салата на Основното училиште „Св. Сава“ (денес ОУ „Гоце Делчев“) била оценета како најпогодна и искористена, зашто била најпространа, но и традиционална за вакви забави. Организаторите беа се потрудиле вкусно да ја уредат со пиротски килими, да има ред и мир за целото време и за таа цел ангажирале поголем број редари – младинци, кои дежурале во групи при влезот, покрај гардеробата, кај касата, во бифето, особено во салата. Имало и посебен режисер, кој се грижел за почитување на редоследот на ороводачите, зашто искуството укажувало на чести расправии и незадоволства во врска со него. Воената музика на 46 пешадиски полк, на чело со диригентот Јосип Свобода, ја имала задачата да ги разveселува гостите.

Според обичајот, и на оваа забава, првин бил одржан краток говор од претседателот на Здружението, потоа оркестарот ја отсвирил државната химна, по што следела мала музичка програма, во која посебно внимание привлекла композицијата „Пурпури од Вардар“, дело на диригентот.

Пред да почне бучната веселба со ора имало мала пауза, во која се случил и изборот на *„Кралица на забавата“*. За кралицата гласале мажите, кои имале право само на еден глас, кој се регистрирал на посебен картон, добиен при влезот. Со 24 гласа за кралица била избрана г-ца Василика, ќерка на Петар Ставриќ, бербер од Битола. Сериозен противкандидат ѝ била г-цата Силвија, ќерка на Ментеш Ко-

ломонос, сараф од Битола, која добила 23 гласа. Победничката била поздравена и од претседателот на Здружението и ѝ бил доделен пригоден дар.

Потем следела веселбата, која продолжила до утринските часови[1105].

Најубава девојка (*„мис на кермесот“*) се избирала и во годините што следат. Еден таков, организиран од Аероклубот во Битола, се случил на 3 јули 1938 год. во бавчата на Офицерскиот дом. Бил од затворен тип, наменет само за членовите на клубот. Првин имало богата културно–уметничка програма, а изборот на „мисот“, кој се очекувал со посебен интерес, се случил на крајот од забавата.[1106]

„Кралици на забавата“ се избирале и во други градови на Македонија. Г-цата Надежда Децановиќ, на пример, ја понесла титулата на подофицерската забава во Кичево, одржана на 11 август 1934 год.[1107] итн.

Карневалии

По Првата светска војна, покрај погорните забави, започнале да се организираат и карневалии. Корените им се од Стариот Рим, каде биле познати како баканалии, луперкалии и сатурналии, а биле поврзани со култот на плодноста. Биле масовни, радосни, разуздани, проследени со бројни преоблекувања, со музики, песни, со општо лакардијашење и траеле седум дена, од 17–23 декември. Ограничувањата

1105. **Забава Бит. Трг. Занатл. омладине**,Битољски трговински гласник, г. 1, бр. 2, Битољ, 11 фебуар 1923, 2

1106. **Кермес Аеро-клуба**, Битољске новине, г. I, бр. 5, Битољ, 1 јули 1938, 3

1107. **Подофицирска забава у Кичеву**, Вардар, Скопље, 18 август 1934, 6

биле исклучени, робот можел да ја земе улогата на господарот и за тоа да не биде повикан да одговара.[1108]

Ваквите прославувања и преоблекувања, сега поврзани со постот (карне–месо, вале–збогум), се среќавале и во ренесансата во градовите од Медитеранот, ги имало и во Германија.

Во крајот од 18 век ги среќаваме и во Солун меѓу европските трговци на времен престој, кои летното слободно време го користеле во лов и риболов, зимското во игри со топка и во карневалии и покрај отпорот на муслиманското население и јаничарите од градот.[1109]

Жени преоблечени во мажи (30-ти години од минатиот век)

Битолската карневалија по Првата светска војна веќе била одомаќена. На Широк Сокак, на Поклади, во 1922 год., можно било да се види шаренолик и броен свет, еден дел преоблечен и во интересни костуми.[1110]

Карневалски преобразувања имало и за време

1108. Dzejs Dzordz Frejzer, Zlatna grana, 2, Beogradski izdavački grafički zavod Beograd, 1977, 288).

1109. **Македонија во делата на странските патописци,** 1778 - 1826, 24).

1110. **Дан Карневала у Битољу,** Битољски весник, Битољ, г. 1, бр. 15, 5 март 1922, 3)

бугарската управа, при што најбројни биле имитацијата на свадби, мажи кои имитираат зет и невеста, жени во улога на мажи, како и креации од најфантистични ликови. Тоа траело неколку часа, а маскираните, за да привлечат внимание, употребувале штракала и конфети, со кои ги опсипувале минувачите.

Вечерта, некаде околу 20 часот, сето тоа завршувало со заедничка забава во една од поголемите градски сали, кога најинтересната и најоргиналната маска обезбедувала пригодна награда.[1111]

Традиција на вакви празнувања има и денес и во градот, а и во битолското село Цапари. Маските во Цапари се традиционални, некои донесени и од САД, Канада, Грција, Турција, Бугарија и од други странски земји. Бројот на учесниците им е флексибилен, а возраста нивна од 15 до 30 години. Не се инсистира од учесниците да се цапарчани, можат да се вклучат поединци и од други села и од странство, иселеници, дојдени само да го одбележат празников.[1112]

Европска мода и европски бон-тон

Откако се откри Европа и отпочна да се патува натаму заради трговија или школување, многу од европските вредности почнале да циркулираат и низ нашите градови. Голема промена притоа се направила и во градежништвото, па наместо дотогашните приземни, трошни, дрвени домови и дуќани, отпочнале да се градат објекти од цврст материјал. Благодарејќи на *„прускиот свод“,* уништените дуќани од Битолската чаршија во големиот пожар во 1863 год., порас-

1111. Љубенъ Антоновъ, **Ликътъ на Македония**, София, 1943, 97

1112. Никола В. Димитров, **Цапарскиот карневал под маски,** Прилози, 60-61, Друштво за наука и уметност – Битола, Битола, 2001, 115-127

нале за уште еден кат, при што приземјето станало продавница или работилница, подрумот и горниот кат – магацини.

Настанале промени и во облеката. Младите мажи, наместо за бечви од тешка ткаа, се определиле за лесни, тесни панталони, сакоа, низ кои светкале скапи часовници, привр-зани со златен или сребрен синџир за копче од сакото и тоа станало *„преодно руво кон францускоѿо“,* според оценките на Англичанките Мекензи и Ирби.[1113]

„Европеец“ во посебна облека и со чибук среде своето семејство (средина на 19 век)

Промени, иако колебливи, имало и во женската облека. *„Јас ѿознавав млади жени*, вели Хенри Ноел Брејлсфорд од почетокот на 20-от век, *од сегашнаѿа генерација кои чувааѿ красни шаѿки и ѿалѿа, она шѿо се смеѿа за европ̆ска мода, во заклучени кофчези, кои им ги ѿокажу-*

1113. **Македонија во делата на странските патописци,** 1850-1864, 603

ваат на гостите во здодевните попладнења. Но, надвор од куќите со спуштени капаци и затворени дворови, тие не се осмелуваат да облечат ништо друго освен традиционалните носии на својот народ. Дури и во Монастир, каде што сите граѓани носат европска облека, а секој кројач се нарекува „франкоарафтес“.[1114]

Оттаму, да се разминат дама во најмодерен свилен фустан со шапка со широка сенка, со забрадена и срамежлива селанка со 20 килограми тешка народна носија, било сосема обична слика за Битола.[1115] Склоноста за користење на народната носија, особено кај посиромашните слоеви, била жилава и во крајот на 19 век.[1116]

Промени имало и во домот. Станал светол, пространо, со стакла на прозорците и со одреден комфор, непознат дотогаш. *„Виенскиот вкус“* во средината на 19 век донел и часовник кој исполнувал и мелодии.[1117]

Се случиле промени и во обносните меѓу луѓето, и во вербалниот и во невербалниот говор. Покажување внимание и мекост кон постар човек, кон жена или ценет пријател, станало надградена новина. Да се внимава како се седи кога се оди на гости, како и што се зборува, исто така, влегувало во секојдневието. Поуките доаѓале и од печатени книшки преведувани од странски јазици и сето тоа се нарекувало современ бон–тон.

Една таква, објавена во Цариград во 1855 год., како второ издание, преку Крушево се нашла и во Битола.

Практичните 195 бон–тон совети сместени се во 9 глави („Каква почит и срам треба да се има кон Божјите работи“;

1114. **Македонија во делата на странските патописци,** 1903-1904, 92

1115. А. Шоповъ, Цит. дело, 274

1116. Аноним, **Битолско, Преспа, Охридско,** 12

1117. **Македонија во делата на странските патописци,** 1850-1864, 596

„Со благодарност и достоинство треба да бидеме меѓу луѓето“; „Со каква почит треба да се поздравуваме и разговараме со нашите пријатели“; „Кога сакаш да го научиш или покараш некого за нешто“; „Како да се облекуваме и како да се носиме“; „Како пристојно треба да оди човек“; „Со какво благоречие треба да разговараме“;. Кои се благопријатни разговори на трпезата“ и „Како треба да се однесуваме со пријателите“).

ХРИСТОЛЮБІЯ
ИЛИ
ДЕДСОНРАВІЕ
ТѢ
Іѣторіитѣ на който сѧ помѧнѹватъ
ѿ нея.
Издадено
отъ
РАЙНА ПОПОВИЧА
Изданіе второе.
ЦАРИГРАДЪ.
Типографіа Ѳ. Дювернуа.
1855.

Насловна страница од второто издание на бон–тонот (1855)

Еве неколку совети, пренесени според редниот број:

11. Не крцкај со забите, зашто предизвикуваш трпки кај оние што разговараат со тебе;

13. Ако ти дојде да се накашлаш или кивнеш, прави го тоа колку што можеш со поголемо внимание, а не од силното кашлање или кивање да расееш лиги по тие што стојат крај тебе;

62. Кога ќе одиш кај болен на посета, немој да советуваш како доктор и да се преправаш дека знаеш работи што не ги знаеш, многу е смешно и недостојно е спрема болниот;

91. Дружи се и живеј со луѓе кои сите ги знаат за чесни и добронамерни, а бегај и варди се од лукави, развратни и лажговци, ако не сакаш и тебе да те мислат за таков, зашто пословицата вели „со какви си, таков си“;

96. На паднат човек не му се потсмевај, помогни му, никому не му се обраќај со прекор, туку со секој биди љубезен и мил;

179. На луѓето што ги сакаш радувај им се, немој да им се лутиш и да се караш и омразуваш, оти тоа не е здраво и за постојано пријателство итн.[1118]

Животот во Битола, очигледно, започнал од темел да се менува.

1118. Наум Николовеки – Шкарна, **Кодекс за Доброто Однесување на Нашите Предедовци во Турско Време од 1855 година,** Самостојно издание, Битола, 2004

Регистар

А

Абди паша, 297
Абдула, 21
Абдул Азис хан, 291
Абдулах, 239
Абдулах ага, 143
Абдул Керим паша, 37, 38, 39, 40
Абдул Хамид, 291
Абеси, 288
Авелинг, Елизабет, 270
Аврамовиќ, д-р Петар, 43
Австрија, 212, 295
Азаб Бој Маало, 30
Азис, Низамедин, 11
Азмановиќ, Павле, 101
Ајфелова кула, 239
Ајша, 321
Акифовски, Неат, 48
Албанија, 24, 61, 89, 118, 157, 161
Алберс, Ханс, 183
Александар, 330, 345
Александар Велики, 137
Александар Гулевски, 278
Александра, 324
Александрија, 200, 202
Али, 143, 226, 229, 234, 317
Али Ахмед, 315
Али-баша, 311
Али ефенди, 136
Алимпиќ, Душан, 32, 70
Али-паша, 17
Али паша Јанински, 24
Али, Уста, 224
Алтана Чоко, 316
Алтипармакови, 202
Алтипармаковиќ, Јован, 68, 170
Алтипармаковиќ, Методије, 71
Алтипармаковиќ, Надежда, 197
Алтипармаковиќ, Никола Б., 101, 119
Амди, 239
Анадолија, 165
Анастас, 247
Ангелакова, Поликсена, 34, 137, 155, 225, 229, 299, 300, 301
Ангеле, 247
Ангелко, 165
Ангеловски, Благој (Бале), 250
Англија, 225
Андреев, А., 239
Андреев, Димитриј, 195
Андријашевиќ, Драгиша, 71
Андриќ В. Павле, 68
Ане, 248
Анести, Ѓорѓе, 62
Антоновъ, Любенъ, 172, 285, 356
Аранѓеловиќ, Ѓорѓе, 188, 350
Ариф, 315
Арнаут, Петко, 224
Арнолд фон Харф, 33
Ароести, 71
Ароести, Теодорос, 51
Арсиќ, Велимир Т., 34, 36, 227, 294
Арсиќ, Т., 36

Арслан, 322
Арсов, С., 239
архимандрит Кипријан, 99
Атанас, 181, 315, 316
Атанасијевиќ, Василије, 130
Атанацковиќ, Боривоје Ив., 101
Ататурк, Кемал, 17
Атина, 28, 116, 200
Ат–пазар, 252
Африка, 136, 184
Ахмед, 316, 321
Ахмед I, 260
Ахмед Ејуп паша, 17, 42
Ахмед ефенди, 136
Ахмед-паша, 17
Ахмед челеби, 136
Ахмед челеби хаџи Ахмед, 136
Ахмет, 321
Ахтаревиќ, Андон, 130
Аца Ѓорѓевиќ, 129
Ачев, Георги, 199
Аџиевиќ, Димитрија, 131
Аџиќ, Риста, 102

Б

Б, 89
Баба, 235
Баба Ванѓа, 216
Баба планина, 59, 115
Бајро, 202
Бактериолошка станица, 348
Балабановиќ, Бастром, 95
Бали Војвода Маало, 30
Балкан, 7, 11, 35, 91, 147, 160, 177, 203, 228, 229, 265, 281, 316, 318, 320
Бандевиќ, Илија, 131
Барешани, 25, 339, 340
Барт, Хенрих, 166
Барутовиќ, Нико, 171
Бегеро, 92
Бегова Чешма, 114
Безистен, 11, 12, 13, 14, 150, 239
Бејкер, Џемс, 250
бej, Омер, 71
Бекри, Мустафа, 262
Бекшан, Славко, 51
Бела Чешма, 30
Белград, 32, 40, 49, 51, 65, 69, 70, 74, 79, 120, 131, 133, 162, 163, 170, 187, 196, 212, 240, 293, 344
Белевъ, Г. Ив., 167
Белег де Буга, 24, 28, 264
Белкис, 320
Белогушев, Методи, 198
Бенарес, 271
Београд, 7, 9, 19, 34, 35
Берекџијан, 74
Берлин, 50
Бернардо, Лоренцо, 155
Бециќ, Владимир, 197
Бизани, Александар, 301
Биман, 167
Битнер, д-р Ѓорѓе, 170
Битола, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 14, 16, 17, 18, 19, 20, 23, 24, 25, 26, 28, 30, 31, 32, 33, 34, 35, 36, 37, 38, 39, 40, 41, 42, 43, 47, 49, 50, 51, 53, 55, 56, 57, 58, 60, 63, 64, 66, 68, 69, 70, 71, 72, 73, 74, 77, 79, 82, 85, 89, 90, 92, 95, 96, 97, 98, 99, 100, 101, 102, 103, 105, 106, 107, 108, 109, 110, 111, 112, 113, 114, 115, 116, 118, 119, 120, 121, 122, 123, 124, 125, 129, 130, 131, 133, 134, 135, 136, 137, 139, 140, 142, 145, 146, 149, 150, 151, 153, 154, 161, 165, 166, 167, 168, 169, 170, 171, 172, 174, 175, 176, 177, 178, 179, 180, 181, 184, 185, 186, 187, 188, 189, 190, 191, 195, 196, 197, 198, 200, 201, 202, 203, 206, 209, 210, 211, 212, 213, 214, 215, 216, 217, 221,

223, 224, 229, 231, 233, 234, 235, 236, 237, 239, 243, 245, 247, 248, 249, 252, 253, 256, 257, 259, 262, 263, 267, 269, 274, 275, 276, 277, 278, 282, 284, 285, 287, 289, 290, 291, 293, 296, 297, 298, 300, 303, 308, 311, 313, 315, 316, 323, 325, 335, 336, 337, 338, 340, 341, 342, 343, 344, 347, 348, 349, 350, 353, 354, 358, 360
Битолски вилает, 28, 37, 174
Битолски пашалак, 147
Благоевград, 64
Блажев, Здравко, 198
Блант, Елија Џон, 336
Блиски Исток, 139
Богдановиќ, Василије И., 101, 102
Богданци, 139
Богичевиќ, 133
Богичевиќ, д-р Лаза, 169
Богичевиќ, Каја, 83
Богоева, Катерина, 179
Богоја, 311
Богосављевиќ, Ѓорѓе, 107
Боди, Димитрије, 32, 56, 79, 159, 160, 167
Боев, 325, 326
Божановиќ, Милош, 293
Божиновиќ, 350
Божовиќ, Григорије, 168
Бојаџиев, Ѓорѓи, 324
Бојаџиевиќ, Методије, 127
Бојаџиевски, д-р Стево, 324
Бојаџиевски, Петар, 41, 43, 105, 158
Бојаџијевиќ, 350
Бојаџијевиќ, Ѓорѓе, 118
Бојаџиќ, Петар, 71
Бојовиќ, 60, 61
Бол, Џон, 184
Борисављевиќ, Будимир, 113, 120, 122
Борозановиќ, Стеван, 119
Босна, 157
Бошковиќ, д-р Ѓока, 177, 339
Бошњаковиќ, Љубомир, 98
Брадати, Јосиф, 332
Брајка, 315
Браун, Едвард, 137, 225
Брејлсфорд, Хенри Ноел, 357
Брод, 311
Брук, Клив, 182
Брусник, 341
Бугарија, 63, 166, 201, 318, 330, 356
Буе, Ами, 295
Буково, 120, 200, 335, 343
Буковски гробишта, 27
Буковски Ливади, 297
Буковски манастир, 165
Букурешт, 201
Бундалевиќ, Симеун, 50

В

Вагнел, Рихард, 28
Вајгант, Густав, 230
Вајнганд, 232
Вајтерс, Роберт, 244, 247
Вакаревски, Хр., 125
Вакарел, 228
Валандово, 101, 338
Валијатски сарај, 16
Ваљево, 73, 74
Вардариос, 229
Вардарска Бановина, 97, 112, 132, 133
Варнава, 78, 293, 334, 335, 343
Варош, 278, 315
Васила, 316
Василевски, Томе, 128
Василика, 353
Васиљевиќ, Бранислав, 122
Васиљевиќ, Јован хаџи, 168
Васиљевиќ, Д-р Јов. Хаџи, 144, 152, 168
Васојевиќ, Тодор, 71, 80
Вахи бај, 62
Велес, 328, 335

Велика, 315
Велимировић, д-р Николај, 343
Велтвиг, 22
Велушина, 68
Вељаноски, Трпе, 211
Вељовић, Вељо, 118, 119
Венедикт, 285
Веселиновић, Ј., 87
Ветрен, 228
Виа Игнација, 166, 229
Видесерер, 182
Видин, 10
Виена, 23, 125, 136, 162, 170, 212
Викторија, 324
Виловски, Јован Жујовић –, 170
Вилсон, 187
Вишна, 310
Владимиров, Тома, 198
Влаховић, Влајко, 97
Влахоклисура, 211
Влашко, 167
Воден, 328
Воинеску, 168
Voinesku, Fr. Lebrun-M., 168
Врајковић, Наде, 350
Вујовић, Радмило Т., 130
Вукомановић, Вукоман Ч., 82, 83, 88, 89, 100, 113, 114, 116, 120, 133, 183, 343

Г

Гаваза, Иван, 229
Гавриловић, Славко К., 308
Гаталовић, Бр., 176
Гевгелија, 101
Гега Маало, 30, 47
Генадиј, 326
Генали, Ѓорѓе, 62
Генимаале, 202
Генчов, Ѓорѓе, 62
Ѓеорѓева, Паска, 274
Георгиев, Павел, 198
Герасимови, Петар, 131
Герас, Петар, 161, 162, 240
Герас, Сотир, 162
Герлах, Стефан, 23, 242, 247, 268, 270
Германија, 28, 125, 355
Гиз, Анри, 171
Гико, 226
Гиниќ, Тома, 130
Гнеотино, 236
Гоголь, 96
Гогу, Наум, 110
Гојковиќ, 176
Гојковиќ, Илија, 72, 176
Големо Езеро, 114, 115
Гопеш, 297
Гопчевиќ, Спиридон, 148, 157, 161, 168, 257
Горна Чаршија, 149, 267
Горна Џумаја, 64
Горни Парк, 187, 348
Горно Средсело, 47
Градски часовник, 248
Градско, 167
Граматику, Петар, 71
Граматику, Тома, 73
Грбиќ, д-р Миодраг, 124
Грej, Беби, 182
Грифит, Џон, 249
Грјуневег, Мартин, 244, 250
Грујиќ, 160
Грујиќ, Наум, 62
Грујиќ, Сава, 159
Грујоски, Трајче, 109, 269
Грција, 28, 69, 89, 118, 145, 200, 339, 356
Гулас, Димитрие, 128
Гургур Чешма, 214
Гусев, инж. Никола, 130

Д

Давковиќ, Благоје, 118
Далмација, 65, 191
Дамаск, 246
Дамјановиќ, Вељан, 118

Данабаш, 216
Дано Мац Мац, 235
Дарковиќ, Илија, 131, 132
Даут паша, 11
Дебар, 101, 102, 115, 118
Дебарски Бањи, 115
Де Буга, 232
Девејани, 334, 336
Дедиер, д-р Јевто, 282
Дедијер, д-р Јевто, 161, 168, 170
де ла Мотре, 270
Дели Бали, 311
Делчев, Гоце, 323
Дервиш, 322
Дервшам, Ханс, 225, 228
Дероко, Александар, 344
Десановиќ, Ванѓел, 131
Десово, 216
Децановиќ, Надежда, 354
Дивац, 350
Дивац, Миленко, 350
Димески, д-р Димитар, 38
Димиитров, Никола В., 243
Димиќ, Ѓорѓи, 214
Димитри, 165, 252, 316
Димитрие Болентинеану, 168
Димитрија, 27, 323
Димитријевиќ, Ахило, 63, 71
Димитријевиќ, Данило, 98
Димитријевиќ, Илија, 350
Димитријевиќ, Мита, 169
Димитријевиќ, Сотир, 131
Димитриу, Елени – Пиника, 199
Димитриу, Јован – Пиника, 202
Димитриу, Теохар – Пиника, 202
Димитров, Л., 239
Димитров, Никола В., 143, 224, 227, 230, 235, 239, 240, 251, 257, 259, 356
Димитровски Димитар – Такец, 249, 348
Димко Пандаро, 76
Димо, 252
Димовиќ, Риста, 118
Димо Влаот, 311
Димовски, Ѓорѓи – Цолев, 191, 202, 217, 286
Димчев, Вл., 199
Димчов, Михаил, 62
Дина, 323
Диово, 51, 165, 267
Дипол, Денис, 36
Дитрих, Марлен, 182
Добричиќ, Јован, 102
Добро Поле, 133, 134
Добрушево, 262
Довлецик, 115
Дојран, 102
Doklestić, Ljubişa, 148
Долна Чрешка, 138
Домишки–бој Маало, 30
Донка, 323
Доситеј, 195
Достоевски, 97
Драг. Ж. Т, 308
Драгор, 17, 18, 21, 31, 37, 39, 50, 58, 132, 135, 174, 185, 212, 217, 236, 247, 293, 325, 332, 336, 349
Драгош, 339
Дракул, Симон, 39, 339
Драч, 157, 158, 256
Дрвен Пазар, 26
д-р Вулиш, 171
Д-р Глигор Тодоровски, 129
д-р Медонс, 92
д-р Мишајков, 203
д-р Нака, 63
д-р Николај, 122
Друлез, Артур, 37, 231
д-р Христиди, 62, 63, 94
Дубови, д-р Јан, 345
Дујо, 311
Дупен камен, 337, 338

Ѓ

Ѓавато, 222
Ѓенимаале, 348
Ѓерекар, 163
Ѓерекарце, 164
Ѓиниќ, Тома, 119
Ѓорѓевиќ, Ванѓел, 131
Ѓорѓевиќ, Дука, 101
Ѓорѓевиќ, Крста, 101
Ѓорѓевиќ, Тихомир, 34, 289, 310, 313, 316
Ѓорѓиев, м-р Драги, 17
Ѓорѓија, 239

Е

Еврејско корзо, 349
Европа, 22, 42, 186, 187, 203, 225, 256, 270, 324, 356
Евтимова, Катја, 198
Егејска Македонија, 167
Егер, Марта, 183
Егерт, Март, 184
Египет, 200, 201
Егри, 236, 336
Едрене, 10
Ејуб Сабри бej, 175
Елени, 202
Емин, 234
Емир Бег Маало, 21
Емир Маало, 322
Емир Челеби Маало, 29, 30, 234
Еничеревъ, Никола Ганчевъ, 9, 166, 304
Ерo, Марк, 188
Еурека, 300

Ж

Жабјани, 315
Жегура, д-р Антон, 121, 122, 130, 197
Живановиќ, Јеремија, 169
Живановиќ, Марко П., 308
Живковиќ, В., 80
Житни Пазар, 302, 303
Жоглев, Весна, 93
Жоглев, Златко, 93
Жуниќ, Ратко, 191
Журче, 315

З

Завоевъ, Петръ, 167, 329
Замаули, Марика, 350
Зандан куле, 20
Занданци Маало, 30
Зволо, Димитрие, 71
Здравковиќ, Алексо, 193
Здравковиќ, Спасија, 193
Здравковска, Жанета, 193, 304, 323, 340
Зекмановиќ, Нада, 307, 309
Златичанин, Сима, 169
Зографски, Данчо, 109
Зографски, Димитар, 198
Зози, Василије, 119
Зози, Ѓорѓи, 337
Зози, Наум, 71
Зрињски, г-ца Катарина, 197
Зулфикар, 311

И

Ибраим, 24
Ибрахим, 137, 260, 316
Ибрахим, Али, 12
Ибрахим челеби, 136
Ибрахим–челебија, 280
Иванова, Славка, 352
Измир, 36
Икониќ, 191
Иконому, 293
Иле, 248
Илија, 310, 315
Илиќ, Александар, 179
Илиќ, Александар Хаџи, 71
Илиќ, Горан, 347
Илиќ, Никола, 131
Илиќ, Петар, 130

Илино, 315
Иљовски, Васил, 253, 309
Имарет Маало, 10
Имер ефенди, 136
Имер Махмуд, 136
Иналџик, Халил, 19, 140
Ине Бег Маало, 21
Ирби, 23, 140, 225, 281, 328, 357
Иринеј, 195
Искендер, 136
Исмаил, 316, 322
Исмаил Ефенди, 239
Исмаил, Зија, 73
Исмихан, 321, 322
Исмихане, 317
Истанбул, 9, 19, 37, 43, 56, 147, 264, 288
Исхак бег, 9
Исхак челеби, 9, 19, 20
Исхак џамија, 11
Италија, 28
Ицо, 213

J

Јако Станко, 226
Јакуб Бег Маало, 226
Јакуп, 289
Јана, 311, 315
Јаниќ, д-р Војислав, 195
Јанина, 201, 235
Јанинска каза, 247
Јанко, 216
Јанковиќ, Богдан, 74
Јанковиќ, Велизар, 293
Јано, 164
Јанчиќ, Мита, 71
Јарослав, 310
Јахја паша, 9
Јашевиќ, Ванѓел, 83
Јевѓовиќ, Радомир, 88
Јевтиќ, Никифор, 113, 114, 117, 118
Јеен Али паша, 21
Јездиќ, Реља, 127
Јелачиќ, д-р Алексије, 99
Јелисављевиќ, Момир, 197
Јени ан, 26
Јени Маале, 191, 285
Јени џамија, 224, 248
Јеремиќ, 342
Јиричек, Константин, 7, 225, 228, 266, 298
Јоанидис, 200
Јоанис, 200
Јован, 27, 139, 226, 239, 280, 310, 311, 315, 323
Јована, 315
Јован Коње, 235
Јованова, Константина (Дина), 323
Јовановиќ, Благоје, 119
Јовановиќ, Глигур, 131
Јовановиќ, Ѓорѓе, 118
Јовановиќ, д-р Јован, 154
Јовановиќ, Ќирко, 53
Јовановиќ, М., 70
Јовановиќ, Панта Крсте, 102
Јовановиќ, Пера, 169
Јовановиќ, Предраг, 126, 127
Јовановиќ, Тане, 119
Јовановиќ, Тома, 118
Јовановиќ, Ч., 350
Јован од Битола, 209
Јонче, 310
Јордановиќ, Пандора, 83
Joseph von Hammer, 260
Јосиф, 192, 342, 343
Југославија, 186, 187
Јужна Америка, 109, 111
Јужна Србија, 111, 171
Јужни езера, 112
Јужно Море, 183
Јусуф, Хафис, 252

K

Кавадарци, 101, 102
Каваев, Филип, 180
Кажани, 68

Казаковиц, Димитро, 202
Кази, Векеразе, 321
Кај Крсто, 59
Кајмакчалан, 113, 133, 134, 334
Кај Радаро, 58
Kaleşi, D-r Hasan, 9, 11, 20, 277
Камен Мост, 51, 239, 346
Камер, 317
Ќамил бej, 62
Камхи, Јаков, 52
Камхи, Леон, 119
Камхи, Руфел, 71
Камхи, Соломон, 71, 73
Канада, 109, 356
Канарев, Георги, 199
Кани, 299
Кањух, Иван, 98, 100, 121, 122
Карабатак Маало, 316
Караѓорѓевиќ, Александар, 32, 100, 107, 293, 298, 334, 335
Карановиќ, Нада, 127
Карановиќ, Петар, 107
Каранфиловиќ, Димитрије, 131
Кара Оглан Маало, 30
Кара Осман Маало, 224
Кара Табак Маало, 30, 248, 301
Караџа, 202, 315
Караџиќ, Вук, 312
Кардалевиќ, Петар, 127
Карл Кениг, 125
Карлова, М., 27, 35, 230, 296, 297
Карние де Пинон, 152
Карпов, Г., 107
Касим Челеби Маало, 27
Касорла, Бохор, 119
Ката, 213
Ќафа, 252
Кашиковиќ, Н., 170
Кемал – Ататурк, Мустафа, 174
Ќенан бej, 62
Кендру, 239
Кериме, Деллак, 320, 321
Керим–паша, Абдул, 185
Кечеџи, Риза, 202
Кешиш хане, 157
Кираџа, 316
Кире, 311
Кирил и Методиј, 32, 64
Кирјазовски, Ристо, 168
Кирко, 226
Ќирковиќ, Јован, 31
Кисела Вода, 263
Кичево, 63, 101, 222, 354
Клајиќ, Р., 70, 80
Климент и Наум, 64
Кљашев, П., 239
К'нчев, Васил, 167
Козмеску, Коста, 62
Којиќ, Стеван, 70
Којче, 315
Колбер, Клодет, 182
Колбером, Клодет, 184
Коле, 226, 248
Коломонос, Ментеш, 353
Колоња, Хусејин, 62
Конески, Блаже, 331
Константин, 286, 323
Константинов, Душан Хр., 276
Константиновиќ, Драгољуб, 122
Константиновиќ, Јелена, 350
Константинови, Милош и Душко, 12
Константинов, Милош Хр., 227, 232, 235, 236, 251
Константинов, Павле, 287
Константинопол, 39
Коринт, 246
Ќортасовиќ, Риста Михо, 102
Коруновиќ, Сотир, 54
Ќосе Ахмед паша, 263
Косово, 174, 306
Косовски вилает, 39
Коста, 240, 247
Костиќ, Димитрије, 130
Костиќ, Коста Н., 168
Костиќ, Јов Д., 334, 335
Костиќ, Коста Н., 168
Коте, 323
Котевиќ, Риста, 131

Котевски, д-р Димитар, 352
Коте Гулабар, 248
Кочанковски, Јован Д., 168
Кочиште, 280
Кошевалијевиќ, Анѓелија, 350
Кравари, 343, 344
Кралска Југославија, 109, 162
Кралството Србија, 69
Крапчев, Борис, 62, 63
Кратово, 318
Кременица, 125
Крива Водејнца, 50, 336
Кривошијевиќ, Лазар, 118
Крит, 136
Крлија, Афус Усни, 101
Крсте, 315
Крстевски, Благојче, 26
Крстиќ, Васил, 130
Крстиќ, Василије Нали, 101
Крстиќ, Јован, 131
Крстиќ, Орестија, 112
Крстоар, 335, 342
Крушево, 89, 118, 297, 338, 358
Кузман, 315
Кузмановиќ, Анастасије, 118
Кукиќ, 171
Кукуречани, 60, 315
Кукуш, 318
Куманово, 39
Курдерес, 50, 185, 211
Куртовиќ, Г., 171
Кучешки Пазар, 153

Л

Лазаревиќ, Милован, 169
Лазаревиќ, Михајло, 62
Лазаревиќ, Томо, 127
Лазаревиќ, Т., 308
Лазиниќ, Драгомир, 122
Лазичиќ, д-р Душан, 98, 342, 345
Лазичиќ, Љуб. Д., 93, 334, 335
Лакети, Лука, 79
Лала, Димитрие, 28
Ландри, Елиза, 184
Лариса, 136, 137, 163, 235
Лахци, 311
Лебрун, 168
Леви, Арон, 119
Леви, Јусула, 62
Ленски Мост, 31, 235
Ленски Пазар, 303, 304
Лерин, 61, 69, 89, 116, 222, 263, 315, 340
Лешњаревиќ, Петар, 32, 49, 61, 62, 73, 74, 92, 100, 120, 122, 176, 293
Лешњаревиќ, Радмила, 127
Ливерпул, 109
Лионер, Баримор, 183
Лир, Едвард, 153
Логворт, Џон Аугустус, 231
Логоварди, 125
Лозаниќ, Коста, 62, 292
Лозанчевиќ, Ќиро, 71, 73, 119
Лојд, Харолд, 182
Лондон, 161, 162, 240
Лопатица, 193
Лоренцо, Бернардо, 155, 225

М

Магарево, 160, 201, 267
Мајмука, 63
Мајмука, Наум, 62
Мајсторовиќ, Ж, 350
Макалевиќ, Ѓорѓе, 130
Македонија, 24, 75, 133, 136, 153, 154, 155, 163, 167, 168, 170, 187, 198, 229, 274, 282, 295, 306, 307, 327, 349, 354
Македонски, Александар, 136
Маловишта, 282
Мало Езеро, 114
Манаки, 75, 108, 158, 181, 213
Манаки, Милтон, 213, 287
Манастир, 35
Мандил, Јован, 73

Маневиќ, Велимир, 101
Маневиќ, Тодор, 274
Мани, Едвард, 26
Маноловиќ, Илија А., 101
Мара, 315
Марија, 330
Мариќ, Драгомир, 97, 98, 197
Маринов, Иван, 199, 326
Мариово, 89, 101, 338
Марко Арнаут, 224
Марковиќ, Едо, 170
Марковиќ, Љубомир, 133
Марковиќ, Никола, 101, 121
Марко Петко, 226, 280
Марсеј, 157, 158
Марсел де Вос, 96, 116, 121
Мартиновски, 95
Мартиновски, Никола, 198
Маруциа, 133
Маршом, Фридрих, 184
Матковиќ, Добрица, 102
Matković, Petar, 33
Матковски, д-р Александар, 13, 34, 137, 155, 163, 225, 229, 253, 299, 300, 301, 314
Махмуд ага, 21
Мачкиќ, Петар, 87
Мезаров, Вангел, 235
Мезаров, Ицо, 235
Мекензи, 23, 140, 225, 281, 328, 357
Мекси, Коста, 350
Мели, Тома, 71
Мелник, 157
Мелников, Иван, 197, 198
Меми, 226
Мемиш, 315
Менка, 301
Мехмед, 149, 226, 290, 317, 330
Мехмед IV, 12, 260, 289
Мехмед ага, 13
Мехмед ефенди, 62, 136
Мехмед Освојувачот, 18
Мехмед-паша, 17
Мехмед, Султан, 260
Мехмет, 226
Мечкар Маало, 30
Мизрахи, Јуда, 71
Мијајле, Петруш, 138
Миладиновиќ, проф. Мих. Ѓ., 65
Миладиновиќ, Ст., 269, 309, 313, 338
Миладинов, Христо, 199, 326
Миладиновци, 180
Милан Савкиќ, 129
Миле, 164, 165
Милевиќ, Ванѓел, 131
Миле Татаро, 235
Милетиќ, Влада, 101
Милојевиќ, 292
Милосављевиќ, Ленка, 83
Милошевиќ, Богољуб, 113
Милошевиќ, Бранко, 127
Милошевиќ, Крсто, 107
Милошевиќ, Раша, 169
Милошевиќ, Б., 128
Милчин, Иван, 66
Миљковиќ, Ќирило, 127
Миљовски, Киро, 127, 128
Миновиќ, Крста, 113
Миросављевиќ, Марија Ѓ., 83
Мисин, Владимир, 198
Митан, 14, 311
Митан, Стојко, 138
Митев, Н., 198
Митра, 316
Митре, 226, 311, 316
Михаил, 25, 209
Михаилиди, Филип, 119
Михајлов, Ванчо, 208
Михајловиќ, Јован, 154
Михајловиќ, Миодраг, 107
Михајловиќ, Ташку, 154
Михо, 315
Михо, Стефко, 138
Мицковиќ, Тодор, 101, 102
Мишајков, д-р Константин, 202
Мишиќ, Лазар, 118
Младеновиќ, Александар, 130
Младеновиќ, Василије, 62

Младеновиќ, Атанасије Д., 318
Могила, 13
Моике, дон Жозе, 184
Молдавија, 167
Моловиќ, М., 177
Момчиловиќ, Миливоје, 97
Момчиловиќ, Милоје, 350
Монастир, 35
Моруци, Ѓузепо, 350
Мостот кај Сали, 348
Муариф, 56
Мула Мустафа, 316
Мула Осман, 315
Мула Шериф, 20
Мунирс, 330
Мунис Султан, 291
Мурат IV, 260, 261
Мурат, Мехмед, 330
Муратовиќ, Велија, 101
Мусинци, 193
Мустафа, 10, 321
Мустафа–бег, 243
Мустафа, Дурлак, 143
Мустафа паша, 9
Мустафа, Сејид, 143
Мустафа челеби, 21
Мухамед, 276, 277
Мушико, 201

Н

Наиб, Осман, 253
Најдов, Димче, 69
Нака, д-р Д., 62
Нака, Ташко Х., 131
Нале, Јован Д., 118, 119
Нановиќ, Радивоје, 101, 102
Натанаил, 297
Наум, 239, 248, 343
Наум Кондо, 248
Наумовиќ, Кузман, 101
Наумовиќ, Никола, 127
Неапол, 235
Неготино, 101
Неда, 315
Неделка, 315
Ненчев, 326
Ненчев, Илија, 325, 326
Нерезова, Вера, 352
Нечовиќ, Петар, 63
Нечовски, Борис, 197
Нижополе, 115, 267
Никитин, 196
Никола, 226, 311, 315
Никола Гроздан, 300
Николај, 195, 196, 200, 341, 344, 346
Никола, Роман, 139
Николиќ, Андра, 293
Николиќ, Вељко, 131
Николиќ, Д., 84
Николиќ, Зора, 350
Николиќ, Кочо, 131
Николиќ, Крста Ц,, 101
Николиќ, Панто, 131
Николовеки, Наум Шкарна –, 360
Николовски, Наум – Шкарна, 271
Нико Стојо, 311
Ница, 183
Ничевиќ, Ристо, 131
Ничо, 164
Ничота, Јован, 88, 89, 350
Ниџе, 133, 235
Ниш, 216
Новаковиќ, М., 70
Новаковиќ, Светозар, 133
Новаковиќ, Никола, 307
Новак Стојан, 280
Новаци, 125, 138
Нуредин, 316
Нушиќ, Бранислав, 86, 153, 175, 306, 313

О

Обреновиќ, Милош, 161
Оглики, 165
Одрин, 33
Олевени, 300

Оливие, Антоан Гијом, 244, 329
Олимп, 266
Омер бej, 62
Ондром, Ани, 183
Оптичари, 236
Орбини, 265
Ореово, 269, 337
Оризари, 315
Осман, 248
Осман II, 260
Османли, д-р Александар, 43
Остоја, 265
Отман Ед, 51
Ото, Александар, 212
Охрид, 9, 10, 61, 64, 89, 101, 102, 113, 115, 118, 145, 170, 175, 190, 195, 196, 199, 287, 297, 338, 349
Охридско Езеро, 169, 170

П

Павелић, д-р Анте, 170
Павловић, 343
Павловић, Александар, 62, 70, 80
Павловић, Божидар, 88
Павловић, Ив. С., 120
Павловић, Мирко, 294
Павловић, Мита, 118
Пајсиј, 195
Палигоровић, Димитрије, 118
Пандаревић, Димитрије, 76
Пандаро, Димко, 215
Пандевић, Вангел, 151
Пандић, Лепосава, 350
Пановски, Доне, 104
Пантазијевић, Лазар, 71
Пантовић, Богдан, 308
Панчевић, Гаврило, 124
Папазоглу, Димитрије, 122
Папакоч, 113
Папанчев, Г., 239
Парду, 71
Парду, Мушон, 46
Парло, Дита, 183
Пателе, 202
Пауновић, Драгић, 50, 177, 188
Пауновић, Стана, 350
Паца, 219
Пашић, Никола, 293
Пеин, Радован, 198
Пејо, 315
Пејчан, 321
Пејчиновић, Кирил, 331, 332
Пекмез Пазар, 238, 248, 249, 252, 267
Пелагонија, 154, 216
Пелагониски Басен, 125
Пелагониско блато, 236
Пелистер, 113
Пенушлиски, д-р Кирил, 120
Пенџерковић, Наум, 62, 63, 71, 73
Пери, Лоренцо, 26, 27
Перовић, Душан, 101, 102
Перчиновић, Мила Л., 305
Петан, 311
Петар, 216, 293
Петка, 315
Петко, 251
Петковић, Благоје, 127
Петковић, Велимир, 98
Петковић, Илија, 118
Петковић, Методија, 114
Петковић, Радослав, 107
Петковић, Вел. М., 340
Петковски, Менде, 304
Петко Мартин, 280
Петре, 316
Петрич, 216
Петро, 216
Петровић, Димитрие, 83
Петровић, Д-р, 157
Петровић, Илија, 113
Петровић, Милан, 98
Петровић, Миливој, 196
Петровић, Михајло, 122, 127
Петровић, Настас, 169
Петровић, Неделко, 193
Петровић, Паскали, 83

Петровиќ, Светислав, 183
Петрушевски, Михајло, 122, 127
Петъръ Динековъ, 278
Пешка, 239
Пешка, Александар, 111, 239
Пешка, Виолета, 111
Пешка, Петар, 111
Пигафета, Марко Антун, 33
Пиника, Елени, 200
Пиника, Јован, 203
Пинон, Рене, 169
Плаца, 201
Полог, 139
Попов, д-р Михаил, 43
Поповиќ, 343
Поповиќ, Венедикт, 101
Поповиќ, Д-р Владета, 155
Поповиќ, д-р Михајло, 112, 113, 130
Поповиќ, Ј., 70
Поповиќ, Лазар, 95
Поповиќ, Петар, 71
Поповиђ, Јов. А., 134
Поп–Сауловиќ, Никола, 107
Премовиќ, Димитрије, 98
Прендиќ, Антон, 71
Преспа, 89, 101, 102
Пре, Франше д', 92
Пржита, Анастас, 240
Прилеп, 10, 60, 89, 101, 102, 167, 199, 297, 304, 328, 338, 345
Прилепско џаде, 348
Priştina, 9
Продановиќ, Јован, 62, 121, 350
Протковиќ, Марија, 83
Пуљката, 235

Р

Рабие, 10
Радев, Димко, 286, 327
Радев, Симеон, 167
Радивој, 265
Ракиќ, Н., 70
Рамор, Хасан хоџа, 131
Рахиме, 321, 322
Рашковиќ, Драгиша, 101, 102, 103
Република Македонија, 187, 206
Република Турција, 238
Ресен, 10, 282, 297, 334, 338
Реснели заде, 226
Решад Петти, 58, 239, 332
Ризван, Хасан, 280
Ризевиќ, Риста, 119
Ризниќ, 70
Ризниќ, Коста Др., 70
Ризовиќ, Јеврем, 71
Ризов, Јеврем, 62, 63
Рим, 354
Ристе, 315
Ристиќ, Михајло, 31
Ристо, 315
Робев, д-р Ангеле, 105
Робев, д-р Константин, 198, 324, 326
Робевиќ, д-р Теодосије, 113, 118
Робев, Перикли, 62
Романија, 168, 171, 201
Романов, Николај, 324
Ростковски, Александар Аркадиевич, 39, 178
Рудолф Втори, 295
Рујо, 315
Румелија, 21, 145, 147, 165
Румелиски ејалет, 146
Румелискиот ејалет, 16
Русија, 136, 296
Рустем, 23, 25

С

С, 159
Сабри бег, 11
Савиќ, В., 350
Савиќ, Миливој, 83
Савкиќ, Милан, 130
САД, 109, 110, 125, 186, 187, 219, 259, 356
Сали, 239
Салиевски, Игбал, 11

Салиха, 320, 321
Салтик, 317
Самарџић, Радован, 34
Сансовино, Франческо, 319
Саранди, Сотир, 128
Sarajevo, 9
Сборско, 243
Свети Николе, 197
св. Кирил, 331
св. Методиј, 331
Свобода, Јосип, 353
Северна Америка, 109, 160
Северна Европа, 270
Секирани, 310
Секула, 315
Селим, 315
Семиз, Д. И., 170
Силвија, 353
Симеон, 331
Симјанов, Ѓорѓи, 240
Симјановиќ, Ќирило, 127
Симјановиќ, Наум, 130, 131, 132, 133, 240
Симјанов, Стево, 240
Симон, 315
Симоновиќ, Ѓорѓе, 113, 119
Симоновиќ, Спасоје Р., 102
Синанбеј Маало, 30
Синанбели Маало, 348
Синан, Синан, 216
Синан, Уста, 224
Сиракуз, 110
Скембер, 147
Скоберне, инг Јосип, 113, 30, 51
Скопје, 7, 8, 9, 13, 23, 24, 25, 26, 38, 75, 76, 99, 109, 115, 120, 124, 133, 154, 155, 163, 171, 187, 190, 273, 287, 334
Славенски, Јосип Штолцер –, 171
Славка, 324
Слепче, 13
Соколарци, 164
Соколова, Фани, 352
Соколов, Влад, 183
Соколовиќ, Мехмед, 23
Соколово, 164
Сокологки, М., 7, 238, 251
Сокологки, Методија, 9
Солун, 9, 24, 64, 116, 157, 158, 162, 170, 176, 187, 240, 256, 266, 268, 269, 281, 296, 297, 332, 355
Солунско поле, 229
Солунското пристаниште, 69
Сољаник, Виктор – Краса, 197
Сонти, Михајло, 71
Сорбона, 92
Сотир, 240
Сотировиќ, Атанасије, 121, 350
Сотировски, Д-р Никола, 69, 186
Сотировски, Начо, 206, 207
Сотир Саранди, 250
Софија, 167, 212, 334
София, 9, 23, 38, 57, 64
Софта Хоџа Маалото, 135, 136
Спанаковиќ, Стеван, 118
Спасиќ, Драгутин, 197
Спенгер, 169
Спенсер, Едмунд, 243
Спираки, 25
Србија, 61, 73, 74, 79, 82, 97, 159, 161, 292
Средна Азија, 136
Средсело, 47
Срејовиќ, Драгослав, 310
Ставриќ, Петар, 353
Ставровиќ, Василије, 113
Стамат, 226, 280
Стамбол, 243, 256
Стамболиска, Сузана, 24
Станојевиќ, Ѓока, 49
Станојевиќ, Милан, 177
Станојевиќ, Милутин, 169
Станојевиќ, Ст., 35
Станчев, Тодор Х., 55
Стерјевиќ Анастас – Чакали, 115

Стерјовски, Александар, 3, 11, 12, 18, 19, 20, 40, 55, 110, 128, 153, 175, 178, 206, 235, 262, 271, 283, 303, 313, 333
Стерјовски, Ѓорѓи, 323
Стефан, 195, 196
Стефан Првовенчани, 310
Стоја, 315
Стојадиновиќ, д-р Милан, 334
Стојан, 226, 248, 315, 316
Стојановиќ, 334
Стојановиќ, Влада, 101
Стојановиќ, Ине, 350
Стојановиќ, Петар, 126, 127
Стојановиќ, Сп., 73
Стојановиќ, Тоша, 102
Стојанов, Спас, 109, 110
Стојковиќ, Борис, 127
Стојковиќ, Ќирило, 126, 127
Стојовиќ, Љуб., 271, 273, 346
Стојче, 247, 311
Стојчевиќ, Тодор, 131
Странојевиќ, Ѓока, 169
Стрезо, 226
Стрезовиќ, Крста, 101, 102
Струга, 89, 101, 145, 179, 180, 297, 338, 349
Струмица, 101, 102
Суби–бej, 140
Сугарев, Ѓорѓи, 323
Сулејман, 322
Сулејман, Имер, 136
Султан Мехмед IV, 260
Сулфире, 317
Сунгур чауш бej, 9, 19
Схордот, Гледи, 184
СХС, 91, 232, 339

Т

Тане, 14
Танче, Бошко, 138
Таралајковиќ, Коста, 101
Таубер, Рихард, 183
Ташко, 239
Ташула, 201
Тевфик, Мехмед, 11, 152, 174, 263, 264, 277
Тегу, 113
Тенека Пазар, 226
Теохарис, 200
Терезија, Марија, 324
Тесла, Никола, 187
Тест, Бохор, 47
Тетово, 9
Тибет, Лавренс, 183
Тимошевски, П., 197
Тито, 193
Тихомир, 36
Тодоров, Димитар, 198
Тодоровиќ, Вељан, 119
Тодоровиќ, Русе Поп, 102
Тодоровски, Д-р Глигор, 59, 63, 69
Тодоровски, д-р Томислав, 202
Тозер, Хенри, 165
Толмачев, Владимир, 197
Толмачев, Олга, 197
Томиќ, Сима Н., 168
Топаловски, Илија, 128
Тополчани, 101
Тоскиќ, Исо, 53
Тошев, Андреј, 56, 57
Трајан, 315, 316
Трајановиќ, Никола, 122, 127
Трајко, 301, 316
Трајковиќ, Мијал, 118
Трново, 267, 339, 341
Тројачанац, Спира, 102
Трпев, Трпко, 326
Трпковиќ, Александар Ц., 48, 52
Трпковиќ, Спиро, 71
Трпче, 316
Тумбе Кафе, 58, 59, 204, 259, 263
Турбе, 226
Турне, 280
Турција, 174, 225, 234, 281, 356

У

Угхади, Махамтма, 271
Унгарија, 28
Унгнад, 295
Уркухар, Дејвид, 24
Ускудар, 12

Ф

Фазли паша, 56
Фаик паша, 38, 56
Фајтонџиев, 325
Фатима, 291
Фатиме, 21, 321, 322, 330
Фердинад Први, 22
Фетах, Абдула, 247, 252
Фиќи, 214
Филиповиќ, Душан, 132
Филиповиќ, Јован, 130
Филиповиќ, Сима, 113
Филиповиќ, Симе, 350
Филиповиќ, Ташко, 73
Фируз Бег Маало, 165, 29
Фјукс, д-р Влад., 125
Фонзоли, Луис, 161
Франко, Челебон, 119
Француија, 90, 91, 96, 116, 121, 158, 231
Франше д' Пере, 93, 189
Фрелих, Густав, 183

Х

Хазир челеби, 136
Хајри паша, 38
Халил, 316, 321
Халил ефенди, 136
Хамед, Абдул, 62
Хамза бег маало, 29, 236, 239, 315
Хамид султанот, 32
Хамилтон, Нејл, 182
Хамлин, Сајрус, 243
Харвеј, Лилиан, 184
Харитон, 325, 326
Хасан, 226, 234, 315, 322
Хасан бег заде Мустафа, 262
Хасан, Мула, 139
Хатиџе, 321, 322
Хафис Али, 315
Хафис Исмаил, 315
Хаџи-Али, Акиф, 118
Хаџи Васиљевиќ, Јован, 14, 249
Хаџи Димов, Димо, 323
Хаџија, 248
Хаџиќ, Риста В., 102
Хаџи Мемиш, 316
Хаџи Осман, 226
Хаџи Хусеин - ага, 25
Хаџи Хусеин ага, 23
Хераклеја, 120, 122, 123, 124
Херенда, А. Б., 348
Хитлер, 193, 194, 195
Хитрово, 64, 119
Холмеркс, Филипс, 183
Хололчев, Крум, 127
Хрватска, 65
Хрисостома, 292
Христов, Г. П., 239
Христодуло, Т., 73
Христодуло, Тодор, 71
Христофор, 341
Хуршид паша, 23
Хусеин, 143, 252, 322
Хусеин Баш, 316
Хусеин спахи, 300
Хусеин Халифе, 21
Хусејн, 252

Ц

Цанков, д-р Стефан, 195
Цапари, 106, 356
Цариград, 36, 140, 145, 256, 295, 358
Цаца, 74
Цвета, 321
Цветинов, Георги, 196
Цветкова, Бистра А., 228
Цветковиќ, Ристе, 176

Цветковски, Радован П., 106
Цепенков, Марко, 18, 120, 155
Црвена касарна, 72
Црвени Стени, 114
Црна Река, 236, 237
Црн Мост, 349
Црнобуки, 310

Ч

Чајкановиħ, Веселин, 328
Чаловска, Лилјана, 128
Чарлија, 14
Челеби, Ахмед, 14, 15
Челеби, Евлија, 14, 303
Čelebi, Evlija, 9
челеби, Мехмед, 149
Челеби, Омер, 311
Челеби, Хасан, 222
Чехословачка, 32
Чолановиħ, Е., 184
Чоневиќ, Богдан К., 191
Чорбевиќ, Атанас, 101, 102
Чухрај, Александар, 100

Џ

Џафте Корзо, 348
Џеварџи, Алкивијади, 131
Џеров, Л., 239
Џиванакија, 120
Џигер баба, 152
Џонсон, Кеј, 182

Ш

Шабан ефенди Заде, 21
Шабан челеби, 136
Шајновиќ, Божа П., 101
Шапкарев, Кузман А., 155, 202, 282, 287, 297, 301, 305, 306, 309, 312, 318, 328
Шарена Чешма, 348
Шахинташ, 164
Шах Мехмед ефенди, 21
Шашевски, Бојан, 251
Шејх Муса ефенди, 21
Šeherleri, Osmanlii, 68
Широк Сокак, 27, 32, 40, 44, 61, 64, 108, 177, 198, 239, 346, 347, 355
Шнајдер, Магда, 183
Шојлев, Михаил, 198
Шоповъ, А., 150, 155, 156, 167, 224, 264, 301, 302, 339, 358
Шперовиќ, Јован, 83
Шуба, Никола, 96
Шукри, Омер, 173
Шукри паша, 39
Шукри, Умер, 101, 102
Шуќур амам, 249
Шуменковиќ, Матија, 101, 102
Шуњевариќ, Миленко, 133

Содржина

БЕЛЕШКА 5

ПРИЛОЗИ СО ОЗНАКА „ПРВ“ 7

Занаети и занимања што ги донесоа османлиите 7
Првиот имарет 8
Безистенот – прв битолски „банкарски трезор“ 11
Жетви во месец мај 14
Валијатските сараи во Битола 16
Први школски библиотеки и први платени библиотекари. . . 18
Куќни и персонални часовници 22
Првиот европски хотел и првата приватна аптека во Битола 26
Први европски музички инструменти 27
Први улични именувања 28
Првата камбана во Битола 33
„Американска инаугурација“ на валија. 37
Запис за градежни зафати на Абдул Керим паша 40
Првиот рендген апарат во Битола 42
Улично осветление 43
Газулинско 43
Електрично 49
Прва театарска претстава во Воената академија. 55
Првиот грамофон. 56
Првиот доминантен крст над Битола 58
Востановување српска цивилна власт 59

Официјализирање на Кирилометодиевскиот ден и Битола . . 64
Првиот битолски телефонски именик 66
Првата Трговска (Стопанска) комора 69
Први српски регрути од Македонија 71
Битолски регрути и родители 71
Пододбор и Здружение на првите регрути 75
Прва Женска работничка школа 78
Благородни грла за оплодување. 84
Основање и работа на Учителското здружение 85
Клуб на пријатели на Франција 90
Основање Народен универзитет. 97
Конституирање на Скупштината на Битолската
обласна самоуправа 101
Прва Градска библиотека 103
Основање Лекарско здружение. 105
Први ѕидни весници 105
Битолското кралско кумче 107
Туризам 109
Годишни собранија на здруженијата за трговци
и угостители во 1933 год.. 117
Почетни истражувања во Хераклеја 119
Грабеж и заштита на хераклејските старини 119
Ископувања 122
Основачко собрание на битолското Студентско здружение. 125
Формирање Пчеларска задруга 129
Основање и тензични состојби во Занаетчиското
здружение 131
Обид Кајмакчалан да биде прогласен за национален парк 133

ПРИЛОЗИ БЕЗ ОЗНАКИ 135
Поплавата од 1656 год. 135
Султан што требало да се роди во Битола 136
Заради долгови - групно напуштање на живеалишта 137
Пазарски контроли и казни 139

Телали и барабанџии 143
Тескере, нуфуз, пасош.... 145
Битола – румелиски фармацевтски дистрибутивен центар 146
Ноќни улични стражари 147
Битолските пци 151
Битолските штркови 154
Пијавици од Буковскиот манастир 157
Конзулско soire'e 158
Битолски стопански производи на меѓународни изложби . . 160
Битолски султански соколари и јастребари 163
Угледни гости во Битола 166
Гости од новосоздадените балкански државички 166
Гости меѓу Првата балканска и Втората светска војна. 169
Последната османлиска општинска управа
и последниот османлиски градоначалник 172
Крајот на османската Воена академија 174
Битолски пророски симпатии 176
Феномен: биволче со две глави 179
Две рани одбележувања на смртта на Миладиновци 180
Од кинорепертоарот на „Гранд" и „Палас"
(1933 и 1934) и на „Балкан" (1936) 180
Неоживотворени преименувања. 185
„Поали д' Ориан" во Битола. 187
Во употреба исклучиво српско писмо, јазик и
лични имиња 191
Југословенско–бугарски духовен собир во Битола 195
Ликовни изложби 197
Помен за донаторката Елени Димитриу – Пиника 199
Донаторства за школи 201
Битолски подготовки за Големата војна 203
Смртни закани од битолски ванчомихајловисти 206
Скриено благо 208
Последна недела од фашистичката окупација 211
Говорни изрази 212

ХРАНА И ПИЈАЛАЦИ 221
Забрана за изнесување прехранбени производи од Битола во 17 век 221
Лебни печива 223
Симит *223*
Вкусниот османлиски леб *225*
Погача *227*
Бурек *229*
Промени во домашното мени 230
Ахчилници и мезеџии 233
Дивеч и риби во исхраната 235
Благи производи 238
Софра и прибор за јадење 240
Млечни кисели производи 244
Шербет 245
Пекмез 248
Боза 250
Поетски вознес по виното на битолчанец 253
Кафе и кафеани 255
Прохибиција за вино, кафе и тутун 259
Водата од Кисела Вода 263
Мраз 265
Мастика за џвакање 270
Хашиш и опиум 271

ОБИЧАИ И ВЕРУВАЊА 275
Фундаменталистички напади во Битола 275
Гаранции 279
Откопувања и презакопувања човечки посмртни останки 281
Тајане 283
Словенскиот јазик и првиот водокрст во црквата „Св. Недела“ 285
Мимикрија 287

Прослави 289
Османлиски 289
Постосманлиски 291
Пречек и испраќање гости 295
Брак 298
Женски украси 298
„Места за бендисвајње“ 303
„Пари на рака – Мара за рака“. 305
Бегалки. 308
Грабежи 310
Барање сопруга преку новинарски оглас 313
Христијански брак во османлиски суд. 314
„Држ се, Маро, за опашка“ 317
Подруги казни од „магарешките“. 320
Многудетство 323
Генимаалскиот нунко 324
Гостинска соба и домаќинска сервилност 327
Неработни денови 329
Триумфални порти (арки) 332
Обичаи поврзани со Крива водејнца. 336
Дупен камен крај Ореово. 337
Манастирски слави. 338
Осветувања објекти 341
Битолското корзо 346
Костимирани забави. 349
„Кралица на забавата“ 353
Карневалии 354
Европска мода и европски бон-тон. 356

РЕГИСТАР. 361

Издавач
Конзулат на Република Србија во Република Македонија

За издавачот
м-р Силјан Мицевски, почесен конзул
на Р. Србија во Р. Македонија

Технички уредник: ***Пеце Илиевски***
Лектор–коректор: ***Стево Гаџовски***
Печати: ***ДООЕЛ „98К“****, Прилеп*
Тираж: ***300*** *примероци*

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

908(497.784)
930.85(497.784)

СТЕРЈОВСКИ, Александар
Битола : калеидоскоп / Александар Стерјовски. - Битола : Конзулат на Република Србија во Република Македонија, 2017. - 383 стр. : илустр. ; 21 см

Фусноти кон текстот. - Регистар

ISBN 978-608-65122-6-2

Битола - Културна историја
COBISS.MK-ID 104289802

Александар Стерјовски роден е во 1933 год. во Битола. Дипломирал и докторирал во Скопскиот државен универзитет. Предавал во Педагошката академија, а потоа и во Педагошкиот факултет во Битола. Двапати бил проректор на Битолскиот универзитет. Објавил над стотина статии од областа на фолклорот и битолската историја, како и книгите: *Брусник* (1992), *Последниот охридски гуслар* (1994), *Македонските слепи гуслари* (1999), *Велушина* (2001), *Водоснабдувањето во Битола пред водоводот* (2008), *Еден век Црвен крст во Битола* (2012), *Чествувања - Чествования* (2014), *Јавното здравство и превентивната здравствена заштита во Битола* (2016). Од серијалот Битолско десеткнижие ги објавил книгите: *Битола–Руската колонија* (2003); *Битола–Каријатиди на Театарот* (2004); *Битола–Реката Драгор* (2009), *Битола–Записи за злосреќи* (2012) и *Битола–Спорт* (2016). Раководител бил на големиот проект *Печатарството и издаваштвото во Битола* (три тома, 1998-1999). Долгогодишен член на редакцијата бил на списанието *Развиток*, а бил и иницијатор, главен и одговорен уредник на списанијата *Учител* и *Битола низ вековите*. Двапати ја добил битолската годишна 4-то Ноемвриска награда, а во 2014 год, и Наградата за животно дело.

ISBN 608-65122-6-4
9 786086 512262